УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - С К О П Ј Е
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

СОЊА ЗОГОВИЌ

# ИСТОРИСКИОТ РАЗВИТОК НА ЕТНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ВО МАКЕДОНИЈА ДО КРАЈОТ НА РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК

- докторска дисертација -

С к о п ј е, 1997 година

# С О Д Р Ж И Н А

Предговор ....................................5-22

Пролог .......................................23-25

I. Македонскиот простор во праисторијата ( раселувања на Индоевропејците) ...........................26-68

II. Етнички и политички прилики во хеленско и римско време ...................................69-118

III. Доселувањето на Словените ....................119

1. Словенската прататковина во индоевропскиот ареал ......................................119-133

2. Балканскиот Полуостров до Големата преселба и доселувањето на Словените .....................134-149

3. Племенските сојузи зад Дунав и по населувањето на Балканот ................................150-185

IV. Формирање на "Склавиниите" .................186-238

V. Етно - политичките заедници во раниот среден век .......................................239-275

VI. Македонскиот и балканскиот простор во времето на Самуил ..................................276-308

VII. Востанијата на Петар Дељан и Ѓорѓи Војтех ..309-332

Заклучок .....................................333-350

Библиографија ................................351-375

# Историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија до крајот на раниот среден век


Апстракт

Движечките сили на историските процеси со своите делувања доведуваат до смена на општествените формации и влијаат врз појавата и развитокот на етногенетските процеси кои од своја страна ја обликуваат етничката историја на етно - политичките заедници. Балканскиот Полуостров во овој склоп се разгледува како историско - географска целина која ги обединувала (и се уште тоа го прави), различните според јазик и самосвест, а помалку според културата етно - политички заедници кои се појавувале и исчезнувале во историското време и простор. Всушност овие етноси не исчезнувале, туку по пат на акултурација се трансформирале во нови етно - политички заедници кои повторно станувале активни актери во историското време и простор.

Уште пред Големата преселба и доаѓањето на Словените на просторите на Македонија, (неколку милениуми пред ова) се одвивал процесот на акултурацијата помеѓу Доиндоевропските староседелци и новодојдените Индоевропејци. Со доаѓањето на Словените етничката и

демографската структура на Македонија повторно се изменила. Словенско население не се претопило и не го асимилирало затекнатото население. Историскиот развиток на етногенетските процеси врз етно - политичките заедници одел подеднакво, па, со време на територијата на Македонија доаѓа до потполна акултурација на етнички веќе хетерогеното население. На тој начин, новоформираниот етнос имал заеднички јазик (словенски), територија, самосвест и општа култура. Што се однесува до антрополошкиот тип, тој не бил истовтенни ни кај постарото население на Македонија, ни кај Словените. Според тоа, во периодот од IV-III милениум п.н.е. до средината на XI век од н.е. на територијата на Македонија се појавуваат, се формираат, се трансформираат и исчезнуваат етноси во склоп на етно - политичките заедници, кои својата природа, битието, мисловениот процес и културата ја вткајуваат во структурата на македонскиот народ. Тежнението да се бараат и да се објаснат праизворите на појавите кои ќе се манифестираат подоцна ја наметнува потребата од понирање во длабочините на IV и III милениум п.н.е. Од друга страна, поводот да се заврши ова истражување со XI век од н.е., е стремежот мотивиран од сознанието дека историскиот развиток до овој период веќе ги беше заокружил историските и етничките процеси кои водат до формирање на посебната самосвест на овој етнос во склоп на Самуиловата монархија. Периодот по смртта на царот Василиј II претставува **inter regnum** во историскиот развиток на Византија, а ќе биде отбележан со востанијата на Петар Дељан и Ѓорѓи Војтех, кога поголемиот дел од Словените на територијата на Царството

за последен пат ќе востанат од Дунав до Егеј и од Јадран до Солун, заправо во одбрана и зачувување на таа самосвест.

Клучни зборови
Историски развиток, историски процес, етнос, Македонија, Балкан, Индоевропејци, Словени, Склавинии, Византија, племенски сојузи, акултурација, адопција.

## Предговор

Историјата на современите европски народи започнува во преодниот период од првобитната заедница (за време на Големата преселба) и во континуитет се движи кон сталешкото општество во раниот среден век. Преодниот период со кој е означен крајот на антиката во првите векови на I милениум од новата ера и раѓањето на новата економска формација со која започнува новата цивилизација на новиот препороден свет, претставуваат предизвик и за луѓето од нашето време, бидејќи денес, на преминот од II во III милениум, човештвото повторно се наоѓа на работ на преодот на времето и историјата, па тоа е причина повеќе за продлабочување на интересите спрема преодните епохи.

Историските процеси кои ги формирале и обликувале народите на Европа делувале взаемно и во склоп на етногенетските фактори; европските народи биле изложени на општите, но и на посебни социјално-економски фактори, кои учествувале во еволуцијата на општеството во целина, и на тој начин придонесле да се појават посебни етногенетски црти кај секој народ. Работејќи на овие проблеми посебно, со време се добива поцелосна слика за формирањето и обликувањето на секој народ кој својата

историја ја вткал во општата историја на Европа и на светот. Оваа научна тенденција присутна е и на просторите, на сега веќе бивша Југославија, каде се појавија студии кои ја обработуваат етногенезата на Словенците, Хрватите, Црногорците, Србите и Македонците. Во овие истражувања етногенезата беше обработувана, главно, според шаблон кој се движи по зацртаната линија - појава, развој и завршна фаза на народот, без целосно вклопување во историскиот развиток на етно - политичките заедници кои учествувале во формирањето на подоцнежните народи. Овие студии не го обработуваат развитокот на историските и етничките процеси, а на трансформацијата не гледаат како на последица на нивното взаимното дејствување. Се чини дека етносите, а подоцна и етно - политичките заедници на својот пат не наидувале на препреки, дека самостојно се развивале, така што трагите како да можат да им се следат од искона до денес.

Во современата историска наука на Република Македонија до денес се нема појавено дело во коешто целосно е опфатен историскиот развиток на етно - политичките заедници на територијата на Македонија од појавата на Индоевропејците до средината на XI век. Причината за тоа е најверојатно, во тоа што одделните историски дисциплини во склопот на своите истражувања веќе се искажале по однос на многу сегменти од наведениов проблем, за што ни сведочат многуте студии и монографии

посветени на Хераклеја и Пелагонија, македонските градови во антиката и средниот век, па Пелагонија со археолошките локалитети и низ историските извори, Демир Капија, Моровизд, Исар - Марвинци, Пајонците како етнос и антрополошки тип, Бригите и уште многу други студии посветени на поединечни археолошки локалитети, историски места сврзани за значајни настании, етнички појави и процеси. Токму поради ова си поставив задача —— историскиот развиток на етно-политичките заедници во Македонија да го разгледувам преку промените предизвикани од историските процеси чие движење секогаш било нагорно, од попримитивни кон посложени форми на општественото битие и сознание. Историските истражувања не се, и не треба да се сфатат, аподиктички, бидејќи новите сознанија не присилуваат повторно и на нов начин да им се пријде на проучувањата на веќе познатиот и истражуван материјал. На тој начин, - преку взаимните проникнувања во сите пори на животот на општеството, се добива поцелосна слика на актерите на историјата и за нивниот начин на живот, работа, сфаќања, функционирањето на стопанските и културните феномени, взаимното делување на социјално - психолошките фактори на заедницата, улогата на роднинските односи како и влијанието на раселувањето и акултурацијата за време на формирањето на заедницата како плод на социјално - економскиот и политичкиот развиток на историските процеси.

Во почетокот на истражувањата, појдовна основа ми беше

општественото уредување на Келтите, Германите и Словените во периодот од нивната појава во историските извори, па се до развиениот феудализам. Бев не малку изненадена, кога приметив дека во текот на историскиот развиток се дошло до такви квалитативни промени кои предизвикале појава на нови етноси, и повторно нови, така што, решението на задачата што си ја поставив доби сосема нова насока: Келтите, Германите и Словените едноставно не биле во можност да го доживеат создавањето на развиениот феудализам. По пат на акултурација тие се преиначиле, па вградувајќи дел од својата култура во другите етноси, посредно преку нив, елементите на нивната култура дошле и до развиениот феудализам, и како такви им се предале на новите етноси, па на тој начин го продолжиле своето опстојување.

Историските Келти и Германи, кои посебно ги опишува Гај Јулиј Каесар во периодот до и по Големата преселба, ги снемува од историската сцена, меѓутоа, од нив се формираат други етноси, кои во периодот на раниот Среден век на просторите на Западна и Централна Европа ќе формираат никулци на подоцнежните средновековни народи.

Слична судбина доживеале и Словените. Појавувајќи се под тоа име во VI век на просторите на Централна, Јужна и Источна Европа, овај етнос, кој за разлика од Келтите и Германите најдолго го сочувал заедничкиот јазик, исто така, за време на Големата преселба доживеал трансформација која била плод на историскиот развиток на

етно - политичките заедници на неговите територии. Основата на етносот којшто го предал името и јазикот, најверојатно, како таква исчезнала уште во периодот до Големата преселба. Просторите населени со етноси кои го презеле словенското име и словенскиот јазик до нивното доаѓање биле населени со други етноси на кои во текот на историјата им е предадено словенското име и јазик, па на тој начин доаѓало до ширење и на етносот кој по структура бил хетероген. Со време, на просторите населени со Словени по име и јазик, почнале да се појавуваат етно - политички заедници, кои биле плод на акултурацијата на новодојдените и староседлците, меѓутоа, веќе доста хомогенизирани што се однесува до јазикот.

Сепак има многу непознаници и разлики. Со текот на времето, од историските Словени регистрирани во VI век, кон крајот на X и почетокот на XI век, на спомнативе европски простори почнуваат да се појавуваат нови словенски народи кои ги формираат првите словенски преддржавни творби. Народите што ги сочинуваат овие творби само по јазик и со дел од културното наследство биле Словени, а етногенетски биле претставници на сосема нови етноси. Благодарение на традицијата и на историјата, сочувани се нивните имиња, меѓутоа, името веќе не одговарало на првичниот идентитет.

Воспитана и одгледана на традицијата на словенското единство на етносот, јазикот и културата, како и секој

човек кој доживеал преобразба на општеството непосредно, во почеток не сакав да го прифатам тоа: досегашното учење претставува данок на новото сознание; губејќи ја врската која ме поврзуваше со досегашниот поглед на свет, не можев брзо да се прилагодам на новите сознанија, бидејќи старата доверба требаше да ја заменам со нова. При обликувањето на новите сознанија најмногу ми помогнаа трудовите на Л.Н. Гумиљов, Е.М. Штаерман, И.М. Дјаконов, О.Н. Трубачов и А.Ј. Гуревич.

Л.Н. Гумиљов ме убеди дека етносот и етногенезата денес не се тоа што биле вчера, и дека не можеме да ги следиме до бескрај; како кај Хераклит, - ако етносот го споредуваме со река, ќе се добие истото сознание. Ослободена од баластите на "корените", "претците" и "континуитетот на етносот", можам послободно да се свртам кон историското минато на сопствениот и на останатите народи, задоволна што денес, помалку или повеќе, сите почнуваме да припаѓаме на еден единствен род - човечкиот. Од друга страна, Е.М. Штаерман и А.Ј. Гуревич, влијаеја на промената на мојот став во поглед на постанокот на државата. Во светската и нашата историографија уште се пишува, и сигурно уште долго ќе се пишува на тој начин, - дека корените на државата се во раниот робовладетелски период. Не сакам овде да се впуштам во детали, бидејќи тоа не е тема на овој труд, меѓутоа, накусо ќе го објаснам овој проблем. За време на доаѓањето на Балканот словенските племенски сојузи

претставуваат стожер на родовско - племенското уредување од периодот на распадот на тнр. воена демократија. Источноримската Империја, од своја страна во тоа време ги преживува последните мигови на робовладетелскиот систем. На овие простори се спротивуваат два света, - еден стар, доцноантички, веќе изгубен, и еден нов, со големи можности и сили, кој се уште го немаше најдено своето вистинско место. Источноримската Империја и робовладетелскиот ситем исчезнуваат во побуната на Фока, меѓутоа, животворноста на источните провинции и нивното прилагодување преку преобразбата на новиот систем, придонесуваат да се појави новата, препородена Византија. Ако Словените придонесоа да се урне стариот систем, новоформираната Византија со тематското уредување постепено го менуваше словенскиот свет вовлекувајќи го во својата сфера на влијанија. Немајќи ефикасен ситем на одбрана, словенското општество постепено ги прифаќа византијските влијанија. Меѓувреме, се уште функционирале неговите родовски и племенски сојузи преобразени во новата татковина како никулци на преддржавните елементи; меѓутоа, до крајот на X век овие органи не биле во состојба да се претворат во државни органи, бидејќи токму во тоа време, во моментот на најголемата воена моќ на Византија, тие ја губат својата самостојност. Овој факт не треба да обесхрабрува при истражувањата, бидејќи историскиот развиток покажува дека државност на територијата на Европа, во феудална

смисла, до XI век има само Византија, додека останатите етно - политички творби почнуваат да ја создаваат од XI век па натаму, бидејќи во тој период ранофеудалното општество достигнува определена степен на зрелост кога јасно се издиференцира процесот на феудализација разграничувајќи ги поконкретно социјалните функции на непроизводни: воена, судска, управна, во кои спаѓа сталежот на крупните земјопоседници и производни функции во кои спаѓа сталежот на зависните селани. Заправо во ова разграничување на социјалните функции се кријат и првите никулци на државноста бидејќи на кралевите им се става на располагање професионална воена сила, од една страна, додека пак слободните членови на општината со исчезнувањето на народната војска и народното собрание ја губат личната слобода и стануваат зависни од власта на моќните велепоседници, од друга страна. Според тоа, - во овој труд преку историскиот развиток ќе се набљудуваат етно - политичките заедници до средината на XI век, бидејќи во следните столетија започнуваат нови процеси кои се манифестираат не само во општествениот, туку и во духовниот живот на населението на територијата на Македонија. Причината што при истражувањата се спуштив малку подлабоко во минатото беше обусловена од фактот, - во старите појави да се бараат изворите на процесите кои ќе се развијат подоцна.

По не така честите навлегувања на Словените во времето на Јустин I (518-527) и Јустинијан I (527-565),

разгромувањето на офанзивата на Маврикиј (582-602) и владеењето на Фока (602-610) го означуваат почетокот на трајното словенско населување на Балканот. Словенските племиња кои учествувале во реидите и населувањата на Балканот живееле во Подунавјето, Прикарпатјето и Полабјето. Освојувањата и населувањето на Балканот се одвиваа од почетокот на VI до средината на VII век. Првите вести за Словените, нивните реиди, начинот на живот, битот, религијата и сфаќањата се од Прокопиј, дворскиот хроничар на Јустинијан I. Овај историчар во војните на Велизар имал прилика одблизу да ги запознае Словените и Антите кои како наемници учествувале во Готската војна, но тој во потполност не ја искористил таа своја можност. Причината не била лична, туку напротив, во центарот на настаните се два света спротивставени со своето видување на општеството, битието и нивната суштина. Овој став ќе го задржат и останатите византиски историчари.

На освоените територии доселените Словени формирале племенски сојузи, од византиските историчари наречени "Склавинии". Од "Склавиниите" познати се оние што ги основале Дрогувитите, Сагудатите, Велегезитите, Вајунитите, Верзитите и другите.

Времето на раниот феудализам во кој словенските маси во новата татковина се преструјувале прилагодувајќи им се на новите услови, пропратено било со прегрупирувања на племенските сојузи кои биле стожер на нивниот

севкупен општествен живот. Овие сознанија во најголем се дел добиени преку историските извори. Византиските автори, писателите на изворите, воспитани во духот на христианството, традицијата на хеленистичката култура и римската државност, секако дека биле пристрасни во своите судови во однос на своите пагански соседи, чија култура не биле во состојба правилно да ја сфатат. Нивниот поглед на светот и животот во суштина се разликувал од словенскиот. Па затоа, во анализата се трудев да ги користам најновите изданија во чии преводи и коментари подеднакво учествуваат и лингвисти и историчари. Тој приод ми овозможи повеќе да осознаам и подобро да го почувствувам животот на луѓето од тоа време, нивната бит, сфаќањата и погледот на свет. Заедничкиот живот на истите простори подеднакво влијаел и на Словените и на Византијците, така што од ден на ден ги смалувал разликите во начинот на живеењето, влијаел на промената на свеста, ги менувал општествените односи и кај едните и кај другите, па како резултат на дејството на историскиот процес во средината на X век ги снемува разликите во културата, начинот на животот и погледот на свет, секако не во потполност; меѓутоа доаѓа до изедначувања во некои сегменти на културата; се разбира, ова важи само за нижите слоеви на византиското општество. Со време исчезнале и разликите во јазикот, бидејќи повеќевековниот билингвизам придонесол за подобро запознавање и сфаќање на двете заедници, а од

моментот на примањето на христијанството и создавањето на сопствено писмо доаѓа до унификација на културните текови на овие простори.

За тоа време етносот што носел словенско име и говорел на словенски јазик не останал изолиран на новите простори. Први кои најбрзо и најмногу се труделе да го прифатат новиот начин на живот биле племенските поглавари и родовско - племенската аристократија. Релацијата на нивните контакти од самиот почеток ги насочила спрема византиските виши кругови, - племството и чиновништвото. Од друга страна, нивните соплеменици, обичните луѓе, биле препуштени на влијанијата на византиското селанство, градскиот демос и ситните трговци и занаетчии. Со време преобразбата која што го опфатила словенското и византиското општество, го предизвикала исчезнувањето на старата родовско - племенска аристократија. Во исто време во Византија почнува да се формира ново војничко племство во чиј состав влегувале и талентираните Словени, меѓутоа, не веќе како претставители на посебен етнос, туку како дел од хетерогениот етнос од кој била составена средновековна Византија. За тоа време масата на слободните словенски селани постепено била вклучувана во византискиот тематски ситем кој во X век бил во потполност заокружен. За разлика од словенската родовско - племенска аристократија која постепено се преобразувала во византиското племство и со тоа ја

губела словенската етничка самосвест, словенските селани успеале да го сочуваат јазикот и да ја прилагодат, и да се прилагодат на донесената и стекнатата традиција и култура, одбележувајќи го патот на новите односи. И едниот и другиот процес оделе напоредно. Словенската аристократија постепено се прелевала во византиското племство во периодот од VIII - X век, време за кое слободносто словенско селанство е вклучено во тематскиот систем. На овие процеси влијаеле и внатрешните и надворешните политички односи на Византија со соседите како и нејзината водечка улога во Европа и на Медитеранот.

Христијанизацијата и словенското писмо ја забрзуваат политичката хомогенизација која придонесла за зајакнување на словенската самосвест на терените на Македонија. Оваа самосвест го добила својот епилог за време на Самуил кога имала повеќе можност за самостоен етнички и политички развиток. Со пропаста на царството и династијата која го створила, македонската етно - политичка заедница повторно се нашла во склоп на Византија, овој пат за подолго, ако се изземат востанијата на Дељан и Војтех.

Ваков глобален политички осврт на историјата на Македонија, од доаѓањето на Словените па до пропаста на царството, не дозволува да се добие поцелосна слика за етничките прилики. Како и на секаде во тогашна Европа, и на Балканот и во Македонија, во тоа време етничката

слика е разнообразна. Ова етничко шаренило кое датира уште од времето на Палеобалканците зајакнато е во врмето на Големата преселба. Етносите кои се наоѓале на територијата на Македонија, заедно со оние кои доаѓале и проаѓале, со време формирале нов етнос или нови етноси кои го понесле и делот на нивното културно наследство, па сите овие околности заедно, се вклучиле и при појавата и формирањето на општата етничка самосвест.

Со проблемите, пред се на политичката историја, во чиј склоп е етничката историја само помошна историска дисциплина, на просторите на бивша Југославија, се занимавале сите историчари, археолози, етнолози, антрополози и лингвисти кои го обработувале средниот век: Н. Жупанич, Н. Нодило, Б. Графенауер, Ј. Корошец, В. Мошин, Ф. Баришиќ, Р. Катичиќ, Г. Острогорски, Б. Ферјанчиќ, П. Влаховиќ, Т. Томоски, С. Антољак, Б. Панов, К. Аџиевски, Л. Славеска и уште многу други.

Овој труд, пред се, посветен му е на историскиот развиток на етно - политичките заедници кои подеднакво учествуваат во обликувањето на самосвеста кај македонските Словени. Како што беше речено, не постои еден единствен етнос, родоначалник кој го понесол, "историското" или го наметнал името на територијата каде се населил. Според тоа и во овој труд останав доследна на тој принцип. Развојната линија на сознанието одеше, не по веќе однапред зацртаниот пат, туку во зависност од историскиот развиток, условен од историското време и

простор. По разбивањето на индоевропските сојузи на дијалекти на кои се гледа како на гнезда на посебните етноси во склоп на индоевропскиот јазик, се наоѓа и словенската посебност. Оваа словенска "грмушка" најпрвин се развивала во близина на сродните индоевропски дијалекти со кои била во контакт. Делови на овие дијалекти, т.е. етносите како нивни носители, со време ги напуштале своите стари живеалишта и се селеле на нови; на новата територија доаѓале во контакт со старото доиндоевропско население на Европа. Овие контакти на Доиндоевропејците и Индоевропејците биле главно паралелни. Понекогаш доаѓало до предавање само на јазикот на другиот етнос кој понатаму го предавал јазикот, а понекогаш се раселувал и етносот и се стопувал со затекнатото население на новата територија. Така доаѓало до создавање на нови и нови етноси со затечениот или донесениот јазик. Тоа е и единствената причина поради која доаѓа до разидувања во одделни научни дисциплини. Така на пример, лингвистите, можат да го следат развитокот на јазикот подлабоко во минатото на општеството, отколку историчарите - развитокот на општеството: додека за историјата е валиден само изворот кој прв го регистрирал името на етносот, неговиот јазик, начинот на однесувањето на членовите на заедницата, нивната бит, населбите, традицијата и културните достигнувања, дотогаш лингвистиката врз база на реликтите во јазикот може да го следи и да го

реконстриура лексичкиот фонд на одамна исчезнатите јазици и на тој начин и да и помогне на историјата за да добие поцелосни податоци за сфаќањата на начинот на животот, митските и религиските функции, како и за сфаќањата на природата и светот на одамна исчезнатите етноси. Меѓутоа, ова не значи дека овие исчезнати етноси не вградиле дел од себе во нашата традиција и културни текови. Примери за тоа "живеење" на одамна исчезнатите етноси во денешните народи ни даваат етнологијата и антропологијата. Досегашната анализа на многу обичаи, обреди и култови ни покажува голема старост на нивното постоење на просторите денес населени со македонски народ. Секако дека ова не смее да се протолкува како непобитен "доказ" дека денешните Македонци се "непосредни потомци" на некој денес нам непознат доиндоевропски етнос, туку напротив, тоа е непобитен доказ за староста на традициските форми и културните текови кои успешно го положиле испитот на времето и чија вредност останала валидна до денес. Од друга страна, пак, антрополозите наоѓаат дека кај денешното население на Македонија, особено кај она од источниот дел на Македонија преовладува стариот медитерански антрополошки тип. Затоа, кога ќе се сумираат сите податоци до кои дошле овие научни дисциплини ќе се добие поблиска претстава за етносите, или поточно, - за луѓето кои многу одамна ги населувале овие простори, а кои ни изгледаат многу блиски. Дел од историското битие,

посредно преку традицијата која е превземана и предавана, низ етносите кои се формирале и живееле на овие простори, се пренесувало, така што, само на тој начин македонскиот народ може да се смета за нивни наследник, и со тоа пред историјата да има обврска ова наследство да им го предаде и на потомците.

Времето на кое му припаѓам, за жал, како и во сите преодни периоди, полно е со хаотични елементи и неадекватни толкувања на вредностите. Затоа, сакам да го објаснам значењето на секој збор во насловот кој би можел да се протолкува поинаку: терминот историски развиток е во функција на проекција која што ги следи настаните низ историското време и простор. Етно - политичкитре заедници во Македонија во чие обликување и формирање активно учество зеле повеќе етноси, ќе се разгледуваат во процесот на историската трансформација. Истражените етно - политички заедници се формирале на ова тло, а базата им ја чинеле словенските племенски сојузи и месното население кои со време се адаптирале и адоптирале и на тој начин формирале нов етнос со словенски јазик и хетерогена традиција и култура. И новиот етнос не останал изолиран. На Балканот дошле нови етно - политички заедници кои побрзо или поспоро се адаптирале и постепено го обликувале македонскиот народ. Овие процеси на Балканскиот Полуостров не се завршени ни денес и може да се рече дека течат, буквално, пред нашите очи.

Имам намера преку општествените односи да се доближам до начинот на живот и сфаќањата на светот на обичните луѓе чие делување во севкупната низа на околности е сврзано со интересите на Византија и со околниот свет, па според тоа и взаимните историски процеси влијаат на нивниот развој. Ако тоа во потполност и не ми успее, останувам со надеж дека ова истражување во иднина може да послужи како аргумент за нови истражувачи.

Целта на овој труд не е да даде конечна верзија на историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија, туку фактите што ги собрала историјата, а се однесуваат на културата, етнологијата, археологијата, лингвистиката и другите сродни дисциплини да ги пибере, да ги систематизира и да ги проанализира на едно место, за да ја покаже еволуцијата преку историските процеси и трансформацијата во текот на последните векови на антиката и во периодот на појавата и развитокот на ранофеудалното општество до средината на XI век.

Проблемот на историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија од денешен аспект на сознанијата со кои располага историјата не смее да се разгледува изолирано од историските процеси на соседите и останатите региони на Европа, бидејќи историјата од почетокот до сега ништо не изгубила од својот континуитет.

Во овој труд, се стремев етно - политичките заедници во Македонија и нивната трансформација преку историскиот

развиток да ги следам и да ги објаснам, не како биолошки, туку како културни категории. За таа цел, откако собраниот материјал историски го осмислив, добиените податоци ги споредив и ги проверив со помош на резултатите од другите научни дисциплини, пред се - со лингвистиката, етнологијата и археологијата. Како процес етно - политичките заедници овде се разгледуваат во склоп на историската наук, и тоа не според традиционалната схема во историската наука, туку напротив, според искуството кое покажува дека повторната анализа на обработениот материјал и разгледувањата на усвоените и новите тези секои десетина години даваат придонес за нови струења кои се присутни на историската сцена и на друг начин ги толкуваат определените текови. Затоа, многу изнесени ставови се хипотетични и треба да се земат условно додека не бидат потврдени или оспорени во истражувањата и на другите научни дисциплини.

## Пролог

Кога се пишуваат трудови од овој жанр не е вообичаено да се почнува на овој начин, меѓутоа, сметам за потребно во прологот да кажам како го имам замислено дејствието кое се содржи во истражувањето на историскиот процес во овој долг период.[1]

Бидејќи историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија до сега не се обработувал на овој начин, редно е да напоменам зошто така постапив. Како што веќе беше напоменато, во текот на историскиот развиток територијата на Македонија ќе биде истражувана од периодот на доселувањето на Индоевропејците, за да се добие поцелосна претстава за етничките заедници кои непосредно и дел од себе вградиле во нашата денешна традиција и култура. Па според тоа, историјата како севкупно човеково знаење ќе ни овозможи да ги осознаеме и достигнувањата на сродните историски дисциплини, бидејќи денес само резултатите на тимската работа можат да не доведат до бараната вистина. Целта на овој труд ќе биде заправо историскиот развиток на етно - политичките

[1] Упатствата и советите што ги добив од проф. Р. Катичиќ многу ми користеа при пишувањето на овој труд, па на овој начи сакам да му ја изразам својата голема благодарност.

заедници во Македонија, проследена преку повеќе историски дисциплини со чија помош треба да се состават и разменат собраните информации од повеќе науки, а не да се спротивставуваат едни на други.

Познато е дека развојот на производните сили и продукционите односи доведуваат до прогресивна смена на општествените формации. А внатре во формациите се појавуваат и исчезнуваат дискретни процеси на етничката историја, чии протагонисти, луѓето, родовите, племињата, народите, исто така се појавуваат и исчезнуваат во историското време. Тоа заправо се **етносите**, а процесите од нивното појавување до преформирањето наречени се: **етногенеза**.[2]

Етносите како општества со време се мешаат, зголемуваат и вкрстуваат,[3] како системи на човечки организми. Како што детето има двајца родители, исто така и етносите произлегуваат од два и повеќе претходни етноса, а резултатот е нов етнос, кој е квалитативно различен од двата претходни, а сите тие се пројавуваат во текот на историскиот процес.[4] Делувањето на овие процеси посебно е засилено за време на преодните периоди, кои

[2] Гумилев Л.Н. География этноса в исторический период. Л., 1990, 242-243.

[3] Frejdenberg O.M. Mit i antička književnost. Beograd 1987, 149.

[4] Гумилев Л.Н. Н.д., 245-246.

претставуваат двигатели на големите промени на епохите, сврзани во исто време и со промените на типовите на етничките заедници.

Според овие принципи и на овој начин во овој труд ќе се разгледува историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија. Срҗта од граѓата ќе и биде посветена на историјата на словенските етно - политички заедници од доселувањето во VI, до средината на XI век, додека во првата и втората глава ќе стане збор за етничкиот простор во праисторијата и развитокот на етничките заедници во хеленско и римско време.

## I. Македонскиот простор во праисторијата (раселување на Индоевропејците)

Веќе напоменав дека целта на овој труд е историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија, прикажан преку еволуцијата на историските процеси и трансформацијата на општеството; значи овие историски феномени ќе бидат разгледувани како сегменти на етничката историја, па затоа сметам дека е потребно да нагласам дека истата ќе биде разгледувана, главно, од културно-историски аспект, [5] додека антропологијата, археологијата и лингвистиката ќе бидат помошни дисциплини. Да нема недоумение околу тоа - што подразбирам под терминот **етнос** и **етничка заедница**, ова прашање ќе го објаснам на самиот почеток. [6] Го сметам за

[5] Дьяконов И.М. К методике исследований по этнической истории ("Киммерийцы")// Этнические проблемы истории Центральной Азии в древности (II тысячелетие до н.э.) М., 1981, 90. Во оваа статија И.М. Дјаконов дава смерници за правилно толкување на етничката историја која може да се разгледува: 1) антрополошки; 2) културно-историски и 3) лингвистички, нагласувајќи дека секоја од овие дисциплини може самостојно да го обработи дадениов проблем, а сите заедно ја даваат комплетната слика на периодот кој се обработува.

[6] Bandić D. Etnos.//Etnološke sveske IV (1982), 41. Според етнологијата, проф. Д.Бандиќ, правилно го разврстува појмот етнос во две категории: " "

правилен заклучокот на проф. Р. Катичиќ кој вели: "На почетокот на развојот на етнологијата две дефиниции се јавуваат под едно име. ...зборот εθνος, се јавува и како повеќезначност на зборот народ. Па и кога неговата содржина се гледа во историска перспектива, како штоетнологијата секогаш гледала, и тогаш во него се оцртуваат барем две тежишта: генетско (панонско сваќање) и функционално - стадијално (западно сваќање). При тоа

---

неразвиено" предкласно, традициско" во кои спаѓаат родот и племето и " "развиено", класно, цивилизциски тип на општествена организација" во која спаѓаат народ и нација. Авторот натаму продолжува дека со поимот етнос се опфатени "различни форми на човечки заедници, форми врзани за различни епохи". Па според тоа, сметам во овој труд, со овој термин да го опфатам родовскиот и робовладетелскиот период (бидејќи самиот термин е продукт на таа епоха и значи тоа што Хелените под тој термин подразбирале, чета, рој, војна единица, мноштво или збир на племиња) во историјата на оние етноси на Балканот кои го населуваат до доаѓањето на Словените и кај Словените до формирањето на преддржавните организации. После тоа, со појавата на развиените форми на феудакизмот на сцена стапува народот. Оваа промена ја сфатив како квалитативна, бидејќи, според зборовите на проф. П. Влаховиќ: "Етносот во етнологијата е основна единица (микрокелија) од која се развиваат сите други етнички категории (племе, народ, нација)". Vlahović P. Etnos u etnologiji i antropologiji.//Etnoantropološki problemi, sv. 7, Beograd 1990, 15. Тоа не значи дека етносите исчезнуваат од лицето на земјата. Етносите остануваат али не на просторот кој овде се разгледува. Процесот кој се одвива при трансформацијата на етносот во друга, квалитативна форма, ја овозможил и појавата и создавањето на народот.

треба да се воочи дека едното не го исклучува туку само го засенува другото". [7] Значи недоразбирањата ги создаваат не само неупатените, туку и оние кои сметаат дека споменувањето на етносот во изворот е доволно истиот да се идентификува со денес постоечкиот народ, како што и појавата на првиот етноним ја сметаат за доволен доказ за времето кога дотичниот народ настанал. [8] Дека тоа не било така може да се види од етничката историја на многу народи. Само во тој случај кога ни се познати сите предуслови како дошло до појавата на наименувањето на етносот, може донекаде да се следи и неговиот развиток. А тоа може да се следи само во случај ако ареалот на распространувањата на етносот се поклопува со ареалот на распространувањето на јазикот (или дијалектот) и распространувањето на материјалната култура, а такви поклопувања во минатото се многу ретки. Меѓутоа, ако имаме вистински податоци за именувањето на

[7] Katičić R. Marginalije uz "Pledoaje za etnologiju kao historijsku znanost o etničkim skupinama"// Studia Ethmologica Vol. 1, Zagreb 1989, 35. Значи етносот како таков не исчезнал туку го променил само обликот, а менувајќи го се променил и сам, па затоа сметам дека го нема во оние општества кои постанале феудални. Па затоа го прифатив објаснувањето које проф. Р. Катичиќ го дава за терминот εθνος кој може да се земе за важечки во раниот феудализам кој во трудов се обработува.

[8] Дьяконов И.М. Н.д., 90; Petrović E. Etnički kontinuitet i etnocentrizam.//Etnoantropološki problemi, sv. 8, Beograd 1990, 19-23.

етносот и ареалот на неговото распространување, се добиваат дополнителни докази кои помагаат да се расветли како името на еден етнос поминало на друг, бидејќи е познато дека ниеден етнос не ги означува топонимите по своето сопствено име во местата каде што живее.[9] Затоа сметам дека проф. Д. Бандиќ правилно заклучува кога пишува дека: "...заедниците опфатени со поимот етнос претставувале...идеален општествен медиум за самоодредување, самоидентификација на човекот" и заради тоа "етничкото заедништво може да се окарактеризира како еден специфично "човечки" одговор на специфично "човечки" потреби",[10] но само за периодот додека луѓето размислувале на релацијата "ние" и "оние,"[11] а на тој начин размислувале доста долго, за што ни сведочат лингвистичките анализи во сите индоевропски јазици.

Појавата на Индоевропејците како посебна јазична група веќе два века внимателно ја следат и истражуваат лингвистите, за да нешто подоцна, во склоп на дискусијата во оваа област се вклучат и историчарите, археолозите, етнолозите и антрополозите, кои со своите проучувања придонесле, да се расветлат многу непознати работи. Без оглед на се што до денес е продискутирано и

[9] Дьяконов И.М. Н.д.,91, 92, 94.

[10] Bandić D. N.d., 54.

[11] Isto, 52-53.

напишано за индоевропскиот етнос, за јазикот и археолошките култури не е најдена заедничка формула која би ги поврзувала сите тие гледишта и сите хронолошки епохи, без оглед што етнолозите јасно определиле кој дел од културата на етносот, во сите хронолошки епохи, ги содржи етничките специфичности. Бидејќи не можат во исто време и подеднакво да се следат, сите достигнувања во сите горе наведени области, се што е до сега постигнато, ќе го разгледувам, и ќе се трудам пред се, да ја сочувам објективноста.

Поради брзиот развиток на нашата и странската наука денес, може да се случи на овие страници да се појават застарени погледи и не секогаш до крај потврдени тези, а причината е таа - што човек не може да биде специјалист во сите области. Во текот на работата мото ќе ми биде мислата на познатиот лингвист и историчар И.М. Дјаконов: "...дека историчарот треба да се спротивстави на искушенијата на спекулацијата, бидејќи е должен пред себе да ги гледа живите луѓе во конкретните животни услови кои ја создаваат историјата".[12] Бидејќи понатаму на овие страници ќе се обидам да се занимавам со историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија, сметам дека е важно тоа што него заправо го сочинуваат "живи луѓе" ограничени во време и простор.

---

[12] Дьяконов И.М. О прародине носителей индоевропейских диалектов II.// ВДИ, 1982, 4, 24.

ќе можам ли да ја доловам нивната свест и начинот на мислење, сфаќањето на животот, нивната бит, не сум сигурна, но ќе се обидам да ја следам мислата на И.М. Дјаконов.

Како што веќе напоменав индоевропскиот проблем веќе подолго време ја разбранува научната јавност. Причина за тоа се и новите откритија во архелогијата, па може да се каже, дека се наѕира некој вид на унификација. Тоа, според мене, му пошло од рака на археологот - истражувач В.А. Сафронов[13], кој во своите трудови се обидел да ја соедини лингвистичката теорија со сопствените археолошки истражувања. Тој разработил ситем во кој археолошките наоди од одредена епоха одговараат на лингвистичките податоци од истиот период. Накусо, - понудил археолошки докази кои се темелат врз јазички податоци. Некои ставови на ситемот на В.А. Сафронов можат да се прифатат, па према тоа, материјата за индоевропската прататковина и Индоевропејците ќе се разгледуваат на начин како што се кај него изложени.

Системот што го предлага В.А. Сафронов се темели на

[13] Сафронов В.А. Проблема индоевропейской прародины. Орджоникидзе 1983. (понатаму Проблема); истиот автор: О раннеиндоевропейской прародине на Балканах и ее малоазиатских истоках. // Балканы в контексте Средиземноморья. Проблемы реконструкции языка и культуры. М., 1986. (понатаму О раннеиндоевропейской прародине); истиот автор: Индоевропейские прародины. Горький 1989. (понатаму Индоевропейские).

три долготрајни етапи на еволуција во индоевропскиот прајазик, а нивните археолошки и јазични еквиваленти овој научник ги локализирал хронолошки во три прататковини на Праиндоевропејците. Тоа се: првата индоевропска прататковина во Мала Азија (централниот и западниот дел) со културата Чатал Хијук (VII-VI милениум п.н.е.). Тоа е време кога Праиндоевропејците биле на прагот на цивилизацијата што може да се види од нивното стопанство, степенот на развитокот, на земјоделието, градежната техника и пред се од нивниот поглед на свет кој се манифестирал во почетоците на религискиот култ кој најверојатно придонесол и за појавата на писменоста.

Благодарение на сестраните истражувања, западниот дел од Мала Азија денес го добил местото кое што со право му припаѓа во историјата. На неговите влијанија и Блискиот Исток и Европа можат да му заблагодарат што влегле во сферата на културата која ќе стане и остане стожер на севкупниот напредок на овие простори. Културата Чатал Хијук, а нешто подоцна и културата Хаџилар полека го распространиле своето влијание на Балканскиот Полуостров.[14]

[14] Сафронов В.А. О раннеиндоевропейской прародине, 3-5; истиот автор: Индоевропейские, 28-45; Массон В.М. Первые цивилизации. Л.,1989, 8-12; В.А. Сафронов на ова место го употребува терминот "цивилизација". Материјалот за тоа се темели најповеќе на материјалната култура, па според тоа, "надворешниот облик на цивилизацијата силно се карактеризира со предмети од областа на културата",

Средноиндоевропската прататковина се наоѓала на Балканот со културата Винча (V-IV милениум п.н.е.) како носител на првите импулси на европската култура, чии резултат се првото писмо, развитокот на металургијата, појава на занаетчиството, урбанизацијата, како и понатамошниот развиток на религискиот систем.[15]

---

како заклучува Масон, што сметам дека е правилно. Тој ја разработува цивилизацијата според схемата дадена од К. Kalakhom , а таа триада ги содржи во себе - монументалната архитектура, градовите и писменоста. Сите овие компоненти,не сум сигурна дека културата Чатал Хијук ги поседувала, па според тоа, не е ли прерано да се нарече цивилизација? Мелларт Дж. Древнйшие цивилизации Ближнего Востока. М., 1982, 79-111; Mellart James. II. Koreni u zemlji. Počeci seoskog i gradskog života. // Osvit civilizacije. Opšti pregled starih kultura. Beograd, 42-64. Животот во Чатал Хијук и Хацилар, според Меларт, се одвивал по домовите и храмовите. Главно божество е Тројната божица во чиј култ спаѓал леопардот како свето животно и машкото божество, маж или љубовник на Тројната божица, во чиј култ влегувал бикот како негово свето животно. Антрополошката анализа покажала дека населението на овие населби било доликокефално, стројно и грацилно.

[15] Сафронов В.А. О раннеиндоевропейской прародине, 3-5; истиот автор: Индоевропейские, 71-93; Николаева Н.А., Сафронов В.А. Культура Винча-Древнейшая цивилизация старого света. // Балканы, 6-8; Николаева Н.А. Об основных линиях развития неолита в Балкано-Карпатском регионе. // Балканы, 9-11; Иванов В.В. Чатал-Гююк и Балканы. Проблемы этнических связей и культурных контактов. // "Balcanica". Лингвистические исследования. М., 1979, 7 бел. 2, 3; 26, 31, 35, 36 независно од Сафронов и Николаева смета: "Представления об истории письма претерпели значительные изменения благодаря

Доцноиндоевропската прататковина авторот ја сместува во Централна Европа, со културата Лентел (4000-2800 г. п.н.е.) и културата на пехарите во форма на инка (3500-2200 г. п.н.е.). Етносите, - носители на оваа култура и јазик, продолжувачи се на традицијата на винчанската култура. За овај период значајно е тоа што Индоевропејците раселувајќи се постепено освојуваат големи простори на Европа пренесувајќи ги на тој начин теченијата на наследните културни достигнувања на населението на стара Европа. А можеле да појдат на ваков пат благодарение на тоа што веќе го пронашле колцето. Реминисценции на овие далечни патувања наоѓаме во митологијата и делата на класичната литература на Индијците, Хелените, Германите и другите.[16]

---

открытиям на Балканах, где в культуре Винча найдено значительное число сосудов и других керамических изделий с письменными знаками преимущественно геометрического -"линеарного" типа, датирующихся 5300-5200 гг. до н.э. Указанные рядом ученых совпадения части знаков с протошумерскими (Урук IV a, III b, и т.п.) нельзя считать полностью исключенными по хронологическим причинам, так как для знаков шумерского письма в последнее время предположены значительно более ранниемесопотамские прототипы. Но по географическим причинам более естественным кажутся сложения с архаической символикой западной Малой Азии".

[16] Сафронов В.А. Проблема, 55-84; истиот автор: О раннеиндоверопейской прародине, 3-5; истиот автор: Инсоевропейские, 93-135; Фол А. Методологические проблемы изучения праистории Балкан. // ВДИ, 1992, 1, 21-35. Заправо А. фол во свјата статија ги разгледува

Периодот кој непосредно му претходи на распадот на индоевропското единство, а кој според авторот претставува првобитен ареал на доцноиндоевропската прататковина се протега на исток до ограноците на Карпатите, на запад до Рајна, на југ до Дунав, а на север поминува низ северните падини на Карпатите, Судетите, Рудните пл. и Тириншката шума, значи во зоната на распространувањето на древната варијанта на

различните сваќања за појавата на Индоевропејците и промените кои по тој повод настанале на овие простори во периодот помеѓу 4500 и 2500 г. п.н.е. Задржувајќи се посебно на источниот дел на Балканот, авторот смета дека до промени во ритуалите и обичаите дошло заради промените во начинот на мислење, а истото како митолошко не можело да биде променето заради воjно-политички притисоци. Доказ за тоа е долгото постоење на култот на Мајката на Боговите. Топоров В.Н. К истории Дионисийского комплекса. // Античная балканистика. Карпато-балканский регион в диахронии. Предварительные материалы к международному симпозиуму. М., 1984, 44-46; Срејовић Д. Данило-Бутмир-Ленђел. // Старинар XVIII, 1967, Београд 1968, 1 наведува дека: "...ленѓелската група е дефинисана како култура на балканско-анадолскиот комплекс на помладиот неолит кој хронолошки се врзува за помладата фаза на винчанската група...односно за групата "Гумељница, Салтуца-Криводол и Кукутени-Триполската"; Брукнер Б. Допринос истраживању веза и односа између популација југоисточне Паноније, Централног дела северног Балкана и пространства северно од Црног Мора између 4000-3000 године пре нове ере. // Рад војвођанских музеја, 30. Нови Сад 1986-1987, 33-42; Лелеков Л.А. Начальные и вторичные очаги индоевропейских миграций. Данные источныков и гипотезы. // Античная балканистика, 26-27.

Ленѓелската култура.[17]

Постепено овие култури се шират, а етносите кои ги превземаат нивните текови полека ја освојуваат Централна, а подоцна и Северна Европа. За време на овие раселувања од ленѓелската култура се одвојува културата на пехарите како инка која што му одговара на доцноиндоевропското единство. Спомнативе раселувања од крајот на IV и почетокот на III милениум п.н.е. и придонесле за распаѓањето на индоевропската заедница. Овој распад во археологијата е означен со појавата на нови археолошки култури формирани врз основа на подоцнежната култура на пехарите како инка (културата на топчести амфори и шнур керамиката) и културата Ленѓел (Болераз, Балатон), чии носители, според авторот, претставуваат протохеленски и палеобалкански супстрат. Во тој ареал се наоѓал и индоиранскиот супстрат.[18]

[17] Сафронов В.А. О раннеиндоевропской прародине, 3-5; истиот автор: Проблема, 55-84; истиот автор: Индоевропейские, 93-135.

[18] Сафронов В.А. О раннеиндоевропской прародине, 3-5; истиот автор: Проблема, 55-84; истиот автор: Индоевропейские, 93-135.

Без оглед што доцноиндоевропските култури ја продолжуваат традицијата на поранешните култури, декаденцијата била неизбежна,[19] а авторот истата ја објаснува со адаптацијата на новодојдените Индоевропејци на месната средина. Така доаѓа до дисперзија на протохелените во состав на палеобалканскиот супстрат со кој што е предизвикана промената на неоенеолитскиот период на Балканот.[20]

Од ова може да се заклучи дека индоевропскиот етнос бил многу динамичен и дека успешно се прилагодувал на постојаните промени. Протохеленската и индоиранската јазична и археолошка компонента до распаѓањето на индоевропската заедница се наоѓала во Потисје каде на индоевропскиот етнос му одговара старата јамна култура, подоцна, според авторот, протохелените од тие терени постепено се спуштиле кон југ.

Протохелените, раселувајќи се постепено ги освојувале терените кои пред нив биле населени со Пелазги, чии траги авторот ги гледа во археолошката култура Димини.

---

[19] Тоа што авторот овде го означува со терминот "декаденција", во периодот на пишаната историја истиот ќе биде заменет со терминот "криза", за да во најновите истражувања, според мене, се употреби поприкладниот термин "трансформација" со кој се опфатени и се означуваат наведените категории.

[20] Тасић Х. Везе Подунавља и Пелагоније у енеолитском периоду. // Balcanica, XXI, Beograd 1980, 139, 140 bel. 1, 6; 145; Сафронов В.А. О раннеиндоевропской прародине, 3-5; истиот: Индоевропейские, 179-190.

Во оваа култура можат да се следат елементи на доиндоевропскиот супстрат како постепено се спојуваат со новите импулси кои доаѓаат од север, од Винча, додека достигнувањата на Пелазгите, според историската традиција, одговараат на схемата која авторот ја дава за Винча.

Значи, по распаѓањето на општоиндоевропската јазична заедница се одвоиле и поединечните јазици, или дијалекти, меѓу кои бил и протохеленскиот чиј етнос зел активно учество во јужните раселувања на Индоевропејците во текот на III-II милениум п.н.е. Репрезент на јазикот и етносот на Протохелените се Средниот и Доцнохеладскиот период на археолошката култура. Ранохеладскиот период авторот го датира од 27-25 век п.н.е. Елементите што го карактеризираат се појавата на нови етнички групи кои не се врзани за културните традиции на неолитското население на Хелада, али при нивното формирање не смее да се игнорира и учеството на супстратот, како и некои културни влијанија од југ. Исто така не смеат да се елиминираат ни северните влијанија кои хронолошки и припаѓаат на културата Винча и на културите кои произлегле од неа. Овие постепени спојувања се гледаат и на материјалите од македонските и тракијските споменици.

Според тоа, према авторот, раселувањето на Протохелените на Балканскиот Полуостров може да се датира во периодот помеѓу 23 и 19 век п.н.е., а како потврда на тоа е појавата на "минијската керамика" која своите корени ги влече исто така од културата Винча.

Бидејќи оваа керамика се среќава и во Мала Азија (Троја V-VI), тоа упатува на заклучок дека индоевропските мигранти ја населиле копнена Хелада, островите и Мала Азија по распаѓањето на индоевропската заедница кон крајот на IV и почетокот на III милениум п.н.е., а кое е потврдено и со исчезнувањето на двата големи центри на Северениот Балкан - културите Винча и Гумелница.[21]

Тезата дека Балканско - егејскиот басен и Западна Мала Азија претставуваат културно-историско единство, како и претходните автори, ја застапува и В. Попов, со тоа што тој става посебен акцент на географско - територијалното единство и етничката сродност на популациите од спомнатиот регион. Точноста на овие негови ставови ја потврдува историскиот развиток на споменатиот регион, од каде, според него, произлегле четири брана на миграции од Балканот спрема Мала Азија и копнена Хелада:

I. Миграција на Хетитите и другите етноси од областа на Тракија и Мраморното Море;

II. Миграција на Лелезите, Пелазгите и другите дохелenski етноси во III милениум п.н.е.

III. Периодот на миграциите од Балканот спрема Мала Азија може да се следи од III милениум до XII век п.н.е. Пишаните извори за овој период на тлото на Мала Азија го наоѓаат следното население: Тројанци, Дарданци, Тракијци, Мези, Фригијци, Меонци, Карийци, Лелези,

---

[21] Сафронов В.А. Индоевропейские, 179-190; Тасић Н. Н.д., 144.

Пелазги, Минијци и др.

IV. Период на миграции се однесува на миграциите од XII-VIII век п.н.е.

Општите ставови кај В. Попов се идентични со мислењата на поголемиот дел на истражувачите, со таа разлика, што тој точно не одредува во кој период тргнале и колку долго оделе Хетитите и ним сродните етноси по распаѓањето на општоиндоевропската етничка заедница од Карпатско - Дунавскиот басен до Троада и Мраморното Море.[22]

Антропологијата, пак, од своја страна, периодот од 8000 г. п.н.е. па наназад го врзува за неолитизацијата на населението и на променетиот однос на човекот спрема природата која го опкружува. Преминот од печена на варена храна доведува до промени во метаболизмот, кои од своја страна влијаат на антрополошката состојба, па: "...на Балканскиот Полуостров, почнувајќи од неолитот доминантен станува медитеранскиот антрополошки тип со своите варијанти, така што е констатирано медитеранско нео - енеолитско антрополошко јадро".[23]

На просторите на Македонија од периодот на палеолитот регистрирани се неколку палеолитски станици кај

---

[22] Попов В. Некоторые проблемы этноисторических связей между Балканским полуостровом и Малой Азии до конца II тыс. до н.э. // Studia Thracica 1. Sofia 1975. Фрако-скифские культурные связи, 7-19.

[23] Mikić Ž. O savremenim istraživanjima skeletnih populacija na tlu Jugoslavije. // Etnoantropološki problemi, sv. 4, Beograd 1989, 18-19.

Кристифорово и Буково (Битолско) и пештерата Макаровец во близина на Велес, за разлика од неолитот (7450 - 5000 г. п.н.е.) чии многубројни локалитети и на нашиве простори се одраз на тнр. "неолитска револуција".

Етносите во овој период веќе се трајно населени и на тлото на Македонија; тие ја обработуваат земјата користејќи ги нејзините плодови во својата исхрана, се занимаваат со сточарство користејќи ги и домашните животни за дополнување на исхраната, а се занимаваат и со поединечни гранки од занаетчиството. Културните групи кои во овој период егзистираат во Македонија се Анзабегово - вршничката и Велушко - породинската, кои археолозите обично ги врзуваат за Балканско - анадолскиот културен комплекс,[24] додека пак Пелагониската група и наколните живеалишта од Охридскиот регион носат специфични карактеристики на Јадранскиот културен комплекс,[25] што одговара на хипотезата на И.М. Дјаконов.

Бидејќи В.А. Сафронов детално не се задржува на проблемот на културата и етносите на македонскиот

[24] Кузман П. Македонија во светлоста на археолошките откритија. // Содржински и методолошки прашања во истажувањето на историјата на културата на Македонија. Книга 1. Макропроект "Историја на културата на Македонија". Скопје 1995, 32; Praistorija Jugoslovenskih zemalja II. Neolitsko doba. Sarajevo 1979, 79-114; Санев В. Неолитот и неолитските култури во Македонија. // Цивилизации на почвата на Македонија. Прилози за истражувањето на историјата на културата на почвата на Македонија. Макропроект "Историја на културата на Македонија". МАНУ, Книга 2. Скопје 1995, 29-32, 38-42.

[25] Кузман П. Македонија во светлоста, 31, 32.

простор, сметајќи ги Пелазгите за единствени предхеленски населеници на овие простори, со што не можам во потполност да се сложам, овде ќе изнесам мали детали, кои во системот на В.А. Сафронов не се изложени.

Заедничкиот живот на просторите на Македонија во тој период бил обусловен и од географските фактори, бидејќи взаимните влијанија на традицијата и култуата оделе по трагите на мигрантите за кои трансферзалата Морава - Вардар имала обележје не на регион во потесна смисла, туку на контактна зона помеѓу источниот Медитеран, Мала Азија и Блискиот исток и Централна Европа, во поширока смисла. Како пример за тие контакти може да послужи Велушко - породинската група, чии општи карактеристики носеле обележје на културата на балканско - анадолскиот културен комплекс од постариот неолит.

Покрај населбите од оваа група, кај наколните живеалишта (во охридскиот регион) се појавуваат особени белези кои се карактеристични за Јадранскиот неолитски културен комплекс, додека пак тумбите му припаѓале на вообичаениот тип на населби од подрачјето на Тесалија, Тракија и Блискиот исток.[26] Неолитските куќи во Пелагонија обично имале четириаголна основа, најчесто градени од дрвена граѓа премачкана со кал, а покриени со слама. Во домашниот инвентар кој обично се состоел од разни секојдневни орудија за работа, спаѓа и оружјето,

26 Praistorija Jugoslovenskih zemalja II. Neolitsko doba. Sarajevo 1979, 79-109; Кузман П. Н.д., 32; Санев В. Н.д., 39.

обично и едното и другото изработувани од камен. Во овој период, како што беше напоменато, значајно место добива и керамиката, чии производи, глинени фигурички, најраните претстави на **Magna Mater** на нашиве простори како и најразлични жртвеници од кои посебно место им припаѓа на оние со претстави на куќи, биле употребувани во култни цели.[27]

Инвентарот во овој тип населби бил исто така вообичаен за тоа време, а се состоел од камени секири, длета, коскени игли и шила, керамички садови. Доминантен стопански облик било земјоделието со пченицата како главна житарица, додека од домашните животни биле одгледувани овцата, говедото и свињата.[28]

За да се дополни тезата на В.А. Сафронов и да се добие поцелосен увид во етно - лингвистичките прилики, овде ќе ја изнесам хипотезата на И.М. Дјаконов.[29]

Според него, прататковината на носителите на

[27] Praistorija Jugoslovenskih zemalja II. Neolitsko doba. Sarajevo 1979, 84, 107, 108, 112, 113; Кузман П. Н.д., 32; Санев В. Н.д., 40-42.

[28] Praistorija Jugoslovenskih zemalja II. Neolitsko doba, 112-113; Сабев В. Н.д., 41-42; Кузман П. Н.д., 32.

[29] Бидејќи во потполност се сложувам со ставовите изложени во неговата хипотеза и сметам дека им одговараат на историските процеси, на овој проблем ќе се навратам подоцна кога ќе се обработива словенскиот етнос и неговите миграции на Балканскиот Полуостров, со тоа што тогаш ќе го додадам и мислењето на О.Н. Трубачов за прататковината на Индоевропејците и во тој склоп и на Словените.

праиндоевропскиот јазик се наоѓала во Балканско - Карпатскио регион. На оваа територија тие постепено се раселуваат во текот на VI-V милениум п.н.е. од Мала Азија. Најверојатно како првобитна прататковина на земјоделско - сточарското население (областа на културата Чатал Хијук, сеуште историски тоа не се потврдува, дали е ова население носител на индоевропските јазици) е оваа област која доаѓа во предвид затоа што Мала Азија во периодот (8000-5000 и 4000-2500 г. п.н.е.) го доживеала неолитскиот климатски оптимум кој ја обусловил појавата на земјоделието, што и довело до зголемување на населението. Тоа и го овозможило раселувањето од Мала Азија на Балканот и во Подунавјето, каде поволните климатски услови во периодот на неолитот и овде довеле до појава на земјоделие (VII милениум п.н.е. во Македонија, а V милениум п.н.е. во останатиот ареал.[30] Авторот правилно заклучува дека распространувањето на историските индоевропски јазици не одело од Мала и Предна Азија, туку од Балканско - Карпатскиот регион. (В. карта 1 и 2).

Во периодот V-III милениум п.н.е. почнува, според

[30] Дьяконов И.М. О прародине носителей индоевропейских диалектов. II. // ВДИ, 1982, 4, 24, 16; Mikić Ž. Podunavlje, Ukraina, Krim - "Plodni polumesec" Evrope. // Etnoantropološki problemi, sv.5, Beograd 1989, 79-83. Авторот ги подвлекува контактите на Подунавјето со Егејот и Медитеранот уште во периодот на 15-1300 г. п.н.е., па е логично на се што се појавува во VII милениум п.н.е.; Мерперт Н.Я. Миграции в эпоху неолита и энеолита. // СА, 1978, 3, 9-10, 22-25 бел. 70; 26-27.




ДЈАКОНОВ И.М. КАРТА 1

КАРТА НА ИНДОЕВРОПСКИОТ АРЕАЛ ОД V–IV МИЛЕНИУМ п.н.е.

1 Јужна граница на листопаднит и шумско-степските зони
2. Јужната граница на тајгата, местата на продорите на Угро-Фините
3. Движење на хето лувијените-дијалекти
4. Движење на племињата носители на шнур-кермиката и нивните контакти со староседелците на Европа
5. Претпоставеното движење на носителите на протохарските дијалекти
6. Распространение на земјоделството и крупни-от рогат добиток
7. Јадрата на општоиндоевропскиот ареал во миленуум п.н.е и неговото распространување

зборовите на авторот, од наведениот простор постепено разлевање на етносите и јазиците на сите страни. Доказ за тоа се и сочуваните дијалекти со поединечните исоглоси. На својот пат при раселувањето племињата доаѓале во контакт со месното, понекогаш - ретко население со кое се стопувале предавајќи им го јазикот и културата. Во случаите и кога старото население било побројно од доселеното, можело да дојде до прифаќање на јазикот од малцинството, во случај тој да бил распространет и разбирлив на поголема територија. Така ареалот на кој на овој начин се создавала новата популација станувал центар за повторно разлевање на јазикот. Доаѓало до распространување на јазикот не секогаш во содејство со раселувањето на етносот, без оглед што зад јазикот секогаш стоел макар и мал дел од носителите, али не обврзно, основачите.[31]

До сега не се случило население, значајно по култура и помногубројно, кое живее илјада или две илјади години на еден простор да не остави никаква трага зад себе. Познато е дека Индоевропејците како земјоделци биле крвно и сакрално врзани за земјата, па според тоа,

---

[31] О прародине носителей индоевропейских диалектов. II. // ВДИ, 1982, 4, 17, 18; Лелеков Л.А. К новейшему решению индоевропейской проблемы. // ВДИ, 1982, 3, 31-37. Исто така и Л.А. Лелеков ги поддржува ставовите на И.М. Дјаконов за европската прататковина на Индоевропејците. Алексеев В.П., Бромлей Ю.В. К изучению роли переселений народов и формировании новых этнических обшностей. // СЭ, 1968, 2, 35-45; Бромлей Ю.В. Этнос и этнография. М., 1973, 257 бел. 9.

трагите на супстратот секогаш се јавуваат во имињата на боговите. [32] И не само во имињата на боговите, туку и во севкупните елементи на духовниот живот, чии траги, благодарение на јазикот, останале сочувани до дендес како термини чие семантичко значење упатува на нивното вистинско потекло. Така на пример, социјалните термини *teuta -, во западноевропските дијалекти и arya -, во индоиранските, означувале, според Бенвенист Е. [33] "народ" (или поточно, етнос - прим. З.С). Бидејќи од моментот кога се сочувани овие термини не може да се говори за единство во однос на организирано општество на просторот на индоевропскиот ареал, останува фактот дека појавата на овие термини е сочувана на краевите од индоевропскиот ареал, додека пак не се регистрирани траги од централните подрачја. Значи, термините *teuta -, што значи "моќен, снажен, надуен" и arya -, во значење на човек кој "припаѓа на ист етнос, на кој и јас припаѓам", се појавиле по распаѓањето на индоевропската заедница и се свидетели на сосема нови општествени процеси, за што сведочи и старословенската позајмица на терминот *teuta-, која во старословенските дијалекти (јазици)

---

[32] Дьяконов И.М. О прародине носителей индоевропейских диалектов. I. // ВДИ, 1982, 3, 28; Odri Žan. Indoevropljani. IKZS Sremski Karlovci 1990. Biblioteka Elementi 8, 78-96. Со некои елементи на теоријата на Ж. Одри не можам да се сложам, меѓутоа, во овој дел тоа и не е важно.

[33] Бенвенист Э. Словарь индоевропейских социальных терминов. М., 1995, 237, 238.

добила сосема друго значење **tuždi-**, "туѓи, страни, иностранi", бидејќи за Словените, Германите, од кои го позајмиле терминот, биле "туѓи", а не "свои", па затоа истиот добил такво, за нив сосема исправно значење. Еволуцијата на овој термин во западноиндоевропските дијалекти оди понатаму низ времето па дури е и синоним за етноним на еден етнос; меѓутоа, основната семантика останува на релациите"луѓе, припадници на сроден род, племе или етнос".[34]

И другото значење што произлегува од терминот ***teuta-**, "потполност, целостност" го одбележувало целосниот развиток на социјалната единица, за кое наполно одговара ст.- слов. израз **pleme** чиј корен произлегува од ***ple-**, "да бидеш потполн", додека понатамошната еволуција во ст. грч. **plethos** означувала "толпа", а во лат. **plebs**.[35]

---

[34] Исто, 237, 238; Шервуд Е.А. От англосаксов к англичанам. М., 1988, 74/5 авторот наведува низа примери од кои произлегува дека *teuta-, во периодот VI-IX в. во бившиот ингевонски сојуз, како teutho-, добива значење "народ", што е еднакво на старогрчкиот *ἔθνος*, или "луѓе" (В. Бенвенист Э. Н.д., 242). И стариот назив за крал "teoden" во англосаксонскиот, tiodann, во старо северниот и tiodans во готскиот, води потекло од истата основа, бидејќи кралевите секогаш, во свеста на луѓето од тоа време, се сметале за претставници на племето или сојузот кои пак во истите дијалекти биле наречени: tiuda, во готскиот, tjoth во старосеверниот, teod во англосаксонскиот, thiad, во старофризискиот, diot (a), во горногерманскиот, teutho во германскиот, а одговараат на терминот "племе" кој во овој случај означува етничка припадност.

[35] Бенвенист Э. Н.д., 239; Odri Ž. N. d., 102 - 105.

Меѓутоа, не смее да се заборави дека Карпатско - Дунавско - Балканската зона (според археолошките податоци) била подложна на инвазии во бронзеното време, како и порано. Старото, неиндиоевропско население на Европа сигурно дека оставило доста траги не само во материјалната култура, туку и во јазикот, бидејќи мора да се смета на тоа дека тоа живеело заедно со Индоевропејците, па затоа не треба да се очекува чистота во лексичкиот фонд на Балканот само заради тоа што истиот некогаш бил прататковина на Индоевропејците.[36] Како пример за тоа може да послужи терминот βασιλευs кој лингвистите го сметаат за неиндоевропски, а е во функција на титула што му принадлежи на поглаварот на племето.[37]

Раселувањето на Палеобалканците и Протохелените на Балканот и територијата која што подоцна влегува во составот на македонската етно - политичка заедница, И.М. Дјаконов го објаснува со создавањето на "иosточноиндоевропското јазично јадро", (процес на сатемизација кој довел до дијалектно единство) кое има историско - лингвистичко значење. Оваа група, според авторот, ја обединуваат многубројни лексички и граматички (морфолошки) глоси кои влегуваат во состав на грчкиот, фригискиот, староерменскиот и индоиранскиот јазик, додека ништо не се знае за пеласгиската и

---

[36] Исто, 12.

[37] Бенвенист Э. Н.д., 259; Odri Ž. N. d., 66 - 69.

тракиската граматика. Од горе спомнатите јазици на сатемизацијата не и подлежи само грчкиот. Меѓутоа, без оглед што сатемизацијата не ги опфаќа подеднакво сите дијалектни сатем групи таа е посебно застапена во тракискиот и фригискиот, јазици најблиски до несатемскиот грчки. Така јасно е определена источноиндоевропската јазична заедница во која спаѓаат: грчкиот, фригискиот, пеласгискиот (?), тракискиот, ерменскиот и индоиранскиот. Местото на сатемските илирски дијалекти е доста нејасно. Без оглед што не и припаѓале на источноиндоевропската заедница, со неа биле сврзани со многу исоглоси (особено со тракискиот и фригискиот), па можат да се сметаат како дијалекти што преоѓаат кон источната група.[38]

---

[38] Исто, 7, 10; Истиот автор: К методике исследований, 95. Јазичките и етничките процеси кои се одвивале на Балканот, И.М. Дјаконов ги поставува во следните временски рамки: ерменскиот преминал во Источна Анадолија, а потоа на Ерменското Плато во периодот на XII век п.н.р.; фригискиот поминал во Централна Анадолија околу X, али не порано од IX и не подоцна од XII век п.н.е., додека поединнечните тракиски групи поминале во северо - западниот дел на Мала Азија помеѓу X и VIII век п.н.е., меѓутоа, нивната основна маса сепак останала во Европа. Кон ставот на И.М. Дјаконов, кога се во прашање миграциите на Инмдоаријците и Индоиранците му се приближува и Е.А. Грантовский во својот труд: -"Серая керамика", "Расписная керамика" и индоиранцы. // Этнические проблемы истории Центральной Азии в древности (II тысячелетие до н.э.), М., 1981, 246, бел. 1; 254, 255, 256, 259. Тој нагласува дека Индоиранците, раселувајќи се постепено, ги населиле јужните краеви на источна Европа (северниот дел од степите) во периодот од крајот на II и почетокот на I милениум п.н.е. и дека

Благодарение на И.М. Дјаконов се добива појасна претстава за јазичните и етно -политичките процеси на Балканот и во Македонија, меѓутоа, отсуствуваат археолошките податоци кои можат да го дообјаснат заправо преодниот период во Македонија.

Овој период, врз основа на археолошките сознанија, егзистирал од XIII - X век п.н.е., а фазите кои го карактеризирале во последните векови од II и првите векови од I милениум п.н.е. не нудат можност за строги хронолошки, културни и територијални раздвојувања, бидејќи суштествувале паралелно. Обележје на овој период биле немирите и преселбите кои опфаќале голема географска територија и траеле неколку века за кое време историските процеси во Македонија и Егејот довеле до промени на старите бронзенодопски култури во Пелагонија и по Долен Вардар и предизвикале појава на нови во чии

---

одовде продолжиле понатаму према Авганистан и Индија, додека другиот дел од етносот и понатаму останал во овие краеви каде во историско време ги регистрираат и изворите. Културата што се развила во степскиот крај аналогна е со онаа во западните делови на Подунавјето и југот на Балканот и по типот на стопанството и по социјалниот развиток од времето пред II милениум п.н.е. Тоа оди во прилог на тезата дека Индоаријците и понатаму биле во контакт со останатите Индоевропејци во Европа. Очигледен пример за тоа единство е и традицијата на одгледување на коњот и употребата на двоколката, како и митолошките и идеолошките претстави кои се отсликуваат во поедини исоглоси. Према тоа, ако се во Хелада во XVI век п.н.е. регистрирани двоколки, тогаш логичниот преод на деловите од Палеобалканците во Мала Азија паѓа во периодот помеѓу XII и X век п.н.е.

рамки се формирале нови етнички групации - продукт на глобалните социјални, економски и културни промени кои им претходеле. Како резултат на мешањето на културите на старите и новодојдените етноси се појавуваат два начина на погребување - со спалување и скелетно, во свиткана положба во цисти и јами. Ова е време на многу динамични културни врски меѓу северните и јужните региони на Балканот, поготово, интензивно ширење на културите од север, чии мигранти од Долен Дунав со себе го донесле погребувањето со спалување во урни.[39]

Како резултат на взаемните влијанија меѓу културите на староседелците и новодојденото население, по преодниот период настапува консолидација во чии што рамки доаѓа до своевидна "балканизација" на културните вредности, кои како резултат на историските процеси ќе станат носители на севкупните општествено - социјални и економско - политички односи во железното време.[40]

[39] Mikulčić I. Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza. Od Egejske seobe do Avgusta. ADJ - AM Skopje 1966, 6 - 12; Митревски Д. Праисториските заедници во Македонија преку погребните ритуални форми и обичаи. - Докторска дисертација - Универзитет Св. Кирил и Методиј. Филозофски факултет, Скопје 1994. Ментор Проф. Д-р Микулчиќ И., 15-17; 18; 61-69; 71-71. Благодарение на Проф. Д-р Басотова Љ. бев во можност да се послужам со овој извонреден труд, па овде ја користам можноста да и ја изразам својата неизмерна благодарност. Митревски Д. Првите етнички заедници во Македонија според начинот на погребување и погребните обичаи. // Цивилизации на почвата на Македонија. Книга 2. Скопје 1995, 57-61.

[40] Митревски Д. Праисториските заедници, 73.

Од поранешните советски научници кои се занимаваат со палеобалканските јазици во склоп на дохеленскиот супстрат, заслужува внимание и трудот на Ј.В. Откупшчиков.[41] Како и И. М. Дјаконов и Ј.В. Откупшчиков смета дека грчкиот јазик е издвоен во средината каде преовладуваат сатемските палеобалкански јазици. Целта на авторот во наведената книга е да ја востанови јазичната принадлежност на догрчкиот супстрат кој се среќава уште во линеарото Б писмо, не гарантирајќи ја при тоа правилноста на оваа или онаа етимологија, а трудејќи се едноставно да ја усмери етимологијата.[42] Бидејќи во науката е познато дека Хелените не се првите Индоевропејци кои ја населуваат Хелада, тогаш може да се заклучи дека нивните индоевропски претходници дошле во контакт со месното неиндоевропско население и од него позајмиле доста зборови кои со време ги индоевропеизирале и како штафета ги предале на тие што дошле по нив, па според тоа, тие зборови денес можат да се етимологизираат и врз база на индоевропските и на неиндоевропските јазици.[43]

Стремејќи се да покаже дека изолираноста на грчкиот јазик во однос на средината каде што историски е посведочен не била отсекогаш таква, Ј.В. Откупшчиков ја

---

41 Откупщиков Ю.В. Догреческий субстрат. У истоков европейской цивилизации. Л., 1988.

42 Исто, 3-8.

43 Исто, 12.

поставил својата хипотеза според која ја формирал јазичната и етничката принадлежност на догрчкиот супстрат. Според него, - во догрчкиот супстрат влегуваат индоевропските и палеобалканските тнр. "мали јазици" на Балканот и Мала Азија од кои најпознати се: тракискиот, фригискиот, македонскиот и карискиот. Во однос на овај палеобалкански супстрат, грчкиот јазик заземал различни положби - бил и супстрат, и суперстрат и адстрат - во зависност од историските услови за време на долгиот заеднички живот и раселувањата внатре меѓу овие етноси, од една, и грчкиот од друга страна.[44] Според мислењето на авторот, грчкиот бил многу близок на групата сродни палеобалкански јазици каде покрај горе наведените, биле уште и ерменскиот и илирскиот кој се наоѓал нешто позападно од останатите источни палеобалкански јазици.[45]

[44] Исто, 38, 41, 42.

[45] Исто, 39. Слично како и И.М. Дјаконов и Ј.В. Откупшчиков илирскиот (вбројувајќи го таму месапскиот и венетскиот?) го става на запад и го одвојува од оваа група, додека ерменскиот (чиј етнос прв преминал кон Мала Азија, а подоцна ја освојил територијата каде и денес се наоѓа) го сместува источно од останатите. Дьяконов И. М. Место фригийского среди индоевропейских языков (Тезисы). // Древний Восток 2, Ереван 1976, 158-164; Дьяконов И. М., Нерознак В. П. Основные черты фригийской морфологии. // Античная балканистика 2. Предварительные материалы. М., 1975, 9; Дьяконов И. М., Нерознак В. П. Очерк фригийской морфологии. // Baltistica Priedas II. Vilnius 1977, 170, 95; Дьяконов И. М. Типы этнических передвижений в ранней древности (с конца IV по начало I тыс. до н. э. ). // Древний Восток, вып. 4, Ереван 1983, 18.: "Диалекты из каторые

Оваа ситуација му одговара на периодот кога носителите на палеобалканските и протогрчкиот јазик се уште живееле заедно во североисточниот дел на Балканскиот Полуостров. Која била вистинската причина што ги натерала носителитте на овие палеобалканските јазици да се разместат од своите поранешни живеалишта, не е во потполност востановено. Меѓутоа, миграциите оделе во

членилась праиндоевропейская языковая общность, четко делается на западные и восточные. Восточные диалекты, расселившиеся из своего первоначального ареала в Восточной Европе на юг, юго-восток, восток, северо-восток и север, делятся на два эшалона и первоначально, судя по инновационным изоглосам, располагались и двигались в следующем порядке: I. А) греческий (на юг) XVIII-XII вв. до н.э.); Б) фригийский (на юго-восток) XI (?) в. до н.э.; В) армянский (на юго-восток) XIII в. до н.э.; Г) индо-иранский (на восток) около 2000 г. до н.э.?; Д) тохарский (на северо-восток) дата неизвестна. II. Е) фракийский (только расширение первоначального ареала) XIII-VII вв. до н.э.; Ж) балто-славянский (на север) I тыс. до н.э. - I тыс. н.э. Слично како и И. М. Дјаконов и Ј. В. Откупшчиков и нашиот лингвист, академикот Петар Хр. Илиевски смета дека грчкиот јазик е формиран заправо на Балканот од индоевропски и палеобалкански елементи, со таа разлика што Индоевропејците кон крајот на III или почетокот на II милениум п.н.е. доаѓаат од Мала Азија, додека Бригите/Фриги во XII век п.н.е. се раселуваат прво во Мала Азија, а потоа понатаму на исток, па од нив водат потекло денешните Ерменци. (Петар Хр. Илиевски. Балканолошки лингвистички студии. // Балканолошки лингвистички студии со посебен осврт кон историскиот развој на македонскиот јазик. Скопје 1988, 22. Истиот автор: Кон проблематиката за појавата на балканизмите и уделот на балканскиот јазичен супстрат, 41-42; 48-51; 59-60 (на истото место).

неколку бранови и во различно време, па еден дел на носителите на палеобалканските јазици пошол на југ на Балканот освојувајќи ги со време и островите на Егејското Море, додека другиот дел на истите Палеобалканци тргнал по патот по кој нешто порано отишле носителите на ерменскиот јазик и етнос, на југо - исток, во Мала Азија.

Раселувајќи се постепено тие од месното неиндоевропско население ја примале културата и позајмиле голем дел од лексиката, подлегнувајќи го со време на индоевропеизација и населението и позајмените делови од нивниот јазик.[46]

Еден дел од Протогрците во овие преселби пошол заедно со Палеобалканците, додека другите, главно, после нив. На своите стари територии, малку поместувајќи се, останале носителите на македонскиот јазик и поголем дел на носителите на тракискиот јазик. На новите територии повторно се нашле заедно и носителите на палеобалканските јазици и носителите на протогрчкиот јазик, па во новите услови не би можел да се исклучи ни заедничкиот живот и билингвизмот, што може да се

---

46 Николова С. Л. "Кавказоидные" элементы палеобалканского супстрата. // Античная балканистика. Карпато-балканский регион в диахронии. Предварительные материалы к международному симпозиуму. М., 1984, 29-31; Урушадзе А. В. Остров Лемнос в мифах и традициях, 46 (на истото место); Цивьян Т. В. О мифопоэтическом использовании ботанического словаря на Балканах, 47-48 (на истото место); Петар Хр. Илиевски. Кон проблематиката, 39-61.

забележи во грчкиот јазик.[47]

Во областа на културата, религијата и митологијата Хелените се големи должници на палеобалканските етноси. Оваа духовна пенетрација можела да биде остварена само со мирен живот на едните покрај другите, за што ни сведочат и култовите на Аполон, Дионис и Орфеј.[48] На ова

47 Откупщиков Ю. В. Н.Д., 39 бел. 12; Фол А. Н.д., 26. Реминисценции на тие прастари времиња наоѓаме и кај Тукидид "Povijesti Peloponeskog rata", MH, Zagreb 1957, 15-16 (I, 1-8); Pauzanija. Vodic po Heladi. Logos. Split 1989, 333-334 (VII, 4; II, 29), кај истиот автор наидуваме на податоци дека Тракијците ја населувале Фокида пред Хелените.

48 Страбон. География в 17 кн. Перевод, статья и комментарий Г. А. Стратановского. Под общей редакцией проф. С. Л. Утченко. М., 1964. Кн. VII, фрагменты 1а, 300; кн. VII, 17, 18, 303-304; кн. VII, 35, 308; кн. X, гл. IV, 21, 450; кн. X, гл. III, 10, 11, 445; кн. X, гл. III, 16, 448; кн. X, гл. III, 17, 448; кн. XIII, гл. II, 63, 575; кн. XVI, гл. II, 39, 706; Фрагменты ранних греческих философов. Часть I. М., 1989, 36-65; Фол А. Н.д., 26; Баюн Л. С., Орел В. Э. Лингвистическая и культурно - историческая интерпретация Ситовской надписи. // ВДИ, 1993, 1, 134-135. Дека Дионис и Magna Mater се палеобалкански божества доказ е заправо натписот во с. Ситово кој е дешифриран од авторите, а каде божествата се среќаваат под имињата на богот Ваки и божицата Ипта. Натписот во с. Ситово е во стихови и му припаѓа на еден од фригиските дијалекти. Авторите сметаат дека настанал во периодот помеѓу III и I век п.н.е., а му најдуваат аналогии со старофригискиот натпис на камената плоча во Битинија (VI в. п.н.е. ?) каде исто така се споменуваат овие две божества. Ова е само уште една потврда за полиетничкиот карактер на населението на Балканот и за присуството на фригискиот јазик на Балканот кон крајот на I милениум п.н.е., а исто така и за присуството на старите култови. Ова само уште ја потврдува хипотезата

можат да се додадат и вестите кој ги оставила античката традиција,[49] како за Елевсинските мистерии[50] така и за митовите за Алоадите, Tереј и Евмолп.[51]

---

на Ј. В. Откупшчиков за правецот на миграциите на Фригите (Бригите) и за нивната татковина на Балканот, без оглед што натписот е најден на тракиска територија, а тоа е само уште една нишка која го потврдува билингвизмот, полиетничкиот карактер и заедничкиот живот на Палеобалканците до првите векови на новата ера. Меѓутоа, на Ј. В. Откупшчиков оваа нитка како да му бега од контрола, па повеќе од половината од боговите на хеленскиот пантеон ги прогласува за тракиски, превидувајќи го палеобалканскиот супстрат, што и правилно му замерува А. А. Молчанов во резимето. (Ю. В. Откупщиков. Догреческий субстрат: у истоков европейской цивилизации. Л., Изд-во ЛГУ, 1988, 263 с., 180-186. // ВДИ, 1991, 3, 184; Зоговиќ С. Култот на Magna Mater на балканските простори. // Етнолог 4-5, Скопје 1994, 259-267; Мифы народов мира. Том первый А-К. СЭ. М., 1980, 92-96; 380-382; Мифы народов мира. Том второй. К-Я. СЭ. М., 1982, 262-264; Петрова Е. Палеобалканските популации во II - I милениум пред н.е. на просторот на Македонија и нивните меѓусебни релации // Цивилизации на почвата на Македонија. Книга 2. Скопје 1995, 48 - 51; Кратка енциклопедия. Тракийска древност. София 1993, 18 - 19; 83 - 84; 204 - 205; Петрова Е. Бригите на централниот Балкан во II и I милениум пред н.е. Скопје 1996, 143-148.

[49] Страбон. География, кн. VII, гл. VI, 1, 292; Херодотова историја. МС. Нови Сад 1966, 82 (I, 173).

[50] Elijade M. Istorija verovanja i religijskih ideja. I. Beograd 1991, 250-251; Срејовић Д. - Цермановић - Кузмановић А. Речник грчке и римске митологије. СКЗ. Београд 1979, 111-112; 424.

[51] Срејовић Д.-Цермановић-Кузмановић А. Речник, 21, 150; Grevs R. Grčki mitovi. Beograd 1969, 140; Мифы I, 62.

Во тракискиот етнос Ј. В. Откупшчиков ги вбројува и Минијците наведувајќи ја нивната поврзаност со Орхомена во Тесалија и Бојотија каде порано живееле Тракијците.[52] Точноста на овие податоци ги потврдува и Б. Гавела[53] кој, исто така според изворите, објаснува дека минијската миграција и претходела на хеленската. Ако Хелените на југот на Балканскиот Полуостров дошле во почетокот на II милениум п.н.е., по раните бранови на палеобалканските етноси би требало на овие простори да се појават веќе кон втората половина или крајот на III милениум п.н.е.[54]

[52] Откупщиков Ю. В. Н.д., 45; Херодотова историја (IV, 145) 302-303; Pauzanija. Vodič po Heladi (VII, 2), 330-332; Хомер. Илијада. Препев, предговор, увод и објасненија Михаил Д. Петрушевски. МК. Скопје 1982 (II песна, 504); Gavela B. Predanja i znanja o starom Balkanu. Beograd 1978, 38-53, ги смета Минијците, заедно со Пелазгите за индоевропски старобалканци кои на историската сцена се појавуваат кон крајот на раното хеладско време (1900-1700 г. п.н.е.). Проф. Б. Гавела не го прифаќа мислењето на Чајлд дека тие се воинствени Индоевропејци кои со оган и меч се пробивале кон југот на Балканот и во Јонија, туку го прифаќа, според мене, правилното гледиште дека истите се земјоделци кои со припитомените коњи ги продолжиле од порано започнатите миграции, за што ни сведочи и распространетоста на минијската керамика на средното хеладско време (1800-1300 г. п.н.е.). Проф. Б. Гавела споменува дека во овој период "...на грчкото копно се вршат значајни и, според археолошките извори судејќи, интензивни процеси на економска, културна и јазична асимилација на хеладските популации". (Н.д., 50), а што иде во прилог на хипотезата на Ј. В. Откупшчиков.

[53] Gavela B. N.d., 51-53.

[54] Откупщиков Ю. В. Н.д., 46.

Потпирајќи се врз податоците на Страбон[55] кој ги собрал при непосредните контакти со Фригијците и Тракијците, Ј. В. Откупшчиков правилно заклучува дека тие биле многу сродни на што не упатува и митот за Пелоп, како и името на неговиот син Атреј кое е сродно со името на фригијскиот крал Отреј.[56] Сето ова нашло и реално историско потврдување, бидејќи сиот овој период и во археолошкиот материјал се характризира како преоден.

Во почетокот на III милениум п.н.е. на југот на Балканскиот Полуостров и во Средоземјето никнуваат старите култури од бронзената ера кои се синхрони: културите на раната бронза во Тракија, раната македонска култура во долниот тек на Вардар, раната тесалска култура, раната хеладска култура на Хелада и раната минојска култура на Крит. По степенот на социјалниот и стопанскиот развој тие се еднакви, а сродно им е и потеклото.[57]

---

[55] Страбон. География, кн. VII, гл. III, 2, 270; кн. XI, гл. X, 16, 448; кн. VIII, гл. V, 5, 347; кн. VII, гл. VII, 1, 292-293.

[56] Откупщиков Юж В. Н.д., 47, 123, 172; Срејовић Д. - Цермановић-Кузмановић А. Речник, 329-331; 66-67; Pauzanija. Vodič (VIII, 14), 388-389; (II, 16), 110-111; (II, 18), 113; (IX, 40), 468; Хомер. Илијада (III, 186), 71; МНМ I, 123.

[57] История Европы. Том первый. Древняя Европа. М., 1988, 86 (В. С. Титов). Како и проф. Б. Гавела и В. С. Титов подвлекува дека во тој период исчезнуваат енеолитските култури во Подунавјето и на Балканот и дека се зголемил бројот на коњите, додека разноврсните погребни обичаи зборуваат за влијанија на културата. Од

Кога го спомнав потеклото, мислам дека треба малку подобро да го објаснам терминот. Со овој термин не смее да се очекува дека се изедначува археолошката култура со антрополошкиот тип и конкретниот етнос и јазик. Може да се случи да се поклопуваат јазикот и археолошката култура, но не и антрополошкиот тип, или, - антрополошкиот тип и јазикот да не се поклопуваат со археолошката култура. Сето тоа е можно, на што упатува и етногенезата на поединечните народи кога тие се проучуваат.[58]

---

Средоземјето према Балканот и Подунавјето се шири одгледувањето на пченицата, маслинката и виновата лоза, а за овие две култури обично се користи земјиште кое не е погодно за одгледување на пченица. Оваа благосостојба доведува до поголем прираст на населението на Тракија, па излез за пренаселеноста се бара во раселувањата. Се уште воловите и биковите се единствени животни кои се користат за влеча, а се зголемува и стоката. Со еден збор, променета е општествено - економската карта на Европа, па на тој начин се створени сите услови за појавата на носителите на индоевропските јазици. Митревски Д. Праисториските заедници, 73-81; Паровић-Пешикан М. Неки нови аспекти ширења егејске и грчке културе на Централни Балкан. // Старинар Н.С. , књ. XXXVI, Београд 1985, 44, 45.

[58] Алексеев В. П. Этногенетические предания, лингвистические данные, антропологический материал. // Этническая история и фольклор. М., 1977, 9-32. Не само што овој проблем детално го разработил В. П. Алексеев, туку направил и систем (схема) како е можна корелацијата помеѓу различните историски извори. Колку се В. П. Алексеев и сите кои го застапуваат ова гледиште во право, може да се илустрира со еден лингвистички пример, бидејќи оваа наука кога е во прашање индоевропскиот проблем, отишла најдалеку. Така на пример, ст.-инд. *asi*-

Колку е ова точно можеме да се увериме од ова: историските извори и материјалната култура за историскиот период сведочат едно за некој етнос кога го опишуваат, додека пак неговата свест за себе е сосема поинаква. Така на пример, во сите стари списи од Европа до Индија, Индоевропејците за себе имале одредена антрополошка претстава која се означувала со терминот svintya - светли.[59] Исто така кога ја читаме Илијада и Одисеја приметуваме дека и боговите и хероите се со руса коса и очи, или пак риѓи, што не е случај со Хелените од V-IV век п.н.е., а на ова се надоврзува и фактот што поголемиот дел од Олимпијците не живеат во Хелада. И самиот Олимп е во јужна Македонија на границата со Тесалија, територија која порано им припаѓала на

авест. anhu-, значи (железен) меч, чија основа е *nsis-, со истото значење. Меѓутоа, ако се погледа археолошкиот материјал кој треба да ја потврди оваа состојба во јазикот, тогаш ќе сватиме дека оваа форма не е не само општоиндоевропска, туку не е ни индоевропска, бидејќи железото како материјал од кое се ковало оружјето може да се датира не порано од IX-VIII век п.н.е., а знаеме дека тогаш веќе немало не само индоевропско, туку ни индоиранско единство, па според тоа, во обзир доаѓа само семантичката реконструкција на зборот како "оружје (меч?) од бронза". (История Европы, 100). Према тоа , како што на почетокот беше речено, општоиндоевропскиот период може да се датира во периодот на V-IV или IV-III милениум п.н.е.

[59] Лелеков Л. А. Н.д., 33-34; Ježić M. Rgvedski himni. Zagreb 1987, 255 (RV. VII, 83, 8); Počeci indijske misli. Beograd 1991, 114 (RV. VII, 83, 8); Да услишает меня земля и небо. М., 1984, 43-44 (РВ. VII, 83, 8).

Тракијците.[60]

Понатаму, приметува Ј. В. Откупшчиков, во Плутарховиот Солон (X, 4-11)[61] има податок кој подоцна е и археолошки потврден, а се работи за начинот на погребување. Значи, стремејќи се по секоја цена да ја добие Саламина, Солон како најсилен аргумент го спомнал заправо начинот на погребување. А познато е дека претхеленските етноси до крајот на II милениум п.н.е. се закопувале во свиткана положба, а трагите им се присутни до XII-XI век п.н.е., додека поединечни примери се посведочени во Тесалија, Арголида и Коринт, каде овој начин на погребување траел до VI век п.н.е. Познато е дека во енеолитот биле присутни три вида на погребувања: скелетно (инхумација), со спалување и гробови под тумули, додека во неолитот

---

[60] Откупшчиков Ю. В. Н.д., 60; Višić M. Kult Muza u evropskoj književnoj tradiciji. S. Sarajevo 1989, 54; Pindar. Pith. I 1-2, 59:
Zlaćena liro Apolona, kao i Muza
s uvojcima plavim, dobro...
Ksenofan. Fr. 16, 50-51: Etiopljani ispovedaju da su im bogovi tuponosi i crni, a Tračani o svojima da su plavooki i crvenokosi.
Solon, Fr. 13, 52: Pierijske muze, predivna djeco
Mnemosine i Zeusa olimpskog,
molbu djed uslišajte moju!
Sapfo, Fr. 58: Kad umreš ležećeš i nikad sjećanja na te
Neće postojati, ko ni unaprijed čežnje, jer se ne kitiš ružama iz bajne Pijerije
.....................................

[61] Откупшчиков Ю. В. Н.д., 61; Plutarh. Usporedni životopisi I. AC. Zagreb 1988, 142-143; Фол А. Н.д., 26-278.

сите покојници биле погребувани во свиткана положба. Значи, аргументите на кои се повикувал Солон претставуваат дел од традицијата чии траги се сочувале и во негово време а се евидентни во начинот на погребувањето, кој бил резултат на мешањето на локалните неолитски традиции со новите.[62] Во преодниот период од енеолитот во бронзеното време Балканскиот простор може да се подели на четири зони според следните начини на погребувања: во Бугарија, источно од линијата Искара - Струма сочуван е биритуалниот начин на погребување, во западнобалканските области останало скелетното погребување под тумули, во јужните делови од Полуостровот кои гравитирале и биле непосредно под влијанијата на егејската култура покојниците биле инхумирани во различни гробни конструкции според општествениот ранг на кој му припаѓале, додека етничките заедниците кои живееле на просторите на Централниот Балкан своите покојници ги спалувале, а остатоците ги погребувале во урни. Според тој критериум на наведениве простори во периодот на железното време јасно ќе се издвојат тракиските, илирските, хеленските и палеобалканските етно - политички заедници.[63]

Делови од западнобалканските популации чија

[62] Praistorija Jugoslovnskih zemalja III. Eneolitsko doba. Sarajevo 1979, 443; Mikulčić I. Pelagonija, 6 - 12; Митревски Д. Праисториските заедници, 61-69; Митревски Д. Првите етнички заедници, 57-66.

[63] Митревски Д. Првите етнички заедници, 57-58; Истиот: Праисториските заедници, 61-72.

характеристика било погребувањето под тумули, постепено се распространиле во западниот, југозападниот и јужниот дел на Балканскиот Полуостров и со време учествувале во формирањето на палеобалканските етно - политички заедници.[64] По доаѓањето на Хелените регистрирани се истовремено и свиткани и испружени скелети, што упатува на зедничкиот живот на едните покрај другите, на Хелените и Палеобалканците.[65]

Покрај начинот на погребување кај Микенците и Палеобалканците се забележуваат и следните сличности: ставање оружје во гроб, керамика, колективните

---

[64] Митревски Д. Првите етнички заедници, 58; Истиот: Праисториските заедници, 61-72.

[65] Откупщиков Ю. Б. Н.д., 61; История Европы, 110; Монгайт А. Л. Археология Западной Европы. Бронзовый и железный века. М., 1974, 33; Мачкиħ П., Симоска Д., Трбуховиħ В. Ранохалштатска некропола на локалитету Сарај у Броду. // Старинар. Н.С., књ. XI, 1960. Београд 1961, 208. Уште една отврда за непрестаните миграции од север кон југ и југоисток нашле авторите во материјалот од спомнатата некропола кој може да се поврзе со периодот на преселбата на Дорците во областите околу Вардар, а се датира во периодот околу 1200 г. до VIII век од старата ера. Praistorija Jugoslovenskih zemalja III. Sarajevo 1979. Eneolitsko doba, 444 (Tasić N., Dimitrijević S., Jovanović B.). Покрај овие археолошки потврдувања, постојат низа етнографски податоци кај Херодот и Тукидид. И двата историчари ги спомнуваат кривите мечеви и ножеви, како и другите делови од вооружувањето кај Каријците, а се сочувале до историско време, а најдени се во нивните гробови. (Херодотова историја,( I, 171), 81;( VII, 93), 465; Tukidid. Povijest ( I, 8), 16;Митревски Д. Првите етнички заеници, 57-66; Истиот: Праисториските заедници, 73-81.

погребувања (Крит, Карија, Тесалија) - па логично следи дека овој обичај е пренесен од Балканот во Мала Азија, а не обратно.[66]

Овој облик на погребување во Македонија, Хелада и Тракија може да се следи од неолитот до VIII-VII век п.н.е., па и подоцна кога се појавува и спалувањето.[67] Тоа Херодот го забележал за тракискиот обичај при погребувањето, а одамна истражувачите го идентификувале со погребот на Патрокло во Илијада.[68] Исто така многу се слични и тракиските купести гробници од VI-III со микенските од XVI-XII век п.н.е., како и - со кариските и фригиските монументални гробници. Со оглед на големо растојание во времето на постанокот на микенските и тракиските гробници, како алка во синџирот може да послужи Тесалија која исто така била населена со Палеобалканци, а заправо таму се регистрирани првите толоси.[69] А ако на ова се додаде и територијата на

---

[66] Откупщиков Ю. В. Н.д., 63-64; Монгайт А. Л. Н.д., 33; Praistorija III, 444; Митревски Д. Првите етнички заедници, 64-65; Истиот: Праисториските заедници, 76-81.

[67] Митревски Д. Првите етнички заедници, 64-66; Истиот: Праисториските заедници, 61-69; Откупщиков Ю.В. Н.д., 65.

[68] Откупщиков Ю. В. Н.д., 65; Херодотова историја (V, 8), 327; Хомер. Илијада (XXIII, 125-180), 387-388.

Откупщиков Ю. В. Н.д., 65-66; Дека Тесалија не ја рачунале како хеленска област до грчко - персиските војни, за Хелените од историската епоха, наидуваме на вести кај Херодот (VII, 172), 498. Според текстот се чувствува дека ни Тесалците не се чувствувале Хелени. Нешто понатаму (VII, 176), 499-500, Херодот одново напоменува

Македонија, каде е застапен истиот начин на погребување и градење на гробници, тогаш може да се заклучи дека и етнографските податоци го потврдуваат мислењето што авторот го подвлекува во својата хипотеза дека дохеленското население претставувало севкупност од наведените етноси според потеклото.[70] Дел од овие етноси Хелените асимилирале, другиот дел го истиснале од грчкото копно и островите, а третиот дел останал на периферијата на хеленскиот свет кајшто го затекнуваме во историскиот период.[71] Оваа последна секвенца од нивната историја, званично регистрирана и посведочена кај античките автори, всушност е и причина во традицијата и во нашата свест да остане запечатено мислењето дека овие етноси секогаш заостанувале во културен поглед во однос на Хелените, а тоа не е точно, бидејќи кај Хомер ги најдуваме на исто културно ниво. Во Тројанската војна сојузниците на Пријам потекнуваат од нашиве терени и воопшто не се разликуваат од Ахајците. Не постои разлика меѓу нивниот и хеленскиот пантеон, а истражувачите од

дека Тесалците се барбари. Овие реминисценции кај Херодот се плод на сочуваната традиција кај Хелените; Фол А. Н.д., 26-27; Praistorija III, 444; Монгайт А. Л. Н.д., 33; Паровић-Пешикан М. Неки нови аспекти ширења егјске и грчке културе на централни Балкан. // Старинар Н.С. књ. XXXVI-1985, 26-27; Митревски Д. Праистбриските заедници, 15-3; 77.

[70] Митревски Д. Првите етнички заедници, 57-66; Истиот: Праисториските заедници, 68-81.

[71] Откупщиков Ю. В. Н.д., 66; Митревски Д. Првите етнички заедници, 57-66; Докторатот

поодамна забележале дека македонските лични имиња се идентични со тројанските.[72] Спрема тоа, епицентарот од каде доаѓало до зрачење на таа култура се наоѓал во Тракија, што ни го потврдуваат и топонимите кои во голем број доаѓаат од тракиско - македонскиот ареал во две насоки: спрема западна Мала Азија и кон југ - спрема Хелада и Егејските острови. Насоките на овие миграции можат да се следат и да се споредуваат со трачко - фригиската и тесалско - македонската ономастика со ономастиката во Бојотија, Атика, Евбоја, Пелопонес и Крит.[73]

[72] Откупщиков Ю.В. Н.д., 117, 118, 166-167; Проева Н. Осврт врз проучувањето на историјата на античка Македонија. (Методолошки прашања) // Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија. Книга 1. Скопје 1995, 276, смета дека "станува збор за азиско име со домашен завршеток -andus".

[73] Исто, 117, 118, 166-167. Авторот наведува дека македонските династички имиња Александар, Касандар (Александар - Парис, Касандра), не се сметале за хеленски во Хелада, ни за македонски во Македонија. Исто така и митовите за Деукалион и Идоменеј сврзани се со Тесалија и Крит, па според тоа, ги покажуваат смеровите на миграциите на Палробалканците. Срејовић Д. - Цермановић - Кузмановић А. Речник, 112, 164, 221, 214, 215, 186; Grevs R. Grčki mitovi, 95, 27, 6; 120-121, 38,3; Страбон. География, кн. XIV, гл. В, 23-27, 632-634; кн. XIV, гл. II, 28, 618-620. Може ли да се говори за само "еден епицентар" од каде зрачела културата во тоа врем? Сметам дека ова не може да биде точно, бидејќи влјанијата помеѓу наведените етноси биле взаимни со помали или поголеми доминации во оваа или онаа област на едните или на другите.

Врз база на досегашниве истражувања може да се заклучи дека процесот на индоевропеизација настанал на просторот помеѓу Карпатите и Егејското Море, а подоцнежната хеленизација на тие простори, претставувала најсилна манифестација на тој процес. Наоѓајќи се непосредно на границата со хеленскиот свет, природно е што Македонија и сама била изложена на културните влијанија на својот сосед во историскиот период. Географскиот простор кој со време ќе го освојат античките Македонци потиснувајќи ги своите соседи на исток, запад, север и југ, ги опфаќал следните области: на југ Елимија, во нејзиното соседство, - Пиерија, на југозапад Орестија, во центарот Ематија, на север Линкестида, а на исток Мигдонија. Во македонското соседство се наоѓале: на југ Тесалија, југозапад Епир, запад Илирија, север и северозапад Тракија. (В. карта 3).

Областа на античка Македонија како и регионот на соседите, биле, пред се, политички организирани и интегрирани територии, каде етносите биле подвргнати заправо на овој тип на организација. Хеленизацијата што ги зафатила овие територии и се проширила понатаму до Индија, била резултат на конвергентниот процес на етничката адаптација во рамките на уредувањето кое го заменило полисното. Така наречениот хеленизам бил последица на долготрајниот историски процес кој го опфатил античкиот свет, а импулсите за експанзија ги добил од политичката идеологија на Аргеадите.


ТРАКИЈА
ЕДОНИЈА
МИГДОНИЈА
ХАЛКИДИК
Стримонски зал.
Термопилски зал.
ТРАКИСКО М.
ЕГЕЈСКО М.
КИКЛАДИ
КРИТСКО М.
ЈОНСКО МОРЕ
ДАРДАНИЈА
ИЛИРИЈА
ДАСАРЕТИЈА
ХАОНИЈА
ПАРАВЕЈА
ОРЕСТИЈА
ЛИНКЕСТИДА
МАКЕДОНИЈА
ЕМАТИЈА
ЕЛИМИЈА
ПИЕРИЈА
ТИМФЕЈА
ЕПИР
МОЛОСИЈА
ТЕСПРОТИЈА
ТЕСАЛИЈА
МАГНЕЗИЈА
АФАМАНИЈА
АМБРАКИА
ДОЛОПИЈА
ФТИОТИДА
Термопили
АКАРНАНИЈА
ЕТОЛИЈА
ЛОКРИДА
ЕВБЕЈА
Коринтски зал.
АХАЈА
АТИКА
ЕЛИДА
АРКАДИЈА
МЕСЕНИЈА
ЛАКОНИЈА
Месениски зал.
Лаконски зал.

## II. Етнички и политички прилики во хеленско и римско време

Етно - политичките заедници кои веќе неколку милениуми го населувале Балканскиот Полуостров можат да се поделат во две групи: оние кои благодарение на писмената традиција сами за себе оставиле податоци и оние другите, за кои други пишувале.[74] Заправо таква е ситуацијата и на нашиов терен, во Македонија. Писменоста, која според Ј. В. Откупшчиков ја имале Палеобалканците, во преодниот период исчезнала за секогаш. По консолидацијата на општеството кон крајот на IX и почетокот на VIII век п.н.е. се појавила писменост на хеленско тло. Од тогаш етносите кои го населувале грчкото копно и островите, а кои го понесле заедничкото име Хелени, почнале во своите книжевни творби да го опишуваат животот и битот, културата, религиските обреди и сваќањето за светот на своите соседи и на сите оние со кои доаѓале во контакт. Меѓутоа, тука демне голема опасност, бидејќи времето кога книжевното дело настанало и дејствијата кои таму се опишуваат, обично не се синхрони, па затоа доаѓало до

[74] Фол А. Методологические проблемы изучения праистории Балкан. // ВДИ, 1992, 1, 28.

превземање на етноними во пишаните извори и нивно автоматско пренесување во праисторијата или сегашноста.[75] Тоа може да се избегне само ако историските извори ги набљудуваме како врска помеѓу културата која единствена го чува системот на комуникацијата и пренесува се што е настанато. Тоа е и причина што во бесписмениот период доаѓало до преод од еден на друг јазик (дијалект) прифаќање на културата и зближување на етносите чија манифестација на сите овие појави доведува до квалитативни промени и појава на нови етноси кај кои и понатаму живеат веќе заборавените идеји и навики.[76] Ваков начин на зближување во зоните на контакти, според А. Фол, се појавува во периодот од VIII-VII век п.н.е. во меѓуречието на Вардар и Струма и Тимок и Морава, каде античките автори ги регистрираат етносите слични по култура и социјално - политичи организации.[77] Меѓутоа, нешто порано, во периодот на доцната бронза (време за кое во изворите среќаваме само реминисценции или

[75] Исто, 28. Авторот правилно приметува дека вака поставениот проблем ги оживува политичките амбиции денес. Тоа може да се избегне само ако етносот и етнонимот се разгледуваат во време на настанувањето и исчезнувањето, а никако вон тоа.

[76] Фол А. Н.д., 29. Оваа состојба во јазикот и културата ја приметиле и И. М. Дјаконов и Ј. В. Откупшчиков кои ја подвлекуваат состојбата на билингвизмот на просторите на Балканот и во Мала Азија до IV-III век п.н.е.; Гумилев Л. Н. география этноса в исторический период. Л., 1990, 245-246.

[77] Фол А. Н.д., 20-30.

податоци кои со помош на другите научни дисциплини треба хронолошки да се средат), доаѓа до раселувања на етносите од Балканот кон источниот Медитеран. Протагонисти на раселувањата во овој период биле Прото-Бригите/Фригијците, Мизите, Дарданците и Тракијците кои на Балканскиот Полуостров живееле од времето на раната бронза, а во меѓувреме нивните заедници веќе доволно се консолидирале за да, по стабилизацијата од неколку векови, повторно се упатат во потрага по нови места за живеење. На новите станишта, на просторот на Мала Азија овие етноси формирале нови етно - политички заедници, меѓутоа, за сето време на нивното постоење не ги прекинале врските со деловите од етносите кои останале на Балканот бидејќи ги сврзувале општите обичаи, заедничката култута и истиот јазик. Блискоста особено била изразена помеѓу Дарданците, Мизите и Бригите/Фриги во Мала Азија, а оттаму произлегувала и онаа блискост на Балканот, особено помеѓу Бригите од една страна, и Мигдонците, Едонците и Пајонците од друга страна.[78]

Да почмене со ред. Територијата на античка Македонија, по традиција, била населена и пред доаѓањето на Македонците. Во изворите се среќаваат следните етноси: Пелазги, Пелагонци, Пајонци, Пиерии, Ботиеи, Еорди,

78 Петрова Е. Палеобалканските популации во II-I милениум пред н.е. на просторот на Македонија и нивните меѓусебни релации // Цивилизации, 48-49; Истиот: Бригите на централниот Балкан во II и I милениум пред н.е. Скопје 1996, 143-164.

Алмопи, Бриги, Едонци, Епирци, Илири и Тракијци.[79] Некои од овие етноси го продолжиле својот живот заедно или напоредно со Македонците, други со време се адаптирале и адоптирале, додека пак третиот дел се раселил проаѓајќи низ овие територии, и, на некој начин оставајќи траги за себе. Таков е на пример случајот со Енхелејците кои кон крајот на III век од ст. е. ги наоѓаме околу Охридското Езеро на границата со Илирите. Зошто овде ги спомнувам Енхелејците? Бидејќи од нивниот пример може да се види како се одвивале миграциите внатре во балканскиот простор. Патиштата по коишто се движеле етносите и материјалната култура обично воделе по копно, преку тракиското крајбрежје и Халкидик спрема Пелагонија и понатаму по Кадмејскиот пат (подоцнежната Via Egnatia) и така ги поврзувале Троада и Егејот со Јадранското Море. Цел на овие миграции, како правилно заклучуваат П. Лисичар и Р. Катичиќ, биле потребите за рудни богатства на Балканот, "а особено наоѓалиштата на сребрено - оловната руда во околината на Охридското Езеро, каде во подоцнежно време се сместени рудниците на Дамастион".[80]

[79] Папазоглу Ф. Етничка структура античке Македоније у светлости новијих ономастичких истраживања. // Balcanica VIII, Beograd 1977, 65; Петрова Е. Палеобалканските популации во II-I милениум пред н.е. на просторите на Македонија и нивните меѓусебни релации // Цивилизации на почвата на Македонија. Книга 2. Скопје 1995, 47-54; Митревски Д. Првите етнички заедници, 57-66.

[80] Katičić R. Enhelejci. // Godišnjak, knj. XII, CBI knj. 13, Sarajevo 1977, 47-49, 79, 80. За овој проблем порано пишувал и проф. П. Лисичар во статијата:Legenda o

Според најновите сознанија, кои се темелат на работата на ковницата во Дамастион (V-IV п.н.е.) и емисиите на монети, денес со поголема сигурност може да се претпостави дека рудникот бил сместен "на просторот на Метохија или Косово",[81] а престанокот на работата на ковницата околу 320 г. п.н.е., по дарданските освојувања, е уште една потврда за правилноста на

---

Kadmu.// ŽA. III, 1-2, Skopje 1953, 251, каде стои: "Кадмо како Kadmilos - Kasmilos беше еден од четирите Кабири кои беа заштитници на рударството. Кабирите ги обожаваа Пелазгите, предгрчки и предилирски разнородни жители на овие краеви, добри рудари. Пангеион, македонскиот елдорадо, за кој така добро пишувале античките писатели, се најдувал, како што е познато, во Источна Македонија. Според нумизматичките потврдувања, знаеме дека со источно македонско-пеонските краишта бил во врска и Дамастион, познат рудник на сребро и рударски град во Западна Македонија, или со Западна Македонија, во близина на територијата на Bylion, Таулантите, Партините, и Бригите, а под власт на Диест и (во близина ?) Енхелеј". Значи и овде Кадмо како Кабир го среќаваме кај Енхелејците и во Теба, од каде води потекло овај етнос и околу Охридското Езеро, каде истиот етнос подоцна мигрирал. Дека металот на овие територии се обработувал доказ се камените калапи за лиење на секири најдени во Кравари (Битола) и Малинци. (М. Паровић - Пешикан. Неки нови аспекти шерења егејске и грчке културе на Централни Балкан. // Старинар Н.С., књ.XXXVI, 1985, Београд, 44.) Авторот смета дека рудниците во внатрешноста на Балканот можеле да бидат експлоатирани на тој начин што некои мајстори - рудари, лијачи (ливци), ковачи, се упатувале со цел да бараат нови извори на руда, на што не упатува и митот за Кадмо.

[81] Петрова Е. Бригите на централниот Балкан во II и I милениум пред н.е.. Скопје 1996, 160 со сета таму наведена литература.

неговата локација.[82] По овој пат не оделе само потомците на Кадмо, туку и Неоптолем, Ајнеј со Лелезите - Еорди, Хелен по паѓањето на Троја,[83] како и група на Критјани од Јужна Италија во Македонија, која се населила во областа Ботиаја.[84] Кога Кадмејците се протерани од Агривците,[85] еден дел со Лаодамант отишол кај Енхелејците, додека другиот дел се населил во Тесалија протерувајќи ги оттаму Дорците од пл. Хомолос на падините на Оса.[86] Врз

---

[82] Исто, 160-161, бел. 153, 154.

[83] Страбон. География, кн. VII, гл. VI, fr. 11a, 302; Katičić R. Enhelejci, 79; Ibid. Antenor na Jadranu // Godišnjak, knj. XXVI, CBI, knj. 24, Sarajevo 1988, 7, 8 со Антенор на Запад заминуваат и Енетите (Венети) што е само уште една потврда за миграциите за кои станува збор; 12 и на крајот од II в. од н.е. се уште не се заборавени хероите кои на италското копно основаат колонии; 21-22; Витчак К.Т. О первоначальных венетах // Этимология 1986-1987. М., 1989, 107-113 заб. 3, 10, 18; Mikulčić I. Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza (od egejske seobe do Avgusta), ADJ-Beograd, Arheološki muzej-Skopje, 1966, 11; Папазоглу Ф. Охридско во праисторијата и во античкиот период.// Охрид и охридско низ историјата. Книга прва. Скопје 1985, 70-74; Петрова Е. Бригите на централниот Балкан во II и I милениум пред н. е. Скопје 1996, 142-148, 157 бел. 130, 131, 132; Цымбурский В.Л. Анхиз-змей. К регенерации раннефракийского мотива в "Энеиде" Вергилия // ВДИ, 4, 1996, 30, 32 бел. 12.

[84] Паровиќ-Пешикан М. Н.д., 45; Mikulčić I. Pelagonija, 11.

[85] Херодотова историја. МС. Нови Сад 1959, 294 (V, 61); Pausanija. Vodič po Heladi. Logos. Split 1989, 445 (IX, 5, 3), 449 (IX, 8, 6-7).

[86] Херодотова историја, 293 (V, 59). Овде Херодот ги споменува кадмејските букви во храмот на Изменскиот

база на историските извори и остатоците од материјалната

---

Аполон во Теба, а буквите "...биле многу слични на јонските". Самиот овој податок кај Херодот јасно говори дека Кадмо не можел да биде семитски Феничанец како што порано се сметаше. Така на пример името *Καδμοσ* го носи: планина и река на границите меѓу Карија, Лидија и Фригија; една стена на брегот на Јадран; притоката на Тијамидос. Ако на ова му се ддодаде дека Критјаните уште во историско време го употребувале зборот *Καδμοι* со три значења: *δορυ*, *λοφοσ*, *ασαισ* како ознака за висина, тогаш е јасно зошто планините и горите добиле име по исклучиво хеленска етимологија.

Исто така и етнонимот Феничани *Φοινκεσ* (*Φοινοι*) има основа во хеленскиот јазик, а именката феникс значи: тврдина, планина, додека *Φοινκη* место во Епир како што етнонимот *Φοινατοι* го носело едно епирско племе кое се наоѓало недалеку од Кадмос притоката на Калама. Од ова може да се заклучи следното: миграциите можеле да одат и од Епир во Беотија, ако се има во предвид првиот бранна Индоевропејци или Палеобалканци, а подоцна од Бојотија повторно во стариот крај каде се среќаваат во историските извори, додека на старата територија се уште останал дел од етносот. Имињата на епирските *Φοιν-ικ-σ* и на бојотските *Φοιν-αι-οι* се разликуваат во должината само по суфиксите. Меѓутоа, дека Феничаните на Кадмо не можат да се сметаат за Хелени, барем не првите, туку Индоевропејци или Палеобалканци, причина е и култот *καδμιλοι* церемонија од Самотракија идентична со итифаличкиот Хермес, а вршена пред населувањето на овој остров од Хелените. (Благодарение на љубезноста од д-р Трбуховиќ В. овие податоци ги користев од дипломската работа на Пападимитриу Георгиос "Језичке и етничке групације хеленске праисторије", ментор д-р Љ. Црепајац, Београд 1987, 44-47). Дека етнонимот Фојник не може да биде од семитско потекло говори и тоа што тоа е име на синот на Агенор, а братот на Кадмо и Еуропа, потоа синот на Аминтор, тој што го одгледал и потоа следел Ахилеј, па притоката на Асоп во тесалската Фтиотида, па град на јужниот брег на Крит. (Senc Stjepan. Grčko-hrvatski rječnik. Zagreb 1910, 987; Освалт С. Грчка и римска митологија. Београд 1980, 351).

култура, М. Паровиќ - Пешикан овие настани ги датирала: - истерувањето на Лаодамант околу втората половина на XIII век п.н.е., додека првите контакти на Кадмејскиот пат кои ја чинат содржината на митот за Кадмо, во XV век п.н.е. или порано, бидејќи во ова време заправо се појавува импорт на микенско оружје и керамика во Тесалија, Повардарјето, областа околу Термејскиот залив, долината на р. Халиакмон, Епир и Ј. Албанија.[87] Ако Тројанската војна и раселувањето на Дорците се земат како историска прекретница, тогаш периодот што следи е следен со миграции од Исток на Запад, од Мала Азија кон Јадран и италското крајбрежје и во обратна насока. Изворите споменуваат дека тогаш дел од Абантите тргнал

---

Моисеева Т.А. К интерпретации историко - географических представлений о Фригии в Гомеровском эпосе. // ВДИ, 3, 1985, 69 заб. 25 наведува дека фригиско - еолиските контакти можат да ја осветлат блискоста помеѓу фригиската и старогрчката азбука; Моисеева Т.А. К вопросу о характере фригийского государства в VIII - начале VII в. до н.э. // ВДИ, 3, 1986, 27 заб. 111.

[87] Паровић-Пешикан М. Н.д., 46 бел. 141; Петрова Е. Палеобалканските популации, 48-49; Ibid. Бриги, 139-164 на примерот на Бригите и останатите Палеобалканци може да се следи патот на раселувањата во опсег од раното до доцното бронзено и раното железно време. Митревски Д. Праисториските заедници во Македонија преку погребните ритуали, форми и обичаи (докторска дисертација) Филозофски факултет Скопје. Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје 1994, ментор: проф. д-р Иван Микулчиќ, 293-297.

на Запад задржувајќи се при тоа и во Македонија. На овој начин формираните хеленски населби во внатрешноста на Балканот придонесле за развојот на материјалната култура на домашното население, чија локална продукција на "микенската" керамика во населбите на Повардарието (Кастанас, Вардаровци) и на Халкидик (Олинт) преоѓа во традиција која се сочувала до VI век п.н.е. [88] Присуството на традицијата се чувствува и во свеста на владетелските сталежи и кај енхелејските владетели кои се сметале за "потомци на Кадмо", и кај македонските владетели од Аргеадската династија кои своето потекло го врзувале за Хераклидите. Реминисценцијата на оваа појава е под дејство на развојот на култот на хероите кој се развил во средината на II милениум п.н.е., а кој во почетокот на I милениум п.н.е. еволуирал како култ на мртвите херои за кој претходната епоха не знаела. На гробовите на хероите се принесувале исти жртви како и на

[88] Паровиќ-Пешикан М. Н.д., 46; Хомер. Илијада. Препев, предговор, увод и објаснениjа Михаил Д. Петрушевски. МК. Скопје 1982, 56 (II, 536-545); Страбон. География. кн.X, гл. III, 421; Во Илијада (II, 536-545) Абантите се среќаваат како Хеленско племе населено на Еубеја, додека Аристотел и Аријан ги сметаат за тракиски доморoдци во Фокида, што пак не е грешка ако се има во предвид дека таму се помешале кон крајот на микенскиот период. (Пападимитриу Г. Н.д., 52-53); Откупщиков Ю. В. Н. д., 167, 50; Петрова Е. Палеобалканските популавии во II-I милениум пред н.е. на просторот на Македонија и нивните меѓусебни релации // Цивилизации на почвата на Македонија. Книга 2. Скопје 1995, 49-54; Ibid. Бригите, 135-168; Митревски Д. Првите етнички заедници, 57-66; Митревски Д. Праисториските заедници, 15-63.

олтарите на боговите. Хероите се славеле како божествени претци - покровители на семејството, родот, братството, племето и градот.[89]

Покрај Абантите, по Кадмејскиот пат поминувале и се населувале во Македонија и Бригите чии траги можат да се следат од Епидамнос до Термејскиот залив, меѓутоа, овие се сместуваат заправо "над Енхелејците"[90] и рудникот Дамастион.

Бидејќи веќе е наведена поточната, според најновите сознанија, локација на Дамастион, овде би ги навела најновите истражувања во врска со Бригите, - изнесени во трудот на Е. Петрова.[91]

---

[89] Мифы народов мира. Том первый А-К. СЭ, М., 1980, 296.

[90] Katičić R. Enhelejci, 45-46; Страбон. География. Кн. VII, гл. VII, 8, 297; кн. VII, гл. III, 1, 270; Apijan. Rimski gradjanski ratovi. Beograd 1967, 109 (II, 39); Паровић-Пешикан М. Н. д., 46, бел. 141, напоменува дека J. Boardman заклучил дека сликаната керамика од Македонија (Бубушти, Живојно) многу блиска со фригиската керамика од Мала Азија.

Со ова се потврдува дека миграциите и колонизационите движења оделе во двете насоки, па според тоа и Кадмејците во XIII и Абантите во IX-VIII век п.н.е. се колонисти кои го населуваат крајбрежниот појас на Средоземјето и ја шират палеобалканската и хеленската култура.

На овие простори и Бригите и Енхелејците ги најдуваме во средината на I милениум п.н.е. кога поголемиот дел од Бригите на наведениве простори живеат веќе во енклави, а Енхелејците, под силен притисок на Илирите, веќе се во многу илиризирани. Петрова Е. Палеобалканските популации, 48; Ibid. Бригите, 122-123, 157-158, 161-162.

[91] Петрова Е. Бригите, 135-174.

Нивните траги по Македонија забележени се околу горниот тек на Еригон (населбите Κυδριαι **Kydriai**), Струма (населбата **Brigizes** околу езерото Болбе), Ематија,[92] на исток од Охридското Езеро (населбите **Brucida (Brygisda)**, како и "во близина на таканаречените градини на Мидас, синот на Гордиј...",[93] над планината Бермион.

Со оглед што преданието не споменува дека Темениците наишле на отпор кај Бригите во овој дел од Македонија од каде продолжиле со понатамошни освојувања, Ф. Папазоглу правилно заклучува, дека еден дел од етносот на Бригите веќе поминал во Мала Азија и се населил во

[92] Херодотова историја (VI, 45, 331; VII, 185, 426); Страбон. География, кн. VII, гл. VII, fr. 38, 309; Венедиков Ив. Земите по средния Вардаръ. Приносъ към античната география на Македония. Скопие 1943, 25; Проф. Д-ръ. Кацаровъ И. Гаврил. Пеония. Приносъ към старата етнография и история на Македония. София 1921, 14; истиот автор: Царъ Филипъ II Македонски. История на Македония до 336 год. пр. Христа. София 1922, 5-6; Папазоглу Ф. Етничка структура, 65-66; Петрова Е. Бригите, 122 заб. 10, 11, 12, 13; 157 заб. 134, 135; 150 заб. 87; 185-186 заб. 68; Папазоглу Ф. Македонски градови у римско доба. 195-196.

[93] Херодотова историја (VIII, 138, 487); Страбон. География. Кн VII, гл. VII, 8, 9, 297-298; кн. VII, гл. VII, fr. 25, 306; Папазоглу Ф. Етничка структура, 66, бел. 5 правилно подвлекува дека "во областа на Дирахиј се споменуваат Бригите доста рано, пред илирските Тауланти да загосподарат со таа област". Петрова Е. Бригите, 66; 89; 122 бел. 10; 126-127; 140 заб. 34; 141; 142 заб. 40; 147; 155; 173-174.

областа која според нив и добила име Фригија.[94] Оваа миграција на Бригите оставила јасни траги и во археолошките слоеви на Троја VII b 2 чиј материјал е идентичен со оној од бронзеното време на тумбите во Пелагонија.[95]

---

[94] Папазоглу Ф. Етничка структура, 66; Ibid. Охридско, 70-71; Петрова Е. Палеобалканските популации, 48; Ibid. Бригите, 125-126; 137-139; 143-148.

[95] Mikulčić I. Pelagonija, 7-8; 11-12 zab. 50; Петрова Е. Бригите, 106-107; Трагите кои миграциите од Балканот спрема Мала Азија и обратно ги оставиле и кои ги пренесле во новата татковина биле многустрани, па денес детално и полека се откриваат нивните сегменти кои помагаат поцелосно да се сфатат и разберат овие етноси и нивниот поглед на свет во одредено време. Според тоа и Бригите во Мала Азија во допир со новите соседи, старото население и новите историско-географски услови се менувале постепено. Пример за тоа бил и односот кон власта на ванаксот - кралот која со тек на време била збогатена со нови малоазиски елементи, а по доаѓањето на Александар III во Фригија искористена во пропагандни сврхи и поврзана со старата традиција за Бригите, Гордиј и Мидас во Македонија. (Моисеева Т.А. Царская власть у фригийцев. (К интерпретации легенды о Гордиевом узле) // ВДИ, 1, 1982, 121 заб. 13, 15, 17, 1, 19, 20, 21; 122-129 заб. 82; Моисеева Т.А. К интерпретации историко-географических представлений о Фригии в Гомеровском эпосе. // ВДИ, 3, 1985, 67-68 заб. 12). Традицијата ја поврзувала Фригија и со Еолија, а преку неа посредно и со микенскиот период, стр. 69 заб. 27, меѓутоа, за Хомер, што е и нормално, бидејќи од нивните преселби поминале неколку века, Фригијците веќе претставувале етнос кој до VIII век п.н.е. бил формиран на малоазиско тло, што значи, станувало збор за нов малоазиски, а не европски етнос, без оглед на потеклото, стр. 71-72 заб. 45; 76-77. Моисеева Т.А. К вопросу о характере фригийского государства в VIII - начале VII в. до н.э. // ВДИ, 3, 1986, 12 заб. 13; 13 заб. 14, 15, 16,

Бригите, како и ним сродните етноси на Балканот, имале доста долга историја чиј развиток воопшто не одел праволинијски, а за тоа време, под влијание на историските процеси, етносот се видоизменил. Тоа е точно, зашто од моментот кога иститe се забележани во изворите и од соседите, во текот на II и I милениум п.н.е. тие, менувајќи го просторот на своето живеење, доаѓале во контакт со соседите, и врз база на взаимните врски и претпоставената акултурација, која била неминовна, се менувале и самите. Постепено тие се раселуваат од просторите на индоевропскиот ареал, а историските извори ја оцртуваат севкупната територија на нивната распространетост на Балканот до преселувањето на дел од нив во Мала Азија. Просторот кој бил населен со Бриги во моментот кога тие, на некој начин, претставувале издиференцирана етно - политичка заедница во однос на соседите, ја опфаќал централна, јужна и југоисточна Албанија, потоа северозападна Грција, Епир, Охридскиот регион и Пелагонија во периодот пред VIII в. п.н.е., бидејќи во овој период на овие простори започнува хеленската колонизација, особено атинската, експанзијата на Илирите и Македонците, како и

17; 14 заб. 20, заклучува дека Фригијците, основоположниците на монархијата од VIII век п.н.е. не се мигрантите од Балканот, ниту пак староседелци, туку продукт на закономерните историски процеси во периодот до VIII в. п.н.е. од етносите дојдени од Балканот и месните малоазиски со кои се создава сосема нов етнос којшто и ќе ја формира монархијата која во историјата ќе остане забележана како Фригија.

доминацијата на Тракијците во пределите источно од Вардар, па на тој начин се стеснува територијата на која тие по VIII в. п.н.е. живееле. Понатаму изворите ќе ги регистрираат нивните поголеми енклави иако стеснети, во Корчанскиот басен, Пелагонија, Мигдонија и Едонија.[96]

Развитокот на бригискиот етнос, когошто Е. Петрова го следи археолошки, историски и лингвистички, е доказ повеќе за непобитните историски процеси низ чии фази, во дадените историски услови, минале сите етноси. А тоа се - формирање, консолидација, адопција и адаптација во други и со други етноси, создавајќи на тој начин нови етноси. Бригите, а и поголемиот дел од сродните нам познати етноси на Балканот, обично за соседите, (а со тоа и за изворите) станувале интересни во фаза на консолидацијата кога се оцртувала нивната етно - политчка физиономија, одвојувајќи ги на тој начин од соседите и нагласувајќи ја нивната посебност во однос на сите останати. На просториве на Македонија во периодот од VII-IV в. п.н.е. овие процеси многу јасно се издиференцирани.[97]

Дека територијата на Македонија не била хомогена во етнички поглед ни во периодот на VI-IV век п.н.е. говорат и податоците кај Тукидид и Страбон каде се вели

96 Петрова Е. Бригите, 160, 174; Ibid. Палеобалканските популации, 48-49; Митревски Д. Праисториските заедници, 297-302.

97 Битракова-Грозданова В. Материјалните докази и миграциите во Охридско-преспанскиот регион во антиката. // ЖА, 45, 1-2, 1995, 35-36 заб. 17, 18, 19.

дека племињата во Горна Македонија, кои се вбројувале во македонски, се уште имале статус на сојузници и сопствени династи како Линкестите и Елимјаните.

Ширењето на македонските племиња започнало уште во време на претците на кралот Александар I (498-454) и продолжило и за време на неговите потомци. Па на тој начин еден дел од Пиеријците е протеран од Пиерија и населен под Пангеј, а протераните Ботиеи се населиле на Халкидик. Нивните територии им припаднале на Македонците. Ширејќи се понатаму овие на Пајонците им ја одзеле земјата по должината на р. Аксиј која се протегала од внатрешноста до морето, а територијата од Аксиј до Стримон, тнр. Мигдонија, присоединета и е на Македонија по истерувањето на Едонците. Слична судбина доживеале и Еордите, Алмопите, Бизалтите, Крестоните и другите племиња, а на освоената територија пренесено и е името Македонија.[98]

Кај Тукидид наидуваме на уште еден полезен историско - етнолошки податок. Имено, според него може да се заклучи дека за време на нападот на Ситалк врз Македонија во 429 година, двете војски,, и одриската и македонската, се

---

98 Tukidid. Povijest Peloponeskog rata. MH. Zagreb 1957, 141 (II, 99). Овде е може би поправилно да се каже дека е пренесена македонската хегемонија на овие територии, бидејќи и подоцнежните извори ги набројуваат овие етноси, што значи дека сите не се адаптирани и адоптирани. Нивното споменување во изворите престанува во доцната антика за време на Преселбата на народите. Страбон. География. Кн. VII, гл. VII, 8, 297; История Европы 1, М., 1988, 332 (Исаев В. И.).

уште биле племенски,[99] па според тоа ни кај Одризите ни кај Македонците не може да се говори за државни творби, туку само за политички заедници со преддржавни елементи. Во прилог на ова е и сведоштвото на Херодот[100] за нападот на Бригите врз пешадијата на Мардониј во време кога Македонија веќе ја признала персиската власт.[101] Овај податок помага да се заклучи следното: а) дека сите Бриги не пошле во Мала Азија со синот на Гордиј; б) нигде не се смопенува нивното протерување од страна на Темонидите, што се случило со останатите етноси, па според тоа, и в) врските помеѓу Бригите кои останале со оние кои заминале и понатаму постоеле за што сведочат трагите во традицијата и религијата сочувани во натписот од с. Ситово.[102] Дека доаѓало до понатамошни поместувања

[99] Tukidid. N.d., 142; Папазоглу Ф. Охридско, 81–83; 84–88. Од наведените места јасно се гледа племенскиот карактер и на Одриското и на Македонското кралство, бидејќи и едните и другите се најдувале на последниот степен пред распаѓањето на тнр. воена демократија. Од времето на Филип II и Александар III овие заедници веќе биле на пат на создавање на преддржавни хеленистички монархии.

[100] Херодотова историја, 331 (VI, 45); Петрова Е. Бригите, 151.бел. 91.

[101] Херодотова историја, 331 (VI, 45); Петрова Е. Бригите, 151 дава логично објаснување за суштина на тракиските Бриги.

[102] Папазоглу Ф. Етничка структура, 65–66; Баюн Л. С., Орел В. Е. Лингвистическая и культурно-историческая интерпретация Ситовской надписи. // ВДИ, 1993, 1, 126–135. Текстот кој бившите советски лингвисти успеаа да го дешифрираат во Ситово гласи: А) Если создадут

не само на Бригите, туку и на другите племенски заедници

образ Ипты в виде имени Ипты для нее (sc. богини) Б) (то когда) кто (-то) для него (sc. бога) (нечто) Вакхово зделал, иман бога (=Вакха) создадут. На слични текстови и до сега се наидувало во старофригискиот за што ни сведочи и натписот од Битинија (VI в. п.н.э.?) кој авторите го наведуваат заради споредба со оној од Ситово: "Если кто-либо для Справедливой (=Богини-матери, Кибелы) какой нибудь памятник поставит, для Справедливего (=бога) часть долью пусть...". така дознаваме дека фригиското име на божицата е Epta, а на богот Vaki, (чие име веќе авторите го спореди ле со лидискиот теоним Bakiva-, грчкиот Βακχοσ. (Баюн-Орел. ВДИ, 1988, 4, 166). Па ако според изворите се знае дека Вакх - Дионис е сврзан со областа Фригија и култот на Magna Mater, тогаш може да се претпостави дека ситовскиот Вакх нему му е сроден. Што се однесува пак до култот на божицата Μητηρ Ειπτα, Л. А. Гиндин смета дека Фригијците го вратиле во Мала Азија од Балканот, создавајќи на тој начин услови за повторни миграции на терминот (и култот - заб. моја) назад. (Гиндин Л.А. Древнейшая ономастика Восточных Балкан (Фрако - хетто - лувийские и фрако - малоазийские изоглоссы). София, 1981, 80). Види за овој проблем во I глава фуснота 18, а во оваа 40 и 41. Интересно е што структурата на ситовскиот текст е метричка, својство со кое се одликуваат индоевропските духовни текстови кои обично се сложени во осум или девет слогови. Што се однесува до јазикот на ситовскиот натпис, авторите го одредиле како фригиски дијалект од последните векови на I милениум п.н.е. Ова е уште еден доказ за смешаниот етнички состав на населението на Балканот за кој старите автори често пишувале. Натписот исто така, упатува на обожување на култот на Великата Божица и врските што постоеле помеѓу балканските и малоазиските Фригијци. Овој натпис и досегашните истражувања во оваа област, не упатуваат на широк ареал на распространување на фригиските дијалекти, коишто можат да се следат од појавата на писмото кај нив во VIII век п.н.е. до III век од н.е., што претставува уште една потврда за историско - географската и етничката блискост на овој регион. Зоговиќ С. Magna Mater, 259-267; Петрова Е. Палеобалканските популации, 48-49.

зборува и податокот дека Бригите и подоцна ги најдуваме во северна Македонија и над Епидамнос во илирските земји,[103] како соседи на Енхелејците.[104]

Покрај Бригите, племенската заедница на Пајонците по значење била веднаш зад Македноците. На овие простори Пајонците ги спомнува уште Хомер, а Страбон ги сместува на југ од Пиерија, на север до Пелагонија и од Орестија (Еригон) на запад, до Пангејската Гора на исток,[105] спомнувајќи дека Пајонците во старите времиња господареле со поголемиот дел од Македонија.[106]

---

103 Страбон. География. кн.VII, гл. VII, 8, 297. Херодотова историја, 331 (VI, 45); Папазоглу Ф. Етничка структура, 66; Katičić R. Enhelejci, 45. Овде сретнуваме потполно идентична ситуација како со Енхелејците. Бидејќи И.М. Дјаконов преселувањето на Бригите (Фригите) го поставил во XII-X век п.н.е., тоа се совпаѓа со преоѓањето на Гордиевиот син, а оние кои што останале како и Енхелејците се движат во внатрешноста на балканскиот простор па заедно ги најдуваме околу Дамастион; Петрова Е. Бригите, 156-158; 160.

104 Петрова Е. Бригите, 122-123; 157-158; 160-162; 174. Ова е само една од енклавите населена со Бриги; Битракова-Грозданова В. Материјалните докази, 57 заб. 20, 21.

105 Страбон. География, кн.VII, гл. VII, frg.38,39,41, 309; кн.VII, гл.VIII, frg. 4, 300.

106 Страбон. География, кн.VII, гл.VII, frg. 41, 309; Петрова Е. Пајонските племиња и Пајонското кралство во II и I милениум п.н.е.// МАА, 1990-1991, 12, 15; Ibid. Палеобалканските популации, 49-50; Ibid. Историја на Пајонија и нејзините односи со античка Македонија // Македонско наследство. Списание за археологија, историја, историја на уметност и етнологија. Година I, бр. 2, Скопје 1996, 8; Ibid. Бригите, 100; Митревски Д.

За прв пат ова го споменува Хомер; многу подоцна кај Страбон наидуваме на податок дека "современа Македонија порано се викала Ематија", додека Полибиј за истиот простор пишува: "...областа која сега се вика Ематија, во старо време се викала Пајонија",[107] така што овој податок ја јакне претпоставката дека Пајонците на тие простори живееле пред Македонците за што ни сведочи старата традиција.[108] За нивната моќ говори Хомер спомнувајќи ги нивните племенски војски вооружани со криви копја и долги мечеви, предводени од избраните водачи - Пирхаим од Амидон и Астеропај "од широкострујниот Аксиј", кога доаѓаат да го бранат Пријамовиот град.[109] Овој податок ги потврдува врските што од дамнина постоеле помеѓу Балканот и Мала Азија, а кои со раселувањата, мешањата и испреплетувањата на културите придонесле за зближување на сите спомнати

Праисториските заедници, 258-274.

[107] Полибије. Историја II, МС, Нови Сад, 1988, 343 (XXIII, 10, 4, бел. 22); Страбон. География, кн. VII, гл. VII, frg. 11, 301; Хомер. Илијада, 247, (XIV, 225-226).

[108] И не само Пајонците, туку и многу други етноси ја населувале Македонија пред доаѓањето на Македонците, како што веќе беше спомената кога се говореше за Бригите. Митревски Д. Праисториските заедници, 258-274.

[109] Хомер. Илијада., 63 (II, 848-850); 357-358 (XXI, 139-187); Петрова Е. Пајонските племиња и Пајонското кралство во II и I милениум пред н.е. // МАА, 12, 1990-1991, 11-12; Ibid. Палеобалканските популации, 49-50; Ibid. Историјата на Пајонија, 5-7; Ibid. Бригите, 146-146; 149 заб. 81.

етноси на овие простори. Резултатите од овие зближувања се најприсутни во религијата.[110]

Говорејќи за пајонската моќ Страбон наведува дека тие некогаш "господареле со поголемиот дел од Македонија потчинувајќи ја на својата власт цела Крестонија и Мигдонија, а исто така и земјата на Агријаните, се до Пангејската планина";[111] нешто порано Едонците и Бисалтите живееле источно од Аксиј, во останатиот дел на земјата - до Стримон. Од овие племиња само последното се нарекувало Бисалти, додека од Едонците едни се нарекувале Мигдонци, другите Едонци, а третите Ситони;[112] сите овие етноси биле, вели Страбон, покорени од Аргеадите. Ова може да се поврзе и со податокот кај Тукидид: "...а преку Аксиј се до Стримон владеат со тнр. Мигдонија, откако ги истерале Едонците...";[113] врз основа на ова Ф. Папазоглу заклучува дека Пајонците можеби од порано држеле делови на северна Крестонија и Мигдонија, бидејќи земјите помеѓу Аксиј и Стримон со Халкидик, за време на експанзијата на Аргеадите биле населени со

[110] Митревски Д. Праисториските заедници, 275-277; Петрова Е. Бригите, 145-146 заб. 59, 61, 62, 63, 64; Соколоска В. Материјалната и духовната култура на Пајонците // Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија. Книга 1. Скопје 1995, 39-44.

[111] Страбон. География, кн. VII, гл. VII, frg. 41, 309.

[112] Исто, кн. VII, гл. VII, frg. 11, 301-302.

[113] Tukidid. N.d., 140-142 (II, 99).

едонски племиња (Мигдонци и Ситони) и со Бисалти, па Пајонците "...ја потчиниле цела Крестонија, Мигдонија и земјата на Агријаните, се до Пангејската планина" по напуштањето на земјата околу Аксиј од каде што биле протерани од Македонците.[114]

Традицијата Мигдонците (Едонците) ги поврзува со Фригија, а нивниот епоним Мигдон, водач е на Фригијците под Илион.[115]

Во периодот помеѓу XII и VIII век п.н.е. на територијата на античка Македонија, од сите набројани етноси за кои традицијата оставила и најмали податоци, се издвојуваат: "Бригите во западниот дел, Пеонците во централниот и Едонците (Мигдонците) во источниот, егејскиот дел на Македонија".[116] Бригите и Едонците (Мигдонците) традицијата ги поврзува со малоазиска Фригија, без оглед што понекогаш во истите извори и за Бригите се пишува како за "тракиско племе".[117]

---

[114] Папазоглу Ф. Етничка структура, 66-67; Петрова Е. Пајонските племиња, 16; Ibid. Историјата на Пајонија, 7.

[115] Папазглу Ф. Етничка структура, 67; Хомер. Илијада, 71 (III, 184-186); Петрова Е. Бригите, 136; 139; 145-146; 149 заб. 81; 150-152; 155; 184 заб. 57.

[116] Папазоглу Ф. Етничка структура, 67.

[117] Страбон. География, кн. VII, гл. VII, frg. 25, 306; кн. VII, гл. VII, frg. 25a, 306; кн. VII, гл. VII, frg. 38, 309; кн. VII, гл. VII, frg. 40, 309; кн. VII, frg. 11, 301-302. Проф. Папазоглу Ф. врз основа на најновите лингвистички истражувања заклучува дека денес термините "тракиски" и "илирски" можат повеќе да се сметаат за

Всушност пајонскиот јазик не е сочуван, така што врз основа на една глоса и антропонимите на владетелскиот дом не може да се изврши никаква реконструкција која би помогнала за расветлувањето на нивното етничко потекло; според ова Р. Катичиќ заклучува дека: "...не биле Хелени во права смисла на тоа име..." "...меѓутоа, на некој степен на својата култура, имале доста древни и темелни допири со грчкиот свет", па "...не може сосема да се исклучи можноста дека тие како дел од големата преселба на грчките племиња кон југ заостанале во краевите од средниот и долниот ток на Вардар и Струма и дека во тој случај зборувале на некој грчки дијалект, или, на некој индоевропски изчезнат јазик кој бил доста сроден со грчкиот".[118]

Користејќи ги, покрај лингвистичките, и најновите

географски, а не етнички. Katičić R. Ancient languages of the Balkans. The Hague-Paris, 1976, 165-184; Петрова Е. Бригите, 151, веќе беше речено дека тракиските Бриги биле заправо Мигдонци. За односот со Фригија 126 бел. 24, 139-148.

118 Katičić R. Peonci i njihov jezik. // ŽA, XXII -1, Skopje 1977, 29-30. Веќе беше споменато дека и Пајонците се дел од Палеобалканците, па според тоа нивната сродност со Бригите/Фриги и останатите етноси на Балканот е евидентна од што произлегува и сличноста во јазикот, материјалната и духовната култура и обичаите. Митревски Д. Праисториските заедници, 275-277; Соколоска В. Материјалната и духовната култура на Пајонците, 39-44; Петрова Е. Пајонските племиња, 66-72; Ibid. Бригите, 180-181; 185-186, 188.

археолошки истражувања, Е. Петрова смета дека во формирањето на пајонскиот етнос учествувале и Бригите, т.е. Протофригијците, а подоцна како и многу други етноси на Балканот и Пајонците и подлегнале на хеленизацијата.[119]

Врз основа на сочуваните податоци кај античките автори, лингвистичките, археолошките и антрополошките наоди, може да се заклучи дека Пајонците заедно со останатите етноси на античка Македонија им припаѓале на Палеобалканците и дека најверојатно зборувале на некој индоевропски јазик или дијалект кој бил сроден со хеленските дијалекти.[120]

Од материјалните остатоци може да се согледа дека кај пајонските племиња бил негуван култот на Сонцето, а во "пајонските бронзи" посебно место заземала афионовата чашка, како и бронзените фигури во форма на тркало или птица, симболи на сончевиот култ.[121] Продолжувајќи ја оваа традиција, во периодот на синкретизмот на религијата во

[119] Петрова Е. Пајонските племиња, 72-77; Ibid. Историја на Пајонија, 15-24.

[120] Петрова Е. Пајонските племиња, 72-77; Митревски Д. Прилог кон вреднувањето на Долновардарската пајонска група на железното време. // МАА, 1990-1991, 12, 145-146; 150-159; Вељановска Ф. Обид за антрополошко дефинирање на "Пајоните." // МАА, 1990-1991, 12, 251, 253, 262; Нерознак В. П. Палеобалканские языки. М., 1978, 66-67; Откупщиков Ю. В. Догреческий субстрат. Л., 1988, 98.

[121] Соколоска В. Материјалната и духовната култура на Пајонците // Содржински и методолошки, 39.

Пајонија, со особена почит ќе се одликуваат Аполон, Артемида, Кибела.[122] И антрополошките карактеристики на Пајонците му припаѓаат на периодот на нивната етно - политичка консолидација (барем според материјалот што е достапен) на територијата на Македонија во периодот од VII-V век п.н.е. За да се согледа нивната различност од соседите, Илирите, Тракијците и Хелените, споредени се нивните коскени остатоци.[123] Според авторот; кај Илирите е понагласена појака динарска компонента, а кај Тракијците медитеранско - динарска, "но не како единствен хибрид на двата типа туку со различен степен на динаризација",[124] додека пак населението на Хелада "од бронзено време е медитеранско, со силна тенденција на брахикранизација".[125] Наоѓајќи се меѓу овие соседи, ни Пајонците не можеле радикално да се издвојуваат од останатите ним сродни етноси. Пајонците биле динариди со просечна брахикранизација, која се одликувала со "широк мозочен

[122] Исто, 44; Bitrakova-Grozdanova V. Prilog o religiji i ujetnosti u Pajoniji. // ЖА, 41/2, 1992, 67; Соколоска В. Ликовните претстави на Кибела. Прилог кон проучувањето на ориенталните култови во Македонија. // МАА, 9, 1988, 113; Битракова-Грозданова В. Споменици од хеленистичкиот период во Македонија. Скопје 1987, 126.

[123] Вејановска Ф. Антрополошко дефинирање на Пајоните. Културно-историско наследство на Република Македонија XXXIII, Скопје 1994, 10-12; Ibid. Антрополошки карактеристики на Пајонците // Македонско наследство, I/2, 1996, 25-35.

[124] Вељановска Ф. Антрополошко дефинирање, 11.

[125] Вељановска Ф. Антрополошко дефинирање, 12.

дел од черепот".[126] Телесната градба на мажите била силна, а на жените грацилна. Мажите во просек биле средни и високи, а жените се сметале за високи. Анализата покажала голема хомогеност на скелетните остатоци на Пајонците, од што може да се заклучи дека тие сепак не се мешале многу со соседите.[127] Автохтоно - балканските антрополошки типови (динарскиот, и ретко медитеранскиот) укажуваат на повеќевековното присуство на Пајонците на овие простори.[128]

На овој палеобалкански етнички комплекс му припаѓаат и Бригите и Едонците, абидејќи е веќе востановено дека Фригијците се Палеобалканци, и за овие етноси нема двоумење дека и припаѓале на фригиската етничка компонента.[129]

Од моментот кога античките автори ги регистрирале на овие простори античките Македонци, а тие се појавиле во истовреме со Илирите кои биле забележани во северозападниот дел на Македонија, етничката ситуација во Македонија станала посложена. И Македонците и Илирите дошле веќе како формирани етноси, така барем изворите ги претставуваат, или поточно, како сојузи на племиња кои

---

[126] Вељановска Ф. Антрополошки карактеристики, 28.

[127] Вељановска Ф. Антрополошки_ карактеристики, 26-27; Ibid. Антрополошко дефинирање, 91-93.

[128] Вељановска Ф. Антрополошки карактеристики, 30.

[129] Петрова Е. Бригите, 100; 115; 125; 131; 145-146 смета дека сродни племенски организации со фригиската, покрај останатите веќе наброени, се и Пајонците. Ibid. Палеобалканските популации, 49-50.

се разликувале од староседелците од кои еден дел истерале, друг дел делумно покориле, додека некои засекогаш исчезнале или биле адоптирани од страна на новодојдените, (а во изворите тоа останало незабележано или изгубено).

До Филип II (382-336), во зависност од ситуацијата во владетелскиот дом и политичките односи со соседите, Македонија ги губела и повторно ги стекнувала териториите над кои ја воспоставувала својата хегемонија, додека во време на Филип II во нејзиниот состав влегле и Халкидик со тракиското крајбрежје и областите помеѓу Стримон и Неста. Власта на Аргеадите тогаш ја признавале и многубројните хеленски колонии, - од порано преселените Едонци, Пиеријци и другите, како и тракиските племиња - Синти и Одоманти. На крај, под Антигонидите, со припојување на северните пајонски и тракиски области, античка Македонија ги добила своите историски граници.[130]

Во етнички поглед во време на Антигонидите ништо не се променило, па така античка Македонија влегла во состав на Римската република најпрвин поделена на четири мериди, а нешто подоцна како римска провинција. За време на римската власт во Македонија постепено замреле

[130] Страбон. География, кн. VI, гл. VII, 8, 297; Папазоглу Ф. Етничка структура, 69; Керамитчиев А. Новооткриени епиграфски споменици од Кратовско. // ЖА, XXIII, 1, 1973, 147-154; Ibid. Резултати од археолошкото рекогносцирање на струмичката општина во 1976 г. // Историја XX/2, 1984, 408, 410.

старите етнички називи, вклучувајќи го и терминот Macedon кој постепено станал ознака за територијална принадлежност. Овој процес одел спонтано и го следел подеднакво развитокот на општеството кое било подложно на нова трансформација на системот кој, постигнувајќи ја полната зрелост на сите степени на своето постоење, од стопанството до идеологијата, ги покажал, особено тогаш, карактерните црти кои станале очигледни. Не впуштајќи се во разгледување на поедините сегменти кои делувале на севкупноста на системот и со тоа влијаеле на обликувањето на свеста, - битот, менталитетот и сфаќањето на природата и светот, ќе издвојам, два сегмента кои му дале печат на севкуниот живот. Тоа, пред се е хеленската култура, која за време на тнр. Хеленизам доминирала од Гибралтар до Хиндукуш, подеднакво со римското граѓанско право, најтрајното обележје на "романизацијата" на просторите на Медитеранот. Чувствувајќи се за наследници на оваа култура и граѓани на Рим, "хеленизираното" и "романизираното" население на Империјата постепено се изедначувало, а сочуваните етникони претставувале само одбележување на принадлежноста на територијата. Тоа секако не значи дека дотичните етноси физички ги снемало, меѓутоа, самата трансформација на системот на овие простори на Империјата го направиле своето, па затоа се смета дека исчезнале од моментот кога изворите не ги споменуваат повеќе. Тие со трансформацијата се промениле и со тоа

постанале квалитативно нови етноси.[131] Меѓутоа, она што може да се забележи по трансформацијата на робовладетелскиот систем во тнр. хеленистичко - римско општество, - тоа е појавата на старите, веќе заборавени, но не и исчезнати домородни традиции кои останувaат доминантни и во периодот од III век и понатаму го продолжуваат својот опстанок до Големата преселба и раното Христијанство.[132] Ова изронување на старите но во

[131] Папазоглу Ф. О "хеленизацији" и "романизации". // Глас СССХХ. Одељење историјских наука књ. 2, Београд 1980, 21-36.

[132] Папазоглу Ф. Етничка структура, 69. Папазоглу Ф. О ономастичкој формули код Македонаца у римско доба. // ЖА, V-2, 1955, 35-372; 395 заб. 11. Земајќи ги во обѕир истражувањата на своите претходници, проф. Ф. Папазоглу заклучува: "...македонската ономастика, хомогена на територијата на цела Македонија, јасно се разликува од ономастиката на соседните народи вклучувајќи ги и Грците. Меѓутоа, во периодот после Александар Велики и нарочно во римско време...дошло до такво зближување и мешање на грчката и македонската ономастика, како во Македонија така и во целиот грчки свет, да е невозможно по името да се разликува Македонецот од Гркот. Напротив, разликите кои го раздвојуваат македонскиот од тракискиот и илирскиот, со време стануваат се појаки и по јасни". Папазоглу Ф. Дарданска ономастика. // Зборник Фил. фак. књ. VIII. Споменица Михаила Динића I. Београд 1964, 49-73; Проева Н. - Рицл М. Нови грчки натписи из Македоније. // ЖА, 33-1, 1983, 33-46; Проева Н. Прилог кон проучувањето на античките локални каменорезбарски работилници во СР Македонија. // ЖА, 36, 1-2, 1986, 53-61; Проева Н. Три надгробни споменици од преспанскиот крај. // ЖА, 36, 1-2, 1986, 62-69; Проева Н. Антропонимијата во западниот дел од СР Македонија во антиката. // ЖА. Посебни изданија. Бр. 9, 1991, 194-198;

голема мера преобразени етноси, веќе е забележано во примерот на Фригијците на балканските простори во периодот од III-I век п.н.е. Меѓутоа, новите истражувања ги обогатуваат нашите сознанија, па откритието на проф. Ф. Папазоглу за постоењето на Пајонците во II век од н.е. во областа Килкис каде бил почитуван култот на Пајонскиот Дионис, е уште еден доказ дека обичаите и традицијата се најдобри чувари на етничката самосвест.[133]

Од истиот период се и познатите натписи за пајонската варијанта на почитувањето на Аполон од Трескавец во Прилеп, како и релјефите со претстава на Дионис од непосредната околина на Прилеп (с. Чашка, с. Ореовец, Варош) и други слични претстави на божеството и неговите атрибути, сите пронајдени во непосредната околината на Прилеп.

Од женските божества на територијата на Пелагонија и Повардарието регистриран е култот на Артемида Енодија, која била посебно почитувана во Тесалија и Македонија.[134]

---

Проева Н. Туѓи елементи во културата на Горна Македонија во римско време // Цивилизации на почвата на Македонија. Книга 2. Скопје 1995, 82-88 наведува бројни примери кои го потврдуваат понатамошното опстојување на старите популации, нивните верувања, обичаи, култови.

[133] Papazoglu F. O Peoncima u rimsko doba. // Zbornik radova posvećenih akademiku Alojzu Bencu. Posebna izdanja knj. XLV. Odeljenje društvenih nauka knj. 27. Sarajevo 1991, 271-274.

[134] Bitrakova - Grozdanova V. Prilog o religiji i umetnosti u Peoniji. // ŽA, 41-42, 1-2, 1992, 67-75; Ibid. Дионис Таурос од Скопје // Историја XXI/2, 1985, 269-279; Ibid. Египетски култови во Македонија // ЖА,

И овие податоци, без оглед што не можат да ни дадат појасни претстави за пајонскиот начин на верување во овој период, посредно укажуваат на јачината на палеобалканските традиции на овие простори и за нивното зачувување до III век од н.е. Може да се заклучи дека без оглед на "хеленизацијата" и "македонизацијата" на овие области, религискиот синкретизам и јазичниот билингвизам, традицијата успеала да ги сочува култовите и обредите, навистина видоизменети, меѓутоа, со елементи кои укажувале на нивното дамнешно минато.

Врз основа на горепоменатите тези, беше изнесено мислењето дека Бригите и Едонците (Мигдонците) можат да се сметаат за дел од фригискиот етнос, а најновите археолошки и антрополошки истражувања во таа заедница ги сместуваат и Пајонците, па за сите три етноса може да се каже дека заедно чинат дел од Палеобалканците. Што може во тој контекст да се каже за античките Македонци?

М. Будимир, на пример, Македонците ги издвојува во посебна група на старобалкански Индоевропејци заедно со

---

XXVIII, 1978, 271-278. Ibid. Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија. Скопје 1987, 122-124; 137-140; Ibid. Ликовните претстави на Кибела од Варош и нејзиниот култ во Македонија // ЖА. Посебни изданија Бр. 9. Грчко-римска антика во Југославија и на Балканот. Скопје 1991, 162-168. Соколоска В. Античка скулптура во СР Македонија. Музеј на Македонија - Скопје 1987, 75-76; 78-81; 85-86. Сите познати култови и претстави на божествата од периодот на тнр. хеленизам на македонскиот простор кога се посилно се јавува синкретизмот во сферата на религиозната идеологија, продолжуваат да опстојуваат и понатаму до Големата преселба.

Бругите и Дарданците, а на овие им ги додава уште и централнобалканските Венети и Каукони кои во Анадол се соседи на Бругите, Венетите и Пафлагонците, што го подвлекува одржувањето на старите соседски врски со Балканот. Авторот смета дека "...топонимот Μακιστος во кауконската Трифилија ... исто како и Μακεδνος е грчки превод на оригиналот καυκος "висок"",[135] како што е и "името Μακεδων грчки превод на автохтоното Каукос и Венетос "велик, висок..."."[136]

Врз основа на антропонимијата Ф. Папазоглу ја констатира следната ситуација на тлото на античка Македонија; со оглед дека поголемиот дел од антропонимите се од хеленистичко - римското време, со самото тоа и имињата се грчко - македонски и можат да се подредат во три групи:

1. општогрчки имиња од кои само некои се посведочени во Македонија;

2. имиња несомнено со грчка јазична припадност, кои Македонците ги рашириле;

---

[135] Budimir M. De makedonum nominis vi atque origine. // ŽA, XVI, 1966, 179

[136] Isto, 180; Витчак К.Т. О первоначалльнцх венетах // Этимология 1986-1987. М., 1989, 110, бел. 14. За овој етноним авторот наведува дека со него се именуваат племиња различни по јазик и територија, а кои го наследиле или просто примиле од други негови носители, не обавезно основачите, а на кои одговараат и Венетите за кои пишува проф. М. Будимир. И овој пример јасно го одбележува карактерот на промените во преодните периоди низ кои поминале палеобалканските етноси.

3. имиња од грчко потекло типични за Македонија.

Покрај грчко - македонските имиња, во Македонија се посведочени и "имиња од друго јазични потекло", па "може да се очекуваат, покрај македонските, епирски, илирски, бригиски, пеонски, едонски и трачки имиња",[137] кои што го посведочува постоењето на постарото население, а нивните "врски со Мала Азија потврдуваат дека се во прашање припадници на оние племиња за кои ни зборува историската традиција, Пеонци, Бриги и Едонци".[138]

Врските помеѓу Балканот и Мала Азија, кога се во прашање античките Македонци, ги потврдува во својот труд и И. Пудиќ.[139] Наведувајќи ги аргументите и авторите кои ги застапуваат хеленската, илирската и тракиската теза за потеклото на старомакедонскиот јазик, тој самиот се определува за јазикот на североисточните Фригијци кои се иселиле од Македонија, за што зборува и традицијата,[140] но исто така не ја исклучува ни можноста за влијанијата на предхеленските индоевропејци на територијата на Хелада. Во прилог на оваа теза авторот наведува и археолошки аргументи, всушност, - сличноста на тумулите на Балканот со оние во североисточна Фригија. Овие Фригијци во VIII

[137] Папазоглу Ф. Етничка структура, 75-76.

[138] Исто, 80

[139] Pudić I. Staromakedonski jezik, // Godišnjak CBI IV, 2, Sarajevo, 1966, 7, bel. 5; Ibid. Godišnjak CBI VIII, 6, 1970, 181-183.

[140] Херодотова историја, 460 ( VII, 73);

век п.н.е. ја обликувале својата политичка заедница во Анадолија.[141]

[141] Pudić I. Godišnjak CBI, VIII, 6, 161. Авторот наведува дека Фригијците ја запоседнале територијата којашто пред нив била населена од Индоевропејци, познати во асирските извори како Мушки. Асирските извори регистрираат источни Мушки (во периодот XII - IX век п.н.е., најверојатно Протоерменците), северни (или Moshi, најверојатно, западно грузиски племиња) и западни Мушки (Фригијци), кои до IX век п.н.е. на овие простори не се регистрирани но затоа во хетитските хиероглифски натписи се засведочени како "Муски". (Користените податоци се во статијата: Дьяконов И.М., Типы этнических передвижений в ранней древности (с конца IV по начало I тыс. до н.э.)// Древний Восоток, вып.IV, Ереван, 1983, 7, бел. 3. Спрема тоа "Мушки" се всушност и Фригијците како дел од Палеобалканците, додека пак, во лувијските и хетитските хиероглифи наречени се "Муска". Врз основа на изворите, пред се, јазичните И.М. Дјаконов заклучува дека термините "Мушки" (како се запишани кај Асирците, Урартите и Евреите), како и двата облика кај Хетитите, првиот "Муска" и вториот "Муса" се различни. Етничкиот назив на Мизите (грчки Μυσοι), зачуван е на Балканот за следните илјада години. Спрема тоа, од Балканот едни по други мигрирале спрема Мала Азија протоерменците ("источни" Мушки, Муска), Фригијците ("западни" Мушку, Муси) и Мизите. //Дьяконов И.М., Урарту, Фригия, Лидия. История древного мыра, кн. II. Развитие древних обществ. М., 1982, 46-48, заб. 1; Моисеева Т.А. К интерпретации, 74-75 заб. 77, 78; И.М. Дьяконов. Фригийский язык. // Древние языки Малой Азии. М., 1980, 363. Според Моисеева Т.А. К вопросу о характере фригийского государства, 12 заб. 13; 13 заб. 14, 15, 16, 17 Фригијците и нивната монархија не се само резултат на миграциите од надвор, туку се продукт на закономерниот развиток на историјата на Мала Азија и историјата на етносите од Балканот кои ќе ја создадат монархијата, позната во историјата како Фригија, 14 заб. 20. Темелејќи ги своите заклучоци на историските, археолошките и лингвистичките извори Нерознак В.П., Палеобалканские языки, М., 1978, 66-70,

Л. А. Гиндин и В. Л. Цимбурскиј во својата статија за старомакедонскиот јазик[142] наведуваат дека во периодот од крајот на III и почетокот на II милениум п.н.е. дошло не само до дорско - македонско заедништво, туку истото е испробано и во тесните контакти на прамакедонците во епохата која му претходела на движењето на основната хеленска маса кон југ, со носителите на прајонските, прадорските и прааркадско - кипарските дијалекти од кои се оддвоил праајолскиот. Во тој период доаѓа до зближување со хеленските дијалекти, како што покажуваат сите нови трудови во кои се разработува фригијскиот јазик како многу близок на старогрчкиот. Сега се веќе појасно се отсликани контактите на носителите на

---

наведува дека Фригијците се иселиле од Македонија и Тракија и дека во периодот од XIII век п.н.е. до почетокот на Тројанската војна веќе биле во Анадолија. Спрема тоа, претходницата на Палеобалканските племиња во Мала Азија, е и наречена во асирските текстови "Мушки", а во хетитските "Муск"; Откупщиков Ю.В., Н.д., 166-168; Петрова Е. Палеобалканските популации, 48-49, бел. 7, 8, 9, 10, 11, 12, цитирајќи повеќе автори наведува дека под името: "Muški или Mušku ... се крие фригиската, или дел од фригиската и дел од мизиската популација во Мала Азија кои биле јадрото на кралството на Muški или Mušku. Во прилог на таквото мислење оди и името на кралот на Muški Mita, споменувано честопати во асирските извори, кое е етимолошки блиско со името на фригискиот крал Мида"". Во истиот контекст авторот понатаму зборува и за Дарданците, кои се исто така блиски и во истовреме соседи со Фригијците и Мизите и на Балканот и во Мала Азија. Ibid. Бригите, 135-146.

[142] Гиндин Л.А., Цымбурский В.Л., Отражения индоевропейских лабиовельарных в древнемакедонском // ВЯ, 1991, 2, 51.

прахеленските, прамакедонските и прафригијските дијалекти, во перодот кога овие племиња се одвоиле од областа каде биле нивните контакти со праиндоиранците.[143] По одделувањето на македонскиот од хеленските дијалекти на северниот Балкан доаѓа до македонско - фригиски контакт, па од горе наведеното може да се заклучи дека индоевропските дијалекти кои послужиле како основа на старомакедонскиот, фригијскиот и старогрчкиот припаѓале на иста јазична група.[144]

---

[143] Тоа е контактната зона во Потисје. Види во I глава, фуснота 20.

[144] Гиндин Л.А., Цымбурский В.Л., Отражения индоевропейских лабиовельарных, 52; Гиндин Л.А., К вопросу о статусе языка древных македонцев // Античная балканистика М., 1977, 19-27; Гиндин Л.А. К генезису языка древных македонцев. // Античная балканистика. Карпатто -балканский регион в диахронии. Предварительные материалы к международному симпозиуму. М., 1984, 8-9; Дьяконов И.М. Нерознак В.П. Основные черты фригийской морфологии.// Античнаяа балканистика 2. Предварытельные материлы. М., 1975, 4-9. Авторите заклучуваат дека фригијскиот е многу архаичен индоевропски јазик, доста близок до старогрчкиот, балто - словенскиот и индоиранскиот. Дьяконов И.М., Место фригийского среди индоевропейских языков. (Тезисы). // Древний Восток 2, Ереван, 1976, 158-164; Дьяконов И.М., Типы этнических передвижений в ранней древности. // Древний Восток, вып.4, Ереван, 1983, 7, заб.3; 21, заб.23. Билингвизмот веќе во многу бил присутен во овој период на просторите на Македонија, што и до сега беше нагласено, па, како потврда на тоа овде во целост ќе го наведам мислењето на авторот со кој во потполност се сложувам. "Двуяазычые, если не наступят какие- то серьзные новые исторические перипетии, может служить ступеню к окончательному перенятию одного яазыка другим без смены населения. Новые носители языка могут затем при благоприятных

Во периодот на консолидацијата, после продорот на вториот хеленски бран:"Грците што веќе тргнале на југ долго останале вчудоневидени од прекрасниот егејски свет. Откако сами темелно се преобразиле, и кога повторно се завртиле спрема северот, морало тамошните кралства и јазик да им бидат туѓи, без оглед што тоа било наследство од нивните прадедовци",[145] пишува Р. Катичиќ. Од друга страна, тоа истото се однесувало и на нивните северни соседи, - Македонците и другите палеобалканци, кои не успеале да држат чекор со егејските култури, географски близу, сепак временски и културно далеку. Со набљудување од тој агол може да се види, или поточно може да се почувствува, суптилната разлика која ги разделувала овие слични, сепак различни светови. Во таа смисла може да се сфати пораката на проф. Р. Катичиќ дека Македонците "...сосема сигурно не биле Хелени во онаа специфично културна смисла, без

условийах сами оказаться его передатчиками еще дальнейим нобым носителям. Само собой разумеется, что функции lingua franca и koine оказывают влияние на передаваемый язык, который перенимает из автохтоного субстрата множество черт фонетики и фонологии, а также лексики, в особенности свяазанной с характерными явлениями местной экологии, экономии и социального бита. Чем дальше, период двуязычия, тем сильнее влияние субстрата". Дьяконов И.М., Нерознак В.П., Очерк фригийской морфологии // Baltistica II Priedas. Vilnius 1977, 170, подвлекуваат дека фригискиот спрема архаизмот се најдува паралелно со грчкиот и санскритот.

[145] Katičić R., O jeziku i narodnosti starih Makedonaca. // Gidišnjak CBI, XII-11, 1976, 340.

оглед што можеби и биле од грчки род"[146], без оглед што изворите не го потврдуваат, но и не го побиваат ниту едното, ниту другото. Затоа проф. Р. Катичиќ врз основа на јазичните остатоци ги поделил сочуваните македонски зборови во три групи:

1. грчки зборови;
2. зборови коишто немаат никаква врска со грчкиот јазик и
3. македонски зборови коишто очигледно се сродни со некои грчки, според ова Катичиќ заклучува:" дека македонскиот бил близок со грчкиот, но и јасно различен од него".[147]

Слично на проф. Р. Катичиќ и другиот лингвист В. П. Нерознак разликува два хетерогени слоја во старомакедонскиот јазик: старогрчки и палеобалкански, од кои на првиот му припаѓа лексиката на архајскиот период, на микенските текстови, јазикот на Хомер и особено дијалектите на северна Хелада, во прв ред тесалскиот. До тоа сознание дошле уште античките граматичари кои сметале дека старомакедонскиот јазик е грчки дијалект кој најмногу потсеќал на хомерскиот.[148] Според авторот, кој посебно се занимава со старите индоевропски јазици на тлото на Балканот, овој простор бил поделен помеѓу

146 Исто, 345.

147 Исто, 349.

148 Нерознак В.П., Палеобалканские языки. М., 1978, 171.

носителите на палеобалканските јазици на следниот начин: старомакедонскиот, фригијскиот и протоерменскиот се наоѓале во центарот на палеобалканскиот ареал, додека на запад од нив биле носителите на илирскиот и месапскиот, а на исток носителите на тракискиот и мизискиот јазик. Врз основа на своите истражувања авторот заклучува дека старомакедонскиот мора да се набљудува како посебен не - грчки, палеобалкански јазик кој благодарение на географскиот простор многу рано почнал да поднесува силни хеленски влијанија за разлика од припадниците на останатите палеобалкански јазици кои кон крајот на II и почетокот на I милениум п.н.е. преминале во Мала Азија.[149]

Од своја страна, Н. Проева врз основа на своите истражувања на македонскиот ономастички, епиграфски и археолошки материјал, смета дека на Бригите им припаѓа водечката улога во етногенезата на античките Македонци, што може да се утврди и од сродноста на македонскиот со старофригискиот јазик.[150]

---

[149] Исто, 173. За овој проблем опширно пишува и академинк Петар Хр. Илиевски. Кон проблематиката за појавата на балканизмите и уделот на балканскиот јазичен супстрат, 39-60; Ibid. Антички и современ македонски јазик // Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија. Книга 1. Скопје 1995, 25-28, според авторот старомакедонскиот е индоевропски јазик, различен од старогрчкиот со специфични особености на посебен јазик, а најтипичните меѓу нив во консонантизмите покажуваат сродност со фригискиот, а не со старогрчкиот.

[150] Проева Н., Прилог кон историјата на античка Македонија. // Годишен Зборник на Фил Фак., кн. 17-18,

Врз основа на досегашните истражувања, врз основа на понудениот материјал, пред се лингвистичкиот и археолошкиот, и врз основа на сочуваните историски податоци, може да се прифати тезата, додека ќе се најдат нови и поконкретни податоци дека старомакедонскиот јазик му припаѓал на палеобалканскиот слој, додека античките Македонци етнички биле сродни со носителите на тие дијалекти (јазици). Од друга страна, - што може да се заклучи за антрополошкиот тип на населението на овие области во периодот од крајот на II и во I милениум п.н.е., според аналогија со другите краеви на Балканот? Истражувањата на Ж. Микиќ покажале дека:"... може да се констатира дека веќе на почетокот на раното бронзено време постоеле многу хетерогени етнички групи, потоа групи кои живееле во изолат, со сигнификантно присуство на типови, чијашто антропогенетска појдовна точка не може да се бара внатре во Балканскиот Полуостров. Од друга страна, присутен е и многу јак автохтон супстрат, т.е. неоенеолитско антрополошко јадро кое сеуште не е разбиено".[151] Податоците за железниот период на подрачјето на Македонија, без оглед на бројноста, сеуште не се доволни за да дадат попотполни антрополошки

(43-44), 1990-1991, 12; Ibid. Осврт врз проучувањето на историјата на античка Македонија (методолошки прашања) // Содржински и методолошки прашања, 275-276.

[151] Mikić Ž., O savremenim istraživanjima skeletnih populacija na tlu Jugoslavije. // Etnoantropološki problemi, sv.4, Beograd 1989, 19, bel.5.

карактеристики на населението.[152]

Веќе беше речено дека Македонците многу рано влегле во хеленската културна сфера, што несомнено им било овозможено со геиографската близина и настојувањето на македонските династи што посилно да се врзат за таа култура, и со самото тоа да го ојакнат својот етнос.[153] Всушност, тоа прифаќање на хеленската култура им овозможило во периодот на трансформацијата на полисниот систем да ја преземат хегемонијата над хеленскиот свет и заедно со Хелените античките Македонци како огноносци ја распространуваат и ја преобразуваат хеленска култура во нова. По нивна заслуга и со нивни заложби распространет е и старогрчкиот јазик, а со него и сите достигнувања на претходните култури. Македонското

[152] Исто, 19. Mikić Ž, Prilog antropologiji gvozdenog doba na tlu Jugoslavije. // Godišnjak knj.XXV, CBI, knj.23, Sarajevo, 1987, 40.

[153] Митревски Д. Праисториските заедници, 278-291, смета дека *македонската нација (етнос - прим. З.С.)*, според археолошките наоди, се консолидирала на територијата на Пајонија и со најголем процент од пајонско население во периодот на раната фаза на железното време. Почетоците на македонската заедница можат да се следат во областите Орестида, во близина на Костурското Езеро, Пелагонија и Елимија, а во Ботиаја, Хомеровата Ематија, бил сместен главниот град на Аргеадскиот дом со династичката некропола под тумули, со јасен континуитет од XIII-XI век п.н.е. па се до хеленистичкиот период. Могилниот начин на погребување и тумулите се одраз на македонската култура и нејзините духовни вредности. Овој ритуал во периодот меѓу 1050-700 година п.н.е. бил носен во етапи од еден етнос од запад во кој најверојатно последни зеле учество членовите на Аргеадскиот дом.

стопанство до Филип II било претежно земјоделско – сточарско во зависност од географските услови, додека во малубројните градски населби биле застапени занаетчиството и трговијата. Подем и преобразба истото доживеало во периодот на IV век п.н.е. кога хеленските полиси се преобразуваат, а овие промени се пренесуваат и врз соседите, навистина со видоизменети манифестации, но со слични крајни резултати како продукт на историските процеси.[154]

Зголемените политичко – дипломатско – воени активности на Филип II и Александар III биле поттикнати од развитокот на историските процеси кои со забрзано темпо дејствувале и Македонија, земја со претежно земјоделско – сточарски карактер и племенско уредување, постепено, особено под Антигонидите, ја преобразувале во земја со поразвиено градско стопанство, кое што од своја страна придонесло за појава на поразвиен градски живот со

[154] Папазоглу Ф. Македонски градови у римско доба. Жива Антика. Посебна издања. Книга I. Скопје 1957, 39–40; Mikulčić I. Pelagonija, 64–74; Ibid. Една нова остава на тетрадрахми и преглед на монетните наоди од V–II век на ст. е. во Македонија // ГЗФФ, кн. 24–25, Скопје 1973, 157–168; Ibid. Стибера –топографија, историја, градби– // Македонско наследство I/1, Скопје 1996, 17–35. Врз база на остатоците од населбите и емисиите на монети, донекаде може да се следи развитокот на стопанството во Македонија кое до војните на дијадосите имало континуитет кој е делумно прекинуван со Галската наезда и честите продори на Дарданците, како и со војните на последните Антигониди кога се чувствува замирање на стопанскиот живот, особено во пограничните краеви.

градско население.[155] Овие градски центри и населението во нив не треба да се идентификуваат со хеленските полиси, начинот на кој тие настанале и нивното население, меѓутоа, како што и полисот во IV в. п.н.е. се преобразил и добил нова стопанска, општествена и политичка структура, на тие нови законитости и новите општествени услови им се прилагодиле и новите градови во Македонија.[156]

Да се вратам на мислата од И.М. Дјаконов дека: "живите луѓе во конкретните животн услови ја создаваат историјата", а заправо луѓето им припаѓаат на конкретни етно - политички заедници. За да се почувствуваат специфичните карактеристики на времето и местото, во недостиг на материјал од поширокиот географски простор на античка Македонија, на ова место ќе се осврнам на неколку историски личности кои и припаѓале на старомакедонската елита, бидејќи сметам дека и преку нив може да се просуди за промените кои се случувале во меѓувреме, па влијаеле и врз луѓето, без оглед на сталежот на кој му припаѓале.

Без оглед што историските настани се преплетуваат заедно со протагонистите во нив и секое издвојување на едните или другите е неприродно, сепак, пожелно е на

---

[155] Папазоглу Ф. Македонски градови, 39-40; Mikulčić I. Pelagonija, 64-75; Ibid. Една нова остава, 157-168; Ibid. Стибера, 17-35.

[156] Папазоглу Ф. Македонски градови, 40-44; Mikulčić I. Pelagonija, 64-74; Ibid. Стибера, 17-35.

некој начин да се издвојат за да се нагласи и одбележи само еден сегмент во историскиот развиток преку кој многу полесно можат да се следат промените во општеството.

Меѓу дијадосите со блескавоста на умот, неоспорните таленти во се за што ќе се зафател, али и со голема недоследност во карактерот, особено се истакнувал синот на родоначалникот на новата македонска династија, Антигонидите, Деметриј Полиоркет (337/6 - 283 г. пн.е.е). Обожавател и подржавател на делото на Александар III, Деметриј и самиот многу талентиран во областа на воената техника, прекумерно го трошел и растурал својот талент не најдувајќи сили да се сконцентрира и да се задржи на главната цел - Македонија, врз која што поголемиот дел од дијадосите ги протегнале своите раце. И додека останатите негови противници имале веќе солидни бази во своите бивши сатрапии кои по консолидацијата повторно се претвориле во самостојни политички заедници служејќи им како основа во стремежите за освојување на Македонија, дотогаш Деметриј добивал и повторно губел територии по целиот Медитерански басен не можејќи нигде да се скраси и да ги скроти своите страсти, кои по поразот кај Ипса (301 г. п.н.е.) останале без кормило и кормилар.[157]

[157] Бенгтсон Г. Правители эпохи эллинизма. М., 1982, 91; Dr. Lisičar P. Grci i Rimljani. ČK Zagreb 1971, 229; Ростовцев М. Историја старога света. Грчка - Рим. МС Суботица 1974, 196-197.

Без оглед на сестраноста на талентите и блескавоста на умот со којшто во многу ги надмминувал своите современици, недоследноста во карактерот не му овозможила да остави видливи траги на својата воено - политичка дејност.[158]

За разлика од Деметриј, неговиот син од бракот со Фила, Антигон Гонат (319-239) е свидетел и учесник на поголемиот дел од настаните кои го одбележале залезот на историјата на дијадосите и почетните фази на дејностите на епигоните - создавањето на тнр. хеленистички монархии и нивната консолидација, процес во кој што и самиот Антигон Гонат учествувал по освојувањето на власта во Македонија.[159]

Ученик и почитувач на стоикот Зенон, Антигон Гонат бил типичен претставник на времето кое е спротивно на идеалите изнесени во делата на Платон и Аристотел - не полис, а козмополис со козмополити како граѓани на светот е идеалот на новата генерација философи и граѓани. И покрај се, овие идеи не претставувале пречка за монарсите подвластените монархии да ги стават во одредени, мали или големи, но сепак определени рамки, во кои тие ја спроведувале врховната власт над своите подвластени граѓани.[160]

Сепак, Антигон Гонат за своето време и според

158 Бенгтсон Г. Н.д., 118; Lisičar P. N.d., 229.

159 Бенгтсон Г. Н.д., 172; Lisičar P. N.d., 229-230.

160 Бенгтсон Г. Н.д., 175-176.

наследените особини и стекнатите навики, може да се охарактеризира како доблестен монарх чии етички принципи можеле да послужат како пример за античката концепција на хеленистички владетел. Единствено негова е заслугата што Македонија, по Галската наезда и разурнувањата кои ги претрпела, ја издигнал ставајќи ја во редот на водечките хеленистички монархии.[161]

Водечката улога што Македонија ја добила со Антигон Гонат продолжила да се негува и за време на последниот достоен за почит монарх на домот на Антигонидите, Филип V (238-179), без оглед што нејзините аспирации и претензии биле засенети од се понагласената римска експанзија на Балканот.

Времето во кое што живеел, управувал и работел Филип V се карактеризирало со суштествени промени во сите хеленистички монархии, или поточно, во целиот Медитерански басен.[162] Особен белег во тој период претставувало издигнувањето на Картагина и обидот за нејзино господство над западниот Медитеран.

Меѓутоа, ни договорот меѓу Филип V и Антиох III Велики, ни првичните успеси на Ханибал не биле во состојба да ја запрат растечката моќ на Рим. Сите тактички победи биле незначителни во однос на римската далекусежна стратегија, чија крајна цел - господство над Медитеранот - била извојувана со новата за дотогашниот

161 Бенгтсон Г. Н.д., 197.

162 Бенгтсон Г. Н. д., 250; Lisičar P. N.d., 234-235.

хоплитски строј непривична манипуларна тактика и многу поуспешната римска дипломатија која суптилно ги користела сите пропусти кај противниците уништувајќи ги поединечно.[163] Меѓутоа, Рим не сакал непријателот во потполност да биде уништен, туку само да ја признава неговата власт за да не бидат неговите легии заковани како гарнизонски единици по градовите, туку да имаат слобода на дејствување, а Сенатот одврзани раце. Ваквата политика на одврзани раце му одговарала и на Филип V без оглед на обврските спрема Рим, па неговите скриени амбиции да и ја врати слободата и престижот на Македонија биле исполнувани преку зголемувањата на приходите, активирањето на популационата политика и извршените демографски промени, преземани со цел да се зголеми населението на Македонија.[164] Меѓутоа, ни времето ни можностите не работеле за македонскиот крал, бидејќи историскиот процес одел во друг смер, така што, ни смелите акции, ни храброста во битките, ни превртливоста и измамите во политиката не можеле да бидат од полза. Ни Филип V, ни Македонија, ни неговите поданици, не смееме да ги поистоветуваме со оние од времето на Деметриј Полиоркет или Антигон Гонат.

Ликовите и характеристиките на овие три владетели на

---

163 Бенгтсон Г. Н.д., 266; Lisičar P. N.d., 234-235; Разин Е.А. История военного искусства. Том I. М., 1955, 276-280.

164 Тит Ливий. История Рима от основания города. Том III. М., 1994, 335 (XXXIX, 24, 1-6); Bengtson G. N.d., 268.

Македонија, јасно го осликуваат времето и промените кои многу видливо се оцртуваат од епоха во епоха. Од зенитот и моќта на полнокрвните дијадоси кои штедро ги растурале своите таленти во битките, преку философски и прагматично - политички настроените нивни наследници, до залезот на последните епигони, чии дејствија без оглед на смелите замисли и храбрите подвизи, сепак биле осудени на неуспех.[165] Македонија, пак, во тнр. хеленистички период после борбите на дијадосите и консолидирањето на македонски владетели во освоените области, се наоѓала под власта на Антигонидите и одела кон создавање на нова политичка заедница. Меѓутоа на оваа монархија не и било судено да биде долговечна, како впрочем и на другите хеленистички творби што изникнале врз урнатините на Ахеменидска Персија. Историските движења на површина ја изнесуваат младата и полна со сила - Римска Република, која нудела и нови елементи на управување внатре во робовладетелскиот систем, што во тој момент биле посилни од хеленистичките системи. Римската политика и римското оружје полека и со ред го кршеле отпорот на тнр. хеленистички монархии кои не биле во состојба со иста мера да и се спротивстават. Тоа не значи дека немале храбра војска и избрани и талентирани војсководачи. Причината, всушност, била во тоа што хеленистичкиот свет до крај го исцрпил системот којшто го створил и не бил повеќе во состојба да создаде нов,

[165] Бенгтсон Г. Н.д., 271-272; Lisičar P. N.d., 234-235.

поефикасен, кој би бил кадар да му се спротивстави на Рим.

Веќе беше речено дека промените кои ја зафатиле Македонија, под дејство на историските процеси, се одвивале, како во скаските, "не по години, а по денови и часови". Тоа многу јасно може да се согледа во периодот од 167-148 г. п.н.е., време исполнето со немири и привикнување на новиот управен систем кое завршило по вооруженото востание со претварање на Македонија во римска провинција и база за нивните понатамошни освојувања на Балканот и Блискиот Исток.[166]

Многу од градовите кои постоеле во Македонија во периодот кога истата е претворена во провинција, суштествивале уште некое време, други престанале да постојат, додека трети биле основани, од кои некои опстојале до доцната антика и раниот среден век.

Градовите во Македонија ја делеле судбината на областа, провинцијата и во целост на res publika Romana во зависност од времето. Така на пример, од градовите во Ботиаја, Едеса (Воден)[167] го продолжил своето постоење и во средниот век задржувајќи го својот значај, додека Мигдонска Тесалоника станала главен град на провинцијата во римско време, плитички, културен, стопански и верски центар за среден Балкан и втор град во Византија по

[166] Машкин Н.А. Историја старог Рима. НК Београд 1968, 147; Lisičar P. N.d., 235; Папазоглу Ф. Македонски градови, 55-57.

[167] Папазоглу Ф. Македонски градови, 110-112.

Константинопол во време на феудализмот.[168] Слична судбина доживеале и Дасаретскиот Лихнид[169] и Одомантискиот Сер.[170]

Во градовите кои добиле статус на колонии биле населувани жители на Италија или од другите области со цел да заживе и зајакне нивниот економски потенцијал.[171] И навистина, кај многу од нив стопанскиот и културниот подем континуирано и несметано се развивал до доцната антика, а понекаде и до раниот среден век, за кое време нивните жители чувствувајќи ги сите благодети на мирниот живот по интервалите од бурните немири, граѓанските војни и разните варварски навлегувања можеле малку да здивнат и мирно да творат почитувајќи ги локалните и општодржавните култови.[172] Рим кој веќе во голема мера ја примил хеленистичката култура и сите нејзини вредности,

[168] Папазоглу Ф. Македонски градови, 137.

[169] Папазоглу Ф. Македонски градови, 224-230; Охрид и охридско, 113-120.

[170] Папазоглу Ф. Македонски градови, 281-283.

[171] Папазоглу Ф. Македонски градови, 113-115; 235-240; 297-302: Драгојевић - Јосифопвска Б. Један антички натпис из Скупа. // ГЗФФ, 22, 1970, 321-322.

[172] Папазоглу Ф. Македонски градови, 112, 125, 130, 165, 199-209, 213-214, 216-230, 279-283, 296-302, 304-306; Микулчиќ И. За големината на доцноантичките градови во Македонија // Историја X/2, 1974, 347-368; Mikulčić I. Pelagonija, 70; Микулчиќ И. Непознат антички град кај Мојно // ГЗФФ 22, 1970, 326-339; 340-346; Ibid. Доцноримски гробови од Скупи // ГЗФФ, 26, 1974, 109-141; Ibid. Стибера - топографија, историја, градби - // Македонско наследство I/1, 1996, 17-35; Лилчиќ В. Потрага по градот Пелагонија центарот на Македонија IV // Македонско наследство I/2, 1996, 36-44.

ги преточил во нов систем на кој му било судено да го заврши робовладетелскиот систем, и, одново со некои елементи кои биле животворни, да влезе во новата феудална формација, чиј наследник, Источното Римско Царство, (подоцнежна Византија) е продолжувач, потрошувач и пренесувач на севкупното хеленистичко - рисмко наследство. Како наследник на таа култура, додека во нејзе имало сила, таа успешно го преточила тоа наследство и им го предала на новите освојувачи, - Словените; тие пак го примиле и го пренесле понатаму обогатувајќи го со сопствените културни достигнувања и традициското наследство.

# III. Доселувањето на Словените

## 1. Словенската прататковина во индоевропскиот ареал

Проучувајќи ја прататковината на Индоевропејците и ареалот на нивното распространување, прифатив една од постојните хипотези како современа и прифатлива од аспект на истори ската теориска перспектива. Следствено на ветувањето, на овие страници, ќе се обидам да ги објаснам постојните хипотези за прататковината на Словените и нивниот однос спрема останатите индоевропски етноси. Интерес на проучувањето, како и досега, ќе ми биде - луѓето во историското време и простор. А тоа значи, дека појавата на словенскиот етнос ќе ја третирам во првобитното значење на етнос како - "чета, јато, рој" овој поим се однесува на етносот како војска, што во почетокот, всушност и бил.[173] Затоа, кога се говори за етносот, не смеат да се забораваат конкретните услови под чие влијание се формирале и развивале поодделни етноси. Притоа, секогаш треба да се има на ум фактот, дека ни во

[173] Senc S. Grčko - hrvatski rječnik za škole. Zagreb, 1910, 244. Хеленското сфаќање на терминот εθνοσ го земам како општо прифатливо за сите етноси на тој степен на развиток, значи од неговата појава на историската сцена , минувајќи низ долг период на постоење и трансформации, до неговото потполно развивање во периодот на тнр. воена демократија. На терминот "војска", исто така, му соответствуваат постојните воени формации на тнр. воена демократија.

најдлабокото минато не постоела таква изолираност која би му овозможила на етносот самосвоен развој без какви и да е влијанија од страна. Земајќи ги пред се овие факти, може да се заклучи дека етносот пред се претставува "...явление меняюшееся, неустойчивое, этносы возникают, разиваются, исчезают. позволью себе сравнит этнос с рекой - там, где она начинается, она еще не река, толька притоки деляют ее таковой. Но проследить путь реки - этноса в истории, нахти русла, иногда высохшие, связующие этот этнос с другим... Ибо этнос - это прежде всего люди, а не созданные ими языки, культуры и т.д."[174]

Без оглед што водечките научници денес сметаат дека етносот е категорија која за време на своето постоење се менувала, треба да се наведе дека се уште има приврзеници на сфаќањето за поделбата на историјата на два периода:

а) автохтон пристап: - период во кој се доаѓа до делење на повеќе групи и

б) период на миграции - кога се доаѓа до хомогенизација и бришење на разликите внатре во групите.

Всушност треба да се земат важечките факти од едниот и другиот пристап кои не се исклучуваат; тогаш се добива правата слика на состојбата; секое исклучување наметнува праволиниско толкување кое води во ќорсокак. Имено, како што правилно забележал О.Н. Трубачов не постои стерилно

---

[174] Бромлей Ю. В., Подольный Р. Человечество - это народы. М., 1990, 141.

чисто (безсупстратно) етничко пространство.[175] За правилна локализација на прасловенскиот ареал како криетериум се зема сродноста на словенскиот јазик спрема другите индоевропски јазици. Поаѓајќи од тоа гледиште, О.Н. Трубачов во текот на истражувањата елиминирал се што не спаѓало во оваа категорија. Критериумот со кој тој се служи заснован е врз историското време и простор. Нему му е единствено важно во кое време и на кој простор Словените доаѓале до поблиски контакти со другите индоевропски етноси и што презеле во периодот на тоа заедничко живеење во својот лексички фонд од соседите.

Најновите истражувања во областа на индоевропеистиката и словенскиот или словенските дијалекти во состав на индоевропскиот укажуваат на тоа дека:"... словенскиот е индоевропски јазик од архаичен тип чиј речник и граматика не претрпеле потреси за разлика на пример од грчкиот (речник)".[176]

Според ова, прататковината на словенскиот јазик се наоѓала на просторите на индоевропскиот ареал - значи во Централна Европа, каде и дошло до првите контакти на прасловенските дијалекти со праиталскиот, додека нешто подоцна, откако Италците го напуштиле Среден Дунав и

[175] Трубачев, О.Н., Языкознание и этногенез славян. Древние славяне по данным этимологии и ономастики. // ВЯ, 1982, 4, 14.

[176] Мейе А., Общеславянский яазык, М., 1954, 14, 38, 395. (цитирано според Трубачев О.Н., Языкознание и этногенез славян, 18.

тргнале кон Апенинскиот Полуостров, словенските дијалекти дошле во потесни контакти со германските дијалекти.[177] Овие рани контакти, според авторот можат да се сместат во III милениум п.н.е.. Кон крајот на II милениум п.н.е. почнуваат веќе во пишаните извори да се регистрираат миграциите на просторите на Балканот, Мала Азија и Апенинскиот Полуостров, па врз основа на тоа може да се заклучи дека во периодот кога Италците ги напуштиле своите населби во Централна Европа, кон југ од реонот на Балтикот тргнале и Илирите. На тој пат, најверојатно, дошло и до првите контакти меѓу Словените и Илирите. Додека Илирите се движеле кон југ, Словените малку се поместиле по на север. Овие раселувања го обогатиле словенскиот јазик со кентумски елементи во лексиката, плод на контактите со Келтите.[178] (Види ги

[177] Колосовская Ю.К. Некоторые вопросы истории взаимоотношений Римской империи с варварским миром // ВДИ, 2, 1996, 154 заб. 33 наведува примери на сличноста на имињата на водачите на Херуските со имињата на словенските главатари, од што може да се заклучи дека веќе од поодамна словенските и германските племиња биле во потесни јазични, трговски, воени, па дури и брачни контакти. Без оглед што О.Н. Трубачов пишува за поодамнешен период отколку наведениов кај Колосовскаја, сепак мора да се признае дека контактите биле направени, најверојатно, многу порано од моментот кога станале извесни и влегле во сферата на влијанијата на римските историчари.

[178] Трубачев О.Н., Н.д. 18-19. Авторот наведува низа на јазични примери кои ја потврдуваат неговата теза како течеле јазичните контакти во време и простор.




ТРУБАЧЕВ О.Н. КАРТА 1




ТРУБАЧЕВ О.Н. КАРТА 2




ТРУБАЧЕВ. О.Н.

КАРТА 3




ТРУБАЧЕВ О.Н. КАРТА 4

картите 1-4).

Во склоп на решавањето на проблмот на индоевропската прататковина лоцирана во Подунавско - Прикарпатско - Балканскиот регион (види ја I гл.) влегуваше и теоријата за Дунавската прататковина на Словените. Извршувајќи опсежни истражувања на овој регион (пред се јазични) О. Н. Трубачов [179] заклучува дека словенските дијалекти по распаѓањето на индоевропскиот јазик се наоѓаат на Дунав, каде што ги регистрираат и подоцнежните извори. За време на IV-III век п.н.е. Средна Европа ја потресува келтската инвазија со раселувањето на Боите и Тектосагите. На својот пат кон Подунавјето овие наишле на компактен словенски етнички простор. Може само да се нагаѓа како се одвивале меѓуетничките контакти, меѓутоа, факт е дека еден дел од Словените се иселил од Дунав на Висла повлекувајќи со себе и дел од Келтите. Ова е само еден сегмент од заедничката историја која подоцна е запишана во хрониката на Нестор, додека пак Словените кои останале со време ги претопиле Келтите, па споменот за нив е сочуван во топонимијата на просторите до Црно Море.[180]

Нешто порано, во средината на I милениум п.н.е. доаѓа до првите контакти на словенскиот со носителите на

[179] Трубачев О. Н. Этногенез и культура древнейших славян. Лингвистические исследования. М., 1991.

[180] Трубачев О. Н. Н.д., // ВЯ, 3-11.

индоиранските (скитските) и индоариските дијалекти, чиј резултат станал видлив во влијанијата врз религиозно - социјалната сфера.[181]

Не навлегувајќи во прасловенските контакти со носителите на балтскиот и тракискиот јазик, може да се заклучи дека во периодот на VI век Словените повторно дошле на своите стари места, не исклучувајќи го при тоа фактот дека дел од нив останал на тие територии од поодамна (Езерити, Милинзи), тргнувајќи потоа кон југ и запад и освојувајќи го поголемиот дел од Источното Римско Царство.[182]

Теоријата на О. Н. Трубачов во потполност се вклопува во шемата за прататковината на Индоевропејците која ја прифаќаат се повеќе учени од повеќе области. Овде ќе се задржам на уште некои приврзеници и опоненти на оваа теорија за да се добие правилна слика за научната состојба денес во оваа област.

Меѓу останатите, приврзеник на Подунавската прататковина на Словените е и В. Трбуховиќ.[183] Тргнувајќи од Јорданес кој Словените ги сместува во Подунавјето,

---

[181] Трубачев О. Н. Языкознание и этногенез славян, 12-15.

[182] Трубачев О.Н. Языкознание и этногенез славян, 11-13; Истиот автор: Этногенез и культура, 230-234.

[183] Trbuhović V. Južne kulture i narodi prema Lužičkoj kulturi praslovenima i Slovenima. // I Miedzynarodowy kongres archeologii slowianskiej. Warszawa 14-18.IX.1965. Wroclaw - Warszawa - Krakow 1968, 255-289.

Венетите на Висла, а Антите од Дњестар до Дњепар, авторот се спушта се подлабоко во минатото врз основа на, пред се, археолошкиот материјал, па доаѓа до заклучок дека Херкуниатите и Осериатите (кои ги изведува од "озеро" - значи Езерити) всушност се раните Словени.[184] Овие Осериати, како дел од Панонитe, по задушувањето на востанието од 9 година од н.е. остануваат на својата територија, додека другиот дел на Панонитe ги напушта овие краеви, што авторот, според Нестор толкува дека заправо Римјаните (Власите) се причина за одењето на еден дел од Панонитe - Прасловени.[185]

Подунавјето како матична прататковина на Словените го истражуваат и Милица и Ѓорѓе Јанковиќ. Своите размислувања и тие ги врзуваат за хрониката на Нестор, обидувајќи се на раните словенски наоди да им најдат историски рамки во летописот; ова им оди од рака, меѓутоа, врз база на малубројните наоди и неистражениот терен уште не може да се фати нишката која би ја поврзувала историјата со археологијата. Овие научници имаат имаат многу повеќе успех со резултатите во истражувањата на археолошкиот материјал од времето на

---

184 Исто, 257-259.

185 Исто, 267-268. За односот на Панонитe и Панонија в.: Трубачев О.Н. Этногенез и культура, 128 и објаснувањето со ѕвездичката; 228-230 и објаснувањето. Историски изгледа прифатливо објаснувањето на авторот за сместувањето на словенскиот ареал во Централна Европа, на Среден Дунав, во Панонија.

Големата преселба и словенскиот удел во неа, истражување кое се уште упатува на Подунавјето како на словенска татковина од порано.[186]

Истражувањата пак на В.В. Седов се темелат на спротивни гледишта. Ареалот на распространувањето на Древните Европејци, според авторот, се наоѓал на просторот на Југоисточна Европа. Одовде, во неколку наврати Древните Европејци се раселиле на запад, северо-запад и север, освојувајќи ги на тој начин постепено европските простори. Нивната судбина во различни области била различна. Ако се оди со ред, се доаѓа до следниве заклучоци: околу XV век п.н.е. племињата од подкарпатската култура (шнур керамика) биле претопени од Тракијците, додека нивните роднини кои ја населиле јужна Финска, Естонија и Летонија, како и горните и средните текови на Волга, биле асимилирани од месниот Фино-Угарски етнос. Судбината на племињата на шнур керамиката кои ги населиле широките простори на Средна и Источна Европа била идентична со судбината на Балтите и Германите. Околу 550 година п.н.е., како резултат на соединување на племињата на поморската и лужичката култура настанала културата чии носители се закопувале во садови со облик на ѕвона; оваа култура може да се смета за старословенска. Со оглед на тоа што територијата не им била затворена во периодот на III-II

[186] Јанковић Милица и Ђорђе. Словени у јужнословенском Подунављу. Каталог изложбе - 36. Београд 1990, 7-26.

век п.н.е. на територијата на Шлезија и Мала Полска се населиле Келтите и се помешале со нив,додека во II век п.н.е., како резултат на мешањата со Германите, се појавила Пшеворската култура.

Во периодот II-III век н.е. носителите на словенската култура мигрирале од пшеворскиот и зарубинецкиот рејон, и, мешајќи се со месните скито - сарматси и источно - германски етноси на Црно Море, ја создале полиетничката Черњаховска култура на чија територија се формирал антскиот племенски сојуз.

Во VI-VII век врз база на Пшеворската култура се формирала Прашко - Корчакската култура чиј ареал ја опфаќал територијата од Лаба до Киев, додека во Полското приморје и околу Мекленбург се формирала археолошката словенска култура.

Од наведеното може да се забележи дека според В.В. Седов и поголема група на полски научници, -прататковината на Словените била сместена во Централна Европа, околу Висла и Одра.[187]

Во подрачјето на евроазиските степи над Црното и Азовското Море Индоевропејците ги сместува и А.

---

[187] Седов В.В. Древнеевропейцы. // РА, 1993, 3, 18-35; 30-33; Ibid. Происхождение и ранняя история славян. М., 1979; Ibid. Становление и этногенез славян (по данным археологии и гидронимии). // XI Международный съезд славистов. История, культура, этнография и фольклор славянских народов. Братислава 1993. Доклады российской делегации. М., 1993; Ibid. Славяне в древности. М., 1994.

Мартине,[188] поврзувајќи ги со културата на Курганите.

Споменатиот автор словенскиот јазик го изведува од еден индоевропски облик од првите векови на нашата ера кој се зборува на севреро - запад од денешна Украина, значи во контактните зони со Балтите и Иранците.

Културните импулси и миграционите бранови кај Словените биле предизвикани од готските влијанија, а подоцна заменети со аварски.[189] На овој начин поттикнати од "други" овие успеале да освојат поголем дел од Европа.

Овие истражувања на словенскиот ареал и односот на словенскиот дијалект внатре во индоевропскиот ќе бидат дополнети со ставовите на Хенрик Бирнбаум.[190] Според него, прататковината на Словените може да се смести во источниот дел на Централна Европа, на север од Карпатите каде кон крајот на I милениум п.н.е. дошле како една од етнојазичните групи, издвојувајќи се од се уште нерасчленетата општоиндоевропска заедница. Овие Словени

---

[188] Martine A. Indoevropski jezik i "Indoevropljani". Novi Sad 1987, 39-44; 69-75.

[189] Исто, 94-96. Чудно е што во некои научни кругови, без оглед на најновите истражувања и постигнатите резултати од областа н археологијта, лингвистиката, антропологијта, етнологијата и историјата, се уште се елиминираат добиените резултати и кога се во прашање Словените, денес на прагот на XXI век, се уште е важечко Хердеровото мислење за нив.

[190] Бирнбаум Х. Праславянский язык. Достижения и проблемы в его реконструкции. М., 1987.

веќе во периодот на IV век се распространиле во правец исток - запад од басенот на Одра до Дњепар, додека во правец север - југ се прошириле од Балтичкото Море и Мазурските езера до Припетското блато. Веќе во V век, според авторот, ги наоѓаме Словените на северо - исток околу горниот тек на Дњепар и Припет, во реонот на балтските племиња кои или ги асимилирале или ги потурнале по на север. Во VI век словенското ширење на северо - исток ја достугнува територијата на финските племиња, додека на запад оди до Лаба. Нешто после тоа дел од Словените пробивајќи се низ Карпатските и Судетските превои тргнува кон југ во време кога и другите словенски групи од современа Украина, бидејќи преку Влашка го населуваат Балканкиот Полуостров. Дел од Словените кои тргнале преку Судетите ги населиле Источните Алпи, Долна Австрија, Штаерска, Карантанија и Словенија. За тоа време во Панонија, порано населена со Тракијци, Илири, Германи и Гуни, словенските населби биле расштркани.

Во текот на VI-VII век целиот Балкански Полуостров бил населен од Словени вклучувајќи ја и Грција. До IX век овие миграции биле завршени, а просторот населен со Словени, според авторот, не бил истоветен ни според етничкиот ни според јазичниот состав.[191]

Што се однесува пак на словенскиот јазик внатре во

[191] Исто, 20-22.

индоевропскиот, Х. Бирнбаум смета дека истиот е најблизок со балтскиот, индоиранскиот (аријскиот) и прагерманскиот (готскиот) јазик.[192]

На крај, ќе ги резимирам хипотезите кои беа изнесени во овој дел од тезата, а се однесуваат на прататковината на словенскиот јазик внатре во индоевропскиот ареал според статијата на В. П. Леман,[193] каде, меѓу другото стои: "...Каким би ни было число носителей языка, ни один язык не является абсолютно гомогенным или статичным. Каждый язык, несомненно, имеет постоянное (хотя и незначительно изменяющееся) общее ядро, которое обеспечивает всем членам данной социальной группы возможность общения".[194]

Со сумирањето на досегашните научни резултати за прататковината на Индоевропејците во периодот на V-III милениум п.н.е. се добиваат три можни региони каде биле сместени:

1) областа на север од Каспиското и Црното Море;
2) Мала Азија и
3) Балканско-Карпатскиот предел.

Приврзеник на тезата за локацијата за прататковината на Индоевропејците во степските области е М. Гимбутас

---

[192] Исто, 28-32.

[193] Леман В.П. Новое в индоевропеистических исследованиях. // ВЯ, 1991, 4, первая часть.

[194] Исто, 9.

(како и многу археолози и лингвисти) која таму ги сместува во периодот помеѓу VII-V милениум п.н.е. така што како еквивалент на индоевропскиот прајазик се јавува културата на курганите.

Според оваа теорија, раните Индоевропејци се земјоделци кои држат големи стада крупна стока (како што и Херодот го опишува начинот на живот на Скитите токму на овие исти простори многу подоцна.

Три основни елемнти кои ја овозможиле натамошната експанзија на Индоевропејците на оваа територија се: припитомувањето на коњот, пристапот кон металот што го заменил каменот и пронајдокот на тркалото.[195]

Претставници на теоријата за малоазиската прататковина на Индоевропејците (врз основа на јазикот) се Т. В. Гамкрелидзе и В. В. Иванов. Подробно анализирајќи го општоиндоевропскиот речник, тие заклучиле дека индоевропската прататковина била сместена во планинска област, во контактните зони со прасемитите (Горна Месопотамија) и пракартвелите (на југ зад Кавказ).[196]

Тезата дека балканските простори се прататковината на Индоевропејците ја застапува И. М. Дјаконов. Со оглед на тоа дека за истата веќе беше пишувано во I глава на овој труд, овде ќе се задржам само на некои моменти. Во хипотезата на И. М. Дјаконов не се зборува за миграции

[195] Исто, 19-23.

[196] Исто, 23-25.

од типот на Големата преселба, бидејќи, според авторот, во периодот од V - III милениум п.н.е. индоевропските етноси не биле способни за тоа па до распространувањата на културата и јазикот доаѓало постепено, - од еден центар во сите правци.[197]

Обидувајќи се да ја открие тајната на Индоевропејците и нивното брзо раширување, В.П. Леман причините за ова ги бара во социјалните, интелектуалните и духовните импулси на носителите на тие етноси, импулси што ги поттикнале на натамошни освојувања не само на територии, туку и на усвојувања на културни вредности на затекнатите етноси.[198] Земајќи во обзир се што досега е истражено, тој заклучува дека, покрај географските, интелектуалните и техничките услови кои им овозможиле брзо ширење на Индоевропејците, најверојатно имало и други, за сега непознати за нас, причини, кои овозможиле доминација на Индоевропејците за мошне кус период. Сето ова, заедно со флексибилната социјална организација која овозможувала слободен развој на личноста, имало привлечна моќ за останатите етноси кои го прифаќале нивниот јазик стопувајќи се со нивната општествена организација, што довело до формирање на поголеми заедници кои се издвоиле во I милениум п.н.е.[199]

---

[197] Исто, 27-28.

[198] Леман В.П. Новое в индоевропеистических исследованиях. // ВЯ, 1991, 5, вторая част, 21,24.

[199] Исто, 25. Тие заедници, како што горе беше напишано

Како што веќе беше наведено, јас се определувам за теоријата на И.М. Дјаконов и О.Н. Трубачов за прататковината на Индоевропејците, а во тој ареал и за прататковината на Словените, така што останува да се разгледа ситуацијата на Балканот и во Македонија која му претходела на словенското населување.

не постојат во смисла на биолошка идентичност со првобитните носители на името или дијалектот, меѓутоа, постои сеќавањето за нив и официалното регистрирање во изворите, со што е извршено нотирање во историјата и за подоцнежниот период.

## 2. Балканскиот Полуостров до Големата преселба и доселувањето на Словените

За да се сфати правилно овој историски период, период на криза, или трансформација на робовладетелскиот систем што кулминирала во III век н.е., треба да се вратиме малку поназад.

Кога римското општество почнало полека да ги надраснува општинските рамки, во IV век п.н.е. се случила галската наезда. Овие контакти меѓу Римјаните и Келтите се први ви низата која што ќе следи. Со текот на времето ти се менувале, а по Пунските војни Келтите се повеќе влегуваат во сферата на римските политички интереси.

Кон крајот на II век п.н.е. (114-101) Римјаните запознаваат уште еден свој "непријател". Западногерманските племиња Кимбри и Тевтони[200] напаѓале врз Републиката, меѓутоа во две битки биле разбиени од Гај Мариј. И повторно, до средината на I век п.н.е. ништо не се слушало за нив. Откако Каесар тргннал за Галија, званично штитејќи ги интересите на римските

200 Щукин М.Б. На рубеже эр. Опыт историко – археологической реконструкции политических событий III в. до н.э. – I в. н.э. в Восточной и Центральной Европе. СПб., 1994, РАБ No 2, 147-152.

сојузници Хедуите, дошол во конфликт со Германите.[201] За сето време на својот престој како наместник во Галија, Каесар успеал да ги задржи германските племиња на Рајна, не насетувајќи дека го поставил темелот на идниот римски **Limes**. За време на принкипатот на Август, неговите посиноци Друс и Тиберij извршиле неколку експедиции во областите населени со слободни германски племиња до Лаба,[202] меѓутоа, несреќата што му се случила на Квинтилиј Вар во Теутобуршката шума 9-та година н.е., сите успеси ги вратила на почетокот, па Рајна станала граница на Римската Империја. Од Рајна преку Дунав до Дњепар живееле келтски, германски, тракиски, дакиски, гетски, скитски и сарматски племиња и сојузи на племиња кои војувале меѓу себе и со Римската Империја.[203] Секој од нив тежнеел да дојде до поарна земја за обработување, а тоа секогаш служело како повод за нова војна и нови разурнувања. Императорите тежнееле со овие "варвари" да склучат сојуз и трајно да ги населат како федерати на територија на Империјата, или да создадат систем на зависни од нив племиња и да овозможат зачувување на границата. Меѓутоа, политиката на сојузи со поодделни племиња заради оневозможување на притисокот на другите,

[201] Щукин М.Б. Н.д., 170-175; Колосовская Ю.К. Некоторые вопросы истории взаимоотношений римской империи с варварским миром // ВДИ, 2, 1996, 147.

[202] Колосовская Ю.К. Некоторые вопросы истории, 150.

[203] Колосовская Ю.К. Некоторые вопросы истории, 151.

не вродил плод и Империјата била приморана да се пресмета со нив.[204] Колку повеќе економската и воената моќ на Империјата опаѓала, силата на "варварите" се повеќе растела, па во средината на III век н.е. дошло до пробивање на лимесот и на Дунав и на Рајна. Со пробивањето на лимесот постепено исчезнувал римскиот управен систем на тие простори.[205]

Почнувајќи од III век н.е. и понатаму, во некои провинци паричната рента и го отстапила местото на натуралната, селскиот и градскиот плебс бил поделен, се појавиле занаетчиски, трговски и други колегии кои се повеќе се затворале и станувале наследни. На некои категории од населението (на колоните) им било забрането менувањето на местото на живеење, а во време на Константин I (324-337) биле врзани за земјата, додека пак сојузите на слободните селани биле обврзани за свој трошок да вооружаат и да и достават на армијата војници. Се поголемо значење добивале селските општини кои носеле колективна одговорност за сето сторено на нивната територија. Овие општински сојузи можеле некому отстрана да не му дозволат да купува земја, а земјата на општиникот кој умрел без наследник обично останувалала

[204] Колосовская Ю.К. Некоторые вопосы истории, 153.

[205] Колосовская Ю.К. Некоторые вопросы истории, 157, бидејќи лимесот како војничка заштита престанал да дејствува, истиот за "варварите" не претставувал повеќе граница ни во војно - политичка ни во природна смисла, како што била неговата задача во периодот од I-III век.

во наследство на општината. На сличен принцип биле поставени и останатите институции на системот па сопственикот заедно со земјата продавал се што било со неа, колоните, робовите и останатиот подвижен и неподвижен инвентар. Оваа политика, замислена со цел да го закрепне државниот систем, со слабеењето на државната власт им одела на рака на големите магнати кои во одделни делови на провинциите биле единствените кои можеле да го заштитат населението од узурпацијата на чиновниците, па така со време, во своите области се повеќе станувале самостојни. На нивните поседи се произведувало се што било неопходно.

Во овој период дошло до раздвојување на цивилната власт на намесникот на провинцијата од воената, а зголемувањето на легионот одел на штета на неговиот квалитет. Армијата била поделена во два дела: единици поставени на границата и таму населени, и мобилни единици кои требало, кога за тоа ќе се укажела прилика, да се разместат според потребите. Што повеќе опаѓала способноста на армијата, Империјата се повеќе била приморана да се потпира на "варварските" наемници кои на крај единствено и ја сочинувале римската армија. Со "варваризацијата" на армијата конечно е избришана разликата и во начинот на војувањето. По провинциите доаѓало до обновување на локалната традиција и старите обичаи кои земале се поголем замав, заменувајќи ги безживотните култови. Постепено се ширела и новата религија - христијанството, која со Миланскиот едикт

(313 год.) добила право на слободно исповедување.

Во периодот од III - IV век Римската Империја станала христијанска држава со "варварски" етноси кои заедно со домашното население зеле активно учество во преобразбата на робовладетелскиот систем кој веќе се наоѓал во фаза на исчезнување, и преобразбата на градската општина со сета нејзина структура која до тогаш претставувала стожер на тој систем. На повидок била новата општествена формација, - феудалната, чии односи постепено се формирале во овој период - поделба на власта, од Императоторот до неговиот последен чиновник, појава на сталежи, систем на општински организации, појава и развој на колонатот и тн. Така во исто време и на исто место се нашле два система и два света, еден антички, но не веќе во потполност робовладетелски, и друг "варварски", кој сеуште на станал феудален. И додека на Запад со сменувањето на Ромул Августул (476 год.) исчезнал титуларниот Император и Империјата, на нивните урнатини никнале новоформирани германски сојузи на племиња кои го пробивале патот до формирањето на своите политички творби, дотогаш на Исток текот на историјата зел друг правец.[206]

[206] История Европы. Том первый. Древняя Европа. 1988, 446-481; 594 - 617; 630-653; Historija čovječanstva. Kulturni i naučni razvoj. Svezak treći, knjiga prva, Velike civilizacije srednjeg vijeka. Prvi dio. Povjesni razvoj, Zagreb 1972, 36-39; 44-47; Семенов В.Ф. История средних веков, М., 1975, 10-30; Историја средњег века I, У редакцији А.Д. Удаљцова, Ј.А. Косминског и О.Л.

Ниту со пренесувањето на престолнината на Исток за време на Константин I (324-337), ни со поделбата на Империјата во времето на Теодосиј I (379-395), не се одело на свесно напуштање на Западот. Западниот дел на Империјата за Императорите и политичката традиција на Источното Римско Царство не престанал да постои ни после 476 година. Моменталното пренесување на тежиштето на државата во источниот дел на Царството било условено, во почетокот, од економските и стратегиските цели. Развиениот и стопански стабилниот дел на Царството со помногубројно население и со уште недопрена депресија после трансформацијата на системот на трговско – занаетчиските центри, бил во постојана опасност после третиот век, од една страна од зафатените со миграции племиња, и од се поголемата моќ на Сасанидска Персија од друга страна. Всушност, сега, кога завршувала Антиката и почнувал раниот среден век, на границите на Европа и

---

Вајнштајна, Београд, 1969, 7-30; Brandt Miroslav, Srednjovjekovno doba povjesnog razvitka, Zagreb 1980, 13-48; Машкин Н.А. Историја старог Рима, НК, Београд, 1968, 485-497; 500-501; Lisičar P. N.d., 431-447; 465-478; 485-508; Ростовцев М. Н.д., 242-244; 249-290; 313-314; 333-352; 365-384; 417-469; 478-494; Микулчиќ И. Непознат антички град кај Мојно, 326-346; Ibid. Доцноримски гробови од Скупи, 109-141; Щукин М.Б. Н.д., 170-175.

Азија слично како и во периодот на тнр. Хеленизам, исто такапредизвикан од трансформацијата на системот по деградацијата на античкиот град и полисната идеологија, повторно ги вкрстиле копјата, сега епигонските наследници на Ахеменидите и Рим. Како што со тек на време се менувала робовладетелската држава на Партите, во феудална Персија слична трансформација доживеало и Источното Римско Царство, претопувајќи се постепено во феудална Византија.[207]

Стратешката улога на пренесувањето на тежиштето на државата на Исток, со време гидонесла и првите резултати. Германските племиња, како што веќе беше покажано, напуштајќи ги од порано своите дотогашни населби, кон крајот на III век п.н.е., веќе биле во Подунавјето. Нивните северни роднини, Готите, напуштајќи го јужниот дел на денешна Шведска веќе во I век н.е. го населиле крајбрежниот дел на Балтикот, населен во тоа време со источни Германи - Вандали, Гепиди и Бургунди. Движејќи се постепено кон Дунав и Рајна, дел од источните Германи го напушта Балтикот додека Готите се упатуваат на југ, пристигнувајќи на бреговите на Црното

---

[207] Удаљцов А.Д., Космински Ј.А., Вајнштајн О.Л. Историја средњег века I , 139-141; Оболенски Д. Византијски конвелт. Београд 1991, 22-25; Острогорски Г., Историја Византије. Књига шеста. Београд 1969, 48-70. Семенов В.Ф. Н.д., 91-93; Brandt M., N.d. 69-78; Historija čovječanstva III, I, 54-58.

Море во III век од н.е. и создавајќи тука моќен сојуз.[208]

Во исто време, во III век п.н.е. дошло до обединување на Хунските племиња кои ја потчиниле степската област од Ханган до Тијан Шан, меѓутоа, во војните со Кинезите од 133 до 97 год. п.н.е. биле разбиени. На овие простори, всушност, спротивностите помеѓу земјоделците и сточарите предизвикувале постојани судири кои во периодот од III до V век биле крајно изострени. На одбранбената линија биле Кинезите, Хуните и Тибетците. Кинеската политика во северозападните провинции, како и политиката на нејзиниот пандан на Запад, Римската Империја, обете водени од идејата за општа заштита, ги населувала (Кина) Хуните на своите граници за да ја штитат од другите номадски племиња. После поразот од Сјанбијците (235 год.) хунскиот племенски сојуз се распаднал на четири дела. Дел од Хуните кој не сакал да се потчини ја напуштил старата татковина и преку денешниот Казахстан се отселил во областите помеѓу Урал и Волга и тука се помешал со месните угарски племиња прифајќајќи ја сарматската култура. Ова заедничко испреплетување на хунскиот и угарскиот етнос и прифаќањето на сарматската култура придонесле да се појави сосема нов - гунски етнос, кој во 375 година поминувајќи ја реката Урал ја

[208] Буданова В.П. Передвижения готов в северном Причерноморье и на Балканах в III в. (По данным письменных источников) // ВДИ, 2, 1982, 156-174; Ibid. Готы в эпоху великого переселения народов. М., 1990, 72-121; Щукин М.Б. Н.д., 190-197; 244-249.

започнал ерата на Големата преселба.[209]

Овој моќен Гунски сојуз ги протерал Аланите во Панонија, а потоа се насочил кон Готите, кој исто така ги разбил. Еден дел од разбиените Готи, и понатаму останал околу црноморските степи, додека другиот дел Гуните го повеле со себе создавајќи во Панонија, на Тиса - центар на моќниот племенски сојуз од каде се преземани реиди се до западните граници на Империјата каде

---

209 Го сметам за сосема правилен ставот кој советската историографија на предлог на К.А. Иностранцев го усвоила, нарекувајќи го западниот дел на Хуните, чија етничка и културна структура се изменила, како "Гуни", за разлика од Источните за кои и понатаму останал стариот назив Хуни.

Гумилев Л.Н. Хунны в Китае. СПб, 1994, 13-17; Артамонов М.И., История Хазар, Л., 1962, 40-43; 42 бел.3; Historija čovječanstva III, I, 33-36; Brandt M., N.d. 18-20; 25-27; 41-43.

Нешто поинакво мислење за Гуните (Хуните) застапува Г.В. Хаусиг во статијата: "К вопросу о происхождении гуннов" // ВВ, 38, 1977, 59-71. Според него, Хуните како дел од Хјунг - ну, поточно Турците Огури, претставувале претходница на Токус - Огузите. Овие Огури во областите помеѓу Или и Сир - Дарја ги примиле во својот сојуз меѓу другите и Оногурите и заедно со нив дошле до Црно Море каде штого разбиле готскиот племенски сојуз. Без оглед на опстојната анализа на античките, византиските, кинеските и турските извори, сметам дека авторот го превидел фактот дека Гуните се сосема нов етнос, впрочем како и многуте други за кои веќе се пишуваше. Буданова В.П. Передвижения готов в северном Причерноморье и на Балканах в III в. (По данным письменных источников) // ВДИ, 2, 1982, 156-174; Ibid. Готы в эпоху великого переселения народов. М., 1990, 72-121; Щукин М.Б. На рубеже эр, 190-197; 244-249.

сојузничките одреди на Гуните на Каталаунските полиња во 451 година се судриле со римските федерати под Аекиј. Составот на војските во битката бил следниот: во римската се бореле покрај Гало - Римјаните - западните Готи, Бургундите и Франките, кои ја сочинувале главнината, додека во војската на Атила, покрај Гуните биле уште - источните Готи, други помали источногермански племиња, како и делови на "словенски" и "сарматски" племиња од Панонија и југоисточна Европа.[210]

Освен ова спомнување на Словените, има навестувања кај Приск дека во оној котел од етноси во Панонија биле и Словените. Ова навестување е настанот кој се однесува на

[210] Удаљцов А.Д., Косминскиј.А., Вајнштајн О.Л. Историја I, 43-44; Семенов В.Ф. Н.д., 28-29; Historija čovječanstva III,I, 33-36; Машкин, Н.д., 520; Колосовская Ю.К. Некоторые вопросы истории, 160 заб. 60,62, напоменува дека уште од поодамна е пишувано за некои племиња кои живееле на овие простори и влегувале во "сарматскиот" или некој од "германските" сојузи, па може да се смета дека им припаѓале на некој од етносите кои подоцна ќе го понесат словенскиот етноним. Како потврдување на ова нејзино мислење можат да послужат и зборовите на Јорданес, кој познавајќи ги приликите и карактерите на етносите на тие простори, забележал: "ведъ все знают и обращали внимание насколько в обычае у племен было перенимать имена: у римлян - македонские, у греков - римские, у сарматов - германские. Готы же преимущественно занимают имена гуннские" (160 заб. 61), а бидејќи од миграциите подоцна биле зафатени и Словените, во многу места на Европа можат да се проследат нивните називи и до преселбите на историски регистрираните Словени (164 заб. 83).

448 година кога Приск како член на византиската дипломатска мисија одел во Атилиниот штаб. На патот од Ниш кон Дунав (станува збор за гунска територија), мисијата била префрлена со моноксили преку реката. Одејќи понатаму во внатрешноста, во местата каде престојувале пратениците, ова Приск особено го нагласува, пратениците за храна добивале просо, а за пиење - медос (медовина).

Во Атилината "престолнина", додека Приск чекал за прием, бил изненаден од некој "варварин" кој го поздравил на грчки. Изненадувањето било толку поголемо бидејќи се знаело дека во овие краеви **lingua franca** покрај гунскиот јазик бил уште и готскиот и евентуално латинскиот, додека грчки освен источноримските заробеници, никој не зборувал, а разните "варварски" етноси меѓусебно се разбирале на своите мајчини јазици. Меѓутоа, во најновите истражувања Л.А. Гиндин и А.Б. Иванчик, правилно заклучуваат дека во тие термини може да се најде секој еден неидентификуван етнос на тие простори, а не само Словените.[211]

[211] Гиндин Л.А., Иванчик А.Б., Приск// Свод древнейших письменных известий о славянах. Том I (I-VI вв), М., 1991, 84-96. Од своја страна во преводот и коментарот на Ф. Баришиќ за Приск (Византијски извори за историју народа Југославије. Том I, Посебна издања, књ. CCXLI. Византолошки Институт књ.3, Београд 1955, 7-16, понатаму ВИИНЈ), нагласува дека анонимниот етнос во Панонија е словенски, како во тоа време и врз основа на други извори се сметало. Меѓутоа, уверливата анализа на сите историски и јазични податоци кај Л.А. Гиндин и А.Б.

Како што се гледа од овие навестувања, од историскиот видокруг, барем за овој по ран период, Словените отсуствуваат. За тоа време Балканските провинции, вклучувајќи ја и Македонија, изложени се на варварските наезди на Готите и Гуните. Меѓутоа и покрај нивното разурнувачко делување, Имперјта нашла сили да го обнови севкупниот живот на споменатиот простор. Јасно за тоа сведочат, пред се, археолошките извори.

Зачестеноста на продорите на територијата на провинција Македонија од страна на "варварите" ги принудиле управните власти да се загрижат за нејзината заштита, па така во периодот од IV до VI век во оваа област обновено е или изградено повеќе од 300 утврдени места. Овие утврдувања и покрај тоа што биле изградени со цел да послужат за одбрана од непријателот и заради заштита на населението, имале различен карактер и функција: војнички, војно - цивилни и цивилни.

Јасно е дека месното, веќе разретчено, население се повеќе се повлекувало во градовите и тврдините, додека помалите тврдини и селското население биле препуштени на Готите кои како федерати се населувале по провинцијата. Така постепено се менувала и демографската ситуација, а за ова не придонесле само Готите, туку сите "варвари" кои проаѓале низ овие краеви. Не смее да се заборави дека тие останале околу три века и за тоа време

Иванчик, одат во прилог на нивната теза која во овој момент и на овој степен на знаење е поприфатлива.

комуницирале со месното население за што ни сведочат, пред се, правните извори каде суптилно е утврден статусот на војниците граничари и војниците по тврдините од што може да се заклучи дека во правен и финансиски поглед дошло до изедначување на војниците со селаните. А ова изедначување водело кон постепено бришење и на етничките разлики.[212]

Од регистрираните тврдини во провинција Македонија најбројни биле малите кастели, иако имало и помали каструми, што е уште едно сведоштво за замрувањето на градскиот начин на живеење, осиромашувањето на населението и постепеното враќање кон селскиот начин на живот. Кога на овие простори се појавила и почнала да живее, селската општина, буквално, уште била прикрепена

[212] Изедначувањето на населението на Империјата со "варварите" и постепеното бришење на етничките разлики помеѓу нив било предизвикано од историскиот процес низ цела Европа после Големата преселба. Разликите од место до место биле повеќе формални отколку суштински, бидејќи ја отсликувале ситуацијата на самиот терен. На Балканот "варварите" трајно не можеле да се наметнат со своите институции на родовско - племенската власт, меѓутоа, оставиле јасни траги и врз доцно римскиот правен систем, додека на Запад се наметнале нивните институции, па процесот на изедначување е завршен во периодот од VII до VIII век каде-што старото гало - романско население постепено е примано во германските заедници. Поопширно за ова во кн.: Шервуд Е.А. От англосаксов к англичанам. (К проблему формирования английского народа). М., 1988, 135-147, каде е на примерите на повеќе германски заедници покажано како постепено се одвивал процесот на "изедначување" на новото и старото население.

за ѕидините на урнатите градови, врз чии остатоци го поставила темелот на својот натамошен развиток.[213]

---

[213] Микулчиќ И.,Непознат антички град кај Мојно, 326-346; Ibid. За големината на доцноантичките градови во Македонија // Историја X-2, 1974, 347-368; Ibid. Топографија на Еу (да) рист. // Macedoniae acta archaeologica 1, 1975, Прилеп, 173-197, понатаму МАА); Ibid. Стибера. // Македонско наследство I/1, 1996, 17-35; Ibid. Варвари во Македонија во доцната антика (Литературни и археолошки потврди) // ГЗФФ 22 (48), 1995, 239-254; Ibid. Доцноримски гробови од Скупи, 109, 133, 141. Ibid. Kasnoantička utvrđenja u SR Makedoniji - pokušaj klasifikacije -.// Odbrambeni sistemi u praistoriji i antici na tlu Jugoslavije. Referati XII Kongresa arheologa Jugoslavije. Novi Sad 1984. Materijali XXII, Novi Sad, 1986, 101-122, bel.16, 19, 20, 21, 22, 23; Ibid. Старо Скопје со околните тврдини. МК, Скопје, 1982, 9; 39-41; 47-49; 58-64; Мано - Зиси Ѓ. Стоби, 1970-1972, // МАА, 1975,1, 199-211; Кепески К., Villa rustica, во Пештерица кај Прилеп, МАА, 2, 1976, 143-149; Кепески К., Северозападна некропола на Вилата рустика во Пештерица кај Прилеп // МАА - 2, 1976, 205-218; Кораќевиќ Д., Состојбата на археолошките ископувања на античкото Скупи // МАА, 2, 1976, 143-177; Мано - Зиси Ѓ., Стоби, -1970-1976 // МАА, 4, 1978, 81-87; Кепески К., Еден доцноантички гроб од село Старо Лагово - Прилепско. // МАА, 4, 1978, 151-157; Лилчиќ В., Доцноантичка утврдена населба кај Горно Нерези - Скопско. // МАА, 4, 1978, 227-233; Ibid. Научно истражувачки проект северо - западна Македонија во доцната антика и средниот век Полог, Кичевија, Порече. // македонско наследство I/2, 1996, 56-83; Алексова Б., Епископската базилика во Стоби во светлината на новите археолошки истражувања // МАА, 6, 1980, 83-94; Ibid. Крстовидната црква од Мородвиз // Историја XX/2, 1984, 379- 380, 388; Костић З. Преображај града у раздовљу V-VI столећа // Balcanica XXIV, Београд 1993, 33-47.

Во сите наведени трудови се следи појавата на декаденцијата што ги зафатила сите структури на

Новата општествена формација - феудалната, чии елементи постепено навлегувале во доцноантичкото општество менувајќи му ја полека структурата, почнале незабележано да се вовлекуваат и во структурата на племенските сојузи на Балканот, на лимесот и во широките пространства зад него. Племенските сојузи, кои се најдувале на различен степен на тнр. воена демократија, секој во зависност од степенот на развитокот на економските и општествените фактори, ја доживувале новонастанатата трансформација на општеството на свој начин. Кај готските сојузи на Балканот и готско - алано - германските сојузи во Панонија, особено по отфрлањето на гунската превласт, видливи биле се посилни траги на јакнењето на кнежевската власт, која се стремела од изборна да премине во наследна.

Гунскиот племенски сојуз на Запад се распаднал во исто време кога и сојузите на неговите азиски соплеменици. Ова хронолошко поистоветување во историјата на може да се објасни како случајност. Природните и историските закони потпомогнати од дипломатските акции на римската, персиската и кинеската Империја придонесле за потполно уништување на нивните противници. Од урнатините на гунскиот сојуз на Запад, се појавиле Словените, а на

општеството во III век од н.е. кога на очиглед исчезнувала античката градска општина, столб на робовладетелскиот систем низ вековите, и врз нејзините урнатини се појавувала новата селска општина која со време ќе стане стожер на новото општество.

## Исток - Аварите.[214]

[214] Гумилев, Л.Н. Хунны в Китае. СПб, 1994, 200-201. Племето кое што во европската историографија влегло под името "Авари" се викало "Вар" или подоцна "Псевдоавари". Вистинските Авари кои живееле на јужните граници на Хуните, после еден поход на Хевталитите (околу 460 година) се засолниле во Западен Сибир, истерувајќи го остаму племето Сабири (стариот назив за угарското население на Западен Сибир). Тргнувајќи на Запад, протераните Сабири ги истиснале од нивните поранешни живеалишта угарските племиња Сарагури, Оногури и Уроги, кои во 463 година го победиле гунското племе Акацири, кое било во сојуз со Источно Римската Империја. За да го стивнат гневот на Константинопол кон себе, овие три племиња во 463 година испратиле свои пратеници до Римјаните изјавувајќи дека сакаат да бидат во добри односи со Имеријата и да го заземат местото на Акацирите, како нивни сојузници.

За тоа време на Далечниот Исток се јавува нов моќен племенски сојуз на Тјуркутите. Ширејќи се кон запад, кон северните брегови на Аралското Езеро, Тјуркутите наишле на отпор на племињата Хуну, Вар и Угри. Разбиени во 558 година од Тјуркутите, остатоците од племињата Вар и Хуну (околу 200.000 воини) се слиле во еден Аварски етнос кој во почетокот се засолнил во црноморската зона. Наидувајќи на сродни етноси на себе, долго не му требало војнички да им се наметне и на тој начин за кратко време на тие простори да создаде нова воена сила што и се закanувала на Византија.

Сабирите, византиски сојузници, но и прва нивна жртва, ги сметале, заради името, за вистински Авари, нивните стари непријатели. Оваа грешка била судбоносна за нив. Вистинскиот идентитет на Аварите на Источно Римското Царство не му останал не познат, меѓутоа, тие во нив гледале само уште едно "варварско" племе што требало да се искористи во војните против Персија. (Гумилев Л.Н. , Древние Тюрки, М., 1993, 35-39; Артамонов М.И., Н.д. 61-78; 103-113.

## 3. Племенските сојузи зад Дунав и по населувањето на Балканот

Првото споменување на Словените под имињата кои во текот на историјата ќе се сметаат за нивни (без оглед што уште е спорно дали се етнички, племенски или географски) потекнува од источноримскиот хроничар Јорданес. Опишувајќи го доаѓањето на Готите и границите на Скитија, историчарот бележи: "... ab ortu Vistulae fluminis per immensa spatia venetharum natio populosa considet, quorum nomine licet per varias familias et loca mutentur, principaliter tamen Sclaueni et Antes nominantur.[215]

Во следната глава Јорданес детално ги опишува местата каде биле населени Словените и Антите, нагласувајќи при тоа: " ...quorum nomini licet per varias familias et loca mutentur..." што наведува на заклучок дека миграциите кај сите три словенски сојузи се уште траат.[216]

[215] Анфертьев А.Н. Иордан // Свод, 107 (I, 34).

[216] Анфертьев А.Н. Свод, види го наведениот коментар за ова прашање; Мишулин А.В. Материалы к истории древних славян. // ВДИ, 1 (14), 1941, 231-232; Иордан. О происхождении и деяниях Гетов. Getica.Вступительная статья, перевод, комментарий Е.Ч. Скржинской. М., 1960,

На крај, и другите извори сведочат дека регионот Карпатите бил населен од Словените во време на миграциите. Така во **Getica**-та на Јорданес на повеќе места се говори за миграциите на Готите, па се добива погрешен впечаток дека тие постојано ги менувале своите места на престојување, додека другите племиња имале трајни населби. Меѓутоа, токму тоа и го натерало Л.А. Гиндин да спроведе детална анализа на текстот од 35 глава на **Getica**-та и да го спореди со текстот на Прокопиј во "Готските војни" (VI, 15, 1-2). Овој научник го забележал следново: во почетокот на 35 глава на **Getica**-та се вели дека "Словените престојуваат (се наоѓаат)..." за што е употребен глаголот **commoror (verb. depon.)** кој буквално значи "да се успори, да се задржи" (од гл. **moror** - " се двоуми, не се брза", што значи "времено живее, населен е)", додека опишувајќи ги Гепидите и другите племиња ги употребува глаголите: **resident** "седат, се наоѓаат", **(hi)vivunt** "живеат", **inhabitant** "населени се, живеат". Според тоа, употребата на формата **commorantur** кај Јорданес му одговара на медиалниот перфект *ἱδρυνται* кој Прокопиј три пати го споменува во смисла "се наоѓаат, престојуваат, седат" како синоним за *νεμονται* "престојува" опишувајќи го на

71-72. Види ги наведените коменари во текстот за ова прашање; Йорданес. Увод, превод и бележки от В. Бешевлиев и Г. Цанкова-Петкова. // Латински извори за българската история I. БАН, София 1958, 336.

тој начин нестабилниот живот на Словените секогаш готови да се дигнат, да го поминат Дунав и да ја нападнат Империјата. Територијата што ја опишуваат двајцата историчари, всушност била областа на последното словенско раселување и регионот каде што за прв пат во историјата тие се појавиле под своето име и каде што се наоѓал ареалот на прашко - корчакската култура.[217]

Од овие области (Карпати, Закарпатје и Прикарпатје) почнува населувањето на Балканскиот Полуостров од Словените за што ни сведочат историските, јазичните и археолошките податоци.[218]

---

[217] Гиндин Л.А., Роль Карпат в этногенезе славян. Синтез филологических, археологических и лингвистических данных // VI Международный конгресс славянской археологии. Прилеп, Югославия, 1990. Тезисы докладов подготовленных советскими исследователями. М., 1990, 17-19; Ibid. Значение лингво - филологических данных для изучения ранных этапов славянизации карпато - балканского пространства // Этносоциальная и политическая структура раннефеодальных славянских государств и народностей. М., 1987, 23-25. Преместувањата на "варварите" биле самостојни или според волјата на императорите. Ibid. Проблема славянизации карпато-балканского пространства в свете семантического анализа глаголов обитания у Прокопия Кесарийского // ВДИ, 2, 1988, 174-176 заб. 3, 5, 6, авторот приметува дека словенизацијата на Балканските провинции во зависност од конкретните историско - етнолошки состојби на овие географски региони одела по етапи на одделни словенски групи, а понекогаш и на цели покрети. Седов В.В. Славяне в древности, 290-296 заб. 6.

[218] Гудкова А.В., Группа венедов в низовях Дуная // VI

Преселувајќи се, или поточно, движејќи се постепено, Словените не ги одбирале туку така своите територии за време додека таму живееле. Истражувањата на Л.А. Гиндин убедливо ни покажуваат дека Словените постепено мигрирале кон своите нови области, одбирајќи ги притоа сосема внимателно просторите што требало да ги населат. Дека е тоа точно, покжал при својата работа врз Прокопиевиот Index, и С.А. Иванов. Тргнувајќи во истражувањата од мошне познатиот екскурс на Прокопиј за Словените (BG, VII, 14, 24) каде точно стои: "Живеат во сиромашни колиби, многу оддалечени едни од други, и секој од нив по неколку пати го менува местото на живеалиштето",[219] или, според рускиот превод на С.А. Иванов:" Они живут в жалких землянках, расселенные далеко друг от друга, причем каждый как можно чаще меняет место обитания". С.А. Иванов забележува дека земјата на Словените, (за разлика од номадите на кои земјата им била само објект за време на преместувањата) им била животна средина и место каде се извршувале стопанско - културните дејности. И не само тоа, начинот на живот на Словените се разликувал во некои сегменти од животот на останатите "варвари", па затоа Прокопиј, според ромејските мерила, ги рангирал приближно до

Международный конгресс славянской археологии, 20-23.

[219] Баришић Ф., Прокопије (BG, III, 14, 24), // ВИИНЈ, I/3, 27-28, бел.28-29.

Персијанците.[220] На тој начин тие постепено ја менувале и ја делеле на помали јадра како што било поделено и нивното општество.[221] А единствен начин на кој општеството можело да биде поделено во тоа време било големото патријархалн семејство, кое било во состојба самостојно да управува со своите стопански богатства. Единствено со што не можела себе си да се обезбеди големата фамилија, биле некои занаетчиски производи, како што не била во состојба да си го заштити и имотот, па заради тоа морало да дојде до покрупни обединувања. Бидејќи родовското општество како фаза на првобитната заедница веќе било надминато, преостанувало овие големи патријархални семејства да се обединат во територијални општини. За разлика од родовско - племенскиите затворени заедници, општината била отворена и поприемчива за инородните

---

220 Иванов С.А. Прокопий о славянском "образе жизни" *διαιτα* // Античная балканистика. Карпато - балканский регион в диахронии. М., 1984, 14-15.

221 Иванов С.А., Материалы для Index Procopiana I. *Χωροσ*. // Этногенез народов Балкан и Северного Причерноморья. Лингвистика, история, археология. М., 1984, 76-8; Гиндин Л.А. Проблема славянизации, 174, 178, 180 заб. 8, што значи, според Прокопиј, тие се во фаза на преселби (180 заб. 9, 10), а бидејќи како воен историчар не го интересирала нивната праисторија, од неговите дела се добива впечаток дека Словените и Антите од неодамна се појавиле во сферата на интересите на Империјата, а со самото тоа и на историската сцена (181); Гиндин Л.А. Значение лингво - филологических данных, 24-25.

елементи кои придонесувале за побрзото мешање на населението. Општината постепено се преобразувала и станувала територијална, а племињата кои произлегле од оваа организација претставувале обединети општински населби со сопствена самоуправа, обединувајќи се по потреба во поголеми или помали сојузи чиј карактер се менувал во зависност од историските прилики.

Овие етнички заедници во кои се појавила општа самосвест, идентична култура, заедничка традиција и ист јазик, постепено израснувале во периодот на долгото заедничко живеење на иста територија и добивале подлабоки заеднички врски. На ваква слика на словенските племиња и племеските сојузи наидуваме и кај Јорданес и кај Прокопиј.[222]

---

[222] Баришиќ Ф., Прокопије (BG,III,14), ВИИНЈ, I/3, 23-31. Екскурсот за Словените, нивниот начин на живот, обичаите, војувањата, како и расказот за правиот и лажниот Хилвуд се одвиваат на историската сцена пред нас онака како што било и тогаш. Иванов С.А.; Гиндин Л.А., Цымбурский В.Л. Прокопий Кессарийски. // Свод I, 177, заб. 18. Јасно се гледа од текстот на Прокопиј дека Словените и Антите посебно се претставени и дека и едните и другите претставуваат големи заедници најверојатно поделени во општини со сопствена територија и сопстено име, кои меѓусебно и војувале за што ни зборува и расказот за лажниот Хилвуд(218, бел. 59-60). Уште еден детал кај Прокопиј: "... стали собираться почти все анты, (ибо) они считали это общим делом...", "... ќе се соберат заради тоа скоро сите Анти и ќе оценат дека работа има заедничко значење..." (ВИИНЈ I/3, 25), наведува на помисла дека племенското собрание

## Борбите што Империјата ги водела со Антите и Словените

(збор, скупштина) и во средината на шестиот век уште претставувало виш орган на власта кој донесувал одлуки (219, бел. 63), што произлегува и од понатамошниот текст: "... Ведь племана эти, склавины и анты, не управляются одним человеком, но издревле живут в народовластии, и оттого у их выгодные и невыгодные дела всегда ведутся сообща". (220, бел 65,66); "... Бидејќи со овие племиња со Словените и со Антите не управува еден човек, туку од многу одамна живеат во демократија и затоа кај нив на заедничките собранија се свршуваат како поволните така и неповолните јавни работи". (ВИИНЈ, I/3, 25-26).

Што се однесува, пак до екскурсот за Словените, тоа што С.А. Иванов го превел како: "Они живут в жалких землянках...", кај Л.А. Гиндин и В.Л. Цимбурскиј (Свод I), С.П. Кондратјев (Война с Готами, М., 1950, 297) и кај Ф. Баришиќ (ВИИНЈ I/3, 27-28) е слично преведено како: "... а живут они в жалких хижинах...", "...живеат во бедни колиби...", со тоа што Л.А. Гиндин и В.Л. Цимбурскиј во коментарот (233-234 бел. 81), забележуваат дека имаат во вид "полуземлянки с двускатными крышами, прослеживаемые археологически в Левобережном Подунавье", а кај Прокопиј се опишани како καλυβη "...потому, что напоминало ему палатку, как внешне, так и - с точки зрения ромеа - по неудобствам". (Види кај Седов В.В. Происхождение и ранняя история славян. М., 1979, 114-115), како се градени словенските куќи како и статијата на Гиндин Л.А., Калужская И.А., Вновь о слав. *koliba // Советское славяноведение, 1987, 1, 68-75). И повторно фразата :"... сидят бесчисленые племена антов", "... безбројни племиња на Антите...", (ВИИНЈ, I/3, 34-35, заб. 54), правилно е протолкувано како заедница на повеќе помали етносоцијални сојузи (Свод I, 210, заб. 206), што оди во прилог на горе наведеното тврдење дека племињата биле составени од фамилии кои ја сочинувале општината. Мишулин А.В. Матиериалы, 234; Гиндин Л.А. Проблеми славянизации, 179-181; Ibid. Значение лингво - филологических данных, 25.

не биле значајни само како воjнички реиди од чии опустошувања страдале балканските краеви, туку напротив, императорите си поставиле задача да ги задржат овие варвари што е можно подолго на дунавската граница. Империјата за таа цел ги користела сите расположливи средства, војската, дипломатијата, парите; меѓутоа, успесите биле делумни и краткотрајни. Сепак, тоа не го оневозможило Јустинијан I (527-565) кој се сметал за обновувач на единствената римска моќ, себе си да си ги припише меѓу другите титули и титулата "Антски," титула која останала во званична употреба до Ираклиј.[223]

Војничките успеси на Империјата и на Исток и на Запад биле краткотрајни. Во овој период ослабената Персија и уште не консолидираниот Готски сојуз во Италија, не биле прави непријатели на Источната Римската Империја, многу по опасни биле номадите кои продирале од степите на Црното Море - Кутригурите, Утигурите и Аварите. Стремејќи се да се ослободи од притисокот на тој дел од границата, на Јустинијан I му пошло од рака да ги скара

[223] ВИИНЈ I/3, 146 (Ускршњаљ хроника. Анти у Јустинијановој титули. Ф. Баришић); СводI, 260-264. Анты в титулатуре византийских императоров - С.А. Иванов). Оваа титула, како впрочем и останатите во таа низа претставувале дел од царската пропаганда и ги означувале етносите и земјите покорени и освоени, некогаш краткотрајно, меѓутоа, во титулатурата пренесувани од еден император на друг без оглед на вистинската состојба.

Кутригурите со Утригурите. Нивната борба била долготрајна, а нејзините плодови ги искористиле Аварите. Во овие борби настрадале и Антите, па целиот тој дел околу Црното Море и Подунавјето потпаднал под Аварите до нивното преминување во Панонија. Преминувајќи во Панонската Низија Аварите таму ги "потчиниле", меѓу другите, и Словените. Ова "потчинување" не смее да се сфати буквално, бидејќи ако се земе во обзир малобројноста на аварската хорда, тогаш може да се претпостави само сојузнички однос. Впрочем, тоа не било ништо необично за степските номади, кои и во Азија меѓусебно засновале такви односи, бидејќи било многу поважно како владеачката хорда е поставена спрема останатите; на тоа се темелел нејзиниот опстанок, како физичкиот, војничкиот, така и управниот.[224] И Гуните пред

[224] Гумилев Л.Н. Хунны в Китае. СПб., 1994, 13 бел. 24. "...За трехтысячелетнюю историю кочевой культуры племена то обьединялись в разных комбинациях, то дробились на реликтовые этносы, то исчезали полностью, причем составляющие их люди входили в состав других племен. В первом случае подчиненное племя принимало на себя фумкции податного сословия; во втором - возникало состояние социального застоя, што в аспекте географии определяется как этноландшафтное равновесие; в третем случае инкорпорация иноплеменников вела к социальной перестройке принявшего их племени в союз племен или орду, т.е. специфическую форму военной демократии в кочевом обществе. Социальная история и этнография в историческом синтезе не подменяют одна другую, а освещают предмет в разных аспектах".; Гумилев Л.Н. Древние Тюрки. М., 1993, 35-39, бел. 49; 47-49; 138 бел.

нив и Аварите после, доста добро го знаеле тоа,па тој однос се задржал до крај на нивното документирано постоење.[225]

12; 160, 182, 193, 202, 203; Гумилев Л.Н. Тысячелетие вокруг Каспия. М., 193, 174-180; Артамонов М.И. История Хазар. Л., 1962, 103-113, "...сила авар заключалась не столько в них самих, сколько в тех племеннах, которые им удалось объединить частью путем завоевания, а частью в качестве союзников. О составе аварского войска можно судить по составу пленных, захваченных византийской армией во время одного из немногих удачних походов против них. В 601 г. имперская армия перешла Дунай и в двух сражениях на р. Тиссе разгромила аварские ополчения. Среди захваченных пленных только пятая часть была аварами, половина их состояла из славян, а остальные из разних "других варваров". (111, бел. 37).

[225] Артамонов М. И. Н.д., 111, бел. 38, 39, наведува дека Византијците биле свесни за односот на силите во самиот каганат, бидејќи при склучувањата на мировните договори, како заложници ги земале не само децата на аварскиот каган, туку и децата на "скитските" (словенските) кнезови, јасно ставајќи им на знаење, дека без оглед на вољата на каганот за нарушувањето на мирот, овие кнезови на тоа ќе се спротивстават. А тоа биле заправо тие кнезови (племенските главатари), кои и самиот каган Бајан ги сметал за сојузници, а кои во каганатот го заземале второто место после неговите Авари, а од кои и тој се плашел, бидејќи во случај на било каков неуспех, знаел што го чека. Иванов С.А. Понятия "союза" и "подчинения" у Прокопия Кесарийского // Этносоциальная и политическая структура раннефеодальных славянских государств и народностей. М., 1987, 27-32. Според тоа, за Прокопиј, сталежот на кој му припаѓал, времето во кое живеел, и најверојатно, и за дел на "варварите" за кои пишувал, терминот "сојузници" бил толкуван не само во воената туку и во политичката

Меѓутоа, многу по значајно е да се определат населбите на Венедите, Словените и Антите, бидејќи нивните продирања оставиле трајни обележја на Балканот. Бидејќи историјата не ни ги сочувала поранешните етноними, не се знае да ли овие етноними се на поединечни родови, братства или племиња. Кога во периодот на VI век стапуваат на историската сцена под овие имиња, претставуваат поголеми заедници, меѓутоа, заради недостиг на историски извори, а врз база на аналогии со Антите и подоцна со Балтичките Словени, овие заедници се наречени племенски сојузи. Во племенскиот сојуз, по правило, врховната власт била во рацете на еден кнез, така што изворите за Венетите, Словените и Антите не споменуваат дека овие биле потчинети на еден водач.[226]

---

сфера како сојуз на "варварските" општества со Империјата и подразбирал полна политичка независност. Спротивно, статусот на "подчинети" се карактеризирал со следните обележја: 1) плаќање на данок; 2) несамостојност при изборот на владетел и 3) должност заеднички да се настапува во воен поход. Имајќи го ова во предвид, јасно е зошто во византиските извори стои дека Словените биле "подчинети" од Аварите, додека правата ситуација била сосема поинаква, за што биле свесни и самите Ромеи, меѓутоа, не можеле во излагањата да ја одбегнат званичната дипломатска терминологија на своето време. Овој вид термини датира уште од периодот на Римската Република и нејзиниот однос спрема "варварскиот свет". (В. Колосовская Ю.К. Некоторые вопросы истории, 146-147).

[226] Овде ќе го изземам антскиот "вожд Боз", бидејќи се уште не е утврдено ни името ни статусот кој го имал кај

Исто така се уште се кршат копјата околу потеклото на имињата, – дали тие сами така се нарекувале или така ги нарекле соседите.[227]

Етнонимот Венети кој се однесува на етносот кој за време на Големата преселба добил словенско обележје, бил распространет во басенот на Одра и Висла. На овие простори овој етнос останал до продорот на Готите.[228] Готите ги потиснале Венетите на север и југоисток, но, најверојатно не сите, што е и логично во тоа време; за ова сведочат и подоцнежните називи на Западните Словени.

---

Антите.; ВИИНЈ I/3, 25–26, 30 (Прокопиј); 86, 87 бел. 2, 3 (Менендер); Свод I, 183 бел. 65, 66 (Прокопий); 317 бел. 15, 16, 17, 18, 19 (Менендр Протектор).

227 Според О.Н. Трубачов етнонимите Венеди и Анти се добиени од соседите, додека Словени сами се нарекле. Трубачев О.Н. Этногенез и культура древнейших славян. М., 1991 34–49; Ibid. Из исследований по праславянскому словообразованию: генезис модели на -eninъ, * janinъ. // Этимология 1980. М., 1982, 13. По подробно за ова во: Словарь русского языка XI–XVII вв. М., 1975, вып. 1, 90; Словарь русского языка XI–XVII вв. М., 1980, вып. 7, 175; Фасмер М. Этимологический словарь русского языка. Том III. М., 1971, 664–666.

228 Овде ги наведувам само Готите, бидејќи тие стоеле на чело на сојузот кој управувал со миграциите на Германите од Скандинавија. Витчак К.Т. О первоначальных венетах // Этимология 1986–1987. М., 1989, 107–114, расправа за овој етноним кој го носат повеќе племиња кои се разликуваат како по јазиците така и по географските региони каде се сместени. Едни од нив се и Словените (111, 112); Седов В.В. Славяне в древности, 136–147; 222–231; Щукин М.Б. На рубеже эр, 239–249.

Поаѓајќи на североисток, Венетите ги "покориле". Словените, па сега соседите почнале Словените да ги нарекуваат Венети.

Словенскиот етноним и етнос бил распространет на југ и југо - запад до реката Сава и езерото Балатон, на север до Висла, (додека во одредени места околу басенот на Лаба и Припетските мочуришта), а на исток до Днестар. Најстарите словенски археолошки споменици се од Моравија (крај на IV век и почетокот на V век). Историските извори Словените ги поврзуваат со Венетите, а на повеќе места дури и ги поистоветуваат. Со самото тоа, терминот Словени е не само општ, туку и единствен што ја поврзува етничката самосвест на сите етноси кои со време ќе го понесат тоа име.

Претставниците на третиот словенски етноним и етнос, - Антите, како археолошка култура можат да се следат од III век во составот на Черњаховската култура. Ареалот на нивното распространување се протегал од Дунав до Азовското Море населувајќи го на тој начин југоисточниот дел на словенската територија.[229]

---

[229] Агеева Р.А., Страны и народы : происхождение названий, М., 1990, 24, 32; Трубачев О.Н., Этногенез и культура, 34-49, со сета навадена литература таму. Седов В.В. Славяне в древности, 233-282; Ibid. Анты // Проблемы советской археологии. М., 1978, 164-173; Ibid. Анты // Этносоциальная и политическая структура раннефеодальных славянских государств и народностей. М., 1987, 16-21.

Веќе беше речено дека Дунавскиот лимес служел како брана од се почестите навлегувања на "варварите" на територијата на Империјата. Овој одбранбен систем изграден и чуван од времето кога римската војска не била во можност активно да ја брани границата, а обновен во периодот на најмасовните навлегувања на Словените и на другите "варвари" од левиот брег на Дунав не бил секогаш во состојба да одговори на поставените задачи, меѓутоа, улогата што му била наметната во овој период ја исполнувал.[230] Истражувањата на С.А. Иванов[231] покажаа дека најзагрозениот дел на лимесот бил секторот 27 околу устието на Тимок. Овој премин бил користен не само за време на реидите, туку и во време на трајното населување на Балканот, факт што јасно покажува дека Словените биле господари на територијата од другата страна на Дунав во периодот од почетокот на VI до средината на VII век.

Друг премин што Словените го користеле во времето на преминувањето на Дунав бил секторот 30 што се наоѓал помеѓу Оршава и Турну Северин.

И на крај, третиот, според загрозеноста, премин, бил

[230] Максимовић Љ. Северни Илирик у VI Веку // ЗРВИ, 19, 1980, 20-21 заб. 12, 12а, 13, 14, 15; 22-23; 25-32; 34-43; Иванов С.А. Оборона Византии, 37-53.

[231] Иванов С.А., Оборона Византии и география "варварских" вторжений через Дунай в первой половине VI в.//ВВ, 44, 83, 1983, 27-47.

секторот 20 во устието на реката Искар од каде бил отворен патот за Сердика (Софија) и Филипопол (Пловдив), додека границата на провинцијата Мала Скитија одамна престанала да функционира како таква. Засилена фортивикациона активност на овој сектор била преземена за време на цар Маврикиј (582-602),[232] меѓутоа, тоа битно не ја изменило ситуацијата на теренот бидејќи иницијативата веќе била во словенски раце.

Овие истражувања покажуваат дека Словените за време на навлегувањата и подоцнежните населувања најмногу ги користеле правците што биле користени од порано и на кои одбранбениот систем, негде повеќе, негде помалку, веќе

---

[232] Иванов С.А., Оборона, 41-47; Според Прокопиј: "... дури и името на Словените и Антите (Σκλαβηνισ τε και Ανταισ) во дамнешно време било заедничко. Бидејќи некогаш и едните и другите се викале Спори и тоа мислам затоа што местимично разместени го населуваат земјиштето. Заради тоа и живеат на пространо земјиште. Затоа најголемиот дел од другиот (левиот) брег на Дунав го држат, всушност тие (αυτοι)", (ВИИНЈ, I/3, 30, заб. 38), овие вести само потврдуваат дека Словените и Антите веќе подолг временски период господареле со пограничната територија на левиот брег од Дунав. И Ђ. Јанковић, Трагови Ромеја у словенском насељу Кула // Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп, 1986, 105-107, бел.1, 4, 15, во своите истражувања доаѓа до слични податоци како и С.А. Иванов дека словенските навлегувања на територијата на Империјата се преземаат од наведените сектори, додека врз база на археолошкиот материјал авторот заклучува дека Словените во освоените области живееле заедно со месното население; ВИИНЈ I/3, 30-31; Гиндин Л.А. Проблема славянизации, 174; 179-182.

бил пробиен. Причина повќе за користење на овие правци била и близината на словенските, венетските и антските населби на левиот брег на Дунав.

Од наведениве податоци може да се заклучи дека Балканскиот Полуостров, а најпосле и Македонија била населена од словенските племиња од сите три заедници. Уште кај Јован Ефески (506-507 или 505-585-586) наоѓаме дека Словените навлегувајќи на територијата на Империјата, во времето на владеењето на Тиберij I Константин (578-582), 581 година "... они растеклись по земле и живут по ней и теперь распространились по ней...", за да продолжи уште по жестоко: "...И вот, даже и доныне, до 895 года, они располагаются и сидяат в этих ромейских пределах. Без заботы и страха захватывают пленных, убивают и жгут. И они обогатились и приобрели золото, и серебро, и табуны лошадей, и многа оружия. И они выучились воевать лучше, чем ромеи, (они), люди простые, которые не осмеливались показаться из лесов и защищонных деревьями (мест) и не знали, что такое оружие, кроме двух или трех лонхидиев а именно это - мететельные копья".[233] Не осврнувајќи се на стереотипот што ја следи старата историографија за "варварите", овде е важен фактот дека тие веќе четири години живееле на

[233] Свод I, 279, бел.21, 26, 27, 28, 29 (Иоанн Эфесский, ком. Н.И. Сериков).

ромејска земја,[234] т.е. во периодот од 581 до 584 година. Периодот од 584 година, главно од времето на преземањето на власта од страна на Маврикиј (582-602), изобилува со податоци за непрекинатите борби на Словените и Аваро-Словените со Ромеите.[235]

Имено, источноримските историчари биле запознати со Словените и со Антите пред се, така што нивните податоци обилуваат со информации за начинот на живот, социјалната структура, битот и војувањето. По Прокопиевиот екскурс за Словените, најопширни податоци за нив најдуваме во IV глава од XI книга на Маврикиевиот "Стратегикон". За разлика од Прокопиј кај кого Словените обично се непријатели, а Антите сојузници на Империјата, во "Стратегиконот" и двете групи се непријателски. Исто така, значајно е и тоа што под терминот τα εθνη историчарите подразбирале - посебни етносоцијални организми, сојузи на племиња што всушност, Словените и Антите и биле во моментот на стапување на сцената на воените акции во Маврикиевиот "Стратегикон". Во "Стратегиконот" јасно стои (а потврдено е и кај

---

[234] Исто, 280, бел.7; Barišić F., Proces slovenske kolonizacije Istočnog Balkana // Simpozijum. Predslovenski etnički elementi na Balkanu u etnogenezi Južnih Slvena. Održan od 24-26 oktobra 1968 u Mostaru. Posebna izdanja, knj.XII, CBI, knj.4. Sarajevo 1969, 21-22.

[235] ВИИНЈ, I/3, 85-172; Свод I, 256-399; Barišić F., N.d. 21-24.

поранешните автори), дека основните занимања на Словените пред се им биле земјоделството и сточарството. Нивниот живот, без оглед на честите реиди на територијата на Империјата, главно бил стациониран, за што сведочи и материјалната култура, а пред се видовите на населбите. Овие населби влегувале во територијалните селски општини кои биле потчинети на општинскиот старешина кој во случај на војна обично командувал со народната војска. Со оглед на тоа дека многу често војувале меѓу себе, сето свое богатство го закопувале и ништо повеќе од она најпотребното не држеле кај себе. Големината на овие селски општини се движела обично од 10-15 домови, што припаѓале на патријархалните фамилии кои биле сочинети од три и повеќе поколенија на потомците на еден татко. Овие големи фамилии влегувале во составот на општината, заеднички ја обработувале општинската земја, за што сведочат јамите за чување на зрнестата храна како и заедничките места за чување на орудијата за обработување на земјата и другите потреби. Всушност, така изгледаат "местата за живеење" за кои што известува Маврикиј.[236]

[236] ВИИНЈ, I/3, 130-133; Свод I, 369, заб.13; Тимощук Б.А., Восточнославянская община VI-X вв. н.э. М., 1990, 20-24, (со сета наведена литература).

Овде ќе направам мал екскурс. Ќе се вратам на статијата на проф. И. Микулчиќ, "Непознат антички град кај Мојно" кој егзистирал од железната епоха до доцната антика. Заправо овде, многу суптилно можат да се

Во селските општини од овој вид, роб можел да биде само странец и тоа само до моментот на исплаќањето на откупот, а после тоа, можел да бира - да замине или да остане како полноправен член на заедницата. А "странец" можел да стане секој во родо - племенското општество доколку, во однос на потесната група во сојузот на племињата, или дури и во сопствениот род, ги прекинал сите односи со своите. И додека неговиот род можел да го исклучи од заедницата, друг род можел да го адоптира како полноправен член на својата заедница. Системот на адопција овозможувал побрзо и помасовно примање на инородни елементи во сопствената средина и бришење на разликите измеѓу "своите" и "туѓите".[237]

---

споредат живеалиштата од доцната антика со оние на Словените. И во Мојно во периодот од III до IV век се евидентирани живеалишта на поголемо патријархално семејство, како впрочем што се и словенските зад Дунав, па во времето кога Мојно исчезнал, во периодот на VI век, неговите жители во начинот на животот и битот биле многу блиски со Словените (327, 339-340).

[237] Кажувањето за лажниот Хилвуд мошне впечатливо го илустрира начинот на восприемањето на светот околу себе и функционирањето на постоечките норми на обичајното право кај Словените во периодот на преобразбата на родо - племеснкото општество. Трубачев О.Н. К реконструкции самоназвания и мировоззрения древних славян ("свой" - "не свой") в контексте языка и культуры; идеология рода, антропоцентризм картины мира, дотеонимическая ситуация. Доклад на Международном научном симпозиуме по славянской языческой религии. (Югославия, Прилеп 22-26. IX. 1986 г), ракопис.

Народната словенска војска ја чинеле сите слободни возрасни мажи, способни да носат оружје, разделени на сатнии и илјади, а поделени според родовите и племињата. Родовските војници се потчинувале на родвските старешини, а племенските на кнезовите. Од оружје користеле дрвен лак со отровни стрели, по две копја, а некои имале и големи штитови. Малку е чудно и неверојатно што Маврикиј пишува дека тие не воделе средени битки, зашто од пораните извори се знае дека учествувале како сојузници во Велизаровите кампањи во Италија. Затоа, може да се заклучи, дека само нивната тактика се разликувала од источноримската, што е и логично со оглед на степенот на општествено - економскиот развиток.

Иако Маврикој не пишува, кај другите автори наоѓаме дека Словените имале два рода на војска - пешадија и коњаница, а биле и одлични морнари.

Дека не биле наполно неуки во војната вештина говорат и фактите според кои регуларната источноримска армија трпела често порази, од кои некои се и регистрирани: во 499 година битката на реката Цутра во која потполно била разбиена војска од 15.000 војници; во 517 година бил извршен реид, со којшто Словените дошле до Термопилите и на тој начин во нивни раце се нашол скоро целиот Балкан; во 534 година во битката загинал и самиот командант Хилвуд; во 547 година во словенски раце паѓа целиот Илирик до Епидамнос, а командантот на Илирик ги следел,

плашејќи се да ги нападне; словенските воини тогаш, попатно завладеале и со повеќе тврдини, што претставува додатен прилог кон тоа дека биле мајстори на својот занает кога требало да се војува; во 551 година во битката под ѕидините на утврдениот Топер покажале голема умешност во маневрирањето и организирањето на взаемни дејства на две одделенија; во 552 година Словените дошле до Константинопол, но биле разбиени, меѓутоа, други одделенија на нивната војска, не наидувајќи на посериозен отпор кај противниците, зазеле поголем дел од Далмација.[238]

Во овие реиди освоен бил и поголчемиот дел на Хелада, а компактните словенски маси на Пелопонез го зачувале својот етнички идентитет до турско време.

Словенските навлегувања што почнале во времето на

[238] ВИИНЈ, I/3, 23-31; 34-36; 37-38; 41-53; 75; 77-80; 84; 90-92; 96-100; 107-110; Свод I, 181-187, бел.50, 54, 56, 59, 63, 64; 191-195, бел. 131; 201-203; 203-205, бел.218, 225; 205-207, бел.232, 247; 268, бел. 3; 279, бел. 2, 3, 4, 5, 6, 15, 17, 18; 319-324, бел.37, 38, 39, 41, 42; 369-379, бел.7, 8, 11, 12, 17, 30, 34, 36, 45, 49, 50, 51, 55, 57, 62; Полковник Строков А.А. профессор. История военного искусства. Робовладельчекое и феодальное общество I. Военное издатеьство Министерства обороны Союза ССР. М., 1955, 139-151. Профессор генерал-майор Разин Е.А., История военного искусства. Том II, Военное искусство феодального периода войны. Военое изд. - во Министерства обороны Союза ССР. М., 1957, 33-53; Tomac P. general major. Vojna istorija, Beograd, 1959, 293-303.

владеењето на Јустинијан I (527-565) во периодот на владеењето на Маврикиј (582-602) преоѓаат од фаза на реиди во постепено и трајно населување на Балканскиот Полуостров. И покрај желбата на некои автори да ги омаловажат словенските успеси, изворите јасно сведочат дека Балканскиот Полуостров, вклучувајќи ја и Хелада, скоро цели два века останале под власта на Словените.[239]

---

[239] ВИИНЈ I/3, 286-290, бел.9, a, b, c; 10; 14, 15, 17; Васильев А., Славяни в Греции. // ВВ. Том V, вып. 3, СПб., 1898, 411-412; Jannopoulos P.A., Prodiranje na Slovenite vo Argolida. Bulletin de sorrespondance hellenique. Supplement VI. Ecole francaise d Athenes. Превод од француски на македонски – Симоска Лола, стручен соработник на Институтот за старословенска култура – Прилеп. (Овде сакам да ја изразам својата благодарност кон колешката Л.Симоска што љубезно ми го позајни овој превод), 336, во оригиналот или 7-8 во преводот, бел. 47-48. Обработувајќи го текстот на изворот, авторот подробно ги анализира деловите што говорат за словенските и аварските навлегувања, кај Јован Ефески, Менандар, Евагриј и Јован Бикларски, изведувајќи го при тоа следниот заклучок: Аварите се споменуваат во изворите дека два пати навлегле на територијата на Хелада, 580 и 582 година, додека Словените се споменуваат три пати, и тоа во 582 година, па врз основа на тоа, Јанопулос се прашува и истовремено одговара дека под терминот Авари, покрај нив самите се подразбираат и останатите "потчинети" од нив етноси, меѓу кои и Словените, па пишува: "...или пак фрагментот содржи едно историско разнообразие од особена важност: Аварите ја сочинувале силата на ударот која ги напаѓала византиските гарнизони, додека Словените нив ги следеле и ограбувале она што останало за ограбување", наведувајќи притоа дека се сомнева во добронамерноста на оваа хипотеза, но дека неа ја пренесуваат и други

Ова е битно, меѓутоа, тоа што е посебено важно за овој труд се сведува на следното: следење на процесите на преобразбата на системот на доцноримската Империја од робовладетелски кон феудален, чии остатоци на робовладетелските односи постепено се стопуваат со новонастанатите форми и институциите донесени од "варварите", од една страна,и паралелно со тоа, следење на продолжениот процес на опстанување и живеење на селската општина во новата татковина, како и појавата и влијанието на новите феудализирани елементи врз структурата и битот на селската општина, од друга страна.

Наоѓајќи се на границите на некогаш единствената доцноримска Империја, Словените се нашле лице в лице со една нова и веќе во многу нешта изменета држава, во споредба со онаа чиј западен дел го уништиле нивните "варварски" другари - Германите. А дошле во моментот

извори. Го наведувам овој податок само за да се види дека "старата историска традиција" во поглед на Словените, создадена уште во текот на XIX век се уште не е застарена, или уште повеќе, и се придава "историска веродостојност". Од тоа што до сега беше речено за организацијата на словенската и аварската војска може да се заклучи која зо што била способна. Словените биле и останале во Каганатот сојузници. Л.Н. Гумиљов јасно го покажува односот што номадите го имале кон сите што биле примани и на кој начин во сојузот. Mango C.V., Naslednica Rima. Vizantija od Justinijana do Teofila. // Rani srednji vek. Beograd, 1976, 84-112, posebno 11-112.

кога васеленскиот владетел на оваа Империја, Јустинијан I, не чувствувајќи го пулсирањето на времето, се обидел колцето на историјата да го заврти назад и да ги обнови единството и моќта на Римската Империја. Му успеало единствено, со големи напори и жртви, да ги присоедини некогашните делови на единствената територија, но етносите кои во меѓувреме ги населиле тие територии, не се чувствувале како поданици на императорот, исто како што не биле во состојба да ги разберат неговите "благородни" заложби за обединување. Од друга страна, за разлика од етносите кои веќе до "обединувањето" живееле "на свое", Словените, кои почнале да навлегуваат на територијата на Империјата, ја затекнале државата која во историјата ќе биде наречена Византија, а чиишто корени се врзани "... за хеленизмот не само генетички, туку и со длабоко суштинско сродство. Како хеленистичката, така и византиската култура има нешто епигонско, еклектичко. И едната и другата живеат од наследството на културите со поголема творечка сила, изразувајќи се помалку во сопственото творештво, отколку во чувањето и усвојувањето на туѓото. Но, недостигот на духовна свежина го надокнадува моќта за синтеза. Римската држава и грчката култура сраснуваат на византиската територија во нов жив организам и неразделливо се спојуваат со Христијанството во кое старата држава и старата култура ја гледале својата најсилна негација. Христијанска Византија грижливо ги

чува достигнувањата на антиката... Црквата и самата ги усвојува поимите на паганската филозофија и се служи со нив при градењето на своето догматско учење".[240]

Што можела оваа и ваква држава да им понуди на Словените? Балканскиот Простор, каде што поголемиот дел од словенските маси се насочил, во овој период етнички не бил консолидиран, а престанал да биде и главна економска база. Видовме ( во претходната II глава) дека во периодот на преобразбата во III век повторно се појавиле етничките имиња на старите палеобалкански етноси. Во текот на III, IV и V век, во периодот на Големата преселба, заради честите продори на "варварите" најчесто страдал овој дел од Империјата. Но, финансиските резерви и моќната стопанска структура на источните провинции ја спасиле државата, а во меѓувреме, старото население и остатоците на останатите "варвари" постепено се спојувале и хеленизирале, за што најмногу придонесло единството на политичкиот и државно - административниот систем, па, во моментот кога се појавиле Словените, на овие простори веќе се зборувало грчки, додека во државната администрација овој јазик заземал второ место, зад официјалниот - латинскиот.

Балканскиот Полуостров се наоѓал на крстосницата на

240 Острогорски Г., Историја Византије. (СД, књ. VI), Београд 1969, 52-53; Овие идеи најдуваат плодно тло во севкупната средновековна култура на Византија (В. Аверинцев С.С. Н.д., 25-31).

патиштата што воделе од провинциите до Константинопол и Солун, вториот град на Империјата и седиштето на пресектурата Илирик. Во оваа префектура влегувале и две диецези: Македонија и Дакија, а во диецезата Македонија влегувале шест провинции. Со префектурата управувал преторски префект, поставен од императорот, со големи овластувања; со диецезите управувале наместници на преторските префекти - викари, а со провинциите ним потчинети наместници. Во принцип, Империјата претставувала заедница на слободни граѓани на чиј врв стоел император како наместник на Бога, бидејќи подеднакво, и поданиците и императорот, биле потчинети на повисоките државни интереси; власта на имераторот се сметала како и секоја друга должност при управувањето, бидејќи и тој бил избиран од страна на Сенатот, војската и народот. Вишите државни интереси во Византија на кои се им било потчинето се темелеле врз : "...римската идеја за императорска влааст, тесно поврзана со хеленистичката концепција за царството и христијанските претстави за монархистичката форма на управување".[241] Оваа еклектична теорија станала стожер на византискиот

[241] Курбатов Г.Л., Политическая теория в ранней Византии. Идеология императорской власти и аристократическая опозиция. // Культура Византии IV первая половина VII в., М., 1984, 98. Оваа универзалистичка идеја во Византија нашла типичен претставник и носител (В. Аверинцев С.С. Н.д., 33-43).

државно - политички универзализам, чијашто особеност била мошне нагласена во однос на целиот "варварски свет", од една и односот кон источните монархии, од друга страна. Нејзините претензии на севкупното римско политичко наследство се протегале од Британските Острови (на запад), Ерменија (на исток), Дунав (на север) до Африка (на југ). На овој начин насочениот државен универзализам се покажал како делотворен во периодот на трансформација на општеството и придонесол за зачувување на економскиот потенцијал на источните провинции. Всушпност, врз оваа и ваква власт поставен бил општиот и мошне развиениот даночен систем во чиј центар, како објект на оданочувањето, влегувала пред се земјата како главен носител на доходот во царската благајна.

На поголемите и помалите селски имоти (villa) доаѓало до се поголем развиток на занаетчиството, што било условено од продорот на "варварите" и неможноста за снабдување од поранешните центри. Земјата била обработувана со робови или колони чии статус постепено станувал наследен, што произлегувало од нивната врзаност за земјата, со што се ограничувала нивната слобода и правата за стекнување на имот. Иницијативата за овој нов елемент на системот произлегла од државата а не од земјопоседниците, кои биле директно заинтересирани за производството, бидејќи на тој начин побрзо и посигурно можел да се собере данокот. Меѓутоа, колонатот воведен од страна на државата, за да се продолжи животот или

агонијата на робовладетелскиот систем исчезнал постепено со исчезнувањето на системот којшто го создал. Преживеаните и поштедени слободни селани во нивните слободни селски општини во кои ораниците веќе преминале во сопственост, а не се вршела нова распределба, претставувале друга категорија за пополнување на царската благајна. Затоа, секое поместување на овој слој придонесувало за намалување на давачките во фискот, па државата секогаш била принудена нивните редови да ги пополнува со "варвари", исслужени ветерани, робови, колони, ослободеници.

Додека економската моќ им дозволувала, слободните селани ја пополнувале пешадијата, а кон крајот на V век кога веќе не биле во можност да се одзвијат на воениот позив, своето изземање го плаќале со пари или во натура, а со тие средства државата купувала наемници. Бидејќи и оваа категорија на население била подложена на угнетување од страна на централната власт и лишена од поттикот за натамошен развиток на производтството чија традиција за зачувување на слободната селска општина влечела корени уште од антиката, со државниот апарат била доведена до апсурд. Ниту раслоените и немногубројни селани во периодот од V -VI век, како ни робовите, ни колоните, не претставувале главна производна сила, па според тоа, не станале основа при трансформацијата на

системот од робовладетелски кон феудален.[242]

Затоа големите земјишни поседи, пред се, царските и манастирските, почнале да се издаваат под аренда на побогатите селски сопственици кои за уплата на арендата добивале право на отуѓување на земјата заедно со сиот имот.

Истражувајќи го овј комплекс на трансформација и преодот на еден систем во друг, Г.Г. Литаврин[243] дошол до заклучок дека слојот на "парициите" (за прв пат утврден од Анастасиј I од 500 година, потоа споменат во указот на Јустинијан II) е означени како "слободни колони", можеле да се третираат како носители на преодните елементи, бидејќи "парикот - арендатор" после 30 години имал право, како и колонот, на наследна аренда, ако непрекинато бил сопственик на земјата; но за разлика од колонот, парикот имал право да премине кај друг сопственик или да ја напушти земјата без оглед на времето што го поминал, ако тоа не било регулирано со специјален договор, додека колонот после 30 години засекогаш останувал врзан за земјата.

Всушност, оваа категорија на "парици - арендатори" го претставувала новиот слој со кој започнала

---

[242] Гюнтер Р. Социальные проблемы перехода от античности к средневековью // ВДИ, 3, 1992, 113-115.

[243] Литаврин Г.Г., Восточноримская имерия в V - VIвв. //Раннефеудальные государства на Балканах VI - XII вв. М., 1985, 8 - 33.

феудализацијата на земјишниот систем.

Од своја страна и градот во Источноримската Империја доживеал значајни промени по постепеното пропаѓање на робовладетелскиот систем чиј главен стожер и бил, бидејќи слободната селска општина на Исток никогаш не станала доминантна над градот. Меѓутоа, фактот дека постепеното осиромашување на населението заради внатрешните проблеми со кои властите не биле во состојба да се справат, имено - заради неефикасноста на системот и се почестите навлегувања на "варварите", кои однадвор го разрушувале веќе безживотниот робовладетелски систем, придонесувале за економското опаѓање на моќта на Империјата, провинциите, а најпосле на градовите. Заради се поголемото осиромашување на населението и врзувањето на сталежите за професиите, градот постепено почнал да ја менува својата структура.[244] Го напуштиле слоевите кои порано најмногу придонесувале за негова благосостојба - сопствениците на земјишните поседи, трговците и занаетчиите, а нивните места ги зазеле претставниците на црквата - епископите. Сенаторската аристократија се определила за живот во големите градови и по вилите. Заради се поголемата надворешна и внатрешна опасност, под нејзин патронат доаѓале средните и ситните сопственици, а понекогаш и цели села. Така нивната моќ

244 Гюнтер Р. Н.д., 116-117; Костић З. Преображај града, 37-39.

се повеќе растела, а територијата на утврдените имоти со време си станала дpowолна на самата себе, бидејќи произведувала се што и било потребно.[245]

За животот во големите градови, кои нуделе поголема заработувачка и поголема заштита, се определиле и трговците и занаетчиите. На тој начин, помалите градови губејќи го основното економско значење се претворале во села. Овие промени не смеат да се разгледуваат како регресиј, туку како преобразба којашто го овозможила преодот во феудализам, во кој доминирала селската општина. Без оглед на тврдењето дека само помалите градски центри на Балканот и подлегнале на аграризацијата, се чини не одговара на вистината, бидејќи овие градови со своите тврдини не биле во состојба да им одолеат на долготрајните опсади.[246]

[245] Гџнтер Р. Н.Д., 116–117; Костић З. Преображај града, 34–37.

[246] Машкин Н.А., Историја старог Рима, 500–510; Lisičar P. N.d., 498–507; Ростовцев М., Н.д., 460–493; Микулчиќ И. Непознат антички град кај Мојно, 326–346; Ibid. За големината на доцноантичките градови, 347–368; Ibid. Доцноримски гробови од Скупи, 109–141; Ibid. Варвари во Македонија во доцната антика (Литературни и археолошки потврди) // ГЗФФ кн. 22 (48), 1995, 239–254; Ibid. Скопје, 9, 38–64, 128–138; Ibid. Средновековните градови и тврдини во Македонија. Книга 5. Скопје 1996, 20–21; 23; Узянов А.А. Специфика урбанизационного процесса в условиях пограничных зон в раннем средневековье (к проблеме дифференцированного подхода к уровням и формам процесса) Методологические проблемы исследования

Дека античкиот град не функционирал како порано зборува и еден детал во екскурсот на Прокопиј за Словените каде се наведува дека Јустинијан I им нудел (545 г.) да се населат во градот Турис кој "...веќе одамна лежел напуштен".[247]

---

становления и развития древнего города. М., 1991, 141-143; Јанковић Ђ. Трагови, 105-107; Kovačević J. Βαβας. // Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп 1986, 115-121; Пигулевская Н.Б. Город и деревня в Византии в IV-VI вв. // Actes du XII-e Congres International d etudes byzantines. I. Belgrad 1963, 2, 4-6; Липшиц Е.Э. Город и деревня в Византии в VI - первой половине IX в., 9-12, на истото место; Папазоглу Ф. Хераклеја и Пелагонија. // ЖА, 4 (1954), Скопје 308-343 во овој труд подвлекува дека поголем дел од градовите во Македонија кои не успеале да се прилагодат на промените, исчезнуваат како урбано утврдени средини, некои засекогаш, некои постепено, а на нивните места и во нивна близина никнуваат средновековните населби.

На овој список на градови може да му се додаде и Лихнид за чие разурнување Прокопиј пишува: "...Потресите го разурнаа...и Лихнид во Епир...се се тоа од порано густо населени градови. Ги разурнаа потресите...а го изгубија скоро целото свое население. А потоа дојде чумата, која порано ја спомнав, и ги покоси оние кои го преживееа потресот". (Prokopije. Tajna historija. S. Zagreb 1988, (gl. XVIII), 121; Папазоглу Ф. Охридско во праисторијата и во античкиот период. // Охрид и охридско низ историјата. Книга прва. Скопје 1985, 118; Костић З. Преображај града, 35-49.

[247] ВИИНЈ I/3, 30-31 бел.40, "... царот Јустинијан, праќајќи им на овие варвари некое пратеништво, предложил сите тие да се населат како население во стариот град по име Турис (Τουρριν). Овој (град) лежи на реката Дунав. Порано го основал царот Трајан, меѓутоа одамна лежи

Отприлика вакава била состојбата во Источноримската Империја, а се рефлектирала и врз нејзиниот управен систем и слоевите кои го сочинувале поголемиот дел од населението. Дали сто ова вака им изгледало и на навлезените на територијата на Империјата Словени? Што во спротивно можеле да понудат Словените?

Словените без сомнение биле доста добро информирани за ситуацијата во самата Империја и за состојбата во која таа се наоѓала. Само ако се земе предвид дека помеѓу Империјата и Словените бил процеп од една економска формација, тогаш е многу јасно дека Словените и Ромеите [248] не можеле да се сфатат. Тоа што за Словените значело доблест, - нивниот етички однос кон соплемениците, чувството за слобода и начинот на живот, за жителите на Империјата било наполно ирелевантно. И спротивно, сите вистински вредности кои биле составен дел во животот на еден Ромеј, биле сосем несфатливи за Словенот.[249]

---

напуштен, бидејќи тамошните варвари го опустошија".

[248] Овде се мисли само на вишите сталежи на општеството, зашто тие се разликувале од сопствените нижи слоеви во иста мера како и од Словените.

[249] Иванов С.А. Понятия "союза" и "подчинения", 27-32. Разликата во сфаќањата која што постоела помеѓу едните и другите многу јасно ја изразил самиот Јустинијан I: "Когда один народ воспринимает другой как высший, это не значит, что он не способен, подобно тому, как мы рассматериваем наших клиентов как свободных людей даже при том, что они не превосходят нас ни влиянием, ни достоинством, ни богатством. Точно так же те народы,

На новодојдените Словени кои почнале постепено да се населуваат на освоените територии, им била, пред се, туѓа идејата за државноста која била водечка во Источноримската Империја. Наоѓајќи се на последниот стадиум од тнр. воена демократија, Словените во моментот на излегувањето на историската сцена живееле во територијални селски општини чиј стожер била патријархалната или инокосната фамилија. Овој тип на фамилија бил дел на општината и не претставувал самостојно тело. Истражувањата на Б.А. Тимошчук[250] укажуваат дека населбите на овие патријархални фамилии биле едни покрај други, на што не упатуваат и нивните роднински врски. Секоја фамилија била управувана од старешина, а од тие старешини произлегувал и се бирал старешината на општината. Исто така било определено колку членови можела да има една патријархална фамилија,

которые добровольно признают наше величие, следует считать свободными" (31-32).

[250] Тимощук Б.А. Восточнославянская община VI-X вв. н.э. М., 1990. Без оглед што во книгата детално се обработува општината кај Источните Словени, во моментот на и по преселувањата, дел од Словените што се населил на Балканот се наоѓал на истиот степен на развиток и од старата татковина ги пренесол институциите на власта, начинот на живот, религиските убедувања и традицијата. Ваков тип на фамилии, нормално во многу нешта изменет и преобразен во текот на историските и етничките процеси, се сочувал по селата во Македонија до крајот на II светска војна.

а вишокот на инокосните фамилии формирал нови "гнезда" кои ја чувале врската со своите роднини. Истражувачите востановиле дека на повеќе вакви општини доаѓал еден општински центар со светилиште. Понекогаш административно - стопанскиот центар бил одвоен од населбата со светилиштето, кое претставувало култен центар. Овие општини имале востановени граници, обработлива земја, пасишта, а честите нарушувања на границите станувале casus beli меѓу општините.[251] Старешината го свикувал собранието кое како највисок орган на власта решавало за сите прашања на општината. Повеќе вакви територијални селски општини формирале племе. Со оглед на тоа дека племињата не произлегувале од поранешните крвно - сроднички, туку територијални заедници, тие меѓусебно се разликувале. Овие разлики преснесени се и во новата татковина. Наоѓајќи се на територијата на организирана и средена држава, се појавила потребата и тие да ги средат своите меѓусебни односи и подобро да се организираат заради поуспешни дејства против заедничкиот непријател. Следната фаза на тоа зближување и средување на меѓусобните односи довела до формирање на "Склавинииите". Овие "Склавинии" се носители на првите предржавни елементи кај Македонските Словени. На тој начин поставени се темелите на една нова

[251] Тимощук Б.А., Н.д.72-79.

историска ситуација.

## IV. Формирање на "Склавиниите"

Познато е дека Словените дошле на Балканскиот Полуостров во периодот на Големата преселба. Оваа преселба, главно на германските и словенските етноси во Европа, која поместила од нивните поранешни населби и многуте други помали етноси, била предизвикана, поточно, потстрекната од Гуните, за кои во прататковината, во азиските степи, овој процес започнал 100 години порано. Таму како бастион на цивилизацијата и чувар на нејзините граници, се јавила преобразената Кина со новоформираниот средновековен кинески народ; слична судбина на Запад имала Источноримската Империја, која после два века борби со "варварите" воскреснала како преобразена Византија.[252]

Периодот што и претходел на Големата преселба за етносите од Централна и Источна Европа претставувал стожер во начинот на формирањето на нивната материјална култура, традицијата, преобразбата на религиските форми, појавата на самосвеста, создавањето на родо - племенската идеологија. Временските рамки на овој период кој се протега од крајот на I милениум п.н.е. до првата

[252] Гумилев Л.Н., Древние Тюрки, М., 1993, 9; Острогорски Г. Историја Византије, (СД, VI), Београд 1969, 109-125; Оболенски Д., Византијски комонвелт. Београд 1991, 53-85. Brandt M., Srednovjekovno doba povjesnog razvitka, Zagreb 1986, 114-11; Седов В.В. Славяне в древности, 287-296.

половина на I милениум од н.е., одбележан е со следните карактеристики: голема распространетост на внесени еднообразни работи, истоветни помали или поголеми промени на ареалот, вклучувањето на поголем број на етноси во една општа сфера на влијанија, која зафатила големи простори на кои се појавила истоветна "мода". Тоа било овозможено пред се од поголемиот степен на општествено – економскиот развиток кој му овозможувал на населението поголеми приноси во стопанството, што пак придонесувало при создавање на приход кој дозволувал купување на занаетчиски производи.

Населението на Централна и Источна Европа се занимавало со земјоделие, а сточарството, главно, било застапено со чување на крупна стока. Без оглед што општествено – економските односи на овие етноси се помалку познати, врз основа на археолошките истражувања, пред се на истражувањето на населбите,[253] може да се

[253] Литаврин Г.Г. Этносоциальная структура славянского общества в эпоху поселения на Балканах (VI–VII вв.) // Этносоциальная и политическая структура раннофеодальных славянских государств и народностей. М., 1987, 34–35; ВИИНЈ I/3, 131 заб. 7; 139 заб. 37. Слична е состојбата и во населбите на Источните Словени. Третьяков П.Н. По следам древних славянских племен. Л., 1982, 115; 118–124, поготово 125–126 каде се укажува на архаичноста на населбите, 130–131; История Украинской ССР. Киев 1981, 283–284; Раппопорт П.А. Древнерусское жилище. Л., 1975, 17–26; Горюнов Е.А. Славянское поселение середины I тысячелетия н.э. у с. Песчаное Белгородской области // Краткие сообщения 171. М., 1982, 61–64; Korošec J. Uvod v materijalno kulturo slovanov zgodnjega srednjega veka. Ljubljana 1952, 114–124; Тимощук Б. А.

заклучи дека основната микро ќелија на општеството ја сочинувала големата патријархална фамилија која била способна самостојно да стопанисува. Бидејќи овие големи патријархални фамилии не биле во состојба занаетчиските производи да ги произведуваат сами (барем не сите), и да ги бранат своите имоти во случај на опасност, им се наметнувало обединувањето со слични заедници во рамките на општината, која во овој период била составена од повеќе вакви фамилии кои биле во сродство. Овој и ваков тип на општина, всушност, и го овозможил вклучувањето на туѓинците во заедницата, а со самото тоа и во општината, и на тој начин придонесол за мешање на населението. Ова мешање битно не влијаело во текот на создавањето на новите етнички заедници поврзани со заедничка култура, традиција, самосвест и јазик. Овие новосоздадени етноси се најдувале на различни степени на тнр. воена демократија во моментот кога врз нив се втурнале азиските номадски хорди. Идиличната слика за начинот на живот на етносите од Централна и Источна Европа се нарушува со доаѓањето на номадските Гуни, првите во низата турано - угро - монголски хорди, кои предизвикале етнички поместувања на својот пат од Прицрноморските степи до Атлантикот. Кога поминал освојувачкиот бран, Гуните (кои постепено се населиле во Панонската Низина каде им бил центарот , што обично одел со главниот штаб на ханот), започнале заеднички живот со населението не

Восточнославянская община, 11-29.

само во Панонија, туку и со она во оддалечените делови до каде што допирал нивниот сојуз.

Другиот номадски бран во Панонија врз областите населени со Словени и Анти, доаѓа со Аварите, чии врски со Словените биле засновани во цврст сојуз, па од овој период има повеќе и историски и археолошки извори. Со оглед на тоа дека Аварскиот Каганат (во целина) подолго траел од гунскиот сојуз, сосема е логично дека во контактните зони дошло до културна и етничка адаптација на номадите, бидејќи за асимилација во наша смисла, луѓето од раниот среден век немале разбирање.

И на крај, со третиот номадски бран во соседството и на територијата населена со компактни словенски маси, доаѓаат Оногурите, па заедно со веќе присутните Кутригури, Утигури и ним сродните угро - турански племиња, станале важен фактор во тој дел на Европа и зеле активно учество во политичките, културните, стопанските и етничките проце, следени и усмерувани од дипломатијата на Источното Царство. Овие хорди, понесувајќи го заедничкото име Бугари, во периодот од VII до IX век во голема мера го прифатиле стационираниот начин на живеење, и со време, по пат на акултурација, се слеале со словенската маса.[254]

[254] Славяне Юго-Восточниой Европы в предгосударственный период. Киев, 1990. (Приходнюк О.М.; Смиленко А.Т.; Терпиловский Р.В. Славяне и окружающий мир. Гл. VI, 327-330); Трубачев О.Н. К реконструкции самосознания и мировоззрения древних славян ("свой" - "не-свой" в контексте языка и культуры; идеология рода,

Во периодот на Големата преселба, кога миграциите и освојувањата се дел од секојдневниот живот, се наметнува создавањето на еднородните сојузи на племиња и на разноетничките големи племенски сојузи (како што сегунскиот, аварскиот, бугарскиот), во кои мешањето на повеќе етноси доаѓало до сложени етнички и културни

антропоцентризм картины мира, дотеонимическая ситуация). Доклад на международном научном симпозиуме по славянской языческой религии. (Югославия. Прилеп, 22-26.IX.1986 г.) ракопис, 1-5; Славяне и их соседи в конце I тысячелетия до н.э. - первой половине I тысячелетия н.э. Археология СССР. М., 1993, 193-194; Mrkobrad D. Arheološpki nalazi seobe naroda u Jugoslaviji. SADJ-Muzej grada Beograda. Beograd 1980, 9-20; 71-108; Ангелов Д. Проблемы предгосударственного периода на территории будущего Болгарского государства // Этносоциальная и политическая структура раннефеодальных славянских государств и народностей. М., 1987, 7-10; Бешевлиев В. За разнородната същност на първобългарите // Плиска-Преслав. Прабългарската култура. Материали от българо - съветска среща. Шумен 1976. Том 2, София 1981, 20-24, нагласува дека и Прабугарите не дошле на Балканот како едородна маса, туку во нивниот состав имало претставници од повеќе племиња со своите водачи; Станилов С. Към въпроса за заселването на Прабългарите на юг от Дунав // Плиска -Преслав 2, 53-55 наведува докази за преминот од номадски кон стациониран начин на живот; Георгиев П. Ранносредновековно селище в района на голямата базилика в Плиска // Плиска - Преслав 2, 190-196, регистрира, според археолошкиот материјал како течело сожителството меѓу Словените и Прабугарите во периодот VIII-IX век (195); Въжарова Ж. Славяни и номади на територията на денешните български земи от края на VI-XI в. // Плиска - Преслав. Славяни и номади VI-XII в. Международен симпозиум по славянска археология. Рилски манастир, НРБ, 1077. Том 3. София 1981, 16-56, наведува дека во археолошкиот материјал преовладуваат словенските елементи за назначениот период.

процеси, кои што во одредени случаи завршувале со потполно губење на некои етноси од историско – географската сцена од една страна, или, создавање на сосема нови етнички заедници од друга стана. Па така: "На всем протяжении истории человечества шел, идет и еще долго будет идти процесс образования, развития, исчезнования различних этнических общностей, смена одних общностей другими".[255] Колку се вистинити зборовите на Чебоксаров покажува исчезнувањето од историската сцена на Гуните, Аварите а нешто подоцна и на Хазарите, Волшските Бугари, Печенезите, Половците, Узите и уште многу помали или поголеми етнички заедници на просторите на Евроазија.

Во претходната глава беше споменато подолгото задржување на Словените во Подунавјето, факт што не смее да се потцени, бидејќи нивното престојување на пограничните територии на Империјата придонесло за побрз развиток на нивното општество и предизвикало промени во нивниот стопански систем.[256] Словенската материјална култура од овој период како и останатите археолошки култури на дадениот ареал, опфатени од синкретизмот кој

---

[255] Чебоксаров Н.Н., Проблемы происхождения древних и современных народов. Международный конгресс антропологических и этнографических наук. М., 1964, (цитирано според: Славяне и их соседи, 194).

[256] Гиндин Л.А., Роль Карпат в этногенезе славян. Синтез филологических, археологических и лингвистических данных. VI Международный конгресс славянской археологии. Тезисы докладов советской делегации. Прилеп, Югославия, 1990, 16-20.

станал доминантен во таа епоха не можат со голема сигурност да се разделат, па, според тоа, тешко е да се определи етничкиот идентитет на носителите на споменатите култури; останува де се разгледаат насоките на словенските преселби на Балканот и во Македонија. Од изворите дознаваме дека Словените се занимавале со земјоделие и биле постојано населени на левиот брег на Дунав во моментот кога влегуваат во сферата на интересите на Империјата. Земјоделието, кое најверојатно во Подунавјето заради влијанијата на понапредните култури било поразвиено, им обезбедувало богатство, што не е случај со непостојани приходи од грабежи кои биле само придружен елемент на тнр. воена демократија во фаза на преселбите. Во тоа време и занаетчиството веќе претставувало посебна стопанска гранка; ова наведува на размислување дека веќе од порано дошло до поделба на трудот.[257]

Мирниот живот и занимавањето со земјоделие, богатството со стока, и пред се, - живеењето на територија којашто се наоѓала подалеку од главните правци на продорот на номадите, овозможило земјата на "Дакиските" Словени да ги има сите услови за развиток, па дури ни честите навлегувања на војските на Империјата и Аварите во периодот на VI век не можеле суштински да

[257] Рыбаков Б.А., Ремесло древней Руси. Изд.-во АН СССР, 1948, 100-119; Трубачев О.Н., Ремесленная терминология в славянских языках. (Этимология и опыт групповой реконструкции). М., 1966; ВИИНЈ I/3, 28-29, бел.30, 31, 32; 92, бел.24.

го загрозат нејзиниот стопански развиток. Напротив, овие навлегувања преземени од страна на Источноримската Империја, за време на нејзината зафатеност на Исток, извршени од Аварите кои Империјата ги поттикнувала на продирања заради разрушување на словенското стопанство, преземани се во голем дел како одмазда за словенските реиди на територијата на Империјата и за ослободување на заробените поданици.[258] Познато е дека словенските реиди биле преземани заради ограбувања, бидејќи ова "дополнително стопанисување" во периодот на трансформацијата на општеството водело до побрзо збогатување. Главна цел на ограбувањата, покрај стоката, занаетчиските производи и луксузните предмети, биле и заробениците за кои обично се барал откуп во злато. Словените, според зборовите на Псевдо - Маврикиј: "Своите заробеници не ги задржуваат неограничено време во ропство, како останатите народи, туку после точно одреден рок им оставаат на волја, за одередена откупнина, да се вратат во својата земја или да останат кај нив како слободни луѓе и пријатели".[259] Овој податок покажува дека во периодот од половина век словенското општество претрпело битни промени, не само во општествено - економскиот развиток, туку и во неговата социјална структура. Порано, на пример, заробениците

---

[258] ВИИНЈ, I/3, 90-92, бел.20, 22, 25. Свод I, 318-321, бел. 59, 60, 61, 63, 66, 68.

[259] ВИИНЈ, I/3, 131, бел.6; Свод I, 368, бел.9, 10.

најчесто биле убивани, бидејќи во родовското општество тие биле оптоварување ако со својата работа не биле во состојба битно да влијаат на производството.[260] Со зголемувањето на улогата на водачот и јакнењето на неговата власт, односот спрема заробениците се изменил, бидејќи тие се сметале како корисен приход, а на овој начин стекнатото богатство, им помагало на родовските старешини уште повеќе да ја зацврстат својата власт во општината, племето или сојузот. Меѓутоа, овие племиња или сојузи не престанале да војуваат меѓусебно подбуцнувани од вештата Источноримска дипломатија. Здобиени во овие судири, заробениците биле претворани во робови или, - како што правилно забележуваат О.В. Иванова и Г.Г. Литаврин, ова ропство не носело етничко, туку политичко обележје а произлегувало од припаѓањето на различните политички сојузи.[261] Овие политички сојузи на Словените добиени од етнонимот, од учените историчари на тоа време биле наречени "Склавинии". За прв пат овој термин се појавил во почетокот на VII век во

[260] ВИИЈН, I/3, 38, 43, бел.85; 49, бел.101; 51-53, бел.109.

[261] Иванова О.В., Литаврин Г.Г., Славяне и Византия. Глава II // Ранофеудальные государства на Балканах VI-XII вв., М., 1985, 45; ВИИНЈ, I/3, 25,. бел.23с; Свод I, 181-182, бел.58, 59, 60, па во бел. 60, во коментарот на С.А. Иванов, Г.Г. Литаврин и В.Л. Цимбурскиј правилно се забележува дека после враќањето на територијата на својот антски сојуз Хилвуд таму бил "свој" и не можел да биде ничиј роб, според обичајното право; Трубачев О.Н., Этногенез и культура древнейших славян. Лингвистические исследования. М., 1991, 90.

хагиографското дело "Чудата на св. Димитриј" I, каде кога се зборува за словено - аварскиот напад на Солун (584 година), дословно стои: "*την απασαν των Σκλαβινιων θρησκειαν*", "сите неверници од Склавиниите",[262] подразбирајќи ги под тој термин словенските сојузи на левиот брег од Дунав.

Повторно овој термин се споменува кај Теофилакт Симоката кој дури не го ни објаснил, што го наведува Г.Г. Литаврин да заклучи дека истиот веќе влегол во употреба во време на најсилните судири на Словените со Империјата. Од овој текст јасно е дека ова се однесува на Склавиниите северно од Дунав, така што терминот означувал територијална, а не етничка заедница; некои од овие заедници како сојузници биле во состав на Каганатот додека другите биле во полабав сојуз со Каганатот, или сосема самостојни. Поради ова од овие територии и доаѓало до напади на балканските региони на Имепријата, и од страна на Словените и од страна на Антите.[263]

---

[262] Извори за българската история (понатаму ИБИ), том VI. Гръцки извори за българската история (понатаму ГИБИ), том III, София 1960, 114; ВИИНЈ I/3, 177 бел.7, забелешката најверојатно се однесува за Словените зад Дунав, како што закучува Ф. Баришиќ; Литаврин Г.Г., Славинии VII-IX вв. Социально - политические организации славян. 195 // Этногенез народов Балкан и северного Причерноморья. Лингвистика, история, археология, М., 1984 (понатаму Славинии).

[263] Литаврин, Г.Г., Славинии VI-IX вв., 195-196; ВИИНЈ I/3, 125; Чичуров И.С., Византийские исторические сочинения: "Хронография" Феофана, "Бревиарий" Никифора.

Меѓутоа, ова не е единствениот премин од каде се вршат систематските напади врз Империјата. Од Панонија, која исто така била населена со Словени, преземани се навлегувања на територијата на Империјата.[264] Затоа може да се заклучи дека и од двете насоки, "дакиската"[265] и "панонската", доаѓало до постепено и трајно населување на Балканскиот Полуостров со Словени, членови на политичките сојузи на Венетите, Словените и Антите. Ова населување зело голем замав особено во време на императорот Фока (602-610). Меѓутоа, не треба да се заборави дека и за време на реидите, сите Словени не се враќале преку Дунав. Има спорадични и штури навестувања на хроничарите дека Словените останувале на територијата на Империјата по неколку години; ова сигурно дека не останало без последици по Империјата и освоените области. Очевиден пример е податокот дека Слоовените и Аварите, по втората неуспешна опсада на Солун (586) се

---

Тексты, перевод, комментарий, М., 1980, 58; Иванова О.В., Литаврин Г.Г., Славяне., 51; Иванов С.А. Понятия "союза" и "подчинения", 28-29.

264 ВИИНЈ, I/3, 39-40, заб. 73. Иванов С.А. Оборона балканских провинций, 49 заб. 102; Иванова О.В. Формы политической организации славянского общества в центральной и южной частях Балканского Полуострова в VII-VIII вв. // Этносоциальная, 57 заб. 1.

265 Максимовиќ Љ. Северни Илирик, 34-35 заб. 75, 75а, 75б; Иванова О.В. Формы политической организации славянского общества в центральной и южной частях Балканского Полуострова в VII - VIII вв. // Этносоциальная, 57 заб. 1; Иванов С.А. Оборона Византии, 50 заб. 116, 117, 118.

распрскале, продирајќи и опустошувајќи ја сета земја до Хелада. Се смета дека во периодот после овој напад Македонија веќе била населена со Словени.[266]

Во време од околу 100 години, од моментот откако за прв пат се сретнале со Словените, па до нивното трајно населување на Балканскиот Полуостров, кај историчарите од таа епоха (Прокопиј, Менандар, Теофилакт Симоката, Псевдо Маврикиј) наидуваме на спротивставени милсења кои можат да се поделат во две категории:

1. Словените живееле во "демократија" или "анархија" во многу лабави племенски заедници што немале долг век, бидејќи многубројните кнезови што им стоеле на чело, и кои често меѓу себе се карале и војувале, немале цврста власт врз своите поданици поради големото влијание на

266 БИИНЈ, I/3, 100-101, 108-109, 176-184; ИБИ, т. VI, ГИБИ, т. III, 114; Barišić F., Proces slovenske kolonizacije, 13, 21-23; Острогорски Г., Историја Византије, 99-101; Brandt M., Opća povijest, 110; Оболенски Д., Византијски комонвелт, 64; Adžievski Kosta, Pelagonija u srednjem veku. (od dolaska Slovena do pada pod tursku vlast). (doktorska disertacija), Univerzitet u Beogradu, Filozofski Fakultet, 1990, 9-10. ракопис. Благодарение на љубезноста на проф. Б. Ферјанчиќ успеав да го добијам овој труд, па ја користам оваа прилика да му ја изразам својата благодарност. Ациевски К. Пелагонија во средниот век (Од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт). ИНИ, Скопје 1994, 12-14 заб. 5, 5а, 6. Без оглед што О.В. Иванова и Г.Г. Литаврин. Славяне, 56, се сложуваат со авторите на тезата за мирното продирање на Словените на Балканскиот Полуостров, подвлекуваат дека првите населеници, најверојатно не можеле битно да влијаат на внатрешниот живот на Империјата. Иванов С.А. Оборона балканских провинций, 51 заб. 124.

народното собрание. Војниците им биле скоро голи, немале, освен штит и копје, никакво друго оружје, и не биле вешти во војувањето, па затоа, ги користеле природните засолништа каде што обично правеле заседи.

2. На чело на големите племенски сојузи на Словените стоеле кнезови на кои им биле потчинети родовските и племенските поглавари чија власт била наследна. Овие кнезови управувале со големи територии од кои можеле да дигнат големи војски. Војниците им биле добро обучени и доста вешто војувале, имале добро оружје за блиска и подалечна борба, па покрај пешадијата имале и добра коњица.

Причина за ваквиот начин за сфаќање на светот што ги окружувал, е пред се робувањето на обичаите на минатото кои механички се пренесувале и на тој начин ги разделувале хронолошки поврзаните настани од една страна, и веќе формираниот политичко - дипломатски став спрема "варварскиот свет" за кој веќе била оформена една одредена "слика" која во текот на вековите не претрпела битни измени, без оглед што во секоја епоха луѓето се труделе да имаат свое мислење и свој став од друга страна. Не смее да се смета дека историчарите биле слабо, или воопшто не биле информирани. Дворската канцеларија што била задолжена за односите со странските држави располагала со податоци на кои би можеле да им позавидат и министерствата за надворешни и внатрешни работи на водечките сили од денешниот свет. Сепак во начинот на опишувањето на историските настани ваков

манир на субјективно прикажување задржал до крајот.

Сталежот на кој му припаѓале историчарите, како и повисоките слоеви на владетелското општество, од наведените причини, не бил во состојба на време и точно да пресуди за настаните што се збиднувале во соседството, и на тој начин да делува врз текот на збиднувањата. Брзината со која во овој период на трансформација се одвивале промените во источноримското и словенското општество не им дозволувала на современиците да го следат чекорот на тие промени, да ги запознаат, да ги сфатат, проучат и проценат. Времето што го разделувало управувањето на Јустинијан I (527-565) од владеењето на Ираклиј (610-641) било обележано со преобразба на општеството во кое "изгубените Римјани" и сите "ненајдените Словени" се нашле лице во лице - едните као преобразени Ромеи а другите како издиференцирани самосвесни Словени. И едните и другите го поминале тој пат несвесни дека се промениле и се прилагодиле на новосоздадените историски услови на кои и тие со своите активности биле причина за промена.

Изменети, прилагодени, наоѓајќи се себе си, и едните и другите продолжиле да живеат едни крај други, едните зачекорувајќи во раниот феудализам, а другите во преддржавниот период. Додека Ромеите продолжиле да живеат во Византија, Словените почнале да живеат во новосоздадените, сега веќе на територијата на Византија,

– Склавинии.[267]

---

[267] Што во Византија во почетокот под овој термин подразбирале? Врз основа на истражувањата, Г.Г. Литаврин (Славинии VI–IX вв, 196–199), заклучува: "Склавиниите" според Симоката не се воено – територијални сојузи "на Склавините" (Словените) во целост, туку претставуваат територии населени со Словени од крајот на VI и почетокот на VII век.

И другиот пример во истражувањата го потврдил поранешното гледиште дека "Склавиниите" претставувале севкупни територии на кои биле разместени здружените Словени. Следниот пример кај истиот историчар (Теофан), пак ги разделува термините *κατα Σκλαυινιας και Βουλγαριας*. Кај последниот пример во кој овој термин е употребен во еднина а кој се однесува на периодот (836–837) се чувствува оној суптилен преод што настанал после општествените промени што придонесле за неговото преобразување, па гласел: *του της εκεινης Σκλαβηνιας εξαρχοντος* (егзархот на таа Склавинија). Со овој термин овде не се означува само населена територија со некој дел на Словени, туку социјално – политичка организација, обединение на чие чело бил егзарх – водач, спремен да ја прекине зависноста од Империјата. Од сега па натаму, овој термин ќе се употребува исклучиво во множина и понатаму со овој термин нема да се означуваат само териториите населени со Словени, туку племенските сојузи со определени граници со чии територии управувало едно племе чиј главар во истовреме бил и главар на племенскиот сојуз како политичка организација. Значи, териториите населени со Словени (Склавинии) биле расцепкани на различни политички сојузи (Склавинии) јасно меѓу себе раздвоени. Па сепак, без оглед што овој термин бил општоважечка одредница за сите територијално-племенски сојузи, племињата кои господареле во сојузите обично ги наметнувале своите имиња. (Литаврин Г.Г. Древняя славянская этническая общность. // Развитие этнического самосознания славянских народов в эпоху раннего средновековья. М., 1982, 21; Константин Багрянородный. Об управлении империей. Текст, перевод, комментарий. Издание второе, исправленное. Под редакцией Г.Г. Литаврина и А.П. Новосельцева. М., 1991, 44–45 бел. 21; 112–113 бел. 17; 132–133 бел. 27.

За да се добие правилна слика за настаните кои следат, нужно е враќање наназад, без оглед што изворот **Miracula S. Demetrii** му припаѓа на споменатиов период; меѓутоа, овој спис го содржи и периодот пред формирањето на Склавиниите, а ја опфаќа и географска Македонија.

Одеднаш, како во некоја античка драма, 584 година пред ѕидините на Солун се појавила одбрана словенска војска составена, според зборовите на очевидците, од 5000 искусни борци. Овие одбрани борци уште при доаѓањето биле препознаени од граѓаните кои: "...со своите навикнати уши распознавале дури и некои знаци на варварското довикување".[268] Овој податок укажува на фактот дека Солуњаните ги познавале Словените кои најверојатно живееле во нивна непосредна близина. А тука се населиле, најверојатно во периодот кога, според зборовите на Јован Ефески, дошло до нивно разместување по цела Хелада, околу Солун и на територијата на Тракија.[269]

За овие први жители околу Солун за жал нема никакви податоци во изворите. Поради тоа, од особено значење е трудот на М. Бајтман[270] во кој покрај историските, лингвистичките, топономастичките се обработуваат и

[268] ВИИНЈ, I/3, 175-176, bel.5, 6.

[269] Свод I, 279, заб. 11, 12, 13, 14, 15; Иванов С.А. Оборона балканских провинций, 51 заб. 124; Максимовић Љ. Северни Илирик, 47 заб. 149, 149а.

[270] Weithmann Michael W., Die slavische Bevolkerung auf der griechischen Halbiensel. Munchen, 1978. Рецензија В.В. Седов. // СА, 2, 1982, 274-277.

археолошките извори. Овие докази на територијата на Грција претежно се состојат од глинени садови од прашки тип, палчести фибули, метални зооморфни или антропоморфни фигурчиња и со поединечни женски украси. В.В. Седов забележал дека најдената керамика повеќе му одговара на прашко - пењковскиот тип, па врз основа на тоа заклучил дека словенските мигранти доаѓале од територијата на Антите и нивните потомци. Исто така, на Антите, како на жители на Хелада, укажува и начинот на погребувањето, вршен според обредот на инхумација.

Без оглед на овој став на В.В. Седов, други многубројни податоци укажуваат дека Балканот, а во тој состав и Македонија, биле населени како што е веќе речено со делови од Венети, Словени и Анти. Денешна Грција, според тоа, населена е од истите етнички бранови од кои биле осовоени Македонија и другите делови од територијата на бивша Југославија.

Овие први борби околу Солун останале без резултати, како што не известуваат изворите, бидејќи дошло до фронтален судир околу ѕидините со еден одред од бранителите; меѓутоа Словените немале намера да го освојат градот (а и како може тоа да го направи единица од 5.000 луѓе), туку само да извршат застрашување и да ја ограбат околината.[271]

[271] ВИИНЈ, I/3, 175-176; Баришић Ф., Чуда Димитрија Солунског као историјски извор. Посебна издања књ. CCXIX, Византолошки институт, књ. 2, САН, Београд 1953, 50-56; 86, бел. 13, подвлекува дека нападот е преземен од македонските Словени, кои се веќе населени на овие

Две години подоцна (586) следел вториот напад на Солун кој бил поорганизиран. Покрај Словените во овој напад учествувале и Авари. Раскажувачот јасно говори дека оваа многубројна словенско - аварска војска, по засилениот марш, се нашла во околината на градот и тука не можела најдобро да се снајде. Овој податок, како и забелешката дека - освен граѓаните кои служеле војска, другите "... никогаш пред тоа не виделе од толкава близина непријатели кои опсаднуваат",[272] укажува на фактот дека изразот се однесува на Аварите кои Солуњаните дотогаш не ги виделе, а не на Словените кои дошле со нив, бидејќи дел од овие веќе живеел во околината. Опсадата траела седум дена, а за тоа време во словенско - аварската коалиција дошло до расправии, така што многу Словени [illegible] во градот. Оваа опсада на градот останала запаметена и според начинот на мудрото водење на операциите; веќе беше пишувано за вооружувањето и начинот на водење војна на Словените и Аварите, така што од изворите е јасно дека во оваа прилика Словените биле тие кои ја носеле тежината на опсадата.

Како што изненадно започнала опсадата, така и се завршила, а многу Словени, сојузници на каганот,

---

простори. ГИБИ, III, 109-113; Adžievski K., Pelagonija, 9; Острогорски Г., Историја Византије, 99-100, бел.5, 6; Иванова О.В., Литаврин Г.Г., Славяне, 63; Аџиевски К. Н.д., 13; Максимовић Љ. Северни Илирик, 47, заб. 148.

[272] ВИИНЈ, I/3, 178.

продолжиле да ги пустошат Македонија и Хелада стасувајќи на тој начин до Пелопонез каде и останале.[273]

Насочувајќи ги сите свои сили за зачувување и одбрана на границите на Империјата, императорот Маврикиј (582-602), успеал после долги борби, војната да ја пренесе на територијата на непријателот, и кога се чинело дека успехот е неминовен, дошло до катастрофа. Несакајќи да ја исполни царевата нардба и да презими на непријателска територија, војската го дигнала на штит сатникот Фока, и напуштајќи ја границата се упатиле кон престолнината. Со овој чин запечатена е судбината на Империјата, а Словените можеле слободно и безбедно до го наслуваат Балканот.[274]

---

[273] ВИИНЈ 175, 176-184 бел. 11. Авторот смета дека изразот се однесува на големината на аварската војска која до тогаш не била видена, меѓутоа, сметам дека толкувањето на Иванова О.В. и Литаврин Г.Г. Славяне, 63-64 е поправилно. Бараишић Ф. Чуда, 56-64 бел. 106, 107; ГИБИ III, 113-128; Острогорски Г. Историја Византије, 99-100; Максимовић Љ. Северни Илирик, 47 заб. 148, 149, 149а; Adžievski K. Pelagonija, 9, 10; Аџиевски К. Н.д., 13; Иванова О.В. Славяне и Фессалоника во второй половине VII вв. по данным "Чудес св. Димитрия". (Постановка вопроса). // Славянские древности. Этногенез. Материальная культура Древней Руси. Сборник научних трудов. Киев 1980, 82; Ibid. К вопросу о славянизации цемтральной и южной части Балканского полуострова (по данным "Чудес Св. Димитрия") // Античная балканистика. Карпато - балканский регион в диахронии. Предварительные материалы к международному симпозиуму. М., 1984, 15.

[274] Острогорски Г., Историја Византије, 99-100; Максимовић Љ. Северни Илирик, 48 заб. 151, 152.

За периодот што следи, сите информации за Словените кои ја населиле Македонија, ги наоѓаме во втората збирка на Чудата на Димитриј Солунски. Уште на самиот почеток наидуваме на следниот податок: "И така се случи, како што е речено, дека за време на епископатот на блажениот во спомените Јован се дигна народот на Словените (Σκλαβινων εθνος), бројно мнозинство составено од Другувити, Сагудати, Велегезити, Бајунити, Верзити и останати племиња (των Δρογουβιτων, Σαγουδατων, Βελεγεζιτων, Βαιουνιτων, Βερζητων και λοιπων εθνων).[275] Понатаму дознаваме дека сите овие племиња пред опсадата на градот (614) презеле напади на Хелада, Егејските Острови и на дел од малоазискиот брег, ограбувајќи и пустошејќи "градови и покраини" притоа, подготвувајќи се сега да го нападнат и Солун и таму да се населат (што изгледа малку веројатно за тоа време).

[275] ВИИНЈ, I/5, 186-187, заб.3, 4, 5, 6, 7; ГИБИ, III, 128-129; Баришиħ Ф. Чуда, 85; Томоски Т. Записи за Другувитите во Македонија // ГЗФФ 22(48), 1995, 195-203. За името на ова племе проф. Т. Томоски приметува дека, според изворите, етниконот е најзастапен во обликот Другувити. И до и по исчезнувањето од политичката сцена на "Склавинијата Другувитија" името на племето ќе биде раширено врз "една епископија подчинета на солунскиот митрополит, потоа една еретичка црква на Балканот, како и една подрачна единица - cartularatis во составот на провинцијата Бер. Тоа име било употребено и како ознака за народносна припадност на носителот на "тиранијата" во Бер и "власта" во Полог" (195). Етниконот ни укажува на миграциите на ова племе или сојуз, бидејќи истиот се среќава и на територијата на Бугарија и во состав на Киевска Русија.

Од "Склавинииите" во непосредна близина на Солун бил изведен и нападот на градот со кој раководел заедничкиот водач Хацон.

Уште еден податок од изворите ги осветлува односите што владееле во градот и неговата околина. За време на еден пробив на една единица од градот бил фатен жив и водачот Хацон, меѓутоа богатите граѓани, најверојатно градските првенци, побрзале да го скријат. Овој податок укажува на добрососедските односи меѓу богатите граѓани и словенските првенци кои биле засновани до опсадата, така што ни таа не ги поматила. Најверојатно, после убиството на Хацон, Словените ја дигнале опсадата и се вратиле дома. Ваквиот однос после убиството на водачот, наведува на помисла дека неговата власт била изборна и дека зависела од волјата на кнезовите, на племињата или на сојузите. Етно - политичките заедници на Склавинииите се уште не биле зацврстени и не можеле да дејствуваат единствено со оглед на степенот на развиток на кој се најдувале.

Каде точно биле сместени племињата наведени во изворот? Ако се оди според редот како што ги споменува изворот, Другувитите се први во тој редослед. Истражувачите ги сместуваат, врз база на изворните податоци на територијата западно или југозападно од Солун, помеѓу Бер и реката Бистрица, додека според податоците од X век, и овие и Сагудатите се сместени по селата помеѓу Солун и Бер. За големината на ова племе, може да се заклучи врз основа на подоцнежните извори,

имено според местото коешто нивниот епископ го заземал. Покрај овие Другувити, племиња со ова име се среќаваат уште во Родопскиот крај, околу Пловдив, потоа во близина на Полог (за сите овие се претпоставува дека се огранок на солунските Другувити кои заостанале при населувањето), и во Русија (помеѓу Припет и Двина).[276]

Сагудатите биле населени западно од Солун, во близина на Другувитите, на просторот помеѓу Бер и Солун. Спомнувањето на нивното покрстување од светогорските калуѓери, наведува на помисла дека еден огранок од ова племе живеел на Халкидик, додека, пак, нивното споменување во Битинија, оди во прилог на кажувањата дека и тие заедно со другите Словени во средината на VIII век биле селени во Мала Азија.[277]

Третото од спомнатите племиња, Велегезитите, било сместено во Тесалија, околу градовите Теба и Деметријада, таму каде што денес се наоѓа заливот Воло.[278]

Следното племе, Бајунитите, во почетокот било сместено во западната околина на Солун, од каде што подоцна се преместило и се населило во Епир, северно од заливот Арта.[279]

Последното племе што се споменува во изворот,

---

276 БИИНЈ, I/3, 186-188, заб.3; ГИБИ, III, 129, заб. 1; Томоски Т. Записи, 195, 199.

277 ВИИНЈ, 1/3, 187-188, заб. 4; ГИБИ, III, 129, заб. 1.

278 ВИИНЈ, 1/3, 187-189, заб. 5; ГИБИ, III, 129, заб. 1.

279 ВИИНЈ, 1/3, 187-189, заб. 6; ГИБИ, III, 129, заб. 1.

Верзитите (Берзитите), се населило северно од Солун, на територијата околу денешните градови: Битола, Прилеп, Крушево и Велес.[280]

За племињата кои во овој список се спомнати како "...и другите племиња," О.В. Иванова и Г.Г. Литаврин[281] правилно заклучуваат дека тоа се: Смолјаните, Стримонците и Ринхините.

Племенските називи, не само кај Словените, туку и кај останатите европски народи од средниот век се уште се спорни. Тоа е период кога племињата не ги носат старите родовски, туку стекнатите имиња за време на преселувањата (врз основа на топонимите или во зависност од особините на новоосвоените територии) или добиени од соседите. Оваа појава не може да ги заобиколи ниту Словените. Меѓутоа најновите истражувања на името на Берзитите овозможува да се осветли и дел од историјата на ова племе во периодот на миграциите.

Анализирајќи ги етнонимите во делото кое во науката е познато како Баварски географ, К.Т. Витчак[282] се обидел да го објасни етнонимот Fresiti (средина на IX век); согласно со ставовите на В.И. Георгиев, авторот смета

[280] ВИИНЈ, 1/3, 187-190, заб. 7; ГИБИ, III, 129, заб. 1; Прилеп и Прилепско низ историјата. Книга прва. Прилеп 1971, 76; Аџиевски К. Н.д., 23-24 заб. 32, 32а, 33.

[281] Иванова О.В., Литаврин Г.Г., Славяне, 65, заб. 64.

[282] Витчак К.Т., Из проблематики древних славянских племен, 1.Этноним Fresiti у Баварского географа и его локализация // Этимология 1988-1990, М., 1993, 28-36.

дека називот на племето Βερζιται, Βερζηται, продолжува како *bъrzitji или *bъrzъti во прасловенскиот, меѓутоа реликтите му се наследени од праиндоевропскиот јазик што не е никаква реткост кога е во прашање прасловенската етимологија. Како примери можат да послужат етнонимите Veneti, Venedi, Venadi, или Αντεσ, Ανται. Се чини – единствена индоевропска праформа од која може да се изведе прасловенскиот етноним *bъrzъti, е *bhrghnt-, *bhrghnt-o-i, која е засведочена во многу племенски називи: келт. Brigantes, племе во Британија, Brigantii, племе во Рецij, по кое во антиката Боденското Езеро е наречено Brigantinus lacus, балканските Barzantes и германското племе Burgundai, со значење: висок, крупен.[283]

Трговскиот пат крај којшто биле сместени Fresiti-те [illegible] одел од Хазарија преку Киев, Краков, Вроцла, Бесница кон Мерзебург и понатаму во длабочината на Франачка,[284] додека ова племе било сместено во пределите помеѓу Киев и Краков. Ако се претпостави дека во текот на Големата преселба Берзитите,[285] како дел на

[283] Витчак Т.К. О первоначальных венетах, 110 заб. 15; 111-112.

[284] Витчак К.Т. Из проблематики, 31 заб. 9.

[285] Берзитите на ова место условно се наречени дел на Fresiti-те, бидејќи не се знае како биле именувани во старите области, а од моментот од како ја напуштиле територијата на старата, барем за нас, татковина, од каде можат да им се следат трагите, биле именувани според етнонимите кои званично ги регистрирале

подоцнежните **Fresiti** тргнале кон Балканот заедно со Другувитите (кои несомнено се сродни со руските Дреговичи) тогаш се наметнува заклучокот дека Берзитите и во прататковината биле соседи со Другувитите (Дреговичи) чија што првобитна територија се простирала на југ од Припет на подоцнежните населби на Древљаните. Во натамошната анализа спменатите етноними, авторот, потпирајќи се на истражувањата на Л. Мошински, кој пак својот став по тоа прашање го градел врз трудот на Х. Повмјански ќе смета дека Древљаните се потомци на Дреговичите. Ако Берзитите во прататковината биле соседи со Дреговичите, тогаш и Fresiti-те можат да се локализираат во северна Украина која подеднакво може да се смета за прататковината како на "македонските" Берзити [266] така и на "франачките" Fresiti.

---

византиските и франачките хроничари, од каде може да се заклучи дека едниот огранок на некогаш единственото племе или сојуз тргнал кон југ, а другиот кон запад.

[266] Витчак К.Т. Из проблематики, 31-36, заб. 15, 16, 17, 20; Басотова Л., Зогович С. Существует ли связь между южнославянскими березитами и полабскими березанами?// XVIII Международный конгресс византинистов. М., 1991 (реферат во печат). Немајќи во тоа време увид во трудот на К.Т. Витчак кој што се однесува на етнонимот Fresiti нашиот заклучок беше дека македонските Берзити се од Полабје, поточно од сојузот на Ободритите (Бодричите). Ова сознание не само што не е погрешно, туку напротив, ни укажува на внатрешните словенски раселувања. Со оглед дека племенски сојузи на Балтичките Словени биле формирани подоцна од оние во Дакија, во Подунавјето и на Балканот, логично е дека и Полабските Березани, како и македонските Берзити пред нив, тргнале кон новата татковина, сега во Полабје најверојатно од соседство на

Со оглед на тоа дека некои истражувачи ставиле знак на еднаквост[287] помеѓу раносредновековните Берзити и подоцнежните жители на тие простори, – Брсјаците, и Б. Конески се обидел да даде свој придонес во решавањето на ова прашање врз основа на етимологијата. Според него треба да се разделат овие два термина, бидејќи овој вториот, според народната етимологија неосновано станал

првобитната територија на Дреговичите како што и самите Дреговичи отишле кон север, барем некој нивни огранок, и го зачувале своето име, додека, делот од племето што останал на старата територија во изворите е познат како Древљани или според Л. Мошински "потомци на Дреговичите".

287 Златарски В. История на българската държава през средните векове. Том I, част 1. София 1994, 230 заб. 1; [illegible] 51 заб., [illegible] заб. 7; [illegible] заб. 7; 235 заб. 58; История на България. Том втори. София 1981, 40, 45, 128, 179; Антољак С. Средновековна Македонија. Том први. Скопје 1985, 12, 115, 133, 196; Панов Б. Средновековна Македонија. Том трети. Скопје 1985, 15, 132, 392; Kovačević J. Βαβας // Зборник посветен на Бошко Бабиќ. Посебни изданија. Книга III. Прилеп 1986, 120, претпоставува дека Прилеп бил племенски центар на Берзитите; Прилеп и Прилепско, 76 (Томоски Т.), додека Бабиќ Б. во истата книга (87) изрично наведува дека Пелагонија е заземена од "словенското племе Брсјаци (Βερζηται)"; Бабиќ Б. Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп. Прилог за историјата на културата на македонскиот народ. Посебни изданија книга I. Прилеп 1986, 10, повторно "словенското племе Брсјаци" 203, пак "словенското племе Брсјаци" 214, "населувањето на Брсјаците" 306; Поповић В. Куврат, Кувер и Аспарух // Старинар XXXVII, Београд 1986, 115; Ацievски К. Н.д., 23–24 заб. 32, 32а, смета дека веројатно само името Верзити (Берзити) подоцна преминало на Брсјаците (Брзаците).

наследник на првиот.[288]

Како што може да се забележи од наведените податоци, Берзитите и Другувитите биле и останале соседи и во старата и во новата татковина, што наведува на претпоставка дека при преселувањатата се уште се почитувале и роднинските и територијалните односи. Со оглед дека вестите што ги добиваме од изворите ништо не спомнуваат за односите во племињата и сојузите на племиња, останува хипотезата дека и Безитите и Другувитите припаѓале на Словенскиот племенски сојуз.[289] Откако дошле тие на Балканот наишле на, слична општинска организација, но со понапредна материјална култура, на која што постепено и се прилагодувале.[290] Самиоит факт што авторот на Чудата по збирниот назив "се подигнал народот на Словените", чувствувал потреба да ги наброи според имињата "бројно мнозинство составено од Дрогувити, Сагудати, Велегезити, Бајунити, Берзити", упатува на тоа

[288] Конески Б., Македонски места и имиња. Скопје 1991, 103-105. Авторот правилно ги разделува овие два термина, бидејќи не само етимолошки, туку и етнички Брсјаците не можат да бидат Берзити. Периодот што ги раздвојува доволен е за тоа време да се оформи нов етнос, поточно нова етно - социјална група во склоп на македонскиот народ.

[289] Brandt M. Srednjevekovno doba, 104-107; Седов В.В.. Происхождение и ранняя история славян. М., 1979, 108; Томоски Т. Записи, 195-197.

[290] Иванова О.В. К вопросу о славянизации центральной и южной части Балканского полуострова (по дасным "Чудес Св. Димитрия") // Античная балканистика. Карпато - балканский регион в диахронии. М., 1984, 15-16.

дека тие самите за себе претставувале појаки племенски обединувања, додека пред ѕидините на Солун се обединиле (може би само војнички) под единствената команда на Хацон. Дека бил во прашање единствен племенски сојуз на сите спомнати племиња, а не само обединување заради војна, покажува реакцијата по убиството на Хацон. Уште еден мал детал во изворот помага да се насети битот на овие луѓе. Христијанин до срж, раскажувачот само летимично соопштува дека "...водачот на овие Словени, по име Хацон, барал според својата навика од врачот да му се каже дали ќе влезе во нашиот од Бога чуван град, а му е одговорено дека ќе влезе, но не му е кажано како".[291] Овој податок секако дека не е измислен бидејќи опишува таков детал што е мошне познат во изворите кои се однесуваат на Источните и Балтичките Словени во подоцнежниот период. Од друга страна, тоа значи дека Солуњаните мошне добро ги познавале своите соседи со кои кога немало опсади и воени искрења, живееле во мир, си помагале едни на други и примале и прифаќале културни, традициски и цивилизациски текови. Авторот дури смета дека врачот не погрешил, меѓутоа, пред семоќниот и единствен христијански Бог, паганските идоли биле немоќни. Патронот на градот со сесрдна помош на Господа, секогаш ги победувал неверниците.

Околу две години Слуњаните живееле во мир со своите соседи и најверојатно и едните и другите после опсадата

[291] ВИИНЈ I/3, 193 заб. 15.

се вратиле на своите секојдневни работи.

Најверојатно првенците на споменативе племиња не се помириле, може би не толку со поразот пред ѕидините на градот, колку со губитокот на пленот што сметале да го одземат, па, затоа му испратиле пратеништво на аврасиот каган, кого со дарови и ветувања го придобиле за сојузништво, не пропуштајќи при тоа да го известат дека овој град е единствениот неосвоен околу нивните населби и им служи како прифатилиште на бегалците од Подунавјето, Панонија, Дакија, Дарданија. Ова последново, најверојатно, влијаело врз одлуката на каганот да го прифати учеството (покрај понуденото злато, пленот и уверувањата дека со заеднички сили полесно ќе го освојат градот) и да го искористи како casus belli со Византија, бидејќи жителите на некои од споменатите провинции номинално се сметале за негови поданици.

Во првиот, како што се смета, дипломатски договор склучен помеѓу рамноправни партнери, се подвлекува независноста на македонските Словени. Сметам дека овде повторно треба да се нагласи дека во односите помеѓу Словените и Каганатот никогаш не се работело за класичен однос на подчинување, како што од изворите преминало во литературата. Овој термин е механички пренесен од византиската дипломатска терминологија, како што веќе беше речено, во општество во кое што важеле други норми

на однесување.[292] Дури ни Подунавските ни Панонските Словени, ни остатоците на Гепидите и уште бројни етноси кои живееле на територијата на Каганатот не биле "потчинети" онака како што тој термин денес се сфаќа. Не треба да се заборави дека односот на номадите спрема племенските заедници кои влегувале во нивните сојузи, каганати или улуси се разликувал од европскиот. Не е фраза кога каганот говорел дека се плаши од пораз, бидејќи на тој начин тој би изгубил во очите на своите сојузници Словените кои биле први по неговите Авари.

Аварскиот каган се одзвал на повикот на македонските Словени и испратил војска составена најмногу од Словени, иако имало и припадници на други етноси; меѓутоа, по име се споменуваат само Бугарите. После неуспешната 33 дневна опсада, откако примил откупнина, пари и стока, каганот ја кренал опасдата и се вратил на другата страна од Дунав.[293]

Иако вклештена помеѓу Словените и Персијанците, изложена на честите напади на Аварите, Византија смогнала сили да поработи на своето спасување. Новиот владетел Ираклиј (610-641) започнал со реорганизација на војската и управниот систем. Резултатите од овие реформи ќе се појават набрзо и ќе и овозможат на Византија во почетокот да ја запре офанзивата на Персијанците, а потоа да премине во против напад и да го уништи својот

292 Иванов С.А. Понятия "союза" и "подчинения", 27-29.

293 ВИИНЈ I/3, 194-196, заб. 22, 23, 25; Баришиђ Ф. Чуда, 96-98.

вековен противник. Паралелно со преземената офанзива на Исток, василевсот обилно го искористил испробаното средство на Визнтијците - дипломатијата. За да се ослободи од аварскиот притисок, Ираклиј склучил сојуз со Кубрат. Подоцна неговиот колега на царскиот престол, - Константин VII Порфирогенит, пишува дека во тоа време е склучен договор помеѓу царот и племенските сојузи на Србите и Хрватите[294] кои во својство на сојузници, со дозвола на царот, започнале да го населуваат Балканскиот Полуостров, додека пак сојузот со Хазарите требало да му овозможи одврзани раце во акциите против Персијанците.[295]

Новиот словенски бран ги засилил словенските маси, но и до доаѓањето на овие нови словенски маси, демографската ситуација веќе била изменета во полза на Словените.

Во Македонија, која скоро потполно била населена со Словени, не постоела се уште византиска власт. Во прилог на ова може да се земат оставите на пари според што може да се заклучи дека емисијата на византиски пари потполно замрела после 585 година,[296] а со тоа се објаснува и

[294] Византиски извори за историју народа Југославије. Посебна издања. Књига CCCXXIII. Византолошки Институт. Књига 7. Том II. Београд 1959, 38 заб. 116; 39 заб. 117; 49 заб. 151, 152, 153, 154; Константин Багрянородный. Об управлении империей. Текст, перевод, комментарий Г.Г. Литаврина и А.П. Новосельцева. М., 1991, 135 заб. 1, 2; 137 заб. 3, 4; 141 заб. 1, 2, 7, 8, 9, 12.

[295] Острогорски Г. Историја Византије, 112-121.

[296] Максимовић Љ. Северни Илирик, 44 заб. 135; Adžievski K.

опаѓањето на стопанството во овој дел на префектурата Илирик.

Густината на населеноста на словенското население околу Солун, а аналогно на тоа и во останатите делови на Македонија каде што споменатите племиња биле разместени, ако е за верување на изворот (Miracula II), била навистина голема. Тоа го потврдуваат и нивните походи преземани по целата територија на Хелада, околните острови, па дури и по крајбрежниот појас на Мала Азија. За да се изведат сè тоа било потребно време, средства, и пред се солидни бази. Говорејќи за земјотресот што го зафатил Солун околу 630 гдина авторот известува дека веднаш после потресот од околината дошле Словените и како што им се причинило дека градот е разурнат, се вратиле да [illegible] [illegible] се [illegible] и набрзо повторно се нашле пред ѕидините. За да го направат сето ова, значи, биле мошне блиску до градот и најверојатно во околината им биле и населбите. Во овие населби течел мирен живот што им овозможувал добрососедски односи со месното селско население. Во своите нови домови, покрај земјоделието и сточарството, тие најверојатно продолжиле да се занимаваат со веќе специјализирани занаети по кои биле познати и ценети уште во старата татковина. Инаку, како би можеле да се објаснат нивните походи по море и копно! Требало да се изградат бродови, да се опреми војската, да сеискова оружје, да конструираат воени

Pelagonija 16–17; Ibid. 13 заб. 5а, 6.

машини. Сето ова морало да се направи на местата каде што живееле, бидејќи тука биле мајсторите, тука им бил алатот, тука им бил материјалот. А за да се доведе сето ова во ред требало да постои организација;[297] имало и организација. Се знае дека внатре во Склавиниите постоеле племиња кои имале своја организација со ним подчинетите структури. Затоа може, мошне претпазливо, да се претпостави дека Хацоновото убиство ја пореметило владеачката структура, бидејќи нема известувања дека во четвртата опсада на Солун не зеле учество заправо Словените од централните и јужните делови на Македонија на чија иницијатива е и преземен сиот тој потфат.

Исто така за време на опсадата преземена под командата на Хацон, флотата, артилеријата (справите за фрлање) и на другите определените единици, како и останатите родови на војската, дејствувале во содејство и доста воедначено, податок кој говори за добро обучен команден кадар. Од друга страна, за четвртата опсада читаме: "...за време на опсадата градското пристаниште останало слободно и трговските бродови го снабдувале градот со жито па дури и со оружје и војска...".[298] Значи ли ова дека каганот немал флота? А имало во неговата војска Словени, тие посебно се спомнуваат; дали тие биле и единствени кои можеле да управуваат со флотата? Значи ли

[297] Иванова О.В., Литаврин Г.Г. Славяне, 66 заб. 65.

[298] ВИИНЈ I/3, 221–222, заб. 9, 10; Острогорски Г. Историја Византије, 131–132; ГИБИ, III, 260, заб. 3, 4.

ова дека неучествувањето на македонските Словени во борбите околу Солун го повлекло и отсуството на флотата? Ова, за жал, ќе остане тајна. Исто така и периодот кој следи по овој, а опфаќа околу половина век (618-658) претставува тајна. Што се случувало за тоа време во Македонија може само да се претпоставува врз основа на настаните кои поминале и врз основа на промените што во меѓувреме се случиле.

Бидејќи Византија за цело време била зафатена со војни против Персија, а потоа со Калифатот, македонските Словени мирно живееле по своите села, го унапредувале стопанството земјоделието и сточарството, го развивале занаетчиството и тргувале со Солун. Овој мирен живот нарушен е со византиско - арапскиот мир кој на Констанс II (641-668) му го олеснил патот да се позанимава и со балканското прашање. Од штуриот податок кај Теофан дознаваме дека тогаш (658) е заробено и покорено многу од народот во Склавиниите. Податокот најверојатно се однесува на Склавиниите во Македонија, меѓутоа, "покорувањето" се чини било само номинално, бидејќи царот не бил во можност истото и да го оствари. Меѓутоа, заробените Словени се префрлени во Мала Азија и таму населени по темите.[299]

И повторно, по мала пауза (674-677) настаните кои следат фрлаат повеќе светлост врз приликите во Македонија. Под обвинение дека сака да го наруши мирот и

[299] ВИИНЈ I/3, 221-222 заб. 9, 10; Острогорски Г. Историја Византије, 131-132; ГИБИ, III, 260, заб. 3, 4.

со обединети сили да го нападне Солун, ринхинскиот кнез Првуд бил уапсен во Солун и заради понатамошна истрага префрлен во престолнината.[300] Кога дознале за ова Словените, особено Ринхините и Стримонците, заедно со избраните претставители од Солун успеале од царот (Константин IV 668-685) да добијат помилување за кнезот. По неуспешниот обид за бекство кнезот бил убиен. Веста толку силно одекнала меѓу Словените, што веднаш здружените Стримонци, Ринхини и Сагудати со заеднички сили го нападнале градот од копно и море, држејќи го под опсада цели две години. Со време кон опсадата се придружиле и Другувитите, додека Вајунитите и Берзитите не се споменуваат како членки на сојузот. Велегезитите, пак, не само што не зеле учество во опсадата, туку напротив, и понатаму одржувале мирни и трговски односи со градот.

Во петтата, последна опсада на Солун преземена од страна на Сојузот на словенските племиња, Словените ја покажале сета умешност за војувањето, координација и единството на здружените сили на Сојузот користејќи ја притоа најсовршената воена техника. Последниот јуриш бил преземен на 25 јуни (петтиот индикт) 677 година, меѓутоа, бидејќи не го дал саканиот резултат, Словените се повлекле оставајќи ги воените направи.

300 ВИИНЈ I/3, 200 заб. 33; ГИБИ, III, 143 заб. 3; Антољак С. Средновековна Македонија. Том први. Скопје 1985, 117, 138; Панов Б. Средновековна Македонија. Том трети. Скопје 1985, 15, 31-32, 42-43, 132, 392, 465, 503, 516, 596-597, 659, 675.

Без оглед што во изворот не се споменува причината за ненадејното повлекување, од штурите податоци се насетува дека причина за тоа биле внатрешните кавги. Повторно, без некакво валидно објаснување, се споменува дека први се повлекле Стримонците, а дури потоа дошло до вистински раскол. Податокот - дека пред поаѓањето и после кревањето на опсадата "...ги собрале своите...убиени водачи, како и ранетите...", ни зборува дека командата не била (како во случајот со Хацон), доверена на еден командант. Низ целиот текст се забележува мнението дека секое племе самостојно одлучувало за своето учество во опсадата. Другувитите пред крајот се вклучиле, додека Велегезитите биле во мир со градот. Без оглед на тоа што опсадата била крената, воените дејствија, како што не известува [illegible] "...сепак не престанаа грабежите, односно постојаните секојдневни препади". Овој пат, како и порано, не настрадале само Солун и неговата околина туку од гусарските напади на Стримонците и Ринхините настрадало населението на Хелеспонт и она крај бреговите на Мраморното Море. За да ги запре овие акции царот испратил војска, па дури по ова племињата побарале мир (680).[301] Наметнатото признавање на византиската власт, најверојатно, пак било

[301] ВИИНЈ I/3, 198-211, заб. 32, 33, 33а, 35, 36, 41, 46, 51, 52, 52а; Баришиђ Ф. Чуда, 106-125; ГИБИ, III, 143-158; Иванова О.В. Славяне и Фессалоника, 84-65.

формално.[302]

Периодот кој следи (680-685) одбележен е со уште една преселба од Подунавјето: со доаѓањето на Кувер и неговите Оногури, Мауровите Кутригури, Сермезијанците и други етноси кои го напуштиле Каганатот, влегле во Македонија и го запоседнале Керамесиското Поле.[303] Оваа

[302] Иванова О.В. Формы политической организации, 62-65.

[303] ВИИНЈ I/3, 211-215, заб. 58, 59, 60, 65; ГИБИ, III, 155-160; Баришић Ф. Чуда, 124-128, заб. 156; Томоски Т. Белешки за неколку малку познати места во средновековна Македонија. // Историја XVII-2, Скопје 1981, 75-80, според податоците од изворите (Miracula II) го сместува Керамесиското Поле околу с. Посток и градот Пазар на територијата на некогашна Пела. Оваа убикација најповеќе одговара на положбата на Керамесиското Поле од VII век, па лично сметам дека моментално е единствена чиј опис се сложува со оној од Miracula II; Поповић В. Куврат, Кувер и Аспарух.// Старинар XXXVII, 1986, 114; Adžievski K., Pelagonija, 21-23, bel. 44, се сложува дека локацијата што ја дава Т. Томоски "одговара на положбата што би требало да ја има Керамесиското Поле", меѓутоа, нагласува дека називот Керамесиско Поле за подрачјето на Пела нема конкретни потврди ниту во современите, ниту во подоцните извори; Ibid. Н.д., 24-28 заб. 35, 39, 44; Златарски В., История на българската държава през средните векове. Том I, София 1994. (Второ фототипно издание), 155-159, смета дека дошло до зближување на Куверовата хорда и Словените во Македонија, поготово со Другувитите, кои, според авторот, се најголемо и најмоќно племе на овие простори. Чудно е што овој голем историчар го превидел текстот што гласи:"... побара да се издаде наредба (од царот) да нам соседните племиња на Дрогувитите ни донесат доволна количина храна за нив, а тоа и стана", па "...бидејќи многу собирајќи жито на тој начин влегоа во колибите на Словените..." (ВИИНЈ, I/3, 213), од каде произлегува дека во тоа време Другувитите биле сметани за поданици на ромејскиот цар. Фактот што

нова разноетничка Куверова дружина не можела битно да влијае врз демографската состојба во Македонија, зашто словенизацијата постепено ги кршела и оние малку енклави туѓи според етносот. Така, Куверовите Оногури населени се "...во областа Kissos на 14 км источно од Солун", додека Мауровите Кутригури и Сермезијанците разместени се по "... горните текови на Хеброн, Места и Стримон, наспроти на Аспаруховите Бугари", како граничари.[304]

---

Другувитите биле сметани за поданици на василевсот бил сосема во склад со сфаќањето на власта во Византија, па затоа не смее поинаку да се толкува ниту наредбата на Константин IV упатена до нивните кнезови да соберат храна за Куверовата хорда. Познато е дека Другувитите биле населени на "...владенијата што не биле подложни на царската управа, но сепак во групните прашања го признавале авторитетот на царот". (Katičić R., Vetustiores eclesiae spalatinensis memoriae 17–5, // Starohrvatska prosvijeta, serija III, sv.17, Split 1987, 26). Ова прекутно признавање на царскиот авторитет на териториите каде што немало тематска управа означено е во изворите како "потчинување". Понатаму авторот (Златарски В.) наведува дека Кувер имал намера да заснова независна држава, а во *Miracula II стои дека* сакал со нив да владее како каган.(заб. 59).

Овде сметам дека треба да го појаснам терминот "држава", што неосновано се провлекува низ литературата, а се однесува на преддржавните творби.

Вистински држави во времето за кое овде станува збор се: на Запад, единствено Византија, а на Исток, Персија, Кина (и евентуално некои држави во Индија). Во Подунавјето создадени се гунскиот сојуз, па Аварскиот каганат со хорди и разнородни племиња степенесто наредени во цврста хиерархија каде не биле разграничени социјалните функции. На Запад е ист случај. Сите "империи" што се појавувале на историската сцена, воопшто не располагале со вистински ефективен апарат на власт, туку биле минливи творби на расштркани племиња и

Искористувајќи го поволниот мирен период со Арабјаните 678, Јустинијан II (685-695 – 705-711) подготвил поход (687-688) за да ги покори Бугарите и Склавинииите. Со превземениот поход (688-689) Јустинијан II успеал да го ослободи патот од Константинопол до Солун, пат што до тогаш го држеле македонските Словени, и при тоа, како што правилнмо забележал В. Поповиќ,[305] прво ги победил Куверовите Оногури, а потоа ги преселил на Долен Стримон

етноси кои живееле свој сопствен живот. Атрибутите на власта со кои што располагале каганот или кралот не биле само нивни монопол, туку нив ги поседувале сите по ранг кои биле зад нив, до последниот старешина на родот, па може да се рече дека последниве повеќе располагале со [illegible] нивните господари. Сите овие политички творби во Европа и Евроазија не биле врзани за конкретна територијална организација, туку се потпирале врз вазалитетот што е неспоив со државата. За појавата на првите ранофеудални држави може да се зборува дури од XI век па натаму. Сите политички творби од пропаста на Западноримската Империја до XI век носители се само на преддржавните елементи. (Гуревич А.Я. О генезисе феодального государства // БДИ, 1990, 1, 101-106). Според тоа, на балканските простори Оногурите на Аспарух во сојуз со словенските Северци и останатите седум словенски племиња не создале "држава", туку само сојуз на чие чело стоел каганот. Кувер во тоа време не бил во состојба да го направи истото со Словените во Македонија.

[306] Поповић В., Кувратъ, Кувер и Аспарух, 121.

[305] Исто, 123-124.

од каде во 678 г. побегнале Стримонците, па дури потоа ги покорил Словените од кои еден дел повторно бил преселен во Мала Азија. За густината на словенските населби на патот од Константинопол до Солун известуваат изворите, според кои Јустинијан II буквално се пробивал до Солун со силна војска.[306]

Ваквите "походи" преземани поради "признавање" на византиската власт го истакнуваат опаѓањето на нејзината моќ на Балканот и во Македонија. Меѓутоа, тоа што постепено извршило влијание врз кршењето на отпорот на Словените, пред се во Македонија, бил тематскиот систем којшто како јамка постепено се затворал околу Македонија. Од доаѓањето на Бугарите, во времето на Константин IV, формирана е темата Тракија, а веќе после десетина години била формирана и темата Хелада во Средна Грција.[307]

И повторно, - долгото неспомнување на македонските Склавинии, за коешто време, најверојатно, тие ја отфрлиле и таа номинално наметната власт, не тера така да мислиме, бидејќи поинаку не може да се протолкува мошне кусата вест кај Теофан дека во 758-759 година царот Константин V (741-775) "...ги поробил Склавиниите

[306] Острогорски Г. Историја Византије, 143-145 заб. 3; ВИИНЈ I/3, 226-227 заб. 23; ГИБИ III, 265 заб. 5, 6; Острогорски Г. Византиско царство и околни свет у VII веку (СД, III), Из византијске историје, историографије и просопографије), 1970, 40, заб. 4, 5.

[307] Острогорски Г. Историја Византије, 146.

по Македонија...", додека останатите (Склавинии) ги натерал да ја признаат неговата власт. "Ги поробил" најверојатно Словените што биле близу до престолнината и оние околу Солун, додека останатите низ Македонија биле "приморани" да ја признаат, повторно само номинално византиската власт. Ова најверојатно се случило во времето на се позаостренете судири со Бугарите.[308]

[308] ВИИНЈ I/5, 250 заб. 41; ГИБИ III, 27, заб. 2; Острогорски Г. Византиско царство, 40–41; Ibid. Истопрја Византије, 175–176; Adžievski K. Pelagonija, 24 заб. 46; Ibid. Н.д. 29–31 заб. 45, 46; Златарски В. История, I, 206. Смета дека [illegible] државите превземани од страна на македонските Словени заради отфрлање на номиналната византиска власт, се само дел на хановата полотика за ослободување и обединување на балканските Словени. Хановите во VIII век ни случајно не можеле вака да размислуваат дури ни на сон. Така не размислувале ни словенските кнезови кои стоеле на чело на Седумте родови. Ако се земе дека овој мошне почитуван историчар бил во право, како тогаш да се разбере неговото натамошно произнесување (210–211) дека група на бољари го сменила ханот само заради тоа што не сакала да ја дели власта со главарите од Седумте словенски родови? Кога не сакала тоа да го прави кај себе како би изгледала управата во "ослободените земји" на македонските Словени кои исто така не сакале да се потчинат, затоа и се бореле против Византија? Иванова О.В. Формы политической организации, 62–65.

Се чини дека во периодите на "поробувањето" и "принудувањето" на Словените да ја признаат византиската власт доаѓало и до спорадично покрстување. Доказ за тоа се повторно кусите вести кај Теофан и Георгиј Монах - дека во 766 година на патријархискиот престол во Константинопол седнал Словенот Никита.[309] Ништо поконкретно не се знае за овој прв Патријарх Словен, меѓутоа, фактот дека дошол од словенска средина говори сам за себе: меѓу македонските Словени полека почнала да се одомаќинува новата религија.

Што се случувало во македонските Склавинии северно од Солун после 758-759 година, изворите не спомнуваат, но податокот дека, наспроти склучениот мир во 773 година, ханот Телериг (770-777) тргнал (774) да ја "пороби Верзитија" , но бил спречен со мошне енергична акција на царот Константин V јасно зборува дека Верзитите номинално ја признавале византиската власт наметната со царевите походи во 758-759; инаку оваа царева акција не би имала никаква смисла.[310]

---

309 ВИИНЈ I/3, 233 бел. 54,; 248.

310 ВИИНЈ I/3, 233-234, заб. 56, 57, 58; ГИБИ III, 274 заб. 3, 4, 5, 6; Adžievski K. Pelagonija, 23-24 bel. 45, 46; Ibid. Н.д., 29-31 заб. 45, 46; Златарски В. История I-1, 230 заб. 1, (Види заб. 32), не е уверен во точноста на Теофановиот извештај за намерите на Телериг да ја освои Верзитија и да ги пресели Верзитите. Но затоа смета, без да ги наведе изворите дека споменатата акција

И оваа акција на царот преземена поради зачувување на интегритетот на Царството не го изменила односот на Верзитите спрема централната власт и "авторитетот на царот" кој тие, најверојатно, и натаму го почитувале. Не само овие, туку и другите од порано "поробени" Словенски племиња, најверојатно, повторно престанале со исполнувањето на обврските, заштопоинаку не може да се толкува акцијата во 782-783 година на патрикијот Ставракиј преземена против Словенските племиња од Источна Македонија, околу Солун, Хелада и Пелопонес. Каково значење и придавале Визнатијците на оваа акција на рехеленизација (во овој момент тоа било само почеток) се гледа од триумфот што логотетот на дромот го прославил по враќањто.[311] Сепак реалноста била поинаква, бидејќи темел на управната власт во Византија бил

---

на ханот била преземена со поотајна согласност на Верзитите. Иванова О.В. Формы политической организации, 63, смета дека Берзитите и останатите словенски племиња во северниот и западниот дел на Македонија не биле под притисок на Византија како останатите, бидејќи настаните околу Берзитија и акцијата на ханот покажуваат дека Бугарите тие земји не ги рачунале за Византиски.

[311] ВИИНЈ I/3, 234-235, бел. 61, 62, 63; ГИБИ III, 276; Острогорски Г. Историја Византије, 197;Ibid. Византиско Царство, 41; Васильевъ А. Славяне въ Греціи.// ВВ, V-3, СПб. 1898, 418; Златарски В. История, I-1, 241, смета дека Ставракиевиот поход бил предизвикан со востание на Словените; Иванова О.В. Распространение христианства у славян в Византии (VII-X вв.) // Принятие христианства народами Центральной и Юго-Восточной Европы и крещение Руси. М., 1988, 13; Ациевски К. Н.д., 30-31 заб. 47.

тематскиот систем, а таму каде што го немало не меоже ни да стане збор за присуството на нејзината власт. Имено, на Балканот постоеле две теми - Тракија и Хелада, а кон крајот на VIII век (помеѓу 789 и 802) во западниот дел на Тракија формирана е темата Македонија, додека во почетокот на IX век како теми се организирани областите околу Солун и Драч, потоа Епир (темата Никопол) и темата Стримон која ја поврзувала солунската и тракиската со македонската тема. Овој тематски синџир го заокружил Балканскиот Полуостров и постепено ги повратил изгубените области од доаѓањето на Словените, меѓутоа, внатрешноста на Балканот и сама Македонија не биле опфатени со овој систем, па со самото тоа, - Словените на овие простори би требало да ги сметаме за слободни.[312]

Опасноста што Константин V ја насетил, кому сиот живот му поминал во војување со Бугарите, во почетокот на IX век се обистинила. По напуштањето на Каганатот, Бугарите постепено и систематски ја ширеле својата власт кон југ и југозапад, па кон средината на IX век во сотав на Бугарија се нашла и Македонија.

Издигнувањето на Бугарија паѓа во времето кога тематскиот систем во потполност созреал и почнал да ги дава првите резултати. Зајакната со војничките успеси и духовно препородена, Византија го протегнала своето

[312] Острогорски Г. Историја Византије, 198 бел. 2; 199 бел. 3; Adžievski K. Pelagonija, 25-27 бел. 48, 49, 50; Ibid. Н.д., 31-32 заб. 50.

влијание и на Исток и на северо - запад спрема паганските Словени на Русија и Велика Моравија. Преземената мисионерска дејност не била резултат на верата во Господа и саможртвување на ходочасниците поради Господа,туку била планирана од власта, и со благослов од патријархот испратена со конкретни задачи и цели како дипломатска делегација. Во овие мисии луѓето секогаш биле грижливо избирани, бидејќи и целите што пред нив биле поставени се однесувале на политичките интереси на Византија. "Заслугата за мисионерската работа кај Словените Константин и Методиј ја делат со патријархот Фотиј и цезарот Варда".[313]

Некогашните слободни Склавинии низ Македонија, сега веќе во составот на Бугарија, станале плодно тло на кое новата религија почнала да фаќа корени.

Религијата кај Словените е пренесувана заедно со писмото, достигнување кое им овозможило трајно обележје во историјата на светот. За прв пат од олтарот свештениците му се обратиле на Севишниот на словенски јазик сврстувајќи го на тој начин во четирите признати јазици на кои се служела богослужбата.

Таму каде што не можело да допре византиското оружје, византиската црковна политика ја проширила моќта на државата, а византиската култура ги пренесла на некогашните "варвари" достигнувањата на својата богата

313 Острогорски Г. Историја Византије, 227.

традиција.

"Склавинии" во овј период веќе нема, меѓутоа, семето што тие го посеале почнало постепено да ги дава своите плодови. Поминал бранот на освојувањата, поминале грозотиите на војувањата, словенското население постепено се населувало, а "хеленизираното" и "романизираното" население постепено се привикнувало на своите соседи. Во Македонија, во процесот на акултурација, затекнатото насление постепено се адпатирало и адоптирало и со време станало словенско, додека во средна Хелада и на Пелопонес Словените постепено се преобразиле и слеале со затекнатиот етнос. Со време престанал и антагонизмот што се чувствувал во историските извори во периодот од VI до IX век, а причината за ова, како што забележал Ф. Малингудис,[314] не била етничка, туку етичка. Да можеле византиските селани по некаква случајност да остават свои забелешки за врмето, случувањата и за своите соседи, би согледале сосема друг свет, многу поблизок на историската реалност отколку што се претставува во пристрасните официјалните хроники.

Колку е ова точно, може да ни укаже делото на

[314] Малингудис Ф. Славяно-греческий симбиоз в Византии в свете топонимии. // ВВ, 48, 1987, 50, 52. На авторот може да му се забележи само тоа што се држи до застарените сваќања во однос на современиот македонски јазик за кој вели дека е бугарски дијалект, додека македонските Словени се бугарски.

солунскиот свештеник од X век Јован Каменијат, кај кого наоѓаме и етнографски податоци во описот на Солун и неговата околина: "Се простира кон запад достигнувајќи до другите високи и големи ридови, каде што се издига градот по име Верија (Βερροια), мошне познат според многубројното население и по се друго со што еден град се гордее. Во средината на таа рамнина се наоѓаат некои мешани (αμφιμικτους) села, од кои едни спаѓаат во управата (τελουσι) на градот (sc. Солун) - тие се викаат Другувити (Δρουγουβιται) и Сагудати (Σαγουδατοι), а другите му плаќаат данок на скитскиот народ (των Σκυθων εθνει), што живее недалеку. Инаку, селата се блиску (во соседство) едно на друго, а тоа, покрај останатото, на Солуњаните доста им користи, бидејќи со Скитите водат трговија (προς τους Σκυθας), особено кога взаемно живеат во пријателство и не се креваат на оружје; а веќе одамна обете страни добро внимаваат на тоа, бидејќи заедничкиот живот ги наведува да го менуваат она што им е потребно и меѓусебе да го чуваат мирот достоен за чудење и јак".[315]

Од наведениот текст е јасно дека пистелот ги разликува Словените (Другувитите и Сагудатите) кои се во непосредна околина на градот и другите словенски племиња, најверојатно оние во Македонија, кои во тоа време влегувале во состав на Симеоновата Бугарија, но не ги идентификува со Бугарите, туку вели дека ним им

315 ВИИНЈ I/3, 266-267 бел. 3, 4.

плаќаат данок. Со оглед на тоа дека авторот не го дообјаснил до крај ова, останува отворено прашањето дали македонските Словени му плаќале данок на Симеон како посебна слободна заедница, или како негови поданици? Ако се земат елемнтите врз кои почивала структурата на Симеоновата Бугарија, тогаш не е неверојатно дека македонските Словени биле само даночни обврзници. До ова можело да дојде само со развивање на самосвеста и со поврзување во поцврсти племенски заедници. Меѓутоа, во изворите нема многу податоци за начинот на функционирањето на власта во Склавиниите. Може само да се претпостави дека "Склавиниите" во Македонија останале слободни додека Византија била зафатена со борбата за сопствениот опстанок, а Бугарите со зајакнувањето на својот сојуз, така што ни едните ни другите не биле во состојба да ги подјармат. Тоа што василевските во повеќе наврати преземале походи на "Склавиниите" во Македонија, а во дворските хроники биле прераскажувани како "потчинувања", биле акциите преземани поради заштита на сопствените територии од навлегувањата на Словените и почеток на остварувањето на политиката за враќањето на териториите и власта во нив. Од своја страна Словените по "Склавиниите" не истапувале како хомогена заедница со строго централизирана власт; всушност биле управувани од повеќе изборни, а подоцна наследни кнезови од еден род, чија што власт во почетокот била ограничена од Советот. Бидејќи самосвеста за одрдена посебна припадност кон

племето, а потоа и спрема сојузот се појавила уште пред доаѓањето на Балканот, долгото живеење во Македонија, формирањето на посебна култура, текот на времето, еклектичките елементи на донесеното и стекнатото, придонесла таа самосвест кај македонските Словени уште повеќе да се искристализира во односот сперма соседните Византијци и соседните Словени, припадниците на Северците и Седумте родови, кои во процесот на акултурацијата се слеале со угарско - туранските Бугари, па нивното име минало врз Словените; поради ова -на етничката самосвест и претстоеле многу искушенија и опасности што требало да се пребродат.

Според антрополошкиот материјал, без оглед на опширноста на територијата, може да се забележи "определено антрополошко единство"[316] кое Словените ги одделувало од другите етноси. Така во Подунавјето биле регистрирани мезокрани форми со широки лица кои се граничеле со мезокраните форми со потесни лица кои биле карактеристични за Балканскиот Полуостров. Според тоа антрополошко единство на Словените во епохата на раниот среден век може да се определи и зоната на формирањето на етносот помеѓу балтичките и подунавските групи каде взаимните делувања во контактните зони ги поврзувале со различни групи од европската раса, а тоа сведочи за долгиот период на контакти помеѓу претставниците на

[316] Алексеева Т.И. Этногенез восточных славян по данным антропологии. МГУ. М., 1973, 244-245.

северните и јужните групи на европеидите кои и претходеле на образувањето на словенската заедница.[317]

Без оглед што сите словенски народи и припаѓале на европската раса, мешањето секогаш имало голем удел во процесот на формирањето на расовиот тип, па така монголоидните елементи кои постепено се инфилтрирале од неолитот до монголските освојувања, не биле регистрирани само кај Јужните Словени. А бидејќи ареалот на распространетоста на Словените во историско време ги опфаќал широките простори на ареалот на северните и јужните европеиди, населението во оваа преодна зона, како што веќе беше забележано, се одликувало со различни локални антрополошки видови.[318]

Меѓу Јужните Словени најзастепени се динарската и понтиската група, а и двете се плод на меѓусебните контакти со месното предсловенско население.[319]

[317] Исто, 253.

[318] Алексеева Т.И., Алексеев В.П. Этногенез славянских народов по данным антропологии. // История, культура, этнография и фольклор славянских народов. VII Международный съезд славистов. Варшава, август 1973 г. Доклады советской делегации. М., 1973, 212–213, 215 заб. 16; Алексеева Т.И., Алексеев В.П. Антропология о происхождении славян. // Природа 1, 1989, 62–63.

[319] Алексеева Т.И., Алексеев В.П. Этногенез славянских народов, 218; Алексеев В.П., Бромлей Ю.В. К вопросу о роли автохтоного населения в этногенезе южных славян. // История, культура, этнография и фольклор славянских народов. VII Международиный съезд славистов. Варшава, август 1973. Доклады советской делегации. М., 1973,

Средновековното словенско население се одликувало со "долихомезокранија, средна ширина на лицето, остро профилиорано лице и средно или силно истурен нос".[320] Ако се оди по длабоко, ваквите антрополошки одлики се среќаваат во некрополите на населението на културната група на шнур керамиката, распространета во Централна Европа и Прибалтичкиот регион во бронзената ера. Според антрополошките остатоци, словенскиот етнос формиран е на просторите од Западна Двина на север, горниот и средниот тек на Висла на запад, према левите притоки на Дунав во средниот тек, до средниот и долниот тек на Дњепар на исток. Ова е последниот ареал пред раселувањата од VI век, а после нив изменет е и антрополошкиот состав во зависност од соседите и месното население на кое се наишло во новата татковина.[321]

Ако се тргне од овие општи характеристики, според истражувањата на раносредновековните скелети од некрополата на Св. Еразмо кај Охрид[322] каде се

227-236; Алексеева Т.И., Алексеев В.П. Антропология, 64-65.

[320] Алексеева Т.И., Алексеев В.П. Этногенез славянских народов, 65.

[321] Алексеева Т.И., Алексеев В.П. Этногенез славянских народов, 65-66; Алексеев В.П., Бромлей Ю.В. К вопросу, 227-236; Дяченко В.В. Круглые столы. 1. Этногенез славян. // IX Международный съезд славистов. Матриалы Дискусии Фолклористика Историческая проблематика Круглые столы. НД. Киев 1987, 145-146.

[322] Štefančič M. Ranosrednjovekovni skeleti nekropole Sv.

регистрирани два периода - постар скелетен материјал од VII и VIII век и помлад, од IX - XI век, кои се одликуваат со демографски и антрополошки разлики, вториот, според авторот, со сигурност може да им се припише на Словените. Черепите од постарата серија се пократки, поширoки и пониски, додека женските се пограцилни. И додека постарата серија се одликува со брахикранија, кај помладата преовладува мезокранијата, што е потврдено и во споредбите со прилепските черепи од XI - XII век.[323] Според тоа, авторот тврди дека постариот тип му припаѓал на постарото население на овие простори, додека помладиот тип настанал со мешањето на домашното со новодојденото население.[324]

Сознанијата на авторот за словенскиот тип до доселувањата не се поклопуваат со оние на Т.И. Алексеева и В.П. Алексеев, бидејќи, според неа, кај старите Словени преовладувале нордиските и палеоевропските карактеристики. Значи, брахикраната популација во некрополата најверојатно ја чинеле наследниците на романизираните илирски и тракиски племиња, додека претставници на помладата серија, најверојатно биле доселените Словени, кои во процесот на акултурацијата го промениле својот морфолошко - фенотипски изглед, па

Erazmo kod Ohrida. Beograd 1988.

323 Исто, 62-67.

324 Исто, 72.

станале мезокрани со медитерански елементи и со изразити тенденции према брахикранија.[325]

Животниот век на постарата серија бил краток, додека помладата се одликувала со голема смртност на жените во периодот помеѓу 20-та и 30-та година, за разлика од мажите кои доживувале до 50 и 60 години. И двете серии се одликуваат со средна висина на населението (мажите до 170 цм, а жените до 159 цм).[326]

Без оглед на разликите во гледиштата, заклучните размислувања на М. Штефанчич се доближуваат до ставовите на Т. И. Алексеева и В. П. Алексеев кои се вршени на поширок ареал и врз база на следењето на развитокот на антрополошкиот материјал од пред Големата преселба па се до деннес.

[325] Исто, 72-73; Битракова-Грозданова В. Материјалните докази и миграциите, 58 заб. 26, 27.

[326] Štefančič M. N.d., 74-75.

## V. Етно - политичките заедници во раниот среден век

До средината на VII век речиси целиот Балкански Полуостров бил населен со Словени. И по овој период доаѓало до помали или поголеми миграции внатре во словенскиот свет, меѓутоа, овие нови поместувања битно не повлијаеле на демографската ситуација на теренот која била решена во корист на Словените.[327] Земајќи го овој фактор како појдовен за територијата на Македонија, а појавата на првите преддржавни елементи поттикнати од масовното покрстување во средината на IX и почетокот на X век како второстепени (условно) во формирањето на етнополитичкото единство, раниот среден век ќе се разгледува во границите на спомнатиот период (VII-X) век.

Словенските племиња што го населиле Балканскиот Полуостров не биле секаде подеднакво разместени. Северен Балкан, Македонија, Северен Епир и Јадранскиот брег со внатрешноста, според изворите, биле густо населени со словенски маси, додека во Тесалија, Средна Грција, Пелопонес и на островите на Егејското Море се наоѓале изолирани словенски енклави.[328]

[327] Иванова О.В. К вопросу о славянизации, 15-16.

[328] ВИИНЈ I/3, 38, 41-50; 84; 96; 100-101; 107-110; 121; 146-149; 154-157; 162-168; 175-184; 186-211; 216; 220-223; 226-228; 230; 233-236; 242-243; 254-255; Ангелов Д. История на средновековната Българска държава

Во текот на целиот VI-VII век Словените војувале и постепено се населувале. Во тие војни доаѓало и до првите контакти на Словените со Ромеите. Првиот впечаток кој го предизвикале Словените кај населението на Империјата и на владетелскиот слој бил негативен и допринесол да се создаде одбојност која била изразена спрема сите "варвари", според изворите; вишите слоеви од општеството воспитувани на хеленистичко - римската традиција, изградиле еден стереотипен модел како треба да изгледа, да се однесува, да мисли и што да први еден "варварин", па според тоа, во зависност од талентот, знаењето и искуството, овие клишеа се повторувале. Меѓутоа, ова не смее да се сфати буквално, бидејќи ќе се добие истиот резултат.[329] Надворешните рамки на зацртаниот модел останале, долго непроменети, додека содржината морала да го менува својот характер, зашто истиот бил условен од историскиот процес. Причината за ова прво "недоразбирање" помеѓу Ромеите и "варварите" пред се е времето кое ги раздвојувало овие два света, бидејќи ако не се поклопувало раѓањето на идејата со раѓањето на терминот , тие не би можеле да не се сретнат цели илјада години.[330]

---

и право. София 1992, 43-44.

[329] Аверинцев С.С. Поетика рановизантијске књижевности. Београд 1982, 30-31, 33.

[330] Аверинцев С.С. Н.д., 46.

Без оглед што нема пишани податоци кои би ги посведочиле активностите на словенските популации до нивната појава во изворите, сепак важи мислењето дека тие пред раселувањата и контактите со Империјата на Дунав зад себе веќе имале илјадагодишен развиток кој го обликувал нивниот етносоцијален организам. По доселувањето на Баланот Словените со себе го донеле својот начин на стопанисување и специфичната структура на социјалниот систем; речено е дека во периодот на раселувањата Словените доаѓале во компактни племенски маси под сопствени имиња добиени во тек на раселувањата, или пак именувани според топонимијата на местата каде пред тоа живееле, или каде се населиле. За многу имиња со кои тие дошле, истражувачите успеале да го најдат првобитниот ареал и и да го следат нивното понатамошно распространување, па на тој начин може делумно да се проследи и процесот на преселбите. Се забележува дека по населувањето на Балканскиот Полуостров и во Македонија, покрај племенските имиња, во периодот на VII-VIII век се појавуваат и називите за племенските области. Овие области всушност претставувале територии на сојузите на племињата, а името на сојузот доаѓал најчесто од името на водечкото племе во него; така во овој период во Македонија се појавиле "Склавинија Берзитија", околу Солун "Склавиниите" Другувитија и Вајунитија, во Тесалија Велегезитија, додека пак на Пелопонес егзистирале племенските обединувања на Милинзите и

Езерците. Сите овие племиња на Балканот дошле како веќе формирани словенски етноси со одредена самосвест за своето потесно потекло. Откако се населиле на Полуостровот и откако формирале нови племенски сојузи, од источно - римските и византиските хроничари наречени "Склавинии", нивниот општествено - социјален систем се трансформирал, така што за време на трајното населување и заземањето на посебните територии во текот на VII-X век дошло до формирање на етнополитичкото единство чии носители биле заправо овие Сојузи. Сите овие промени внатре во системот на првобитното општество придонесле за утврдување и интеграција не на старите, туку на новите зедници; не може да се рече дека Словените до доаѓањето на Балканот не знаеле за племенски сојузи; напротив, тие овде дошле како претставители на сојузите, како што биле -венетскиот, словенскиот и антскиот. Територијалното пространство на овие "стари" сојузи по големина ги надминувало териториите на некои денешни држави; заправо во овие сојузи и дошло до созревање на новите историски процеси кои придонесле за продлабочување на социјалната хиерархија во општословенската заедница. Овие процеси можат само да се насетат и врз основа на аналогија со германските сојузи на племиња може да се изврши општа реконструкција, која не само што не е доволна, туку не е ни правилна; бидејќи историските извори ова не можат писмено да го потврдат, останува да се користат споредните и споредбените

податоци, и врз база на нив да се изведуваат општи заклучоци.

Со распаѓањето на овие општословенски заедници и со појавата на новите, најверојатно дека дошло и до промена во социјално - економскиот развиток кој го поттикнал раслојувањето. "Лавовскиот" дел на пленот во периодот на реидите му припаѓал на војно - политичкиот врв кој на тој начин и се здобивал со богатства. Населувајќи се на новите територии Словените најверојатно станале сопственици на плодната земја. Внатре во етнополитичкиот организам на "Склавиниите" племенскта структура не се менувала веднаш по доаѓањето, така што покрај племенските и водачите на сојузите, најверојатно останал и Советот; меѓутоа, надворешните услови на новата месност, затекнатото население, како и карактерот на односите со Источно - римската Империја и со другите етноси, битно повлијаеле на натамошниот развиток на овие новосоздадени етнополитички заедници.[331]

---

[331] Литаврин Г.Г. Этническое самосознание Южных славян в VII-X вв. (К проблеме формирования раннефеодальных народностей). // История, культура, этнография и фольклор славянских народов. VIII Международный съезд славистов Загреб-Любляна, сентябрь 1978. Доклады советской делегации. М., 1978, 241-263; Ibid. Представления "Варваров" о Византии и византийцах в VI-X вв. // ВВ., 46, 1986, 100-108; Ibid. Этносоциальная структура, 33-43; Бромлей Ю.В. Современные проблемы этнографии (очерк, тоерии и истории(. М., 1981, 24-25; 258-259; Ibid. В. Очерк теории этноса. М., 1983, 56-57; 62-63; Ibid. Этносоциальные процессы: теория, история,

Сојузите на словенските племиња во Македонија по структура биле цврсти територијални обединувања. Економската основа на овие сојузи била заснована на земјоделието, стопанска гранка со која Словените се занимавале одамна и која што мошне добро ја обавувале. Населувајќи се на новата територија, тие најверојатно од староседелците ги зеле најплодните парцели и продолжиле да ги обработуваат како знаеле и умееле, а со време ги усовршиле и прифатиле поразвиените технички достигнувања. Како земјоделци Словените со своето доаѓање не ги загрозиле стопанските текови на освоените територии, зашто нивното стопанство во суштина не се разликувало од стопанскиот систем на затекнатото селско население. Со византиските градови во околината, (кога не биле во непријателство), мирно тргувале, а понекои дури и се преселувале таму не нарушувувајќи ги, туку чувајќи ги и понатаму врските со своите соплеменици, а продлабочувајќи ги врските со трговксите слоеви во овие

---

современость. М., 1987, 40-46; Ангелов Д. Проблемы предгосударственного периода на территории будушего болгарского государства. // Этносоциальная и политическая структура раннефеодальных славянских государств и народностей. М., 1987, 7-15; Ibid. История на средновековната, 40-47; Петров И. Военно - политические союзы болгарских славян в - VII в. - // Этносоциальная и политическая структура раннефеодальных славянских государств и народностей. М., 1987, 46-55; Иванова О.В. Формы политической организации, (на истото место), 57-58 се сомнева ДЕКА Советот како врховен орган на власта останал, бидејќи изворите не го споменуваат.

градови.

Откако ја освоиле Македонија, Словените несомнено станале господари не само на територијата, туку и на таму затеченото население. Меѓутоа, на степен на тнр. воена демократија во која се наоѓале, спрема потчинетите се однесувале на ист начин како кон припадниците од другите потчинети племиња; барале, најверојатно, да им плаќаат данок.[332] Ако се изземат нападите на Солун и честите реиди на преостанатата слободна територија на Империјата, тогаш може да се рече дека односите на Словените со месното население почнале постепено да се

[332] Ангелов. Д. Проблемы, 10 наведува дека потчинетото население било со нешто задолжено, а поготово дека заедно со Словените учествувало во заедничките воени акции. Ваквите тврдења немаат потврда во изворите. Во словенските опсади на Солун кои се детално опишани, никаде не пишува дека покрај Словените (и се разбира, Аварите, кога дејствијата биле зеднички) било кој друг учествувал во нападите или во било кој род на војската кој го опседнувал градот, а современиците обично би знаеле да имало месно население во нивните редови, бидејќи тоа не би останало неприметено. (ВИИНЈ I/3, 139 заб. 284). Исто така во "Стратегиконот" се даваат упатства на императорската војска која се упатува на словенска територија да им овозможи на своите заробеници да пребегнат кај своите. Меѓутоа, од тој период, иако не поминало многу време најверојатно приликите внатре во словенските племиња се промениле, бидејќи во тогашните извори кои ги регистрираат вестите за Словените на Балканот, не се неидува на податоци дека месното население се користи како сојузник во војните.

"Зависноста" во изворите секогаш се определува според важечките правни норми на Византија, без оглед на тоа што обичајните права поинаку гледале на тие односи.

нормализираат, па од двете страни дошло до акултурација на словенскиот адстрат и хеленизирано - романизираниот супстрат. Тоа не било тешко, како што беше споменато, бидејќи станува збор за земјоделско население. Словенските селани биле слободни, а племенските рамки им обезбедувале многу подобри услови и благосостојба, отколку што имале слободните источно - римски селани на територијата на Империјата. Живееле во патријархални фамилии сместени во помали колиби по групи со заеднички производен комплекс. Оваа патријархална фамилија била составена од три и повеќе генерации на еден предок, па внатре во оваа голема фамилија секое семејство, најверојатно било одделено и сместено во колиби; се работело заедно и плодовите на трудот подеднакво се делеле.[333] За ова имаме навестувања од археолошките

[333] Без оглед што овие примери се земени од територијата на Прикарпатска Украина за периодот VI-X век (Тимощук Б.А. Восточнославянская община VI-X вв. н.э. М., 1990, 27) авторот приметува дека овој тип на фамилија на истите простори се сочувал до XIX век, па ме наведе да го уфрлам овој дел, бидејќи според раскажувањата на П. Ликовски, и на многу други, во Македонија, конкретно с. Бела Црква, овој тип на фамилии исчезнал дури по II светска војна. Па според тоа, зарем овие примери не одат во прилог на овој тип на фамилија. Заправо овие помали колиби (или полуземјанки) ги натерале истражувачите овој тип на семејство да го определат како индивидуално. (Иванова О.В. Славяне и Фессалоники в второй половне VII в. по даснным "Чудес св. Димитрия". (Постановка вопроса). // Славянские древности. Киев 1980, 86). Со оглед дека истражените комплекси на територија на Прикарпатска Украина му припаѓаат на периодот VI-X век,

податоци: се дознава дека во исто време суштествувале општи и индивидуални остави за храна; најдени се и простории каде се чувал алатот и орудијата за обработување на земјата. Авторот смета дека општите остави за храна служеле најверојатно како резерви за селската општина во случај на глад, војна, епидемии и други непогоди.[334] За слична структура на словенското општество пишуваат и германските хроничари од X - XII век кои го опишуваат начинот на живот на Балтичките Словени, кои биле на сличен степен на развиток како и Словените во Македонија во VI - VIII век. Во ова време, најверојатно, дошло до приближување на староседелците и Словените и како продукт на акултурацијата до адаптацијата и адопција на месното население и Словените. Потврдувања за ова наоѓаме, без оглед на

значи на времето кое овде е опфатено, можат толкуваеата на Б.А. Тимошчук да се земат како појдовна точка, бидејќи дел од Словените што се населиле во Македонија доаѓале заправо од тие места, а како од тој период не поминало многу време до нивното преселување, нормално дека за толку краткок временски период не можела да се промени ни структурата на фамилијата ниту населбите. При доселувањата доаѓале компактни маси кои по патот биле изложени на многу тешкотии при преминот на тие пространства со семејствата и стоката, а сето тоа можеле да го издржат само ако биле монолитни внатре во родот и племето, а овие, најверојатно се потпирале врз старешините на овие патријархални фамилии, со што се објаснува високиот степен на социјалната структура, што е подвлечено кај повеќе истражувачи.

[334] Тимощук Б.А. Н.д., 20-21.

недостатокот на пишаните извори за ова време, најмногу во Чудата каде се подвлекуваат вестите според кои може да се заклучи дека реалноста била поинаква, отколку што била претставена во зацртаниот званичен модел. Колку е ова точно може да се види уште од првата опсада на Солун (584),[335] каде стои дека Солуњаните во опсадувачите ја препознале "елитата" на словенските борци и дури и разбрале некои зборови, па веднаш знаеле за кого се работи. Вака добро можат да се познаваат само соседи кои не контактираат само преку оружјето. А описите пак од четвртата опсада потврдуваат дека во словенското општество дошло до извесни диференцијации, кои не можат да се замислат без влијанија на новата општествено поразвиена средина. Словенските главари како на рамноправен партнер му праќаат пратеници на аварскиот каган и му нудат сојуз. Значи се работи за рамноправни партнери во превземањето на заедничка акција. Тоа што во оваа опсада било покажано од оружје и воена техника, донекаде ги вчудоневидело и опседнатите. Овој податок оди во прилог на фактот дека занаетчиството во меѓувреме многу напреднало. Сепак, не смее потполно да им се верува на вестите дека Словените за време на првите напади врз Империјата од оружје немале ништо друго освен копје и штит и дека отсуствувале воените справи. На овие вести секако дека им противречат податоците за нивниот

335 ВИИНЈ I/3, 175-176.

живот во старата татковина. Тамошните големи сојузи постојано војувале меѓусобно како и со Готскиот и другите номадски сојузи. После поголемите победи, победничките војсководачи во нивна чест често пати биле нарекувани (како Винитариј),[336] со надимци којшто ги подсеќавале на нив. И не само на големите победи, туку и на победите извојувани над моќен непријател, зашто прекарот не би имал никаква смисла. Сите овие податоци само го потврдуваат фактот дека Словените во Македонија не дошле "голи" и немајќи поим за воената вештина. Но тоа, најверојатно, не ги задоволувало, така што е сигурно дека брзо учеле и присвојувале се што можело да им користи и во новата татковина; сцените на опсадите на Солун со ништо не би требало да изненадуваат, бидејќи сето оружје и воените направи биле дело на рацете на вештите словенски мајстори. И не само што опсадите на Солун тоа го потврдуваат, тие освојувале и опседнувале и други градови во Империјата и пред и по идењето на Балканскиот Полуостров. (Ако ова не било точно, сигурно не би бил напишан ни расказот за вештиот словенски мајстор.[337] Такви мајстори сигурно имало, па може би и повешти, бидејќи нив да ги немало, тогаш како би пловеле Словените по Егејско, Црно и Јадранско Море?).

---

[336] Трубачев О.Н. Germanica и Pseudogermanica в древней ономастике Северного Причерноморья. Этимологический комментарий. // Этимология 1986–1987. М., 1989, 51.

[337] ВИИНЈ I/3, 207–208.

Од своја страна пак, занаетчиството придонесло да се развие и трговијата. Во мирно време македонските Словени тргувале не само со Солун, туку и со сите останати градови во нивната околина, а превземана е и трговија по море која понекогаш одела заедно со гусарењето.

Основа и на племето и на сојузите била територијалната општина. На нејзино чело, најверојатно стоел општински старешина кој раководел со спроведувањето на сите работи од чии спроведувања зависело опстојувањето на пошироката заедница. Но во однос на повисоката племенска власт и хиерархијата на сојузите имал подредена улога, па може да се претпостави дека за време на војна командувал со помали единици (ако до тогаш не дошло до раздвојување, на ова ниво, раздвојување на управната од воената власт, па би можело да му биде дадено снабдувањето на војската со провијант).[338]

Исполнувањето на сите овие обврски можело да се обезбеди само од јака селска општина која произведувала дури и вишоци, распределувани како залихи за самото население, за продажба и трговија, како и резерви за војската во случај на војна. Овие податоци се реконструираат според известувањата во Чудата II од каде

---

[338] Литаврин Г.Г. Этносоциальная структура славянского общества в эпоху переселения на Балканах (VI-VII вв.) // Этносоциальная, 42-43 заб. 37, 38; Петров П. Военно - политические союзы болгарских славян в VII в. (на истото место), 48, 52-55; Иванова О.В. Формы политической организации (на истото место), 57-65.

се дознава дека Велегезитите не зеле активно учество во петтата опсада и слободно тргувале со Солун, па во екот на најжестоките борби и за време на најголемиот недостиг на храна во градот, им продавале на граѓаните жито, сушено овошје и зеленчук.[339] Како што забележува О.В. Иванова[340] - за цело време на оваа опсада нигде во изворот не се споменува дека Словените трпеле некаков недостиг без оглед што тежиштето на борбите паѓало врз плеќите на најспособното за работа население.

Сепак, некој требало да ги обработува полињата и да ги собира плодовите во текот на тие две години, додека поголемиот дел од војската го држела градот под опсада. Додека градот бил држен под опсада, други делови од истата војска биле испраќани да фаќаат заробеници и биле отсутни, па може да се претпостави дека во никој случај нивните сили не можеле да ги заменат оние коишто го држеле под опсада градот, бидејќи и самите биле зафатени со воени дјства. Малку понатаму, авторот на Чудата II пишува дека се собрале толку многу заробеници, што Словените решиле да ги продадат на своите соплеменици во внатрешноста. Значи ни работата од овие заробеници не била користена, бидејќи истите биле сместени околу градот. Од друга страна, без оглед на

339 ВИИНЈ I/3, 204, 206.

340 Иванова О.В. Славяне и Фессалоника, 86-87 бел. 18, 19.

опсадата, не биле прекинати сите врски и меѓусобните контакти со граѓаните, бидејќи не само што градското пристаниште било отворено, доаѓале дури и странски бродови, се тргувало како и порано, туку ни градските порти не биле затворени, па многу Словени ја користеле можноста да влезат во градот.[341]

Може ли да се претпостави дека опсадата и морските препади биле изведувани од избрани и за таа намена специјализирани одреди како оние 5000 за време на првиот напад на Солун? Ако е тоа така, тогаш зошто се молчи? Солуњаните веќе биле упатени во тоа дека Словените имале такви групи, како што веќе имале и издиференцирани родови на војска. Сепак не е јасно кои се тие Словени што бегаат во опседнатиот град и зошто го прават тоа? Сето ова наведува на помисла дека дошло до нова социјална диференцијација внатре во етнополитичките заедници. Последната опсада не била преземена со општа согласност, бидејќи Велегезитите, Вајунитите и Берзитите воопшто не учествувале, а Другувитите се приклучиле пред самиот крајк, додека пак Сојузите кои раководеле со опсадата делувале многу одлучно и синхронизирано, сепак не и единствено што се покажало погубно.

Внимателно истражувајќи го овој извор, О.В. Иванова[342]

[341] ВИИНЈ I/3, 202-203.

[342] Иванова О.В. К вопросу о существовании у славян "дружины" в конце VI-VII вв. (По данным "Чудес св. Димитрия"). // Этногенез, ранняя этническая история и

заклучува дека оваа социјална диференцијација го зафатила сето општество, а повеќе се манифестирала при раслојувањето на племенската војска. Уште за време на војните во старата татковина и во периодот на продирањата, поединечни членови на племенската војска, успевале да се наметнат, да донесат повеќе награбан плен, и на тој начин да се издвојат од останатите соплеменици. Забележани од водачите, тие постепено почнале да се собираат околу нив и понекогаш од заедничките кампања да извлечат корист исклучиво за себе. За време на поголемите продлабочувања на социјалните раслојувања, оваа група добила структура на социјален слој, па веќе моќна, се наметнувала при водењето на војната. Меѓутоа, во Македонија класичната "дружина" не успеала да се дооформи и на тој начин во потполност да ја замени племенската војска. Меѓутоа, токму нејзините зачетоци, во овој историски извор се нагласени. Уште за време на Првата опсада на Солун (584) забележано е дека под градот дошла група "составена од избрани и искусни борци", која претставувала "одбран цвет на сето племе словенско"; значи, не племенска војска, туку одбрани борци со војсководци на кои војната им станала занает; се говори декаови биле многу смели, дрски и не се плашеле од било каква воена опасност; и не

культура славян. М., 1985, 16, 17.

би дошле во ваков број да освојуваат толку моќен град.[343]

Најверојатно од такви групи, но овој пат "морнари,"[344] биле составени одредите кои тргнале во поход на Јонските острови, крајбрежието на Мала Азија, Мраморното и Јадранското Море. Ваков тип, на некој начин полупрофесионалци кои се најдувале на постојана служба кај водачите на племињата, можел во секое време и не - зависно да се користи за време на опсадите и продорите кои сега се преземале од веќе населените територии на Македонија.

Овој слој се издиференцирал од порано, најверојатно, од времето на постоењето на големите Сојузи зад Дунав (се споменуваат дури и нивните водачи Ардагаст и Мусоки);[345] делови на овие избрани војници, како професионални наемници, војувале со источно - римската армија во Италија против Готите.[346] Дека оваа појава во словенското општество веќе зела замав, може да се види и од фактот што овие наемници многу се истакнале во

[343] ВИИНЈ I/3, 175-176.

[344] Така се наречени само условно, бидејќи учествуваат во походите на море, а "морнари" биле исто толку колку и Викинзите кои се занимавале со истата работа. "Морнари" биле додека пловеле и за време на борбите на море, меѓутоа, по слегувањето на копното тие во исто време станувале "пешадија".

[345] ВИИНЈ I/3, 113-117; 34-36 бел. 54; 75-76 бел.9, 10.

[346] ВИИНЈ I/3, 75-76.

источно - римската војска , па дури и се сочувани нивните имиња, како во случаите на Хилвуд, Дабрагез и тн. Мошне е веројтно дека заправо од овој слој биле формирани одредите кои во изворите се стална мета на нападите на историчарите. Меѓутоа, по доаѓањето во Македонија (како и на просторите на југот на Балканскиот Полуостров) понатамошниот тек на процесот на диференцијација, формирање и издвојување на "дружината" во посебен слој, како да бил закочен. Сталните борби со Византија преземани во почетокот со голем ентузијазам, постепено спласнувале, наидувајќи на чврстиот бедем на нејзиниот управен систем, од една страна, и дипломатијата, од друга страна. Сојузите на "Склавиниите" се уште не му дораснале на државниот систем на Византија. На секаде каде што имало вистински држави, племенските системи, без оглед на развиеноста, биле осудени на пораз. Борбата можела да потрае, при тоа и воената среќа можела да има променлив карактер, меѓутоа, системот секогаш бил посилен од сеуште неуредените етнополитички заедници кои само што почнале да градат елементи кои ги сочинувале преддржавните творби.

Бидејќи не секогаш овие кампањи можеле да се издржуваат од војна, може да се претпостави дека еден дел од нив паѓал на плеќите на земјоделците кои биле обврзани дел од вишокот да го даваат за издржување на органите на власта. Овие органи на "власта" биле

санкционисани од нормите на обичајното право кое го чувале и толкувале жреците; со време оваа функција биде узурпирана од водачите. Порастот на улогата на водачите на племенските сојузи може да се согледа на примерите на Хацон и Првуд. Додека Хацон, како врховен заповедник на избраната словенска војска под Солун ги имал сите прерогативи на врховен командант и власта која што од овој положај произлегувала, дотогаш Првуд бил само ринхински кнез. Должноста на Хацон била изборна и временски ограничена, само додека траела опсадата. По неуспешната опсада никој повеќе не се интересирал за водачот. Во слична положба бил и аварскиот каган после неуспешната опсада на Цариград (626). Го напуштиле сите сојузници бидејќи ги изневерил нивните очекувања. Напротив, Првуд без оглед што бил само ринхински кнез, уживал голема доверба не само кај своите соплеменици, туку скоро кај сите племенски сојузи во Македонија. По убиството на Хацон неговите соборци ја дигнале опсадата и мирно се вратиле дома, како ништо да не случило. Напротив, уште во време на првото апсење на Првуд, словенската делегација барала од градскиот префект на Солун да се заземе кај царот за нивниот кнез, па за таа цел била составена и упатена мешовита делегација. По убиството на Првуд, на еден знак се дигнале сите околни Склавинии и во текот на две години избрани одреди го опседнувале градот, додека другите ограбувале по море и копно. Акциите биле мошне вешто управувани и

синхронизирани од повеќе главари. Овие два настана ги дели половина век, а може да се забележи дека за тоа време многу нешта се промениле. За прв пат во обединувањето на Ринхините, Стримонците и Сагудатите (подоцна им се приклучике и Другувитите) може да се насети појавата која ќе води према поголем степен на политичка организираност на етнополитичките заедници. Бидејќи нема други изворни податоци, овие обединувања можат да се третираат како зачеток на создавање на преддржавни елементи кај македонските Словени.[347]

Заради зафатеноста со сопственото опстојување, Византија долго време не можела да му даде никаква битна помош на другиот град на Царството во Европа. Оставен сам на себе, Солун воспоставил добрососедски односи со Склавиниите, не само со тие што непосредно го загрозувале, туку и со оние, малку подалеку од непосредната градска околина, бидејќи неговите витални интереси потполно би се угаснале ако се раководел од некои "виши" интереси. Тоа придонесло, од друга страна, тие односи bona fide да се почитуваат дури и за време на најжестоките опсади. На Словените не им било забрането од страна на градските власти ни вселувањето во градот, каде обично доаѓале после некои поголеми расправии во

[347] Иванова О.В. Славяне и Фессалоника, 88; Ibid. Формы политичкой организации, 60-62.

племињата.[348] Исто така, градското население чето пати било десеткувано од епидемиите, војните, честите земјотреси и другите несреќи па свежата сила секогаш била добредојдена.[349]

Со градот околината тргувала, тој им служел како културно - просветен центар од каде постепено се ширело и христијанството на околните племиња. Како е вршено покрстувањето во ова време (најверојатно спорадично), изворите најчесто не споменуваат.

Словенските владетелски слоеви може би биле и првите христијани, бидејќи и за Хацон и за Првуд се говори дека - во градот имале пријатели, дека таму често престојувале и дека Првуд дури и зборувал грчки.[350] Оваа тивка инфилтрација не придонесла да се промени етничкиот облик на градот. Тој бил и останал поголемо ромејско упориште во европскиот дел среде словенско море.

По пропаста на офанзивата на Маврикиј на Дунав, Империјата не се помирила со губитокот на териториите, меѓутоа, зафатена со борбата за голиот опстанок,

---

[348] ВИИНЈ I/3, 202; Иванова О.В. Славяне и Фессалоника, 89.

[349] ВИИНЈ I/3, 203; Иванова О.В. Славчне и Фессалоника, 89.

[350] ВИИНЈ I/3, 201; Иванова О.В. Славяне и Фессалоника, 89.

решавањето на овој проблем само го одложила. Секогаш кога за тоа ќе се укажела поволна прилика, кога ќе попуштеле надворешните стеги, таа сите свои сили ги управувала кон Балканот. Успесите биле делумни, без оглед што некои Склавинии биле и "подчинети". За време на нови опасноси од надвор и при повлекување на царската војска, одново Склавинииите престанувале со своите обврски,[351] бидејќи организирана византиска власт на овие простори немало. Во текот на VII век се случиле најбитните промени за Византија, од една страна, и за Словените на Балканот и во Македонија, од друга страна. Заправо ова време претставува прекретница и за двете популации. Управниот систем на Источно - римската Империја престанал да постои во VII век во исто време кога заживеал новиот византиски управен систем заснован врз тематското уредување. Трансформираните големи словенски сојузи на Балканот почнале да функционираат како "Склавинии". Внатре во овие "Склавинии" напоредо со големата патријархална фамилија која била стожер на Склавинииите, постепено заживувало малото семејство. Целта на Византија била и останала, - да ги поврати покорените од Словените стари територии на Балканот, додека целта на Словените, - да ги озаконат своите права на престој во новата татковина.

Во моментот кога се распаднал стариот управен систем,

---

[351] ВИИНЈ I/3, 222 бел. 9; Иванова О. В. Славяне и Фессалоника, 89.

со себе во пропаст ги повлекол и сопствениците на големите земјишни поседи. Тука и таму останале слободните селани, меѓутоа, заради словенските навлегувања морале или да бегаат од своите поседи или да им се потчинат на Словените. Распаѓањето на големите поседи придонесло да се појави доста слободна необработена земја која со новиот управен систем почнала да им се дели на слободните селани. Овој слој со тек на врме се повеќе економски јакнеел.

Словените се нашле во слична ситуација по доаѓањето во новата татковина. Уште за време на продирањата и преселбите дошло до економско раслојување на словенското општество.Патријархалната фамилија не била секогаш во состојба од обработливата земја да ги подмири сите свои потреби. Поедини нејзини членови почнале да се издвојуваат и да формираат помали семејства, но притоа потполно не ги прекинувале врските со родот, општината и племето на коешто му припаѓале. Бидејќи во старата татковина имало се помалку обработливи површини, по доаѓањето на Балканскиот Полуостров оваа жед за земја била на некој начин задоволена, меѓутоа, процесот на раслојување кој започнал уште во периодот на раселувањата не можел да се прекине. Па така, напоредно со големите фамилии егзистираат и малите индивидуални семејства, кои со време ќе станат стожер на новиот општествен систем.

Овие паралелни процеси, кои го зафатиле и византиското

и словенското општество, се на некој начин првите чекори кон феудализацијата и на едниот и на другиот систем. Поттикот за создавање на овој ситем во Византија бил предизвикан со уривањето на старите робовладетелски односи, а кај Словените, со распаѓањето на првобитната заедница. На овој начин византиското општество му се приближило на словенското, па изгледало како да исчезнале разликите. Разликите биле и останале, меѓутоа, овој ситем не само што и овозможил на Византија постепен преод кон феудализам, туку станал и основа на нејзиниот понатамошен опстанок и развиток, зацртувајќи и го на тој начин патот на новата општествен - економска формација. Проредченото население на Империјата не било доволно да го овозможи функционирањето на новиот систем во поголемиот дел од провинциите, особено европските. За таа цел централната власт почнала да спроведува нов систем на преселувања на компактни словенски маси од териториите кои успеала да ги поврати, на пример, -за време на походите од 658 и 688-689 година.[352] Овие успеси можат да се набљудуваат само како дел од правилното функционирање на тематскиот систем кој почнал да ги дава првите резултати во европскиот дел на Царството.

Промените за кој станува збор, а кои паралелно го опфатиле и византиското и словенското општество, го нашле својот одраз и во правниот споменик од тоа време

[352] ВИИНЈ I/3, 221-222 бел. 10; 226-227 бел. 23, 24, 25.

"Земјоделскиот закон" кој ја одразувал заправо таа новонастаната ситуација. Одредбите опфатени со овој закон ја санкционирале трансформацијата настаната со воведувањето на тематскиот систем кој ги фаворизирал "малите поседи на слободните селани и стратиоти, здружени во селски општини",[353] а не трансформацијата на слободните селски општини кај Словените.

Според овој закон Г. Острогорски јасно ставил на знаење дека: "Словенската колонизација од VII - VIII век не го променила правниот облик на своината над земјата во Византија, туку во византиското стопанство, кое се наоѓало во опаѓање, внесла нови сили".[354] И Х. Кепштејн[355] нагласува дека од Земјоделскиот закон се гледа дека во Византија уште постоеле слободни селани во обновените селски општини во текот на VII - VIII век. Меѓутоа, мора да се признае дека од многу параграфи на законот може веќе да се насети социјалната диференцијација во институцијата. Без оглед што во Законот со терминот *γεωργοι* се означувале стопанските производители,

---

[353] Острогорски Г. Византијска сеоска општина. Земљораднички закон - Трактат о пореском ситему - Тебански катастар. // Привреда и друштво у византијском царству (СД, II), Београд 1969, 106; Ibid: Утицај Словена на друштвени преображај Византије. // Византија и Словени (Књ. IV), Београд 1970, 45, 50-58.

[354] Острогорски Г. Н.д., 106.

[355] Кэпштейн Х.О. О процессе социальной дифференциации по "Земледелческому закону". // ВВ, 38, 1977, 3-8.

селаните кои располагале со парче земја која сами ја обработувале и за која плаќале данок, сепак не се знае дали тие биле сопственици или пак земјопоседниците. Единствено во границите на општината селаните биле сопственици на своите парцели, без оглед што во овие права биле ограничени со правото на општината и со правата на другите нејзини членови. За раслојувањето на слободните членови на општината придонесол процесот на јакнеењето на феудалните односи во Византија, па заради неможноста сами да ги обработуваат своите парцели, овие селани биле принудени своите парцели да им ги дадат на други да ги обработуваат за да добијат дел од производите, а ако не биле во состојба да ги отплатат долговите, со тек на време за секогаш ја напуштале својата парцела. Од друга страна, поимотните членови на општината можеле покрај своите да обработуваат и дополнителни парцели кои им го зголемувале доходот. Бидејќи данокот се плаќал според обработените парцели, овие побогати селани, кои ги подмириле обврските спрема државата, со време стекнувале право на сопственост над парцелите на соседите. На тој начин се појавиле две категории на селани внатре во слободните селски општини, а разликите меѓу нив со време станувале се поизразени. За овој тип на диференцијација внатре во селските општини пишувал и Г. Острогорски,[356] кој подвлекол дека

[356] Острогорски Г. Аграрне прилике у Византијском Царству у средњем веку. // Привреда и друштво у

членовите на општината за данокот одговарале заеднички пред државата и морале да го плаќаат и за напуштените имоти, а тоа доведувало до иселување на сиромашните селани од земјата, бидејќи не биле во состојба да го плаќаат данокот, така што имотните разлики станувале се поочигледни. Оваа дезинтеграција на селските општини го поттикнувала развитокот на големите поседи и црквените имоти.

Феудализацијата која по цела Европа се манифестирала со доминацијата на селската над градската општина, во Византија, заради специфичноста на развитокот на историскиот процес, добила поинакво одбележување. Големите градови, без оглед што биле според структурата променети, уште биле економски моќни, меѓутоа, од моментот на воведувањето на тематскиот систем, стратиотските имоти и слободната селска општина станале административна и фискална целина, па со самото тоа и главни протагонисти на феудализацијата на општеството. Во овој период во Византија доминирале два типа на селски населби: село и засебен селски посед. Во селото, во посед на селските имоти влегувале ораниците, лозјата, овоштарниците и неподелените пасишта и шуми кои се наоѓале на разни места на селскиот атар, а кај засебните селски поседи имотот и ораниците биле во непосредна

---

Византијском Царству (Књ. II), Београд 1969, 68-72.

близина на селските згради.[357] Во овој период слично биле организирани и словенските селски населби, барем според археолошките истражувања. Може да се претпостави дека од селските населби повеќе било застапено концентрираното село, а помалку засебниот селски имот.[358] Словенската слободна општина го продолжила својот независен развиток во Македонија до 1018 година, а дури по тоа била опфатена со тематскиот систем. Меѓутоа, слободната селска општина во Македонија во многу нешта била веќе

---

[357] Острогорски Г. Аграрне прилике, 66–67.

[358] Бабиќ Б. Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп. Прилог за историјата на културата на македонскиот народ. Посебни изданија. Книга I. Прилеп 1986, 199–202, 225–233. Бидејќи отсуствува археолошки материјал од нашиве краеви, заради прегледност ќе се осврнам повторно на трудот на Б.А. Тимощук. Восточнославянская община (95), каде се регистрирани промените кои се карактеризирале со следното: зголемување на бројот на населбите, појава на населби од понов тип со живеалишта составени од мали семејства, (значи на некој начин аналогни на концентрираните села кај нас), а не како порано, што може да се примети и кај нас по разбивањето на големата патријархална фамилија. Помош во овој однос нуди и "Земјоделскиот закон" каде означените категории на населението јасно ја отсликуваат состојбата во општината која исто така постепено се распаѓа како и големата фамилија, бидејќи во Зз "земјоделецот е селанец што располага со парче земја со која сам стопанисува, обработувајќи ја сам со неговото семејство, или со туѓа работна сила". (Меловски Х. Видови на отпор според "Земјоделскиот закон" // Историја XX/2, 1984, 187).

феудализирана, па нејзиното присоединување кон новиот систем битно не влијаело на нејзиниот понатамошен развиток.[359]

Значи, по доаѓањето на Балканот продолжило во исто време, постоењето и на големите патриархални фамилии и на малите семејства, кои со време ќе станат носители на стопанскиот развиток на словенското општество. Во време кога продолжува нивното заедничко живеење, најверојатно во надлежност на општината уште била врховната власт над сета земја. Меѓутоа, поради сите до сега споменати трансформации низ кои минувало словенското општество, пред крајот на првобитната зедница, за време на населувањето на Балканот, според изворите Словените биле во фаза на консолидација на територијалната општина. Ваквата структура некои истражувачи ги завела да помислат дека оваа струкура автоматски се однесува и на византиската слободна општина. Законсолидацијата на овие територијални општини придонесле и племенските сојузи, кои во старата и новата татковина заземале одредени територии на кои створиле стабилни етнополитички

[359] Острогорски Г. Историја Византије, 107 бел. 6; Брайчевский М.Ю. Славяне в Подунавье и на Балканах в VII-VIII вв. (По данным письмрнных источников). // Славчне на Днестре и Дунае. Сборник научных трудов. Киев 1983, 220-247, смета, како и многу негови претходници кои Г. Острогорски ги побил, дека Земјоделскиот закон ја одразува ситуацијата заправо створена и наметната со словенската колонизација.

организации; овие раководеле со политичкиот, стопанскиот и оштетсвениот живот на своите племиња. На такви примери на консолидација на територијалната општина се наидува во македонските Склавинии, особено за време на последната опсада на Солун, кога оваа консолидација попримила форма на создавање на единствени етно - политички заедници. Меѓутоа, на овие заедници не им било судено во потполност да се оформат и околу себе да ги соберат останатите словенски племиња од Македонија, и на тој начин да создадат по цврста основа за функционирање и консолидирање на преддржавните елементи. Овие заедници, без оглед на промените на кои биле изложени, не биле во состојба самостојно да го завршат тој процес, бидејќи на тој пат ги демнеле големи опасности изразени во вид на јака централна власт, организиран државен апарат и моќна држава, именоВизантија, која била на врвот на својата економска, општествена, војничка и културна моќ. Во моментот на појавата на првите преддржавни елементи кај македонските Словени во раниот среден век, Византија веќе го започнала своето победоносно настапување и на Исток и на Запад победувајќи ги безмилосно своите противници. Кревките сојузи не биле во можност да го издржат овој силен удар, како што не го издржале ни новосоздадените ранофеудални држави. Напротив, тематскиот систем, кој се формирал за време на трансформацијата на Византија, зад себе ја имал државно - правната традиција на Империјата чија единствена цел била - воспоставување на

византискиот суверенитет на Балканот. Совесно држејќи се за упутствата на Маврикиј:"...да не би создало(нашето) непријателство против сите кај нив единство или власт на еден",[360] византиската власт постепено го неутрализирала отпорот на македонските Словени опкружувајќи ги со цврст теметски бедем на кој тие ништо адекватно не можеле да му спротивстават. Ним единствено им останала самосвеста која постепено се формирала и постанала носител на опстанокот во време кога сите други општествени структури потпаднале под византиско влијание.

Додека Византија постепено го изградувала теметскиот систем, опкружувајќи ги внатрешните Склавинии, дотогаш процесот на консолидација во словенските племиња одел кон се поголемо јакнеење на племенската аристократија. Таа пак го поминувала времето во меѓусобни борби за престиж на поединечните родови во племињата, а потоа и во сојузите. На тој начин најмоќниот род му се наметнувал во почеток на племето, а ако имал поддршка од племето, тогаш својата власт ја воспоставувал и над Сојузот или над повеќе обединети сојузи (прмерите со Хацон, а особено со Првуд тоа непобитно го потврдуваат). Оваа борба повлекувала големи привилегии за членовите на избраниот род, од една страна, или уништување, од друга страна. Овие борби ги десеткувале најспособните членови на заедницата. Во периодот на раниот среден век Сојузите на племињата (Берзити, Другувити, Вајунити и др.) биле

[360] ВИИНЈ I/3, 138 бел. 32.

се уште во фаза на политичко обединување. Главната цел на тие обединувања била - по секоја цена да се задржи освоената територија на која веќе била извршена внатрешна консолидација на одделни племиња во однос на соседите (другите словенски племиња) и во борбата со Византија. Племињата кои сочинувале Сојуз и понатаму ја очувале својата самостојност во сите сфери на општествено - политичките и економските односи кои се однесувале на нивното племе, а не доаѓале во судир со интересите на Сојузот.

На чело на поголемите сојузи стоеле кнезови, меѓутоа, во време кога власта на кнезот не била во потполност издиференцирана, со оваа титула се нарекувани и водачите на помалите племиња во сојузот. На овие кнезови потчинети им биле воените команданти кои ги обединувале поголемите одделенија на полупрофесионалните воини, што можело да се види од опсадите на Солун. Овие продори преземани во непосредната и подалечната околина, покажуваат дека словенското општество уште повеќе се раслоило по доаѓањето во Македонија. Во овие походи учествувале само избрани, па според тоа, пленот се делел само меѓу нив. На тој начин збогатени, тие постепено се одвојувале од своите соплеменици, обичните земјоделци, а кнезовите почнале се повеќе да го имитираат византискиот начин на живеење и нормите на однесување.[361] Ова

---

361 Иванова О.В. Формы политической организации славчнского общества в центральной и йужной частях Балканского полуострова в VII-VIII вв. // Этносоциальная

однесување не било само имитација со која била задоволена моменталната мода. Нивните корени биле многу подлабоки. Византија како единствен наследник не само на хеленистичко - римската култура, туку и на севкупната медитеранска традиција, успеала синкретички да ја обедини културата, религијата и традицијата во еден целосен систем кој за време на средниот век ќе биде одбележан со христијанскиот унитаризам и државниот универзализам.[362] Староста на традициите и богатството на културата и овозможиле на Византија да посредува во нивното пренесување врз Словените. Поголемиот дел од Словените продолжиле да се занимаваат со земјоделие, гаење на житарици, овошје, зеленчук, винова лоза и индустриски билки. Во новата татковина не било запоставено ни сточарството. Со помош на крупниот добиток се обработувала земјата, а ситната се користела во исхраната, - покрај месото се користеле и преработените производи од млекото, млечните производи. Покрај домашниот брзо бил усвоен и понапредниот начин на произведување кој придонесувал за побрзиот развиток и

---

и полотическая структура раннефеодальных славянских государств и народностей. М., 1987, 56-65; Тыпкова-Заимова В. Южные славяне, протоболгары и Византия. Проблемы государственного и этнического развития Болгарии в VII-IX вв. // Раннефеодалные государства и народности (Южые и Западные славяне VI-XII вв.). М., 1991, 40-42.

[362] Аверинцев С.С. Н.д., 73; 79-80; 116-118; 129-132.




ДЈАКОНОВ И.М. КАРТА 2

КАРТА НА ИНДОЕВРОПСКИОТ АРЕАЛ ОД III МИЛЕНИУМ п.н.е. И ДВИЖЕЊЕТО НА ПОЕДИНИТЕ ПРАВЦИ

1. Индо-Иранци
2. Балто-Словени
3. Германи
4. Келти
5. Италици
6. Илири
7. Зона на палеобалканските дијалекти
8. Движење на носителите на грчкиот прајазик
9. Западната граница на сатемизацијата
10. Граница на источноевропските дијалекти

диференцијацијата на селските општини.[363] Оваа диференцијација на словенските општини зела таков замав што многу општински имоти преминале во приватни раце, а овие закупци обединувајќи повеќе вакви имоти, кои сега биле обработувани од зависни селани, можеле да ги продаваат на манастирите или на новото војничко племство чии имоти од крајот на IX век почнале да се зголемуваат.

Процесот на консолидацијата на словенското општество во Македонија не бил завршен во моментот кога од внатре оцврстена, а од надвор зајакната со политичките успеси, Византија пошла во нови освојувања на своите стари територии на Балканот. Територијата на македонските Словени останала и по зачестените походи на византиската војска (678, 688, 759, 783) уште слободна, без оглед што некои племиња биле приморани да го признаат авторитетот на царот, но не и византиската власт, зашто не биле подвргнати на тематското уредување. Меѓутоа, не само што Македонските Словени самите се сметале за слободни, туку така ги третирале и соседите. Сепак, за Византија и номиналното потчинување значело признавање на нејзиниот авторитет; Меѓутоа, со доселувањето на Словените и на

363 Липшиц Е.Э. Из истории славянских общин в Македонии в IV-VI вв. н.э. (Некоторые наблюдения по аграрной истории Византии), // Академику Борису Дмитриевичу Грекову ко дню семидесятилетия. Сборник статей. М., 1952, 49-54.

другите "варвари" бил узурпиран суверенитетот на Империјата над тие области, на кои таа фиктивно и понатаму сметала дека има полно право. Тоа и го натерало Константин V (741-775) на молскавична акција на веста дека ханот Телериг дека се готви да ја покори Безитија. Окружени од темите македонските Словени се наоѓале во сферата на влијание на Византија и секоја иницијатива од таа страна, како во случај на Бугарија, сметана е за директно мешање во внатрешните работи на Царството. Овој однос не биле во можност да го сфатат ни македонските Словени, кои се сметале за слободни, ни нивните соседи, кои се готвеле да ги потчинат. Византија, пак, која ги градела овие суптилни односи на потчинување, вовлекувајќи ги македонските, тесалиските и пелопонеските Словени под својата управна власт, одела постепено кон остварување на реокупацијата и рехеленизацијата на некогаш освоените територии, кои ги сметала за свои.

Во борбата со Словените за време на јакнеењето на нивната самосвест и појавата на етнополитичкото единство изразено во обединетите Сојузи на неколкуте Склавинии, Византија употребила уште едно оружје - христијанизацијата.

Во малубројните извори, се споменува дека македонските Словени биле спорадично покрстувани, меѓутоа, до масовно прифаќање на новата религија доаѓа дури по втората половина на IX век.

Самата христијанизација како таква не би била толку

значајна, ако напоредо со неа не се ширела словенската писменост и култура Византија на христијанизацијата, (како што покажува анализата на С.А. Иванов[364]), никогаш не и придавала големо значење, ако се работело за земја вон историските граници на Римската Империја и вон досегнувањата на политичката контрола; всушност, под религиозното се подразбирало и политичкото потчинување, или, во краен случај, лојалност која со време се претворала во права потчинетост.[365] Во прилог на оваа теза оди заправо и фактот зошто македонските Словени така доцна го примиле христијанството; нивното покрстување се поклопувало со религиозната и политичката лојалност кон царството. За Лав VI (886-912) поголемо значење имало тоа што неговиот татко: "...придонесол тие да ги напуштат старите обичаи и погрчувајќи ги и подвргнувајќи ги на управувачи на ромејски начин, и подарувајќи им го крштавањето, ги ослободи од ропството на сопствените владетели и ги научи да се борат против народите непријатели на Ромеите...";[366] значи, прво ги потчинил Словените, а дури потоа ги покрстил. Иницијативата всушност за покрстување доаѓала од самите Словени, а не

---

[364] Иванов С.А. Роль христианизации в отношениях Византии со славянми. // Славяне и их соседи. Международные отношения в эпоху феодализма. М., 1989, 4-7.

[365] Иванов С.А. Понятия "союза" и "подчинения", 31-32.

[366] ВИИНЈ I/3, 260 бел. 9.

од страна на Византија, како што и се покажало со покрстувањето на Моравија, Бугарија и Русија, но тогаш е покрстен само врвот на владетелскиот слој, а дури подоцна народот, бидејќи за Византија тој однос бил само дел од нејзиниот престиж во сферата на меѓународните односи.

Дел на Словените кој со покрстувањето влегол во состав на Цартсвото, или по потчинувањето е покрстен, не се снашол најдобро, а доказ за тоа се бегствата на цели единици, а понекогаш и племиња кај Арабјаните. Меѓутоа, Словените во Македонија постепено се привикнувале на новите услови на живот, станале потолерантни кон христијанството, а со време некои и го прифатиле.

За време на долгогодишното владеење на кнезот Борис (852-889) македонските Склавинии во централниот и западниот дел помеѓу 853 и 864 година биле потчинети од Бугарија. Како дошло до тоа нема податоци во изворите; но според Г. Острогорски, - не на мирен начин.[367]

Најдувајќи се под бугарска власт, македонските Словени повторно се нашле во средина која настојувала да ги инкорпорира во својот етно - политички состав и од нив да направи лојални поданици.

Процесите кои на македонските Словени им овозможиле да формираат свој посебен етносоцијален организам со помалку или повеќе изразена политичка свест, не биле

[367] Острогорски Г. Моравска мисоја и Византија. (СД. IV), Византија и Словени, Београд 1970, 65-69.

наполно завршени поради вмешувањето, во почеток на Византија, а потоа на Бугарија.

## VI. Македонскиот и балканскиот простор во време на Самуил

Во периодот од доселувањето во VI па се до IX век кога постепено исчезнуваат "Склавиниите", етничките заедници на македонските Словени постепено се обликуваат. Поместувањата и раселувањата внатре во словенскиот ареал на Балканот битно не влијаеле на нивниот развиток, бидејќи новите словенски маси кои доаѓале од другите делови на словенскиот свет брзо се прилагодувале и се мешале со затеченото словенско и староседелечко население. Малубројното и етнички разнородното население кое со политиката на византиските власти било преместувано на словенските етнички простори или кое, како во преселувањето под Кувер, само доаѓало, постепено, по пат на акултурација се слеало во словенската маса која до доаѓањето на Турците, а и после тоа, остана доминатна на поголемиот дел од Балканот.

Основната маса која ја сочинувале етно - политичките заедници на македонските Словени во моментот кога почнале да се формираат и осмислуваат како посебни заедници со веќе изградена самосвест, кон средината на IX век, ја губат самостојноста.

Во моментот кога закрепнатата Византија почнала се повеќе да тежнее кон фактичко завладување на некогашните територии на Источното римско Царство, македонските

Словени, кои се наоѓале во сферата на нејзиното политичко, духовно и културно влијание, се нашле поделени, едни под византиска непосредна власт, а другите во составот на Бугарија. Односот на силите во моментот кога отпочнала борбата за превласт над Балканот бил следниот: војничката моќ на бугарската преддржавна заедница многу брзо растела, (како што историјата на претходните творби од таков тип покажала на примерите од Франачка, Лангобардите во Италија, Визиготите во Шпанија и другите) али несразмерно со нејзината вистинска власт над потчинетите етнички разнородни племиња. Наспроти на тоа, моќта на Византија, втемелена со тематскиот систем, била адекватна на внатрешните и надворешните тежнеења. Таа постепено ги прераснувала рамките на ранофеудална држава, претворувајќи се во држава со елементи од развиениот феудализам.[368]

Полни два века македонските Словени биле слободни, а за тоа време, Византија систематски го ковала околу нив синџирот на теми, кои ја штителе од словенските и бугарските продирања. Првата тема на Балканот, Тракија, како што веќе беше речено, била основана непосредно по доаѓањето на Бугарите, за заштита на престолнината и нејзината поблиска околина. За десетина

---

[368] Литаврин Г.Г. Византийская империя во второй половине VII-XII вв. // Культура Византии вторая половина VII-XII вв. М., 1989, 11-35; Острогорски Г. Историја Византије, 218-272; Оболенски Д. Византијски комонвелт. Београд 1991, 86-100.

години (695) по оваа прва тема на Балканот се формира и втората тема Хелада, која ги опфаќа само Ахаја и Бојотија. По пауза од стотина години, во последните години од VIII век ,формирана е и темата Македонија со центар во Едрење. По создавањето на оваа тема никнуваат една по друга темите Драч, Солун, Стримон, Пелопонез, Кефалонија, Никопол и Далмација, и со тоа обрачот околу Балканскиот Полуостров се затвора. Се што е во овој тематски систем доаѓа под непосредна византиска власт, додека сите заедници вон овој систем се и надвор од фактичката визнатиска власт. Склавинииите на Вајунитите, Велегезитите, Другувитите, Сагудатите, Ринхините и Стримонците постепено биле претопени во тематскиот ситем, додека самото население го сочувало словенското етничкото обележје.[369]

Од друга страна, од Склавинииите во централниот и западниот дел на Македонија, кои во почетокот, исто така, номинално ја признавале визнатиската власт, изворите ја споменуваат само Берзитија. И во Склавинииите започнал процесот кој овозможувал создавање на преддржавни елементи. Се развивале пооделни родови кои се истакнале, па така му се наметнале на племето и на племенскиот сојуз. Во овие родови дошло до постепено формирање на еден владетелски род чии членови

[369] Острогорски Г. Византија и ЈУжни Словени. // Византија и Словени (СД. IV), 8-14; истиот автор: Византиско-југословенски односи. Политички односи. // (СД. IV), 21-25.

наизменично се менувале на чело на племенските сојузи. Во владетелскиот род власта се наследувала по принципот на мајорат. Овој владетелски род се потпирал обично на владеачките слоеви од другите родови и племиња. Управен апарат во класична смисла не постоел, меѓутоа, власта се темелела на односите на потчинетост. Воспоставен бил принцип на примитивен вазалитет чии основи биле взаемни и почивале на роднински врски. Меѓутоа, ваквиот развој морал да ја забрза внатрешната диференцијација и раслојувањето, предуслови за феудализацијата и за појавата на ранофеудалните елементи кај македонските Словени. Меѓутоа, овој процес бил прекинат и тоа мошне рано, уште во VII век кога тематскиот систем почнал да ги дава првите резултати. Овој прекин се уште не бил потполн, бидејќи секое византиско ангажирање на Исток им овозможувало на македонските Словени да го продолжат развитокот.

Во почетокот на X век јужно од темите Драч и Солун, Склавиниите постепено влегувале во тематскиот ситем и станувале фактички зависни од Царството, додека северно од оваа линија македонските Склавинии влегувале во состав на Бугарија.

Склавиниите кои се вклучиле во тематскиот систем и станале дел од Византија, не сите и не одеднаш, се вклучиле во административниот ситем на Византија. Во текот на два века на постепено заживување на тематскиот систем во европскиот дел на Царството, Византија била приморана да биде мошне претпазлива, за време на

реокупацијата на старите територии. На тие територии од доселувањето на Словените па до крајот на IX век ситуацијата мошне се изменила, па затоа Византија морала да покаже голема умешност. Без оглед што во изворите нема директни податоци какви биле методите за време на повторното воспоставување на византиската власт, тоа може да се претпостави според историска аналогија. Византиската управа секогаш внимавала време на наметнувањето на својата власт да не го наруши системот кој на некој начин функционирал во овие области, бидејќи на тој начин би биле доведени во прашање постигнатите успеси. Локалното словенско население некое време останувало да живее во своите заедници и под своите великаши, а како овие мошне брзо ги примале византиските навики, не било тешко останатата маса брзо да се апсорбира во новото тематско уредување. Впрочем, по тие испробани методи работел и Василиј II (976-1025) по освојувањето на Самуиловото царство.[370] Од моментот кога територијата би се нашла во состав на Царството, втората етапа на вклучување во византискиот систем била културната адаптација која била остварувана со покрстувањето. Веќе беше речено дека до спорадични покрстувања на владетелските слоеви доаѓало и порано, меѓутоа, основната словенска маса и понатаму останала паганска. Дури по воспоставувањето на визнтиската власт, поголемиот дел од словенското население, постепено, во

[370] Острогорски Г. историја Византије, 295–296.

периодот од средината на IX до почетокот на XI век е покрстен. Ова е само уште една потврда дека покрстувањето било изведувано не пред, а по потчинувањето. Византија секогаш ја следела својата државноправна визија која се темелела на покорување, потоа покрстување, и на крај следела фазата на воведување во цивилизациските текови, кои требало да ја завршат фазата на акултурација и од покореното население да формираат вистински ромејски поданици.

Со губењето на политичката независност, со време Словените почнале да го губат и етничкиот идентиет, па затоа изјавата на царот Лав VI дека неговиот татко е заслужен за "погрчувањето" на Словените не смее да се сфати само како фалба, туку како реален историски факт.[371]

Оваа културна надмоќ на Византија ја чувствувале сите нејзини соседи кои тежнееле да и се приближат и да ги посвојат тековите на нејзината култура и традиција и на тој начин пренесувајќи ги на своето тло да си овозможат влез во тогаш признатиот свет и да си ја олеснат својата положба во комуникациите со него и со своите поданици.

Византиското културно влијание не се ограничило само на покртстувањето. Многу подлабока и потрајна за Словените била културната преобразба. Старата античка

---

[371] ВИИНЈ I/3, 200 бел. 9; Оболенски Д. Византиски комонвелт, 92-99; Иванова О.В. Роль христианизации в отношениях Византии со славянами. // Славяне и их соседи. Международные отношения в эпоху феодализма. М., 1989, 4-7.

паганска култура во Византија не згаснала како на Запад со пропаѓањето на робовладетелскиот систем. Таа продолжила и понатаму да се негува и да се користи. Овој културен препород не смее одвоено да се гледа од севкупниот напредок што го доживувало Цартството во завршниот период на формирањето на тематскиот ситем кој придонесол за зацрвстување на границите, победа над непријателите, водечка улога на Византија на меѓународната арена и внатрешна стабилност која го овозможила процветувањето на стопанството. Обновувањето на Цариградскиот Универзитет овозможило да се појават голем број на учени луѓе со чија што заслуга дошло до: "постепена замена на уницијалот со минускул - по својот културен значај оваа реформа се споредува со пронајдокот на печатницата - и поголемиот број на scriptorii во кои се учело препишување на ракописите".[372] Овој Универзитет, чиј ректор бил научникот со енциклопедиско знаење, Лав Математичарот, дал плејада на учени луѓе со чија заслуга е осмислена и спроведена програмата на реокупацијата, покрстувањето и рехеленизацијата на византиските територии. На овој круг, покрај останатите, му припаѓале патријархот Фотиј и словенскиот просветител Константин (Кирил). Питомците на овој универзитет, дипломати, мисионери, свештеници, биле ообземени од моќната идеја на универзализмот на Царството на кое што му припаѓале и на унитаризмот на црквата чија вера пропагирале, не

[372] Оболенски Д. Н.д., 88.

заборавајќи ги притоа придобивките на старата византиска традиција, - да ги прилагодат овие влијанија на месните обичаи и верувања и да не ги нарушат чувствата на новите поданици и верници.[373] На овој начин на Византија и пошло од рака идните словенски држави да ги вклучи во сферата на својата цивилизација, наметнувајќи им ја својата политичка доктрина, културните достигнувања и техничкиот развиток.

Целта на програмата што цариградските интелектуалци со помош на централната власт ја наметнале, се темелела на "политичка оданост и верска зависност" на сите народи кои влегувале во сферата на Византија, а ги населувале бившите територии на Римската Империја.

Со доаѓањето на Бугарите на Балканскиот Полуостров ситуацијата од темел се променила. За разлика од нивните претходници и сродници, Гуните и Аварите, тие постепено преминале на седелачи начин на живот и почнале во суштина да се менуваат. Нивното доаѓање и се поголемата експанзија во потполност го задржала процесот на формирањето на ранофеудалната држава на македонските Словени.[374]

---

[373] Оболенски Д. Н.д., 88-91; Литаврин Г.Г. Заключение. Особенности развития культёры Византии во второй половине VII-XII вв. // Культура Византии, 618-625; Бернштейн С.Б. Константин-Философ и Мефодий. МГУ, 1984, 43-46.

[374] Ферлуга J. Византија и постанак најранијих јужнословенских држава. // ЗРВИ, књ. XI, Београд 1968, 55-56.

Кога Оногурите на Аспарух ја запоседнале територијата на Империјата јужно од Дунав, таму веќе биле седумте словенски племиња чии имиња изворите не ги регистрираат, туку ги нарекуваат "Седум родови" и осмото племе - Северците. Како кај сите номади и при доаѓањето на Оногурите, воспоставени се сојузнички односи со словенските племиња. Со време Оногурите, веќе познати во изворите како Бугари, постепено преоѓајќи на седелачки начин на живот, ги пприфатиле словенските облици на култура и се помалку личеле на своите степски роднини. Сепак, останале хордите со владетелскиот слој од чии редови се бирал ханот. Што повеќе Бугарите ги губеле своите етнички обележја претопувајќи се меѓу Словените, отпорот на владетелските слоеви, кои по секоја цена сакале да ја задржат власта, се повеќе растел. Се посилната диференцијација на хордите ја овозможила словенската инфилтрација во управниот систем на оваа преддржавна заедница. Овој однос особено се заострил во средината на IX век кога во состав на Бугарија влегле и македонскте Склавинии со својата веќе оформена словенска самосвест и веќе формираните етнополитички заедници. На тој начин словенската маса во Бугарија се зголемила, па не можела да допушти да не учествува во поделбата на власта со протобугарите. Мудрите бугарски канови го прифатиле како сосема нормално словенското учество во власта и заедно со Словените се стремеле да добијат меѓународно признание на својата заедница од страна на Византија. Првиот чекор кој го презела Бугарија на полето

на признавањето од страна на Византија, било покрстувањето на кнезот и владеечкиот бољарски слој, бидејќи може да се претпостави дека словенските велможи, веќе спорадично, ја имале примено новата вера. Со воведувањето на христијанството, незадоволството во бољарските кругови, кое дотогаш тлеело и се повеќе попримало антивизантиски и антисловенски карактер, избило во отворен бунт против кнезот Борис-Михаил (852-889). Бунтот бил во крв угушен, десеткувани биле бољарските редови, а останатите се примириле. Ослободувајќи се од внатрешните расправии, кнезот почнал да работи на остварувањето на својата главна цел, - воведување на Бугарија во меѓународно признатите земји, а излегувањето на меѓународната сцена зависело од неговиот однос спрема Византија. Додека Византија со покрстувањето на кнезот ја постигнала својата замислена цел "политичка оданост и верска зависност", дотогаш Бугарите кај кои веќе почнале да се оформуваат елементите на ранофеудална заедница, со овој третман останале незадоволни. Тие сакале да имаат своја држава и свој архиепископ. Во суштина правилна, оваа идеја на Борис се потпирала на чисто практични начела. Тој паганството го заменил со христијанство со цел да ги изедначи и обедини своите поданици за полесно да управува со нив. До тој момент, разноетничката заедница со која управњвал се темелела, секоја на својата територија, на политичките, општествените и моралните норми на обичајното право, обичаите и негувањето на

култовите. Со воведувањето на христијанството, Борис се стремел паганските норми на однесување да ги замени со христијански и по византискиот модел постепено да ја обликува својата млада заедница во држава. Византија, пак, која ја создала, вообличила и негувала идејата за универзализмот на Царството, немала намера овој статус на повластена земја да го дели со било кого, а најмалку со довчерашните "варвари".

Бидејќи ни одговорот од Рим, каде Борис се обратил по прашањето на верата и архиепископијата, не бил задоволителен, Бугарите биле приморани да и се приклонат на Византија. Отстапката што Византија ја направила се состоела во следното: бугарската архиепископија добила извесна самостојност, а нејзиниот архиепископ повисок ранг од повеќето епископи на византиската црква. Најверојатно, како и во останатиот словенски свет епископите се праќани од Византија, за да работат на зацврстувањето на византиското влијание и култура. За тоа време, младичи од поугледни фамилии, предодредени за црквена или цивилна служба, студирале на духовните академии и другите високи школи во Византија, каде се стекнувале со солидно световно и духовно образование.

За да воспостави духовно и политичко единство во земјата во којашто се уште се чувствувала етничка подвоеност и да ја консолидира бугарската црква која требала да го прземе својот дел од власта и на тој начин да придонесе за поделбата на социјалните функции, кои требеле да ја забрзаат ранофеудалната државност, на

кнезот Борис му бил потребен нов владетелски слој кој би бил оспособен да ги прифати настанатите промени и доследно да ги спроведе во дело. Настаните покажале дека старите протобугарски родови на тоа не му дораслнале, тие само ги сопирале и ги кочеле новите процеси. Владетелскиот словенски слој кој веќе се формирал како самосвесна етнополитичка заедница, зајакнат со новите словенски елементи после припојувањето на Склавиниите од Македонија, постанал носител на државноправната идеја.

Идејата на младата ранофеудална бугарска творба, при ширењето на христијанството, во масите наидувала на отпор, бидејќи народот не го разбирал грчкиот јазик. Оваа ситуација била среќно решена со доаѓањето на учениците на Методиј (885) од Моравија. Тие зад себе имале големо искуство во ширење на христијанството на мајчин словенски јазик меѓу моравските и панонските Словени, па не им било тешко истото да го прават и во Бугарија. Покрај проповедите на словенски јазик, учениците на Кирил и Методиј работеле и врз преводите на црквените книги и врз описменување на населението. Протерани од Моравија, тие во Бугарија наишле на голема подршка на кнезот на кого заправо луѓе од овој профил му недостасувале поради остварување на предвидената програма која водела кон учврстување на неговата власт и осамостојување на Бугарија.[375]

---

[375] Оболенски Д. Н.д., 105-120; Типкова-Заимова В. Южные славяне, протоболгары и Византия, 44-51.

Од учениците на Методиј Климент околу 886 година е испратен во Македонија со задача да го заврши покрстувањето. Во областите околу Девол и Охрид околу триесет години работел овој словенски просветител, и овие краеви, со негова заслуга, станале средиште на словенската култура и центри на просветната дејност, па со доаѓањето на Наум во 893 година уште повеќе се проширила оваа дејност. Работата на учениците на Методиј во Бугарија ја подржувале, не само владетелските кругови, туку и Византија. И едниот и другиот просветител биле многу искусни во спроведувањето на мисионерската дејност која ја започнале во кругот на солунските браќа.

Првите седум години од својот престој во Кутмичевица, Климент многу ревносно му помага на населението во сите работи, не запоставувајќи ја основната мисионерска дејност – описменување и покрстување на населението. Од неговите 3500 ученици, чии број не може да се занемари за тоа време, некои постанале свештеници, а други учители и и се придружиле на неговата работа, ширејќи ја на тој начин и богослужбата на словенски јазик и словенската писменост меѓу македонските Словени. Меѓутоа, просветителот не се задржал само на овој дел од својата работа. Под негово непосредно раководство била преземена и голема препишувачка дејност; оваа дејност била дополнета со неговото литературно творештво, па на тој начин е поставена основата на Охридската книжевна школа, која за време на владеењето на Симеон (893–927)

ќе претставува опозиција на официјалната школа во Преслав.[376]

По абдикацијата на кнезот Борис во 889 година, бољарската клика се обидела повторно да го воспостави паганството, меѓутоа, овој пат тоа било само бледа реприза и повеќе израз на немоќ на еден слој кој не можел да се помири со губењето на власта, и не можел да сфати дека на паганството веќе му поминало времео, отколку револт на животворни сили врз кои требала да почива идната власт.

Со доаѓањето на Симеон на власт, византиски ученик и голем почитувач на тековите на византиската култура, односите со Византија, во почетокот на неговото владеење уште се темелеле врз "верската зависност", што било потврдено и на соборот од 893 година. Тоа е време кога Климент добил чин епископ на "Дрембица или Велица", област со непокрстено и неуко население. И на оваа нова работа тој и пришол со својствената нему енергија и преданост. Неговото поранешно место на учител му било доделено на Наум.[377]

---

[376] ВИИНЈ I/3, 298–300; Конески Б. Климент Охридски. // За македонската литература. Избрани дела, кн. 4, Скопје 1967, 7–19; Ibid. Охридската книжевна школа (на истото место), 107–131; Климент Охридски (886–893). МК, Скопје 1986, 5–17; Оболенски Д. Шест византијских портрета. СКЗ, Београд 1991, 21–44; Бернштейн С.Б. Константин – Философ и Мефодий, 128–137;

[377] ВИИНЈ I/3, 300–303; Оболенски Д. Шест византијских портрета, 41–44; Конески Б. Климент Охридски, 7–19; Ibid. Охридската книжевна школа, 107–131.

Ни словенските просветители, како ни нивните ученици, не ги мимоишол новиот бран кој бил предизвикан во византиските интелектуални кругови, а кој се јавил како реакција на кризата предизвикана со иконоборството. Просветителските идеи кои биле прокламирани од водечките интелектуалци и професори на Цариградскиот Универзитет, имале за цел просветна работа со која требало да се подигне нивото на образованието како кај свештениците, така и кај вишите управувачки слоеви на населението. Тогаш во сферата на интересот покрај црковната влегла и световната книжевност како и дел од природните науки. Со новото образование биле опфатени и повидните претставители на словенскиот етнос, на кои им било судено да ја остварат идејата за вклучување на сопствениот етнос во културните сфери како "активен субјект", за да му се покаже на светот дека тој културно и политички созреал. Генерацијата на ученици на солунските браќа е најзаслужна за културната и политичката афирмација на Словените на просторите опфатени со мисијата. Со нивната понатамошна работа, пред се на Климент и Наум во Македонија, поставени биле темелите на етничката и политичката самосвест на македонските Словени. Во овој период тие биле во состав на Бугарската монархија, меѓутоа, по воведувањето на кирилицата како званично писмо, чин на којшто Климент и неговите ученици се спротивставиле, јазот којшто во етнички поглед постоел и дотогаш, на овој начин и

официјално бил озваничен.[378] Се појавуваат две школи, Охридската и Преславската, и два центра, - глаголскиот во Охрид и кирилскиот во Преслав;од обата се ширела словенската писменост. Да се реши на овој чекор, како заклучува Б. Конески, влијаел: "...горкиот опит од Моравија. Отстапувањето од глаголицата можеше тогаш да се толкува како попуштање пред туѓото влијание, ставање во прашање на нешто што било веќе постигнато, - особено кога ќе се има предвид дека нападите против словенскиот јазик и писменост не престанувааа. Климент и неговата школа,земаа во тој случај една крајна позиција, штитејќи го наследството на Кирила и Методија".[379]

Бугарскиот монарх кој исто така припаѓал на овој образован круг имал подруга визија за словенската богослужба и словенската писменост. Опчинет со универзалистичката идеја на Царството, Симеон од желбата за признавање на неговата земја и по неговото крунисување за цар на Бугарите, за прв пат посегнал за суприматијата над тогашниот свет, изразен преку желбата да ја замени Византија. Оваа желба била нереална, бидејќи во Бугарија немало сили кои би можеле да ја заменат Византија. Тоа и излегло на видело по смртта на Симеоновиот наследник кога Бугарија исчезнала од тогашната карта, додека Византија за владеењто на Јован

[378] Конески Б. Климент Охридски, 7-19; Ibid. Охридската книжевна школа, 107-131.

[379] Конески Б. Климент Охридски, 16.

I Цимискиј (969-976) ја обновила својата власт над поголемиот дел од Балканот.[380]

Елементи на развиениот феуфализам со сите пропратни економско - социјални манифестации ја зафатиле и Бугарија. Заради по успорениот развиток на општествено - економските односи, процесот на феудализација се развивал по поинаков модел отколку во Византија, меѓутоа, сепак, раслојувањето и упропастувањето на селанството пораснало, од една страна, како што се зголемувал и крупниот земјопосед, од друга страна. Оваа состојба најмногу ги погодила македонските Словени во чии општини раслојувањето почнало посилно да се чувствува, без оглед дали се најдувале во составот на Византија или Бугарија. Многубројните војни што Симеон ги водел го упропастувале селанството и економски и физички и повторно го погодиле населението на Македонија и од една и од друга страна. Исто така и се поголемото влијание на црквата ја овозможувало нејзината економска експанзија на сметка на селските и општинските имоти, па така во овој период наидуваме на разни облици на зависни селани, не само во однос на крупните земјопоседници, туку во однос и на своите побогати соседи, кои успеале да се прилагодат кон трансформацијата и да ги зголемат своите имоти и доходот од истите. Како се купувани овие имоти може да се види од манастирските архиви; за ова

380 Оболенски Д. Н.д., 105-120; Типкова-Заимова В. Южные славяне, протоболгары и Византия, 44-51.

пишува Е. Е. Липшиц, осврнувајќи се заправо на примерот на заклучување на договор помеѓу игуменот на еден манастир од околината на Солун и една вдовица со деца, чија земја и шума се наоѓала во општината на Другувитите.[381]

Од наведениот документ за купопродажба, авторот заклучува дека кон крајот на IX век, во периодот на појавата на елементи на развиен феудализам, општинските земји на територијата на Другувитите станале приватни и многу запуштени и на нивни сметки веќе почнал да се шири црквениот голем посед. Меѓутоа, и покрај сите овие симптоми кои укажувале на се поголемо раслојување во општината и слободниот селски имот, како што е нагласено, поради позабавениот развиток на општествено - економските односи во Македонија, останале уште слободни селски општини и слободни селани. Нивната ситуација, за време на владеењето на наследникот на Симеон, Петар (927-968) заради зголемувањето на даноците и јавните работи станала потешка, меѓутоа, тиесе уште биле слободни.

Во тоа време дошло до заострување на византиско - бугарските односи, па поради зафатеноста на Исток, царот Никофор II Фока (963-969) го замолил киевскиот кнез

[381] Липшиц Е.Э. Из истории славчнских общин в Македонии VI-IX вв. н.э. (Некоторые наблюдения по аграрной истории Византии). // Академику Борису Дмитриевичу Грекову ко дню семидесятилетия. Сборник статей. М., 1952, 53; ВИИНЈ III/10, 66 бел. 13.

Свјатослав да ги казни Бугарите. Со доаѓањето на Свјатослав на Балканот ситуацијата станала позамрсена отколку што се надевала Византија. Меѓутоа, новиот цар Јован I Цимискиј (969-976) успева со еден удар 971 година да го порази Свјатослав и да ја анектира Бугарија, па на тој начин поголем дел од Балканот повторно ја признал византиската власт.[382] Сепак оваа состојба не потраела долго.

Искористувајќи ја смената на престолот по смртта на Јован I Цимискиј (976), синовите на комесот Никола во западниот дел на Бугарија, кој не бил зафатен од војната помеѓу Свјатослав и Цимискиј, дигнале востание кое брзо ја зафатило сета земја. Како овие краеви биле управувани по победоносниот поход на Цимискиј, нема податоци во изворите; меѓутоа, - фактот што до востание дошло по смртта на царот, зборува во прилог на сознанието дека византиската власт била почитувана.[383] Лав Ѓакон, како и

[382] Острогорски Г. Историја Византије, 273-283; Оболенски Д. Н.д., 158-160; Историја на македонскиот народ. Книга прва. Скопје 1969, 117-119; Антољак С. Средновековна Македонија. Том први. Скопје 1985, 312-314; 327-332; Василевски Т. Генеза на Самоиловото царство. Неколку забелешки во врска со откривањето на Оикономидес на новиот Тактикон од X век. Резиме. // Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава. ИНИ, Скопје 1971, 249-250. (понатаму 1000 години).

[383] ВИИНЈ III/10, 56-57 бел. 8; 58, 59, 60 бел. 9, 10; 63 бел. 11. Авторот на коментарот во ВИИНЈ, (Ј. Ферлуга) овде со право пишува дека во моментот на избувнувањето на востанието етничкиот момент не бил примарен, туку тоа

други автори, спомнуваат низа неповолни знаменија кои му предходеле на востанието.[384] Се претпоставува дека центарот на областа каде што управувал нивниот татко се наоѓал околу Сердика. Востанието брзо се ширело, па за кратко време е ослободен поголем дел од Бугарија. Меѓутоа, центарот на новата етнополитичка заедница не бил ни во Преслав ни во Плиска, туку на територијата на македонските Словени кои доцна влегле во состав на Бугарија, па во почетокот бил во Преспа, а подоцна во Охрид. Овој факт, како и походите на Самуил на југ од Балканот, каде постоеле компактни словенски маси иако веќе потчинети на тематскиот систем, од коишто сепак новиот владетел, очекувал поддршка во својата антивизантиска политика, одат во прилог на мислењето дека овој дел, заправо Македонија, превагнал над Бугарија при формирањето на новата етнополитичка заедница која формално израснала и се уште се одржувала на традициите на бугарската ранофеудална политичка

---

бил процесот на развојот на феудалните сили кои ја носеле, организирале и претставувале заедницата која брзо се развивала. Во почетниот период од појавата на елементите на развиениот феудализам, кога сепаратистичките тенденции земале замав, велможите биле заинтересирани единствено за зголемување на поседите и приходот, па затоа сегогаш оделе со владетелите чија политика била заснована на големи освојувања, 80 бел. 25; 246- 247 бел. 1, 2, 3, 4; Панов Б. Средновековна Македонија. Том три. Скопје 1985, 23-25.

[384] Лев Диакон. История. М., 1988, 88-91 бел. 52; ВИИНЈ III/10, 24-25.

заедница.[385]

Првиот обид на новиот цар Василиј II (976-1025) да го запре ширењето на Самуил и да ги врати под византиска власт отцепените територии, се завршил 986 година со катастрофалниот пораз кај Трајановата врата. Овој пораз станал увод во низата несреќи кои ќе го зафатат Царството: востанијата на побунетите војсководачи и повремените војни со Арабјаните.[386] Самуил ја искористил зафатеноста на Царството за да ги прошири своите територии. Меѓутоа, и неговата творба била само феудална заедница. Својата легитимност ја темелел на бугарската традиција без оглед што не бил во сродство со влсдетелската династија. Но, најверојатно, имал поддршка од антивизантиските кругови во Бугарија. Сепак, тежиштето на неговото царство било во Македонија, територија која доста доцна влегла во состав на Бугарија;имено, и покрај настојувањата на Борис и Симеон да овозможат обединување на словенските и словенско - бугарските елементи, не се постигнати позначајни резултати во однос на Словените од Македонија. Симбиозата помеѓу словенските сојузи во Бугарија која почнала и била подржувана од кановите, со време го дала

---

385 Острогорски Г. Историја Византије, 286-287; Оноленски Д. Н.д., 160-161; Историја на македонскиот народ I, 120.

ВИИНЈ III/10, 15-21 бел. 1, 10, 16; 84-86 бел. 29; Историја на македонскиот народ I, 121; Antoqak S. N.d., 373-379.

резултатот, меѓутоа, до вклучување на македонските Словени дошло кога оваа симбиоза била веќе во поодмината фаза, а и самите тие веќе формирале свои етно – политички заедници, па не можеле лесно и брзо да се прилагодат кон новата бугарска заедница.

Словените во Македонија биле поблиску до Византија, така што побрзо ги усвојувале нејзините цивилизаторски текови, за разлика од Словените во Бугарија. Врските меѓу нив постоеле од порано, меѓутоа, не се споменува дека заеднички подготвувале некоја акција после доаѓањето на Бугарите кога со нив стапиле во сојуз, додека македонските Словени останале и понатаму слободни. Оваа издвоеност, најверојатно влијаела со време да се појават и разлики во самосвеста; затоа, не е случајно што тежиштето на Самуиловото царство, како и главните културно – просветни центри, биле во Македонија. Етничките заедници на македонските Словени, формирани во периодот од VII – IX век, почнале да ги даваат првите резултати; особено централните делови на Македонија кои останале не зафатени од војната помеѓу Византија и Русите, веројатно економски побрзо се развивале оној човечки потенцијал кој му го овозможил на Самуил победничкиот поход низ Балканот. Во почетниот период освојувањата на Самуил биле насочени кон Тракија и Македонија, потоа ја покорил сета област околу Солун, (не му успеало да го заземе самиот град), продрел во Тесалија каде ја освоил Лариса, а потоа се устремил на Хелада и Пелопонез. Изворот споменува дека при

освојувањето на Лариса Самуил го префрлил населението во внатрешноста на својата земја, а способните граѓани за војна биле запишани во воените списоци, метод доста користен од византиските цареви.[387]

Уште еден факт што се споменува во изворот оди во прилог на тврдењето дека се работи за нова монархија: со пренесувањето на моштите на св. Ахил од Лариса во Преспа, јасно се става на знаење каде е центарот на новата монархија.[388] Неговите походи не биле насочени само спрема јужен Балкан, тој ги освоил Рашка и Дукља, ги опседнал дури и Задар и другите далматински градови, меѓутоа, власта која во овие краеви ја воспоставил, била, номинална, што може да се види примерот на Дукља, модел што често го користеле владетелите на преддржавните и ранофеудалните творби, а кој исклучиво се засновал на вазалитет. Овие походи преземени во други словенски кнежевства, имале за цел да ја урнат

[387] ВИИНЈ III/10, 81 бел. 26; 82 бел. 27; 38-38 бел. 12, 14; 194-199 бел. 1, 2, 3; 248-249 бел. 9, 12; Историја на македонскиот народ I, 120; Антољак С. Н.д., 368-373; Панов Б. Н.д., 23-25; Острогорски Г. Историја Византије, 287; Оболенски Д. Н.д., 160-161.

[388] ВИИНЈ III/10, 83 бел. 28; Историја на македонскиот народ I, 121; Антољак С. Н.д., 372-373; Миљковиќ - Пепек П. Повеќеслојноста на ликовните појави во македонските светителски култови // Културен живот Година XXXVIII, 3/93, 25 смета дека во време на Самуил доаѓа до израз "христијанската црковна идеја" која преку "поседувањето на светителски мошти и сопствени светителски култови" го следи патот кон создавање самостојна црковна институција.

византиската власт која од приморските теми (Драч, Далмација) се ширела во блиската позадина.[389] Опустошувајќи ги овие краеви, Самуил морал да се врати и да се задоволи, со воспоставувањето на вазалитетот, меѓутоа, тематскиот систем кој го чинеле градовите по Далмација не претрпел никакви промени без оглед на разурнувањата; додека на Самуил, слично како и на Симеон, не му останало ништо што би можело да се спротивстави на управниот систем на Царството кое располагало со понадмоќно стопанство и неисцрпен човечки потенцијал. Византија многу повеќе била загрозена од востанијата на побунетите војсководачи кои во рацете ги држеле источните провинции, отколку заземањата на Самуил.

Со Самуиловите освојувања била создадена територија од хетерогени етнички елемнти. Самуил, како и западните владетели, управувал со овие пространи територии пренесувајќи го својот суверенитет на потчинетите. Некои провинции, како Драч и Дукља, ги врзал со династички бракови, меѓутоа, во одлучувачкиот момент, кога започнала византиската контраофанзива, велможите, кои во овие војни често ги менувале гоосподарите, повторно му пришле на Василиј II.

Во периодот помеѓу 996 и 1000 година, додека воената

389 Историја на македонскиот народ I, 121; Антољак С. Н.д., 372–373.

среќа некогаш му била наклонета на Самуил, а некогаш на Византија, македонскиот монарх се прогласил за цар, стремејќи се на тој начин да го озваничи своето царство пред тогашниот свет.[390] Сепак, царската титула на македонскиот монарх не му овозможила безбедно владеење. Византија се повеќе го стегала обрачот, а Самуиловите реиди преземени до Пелопонез, битно не ја промениле состојбата во негова корист.[391]

Поразувајќи ги узурпаторите и победувајќи ги Арабјаните, Василиј II, откако ги обезбедил источните граници на Царството, кои сега биле сигурни како и во време на царевите Никифор II Фока и Јован I Цимискиј, сета своја енергија ја сконцентрирал на Балканот како во свое време и Константин V. Со иста енергија, со истите, педантно водени акции и систематско настапување, царската војска по 1001 година ја отпочнала офанзивата против Самуил; оваа акција не сопрела се до конечното потчинување на Самуиловото Царство во 1018 година. Византискиот цар немал што да изгуби, бидејќи државата му била средена и зајакната, а на Самуил му останало да ја брани стекнатата независност. Паѓаат еден по друг

[390] Антољк С. Н.д., 432-443 бел. 542; 548; Историја на македонскиот народ I, 125; Лероа-Молинген А. Синовите на Петар Бугарски и комитопулите. // 1000 години, 70; Басотова Љ. "Летописот" на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја. // Споменици за средновковната и поновата историја на Македонија. Том V. Прилеп 1988, 185-188.

[391] ВИИНЈ III/10, 89 бел. 49; 36-38; 248-249.

утврдените градови Видин и Скопје.[392] Сепак, македонскиот монарх не планирал да се предаде, па според вестите во изворите, направил вештачки прегради на правците каде што постоела опасност од упад на византиската војска.[393] Меѓутоа, тоа не било доволно за да ја спречи катастрофата на Беласица. Настаните по овој пораз се одвивале како на сцена на некоја античка драма. И пред паѓањето на Охрид и поголемиот дел на Царството, јасно било дека тематскиот систем однесол победа.

Од штурите вести во изворите може да се заклучи дека стопанството на Самуиловото царство, без оглед на долготрајните и исцрпувачки војни, во централните области на Македонија останало недопрено и најверојатно, благодарение на тоа, можеле да се преземаат успешни офанзивни акции до крајот на војната, што му овозможило на Јован Владислав толку долго да се брани по катастрофата на Беласица. Не само стопанскиот, туку и војничкиот потенцијал му овозможиле на Самуил, а подоцна и на Јован Владислав, околу четириесет години успешно и несметано да војува со понадмоќен непријател. Фактот дека меѓу заробените војници на Јован Владислав имало и тешко вооружани, зборува во прилог на мислењето дека Самуил во текот на повеќегодишното војување,

---

[392] ВИИНЈ III/10, 100-103 бел. 81.

[393] ВИИНЈ III/10, 105 бел. 90, 91; Томоски Т. Белешки за неколку месности во Македонија во почетокот на XI век. // 1000 години, 203-208.

најверојатно, го уредил системот на својата војска според византиски модел. Во почетните операции и на комитопулите и на Самуил, се споменува дека не се судирале со византиската војска на отворено, туку дека многу повеќе ги користеле природните засолништа и воените лукавства, додека, кон крајот на војната, во војската на Јован Владислав се наоѓаат и на специјални единици.[394]

Повторно, од кусите вести во изворите, може да се претпостави дека и управниот систем бил уреден по византиски модел, за што ни сведочи и сл. пасус: "...Кога стигна до Едрење во пресрет му дојдоа братот и синот на чувениот Кракра донесувајќи пријатна вест дека тие се предаваат, знаменитата тврдина Перник и другите триесет и пет тврдини. Нив достојно ги почестил, а Кракра го подигна на степен на патрикиј, и замина за Мисонопол. Таму дојдоа и пратениците од населението на Пелагонија и Моровизд и Липљан кои на царот му ги предаваа градовите. ...Дојде и Драгомуж...и ги предаде тврдините во областа на Струмица и доби чин на патрикиј. ...Дојде Богдан топарх на внатрешните тврдини па и тој беше почестен со титула на патрикиј, како човек кој одамна беше приврзеник на царот...".[395] Покрај податоци за управниот систем, овој пасус пружа и битни податоци за

[394] ВИИНЈ III/10, 120 бел. 143; 123 бел. 153.

[395] ВИИНЈ III/10, 124–125 бел. 161, 163.

политиката која Василиј II ја спроведувал во освоените области, а која била заснована на веќе испробаното искуство.

За прв пат по неуспехот на офанзивата на Маврикиј и по словенските преселби, Дунав повторно станал граница. Додуша, од другата страна немало повеќе "варвари", туку "политички одани и верски зависни" феудални творби. За да ја зацврсти византиската власт во освоените земји, Василиј II пристапил кон воведување на тематски систем таму каде што го немало. Централната област на Самуиловото царство, Македонија, станала тема "Бугарија" со седиште во Скопје, и, со помали прекини останала во состав на Византија до XIV век.[396]

Во освоените и од војната исцрпени области, Василиј II внимавал да не ги повреди традиционалните чувства на населението и да не ја загрози, поради опаѓањето на стопанството, нивната егзистенција, па му дозволил на населението понатаму даноците да ги плаќа во натура. Охридската патријаршија ја свел на автономна архиепископија оставајќи и ги сите епископии кои ги имала и во време на Самуил; со тоа истата му била потчинета исклучиво на царот кој го задржал правото да го поставува архиепископот; овој во византиската црковна хиерархија, какао некогаш бугарскиот, добил повисок ранг од останатите архиепископи на Цариградската патријаршија. Овие мерки не биле ништо ново во

[396] ВИИНЈ III/10, 125 бел. 165.

византиската политика. Византија никогаш еднострано не ги решавала проблемите во потчинетите области. Секогаш внимавала мерките да бидат адекватни на приликите, обичаите, на религиските чувства и на стопанските текови во освоените земји; овие односи, до потполното воведување во тековите на византиската цивилизација, биле различни од покраина до покраина. На овој начин биле задоволени новите поданици, додека управната власт имала повеќе можност да ги држи под контрола.

Се забележува дека за време на Самуиловите походи, а и подоцна, за време на одбраната на централните делови на монархијата, дека имињата на сите потчинети команданти се словенски. Црквените седишта и управната власт се наоѓале на територија која веќе стекнала етнополитичко единство и самостојно се развивала до влегувањето во состав на Бугарија. Сигурно дека овие словенски традиции, поткрепени со се поизразена самосвест, не биле уништени во времето кога оваа заедница се нашла во составот на Бугарија. Напротив, тие во ова време биле зајакнати со појавата на посебна самосвест, која се јавила спонтано како одраз на се поголемата византиско - македонска и бугарско - македонска конфронтација. Појавата на самосвест кај македонските Словени, покрај конфликтите со соседите, сигурно ја забрзале и политичките и економските врски со словенските етноси и заедници во X-XI век, кои за време на самостојноста под Самуил, најверојатно биле негувани. Не смее да се заборави дека и интелектуалното движење кое започнало во

времето на Фотиј, нашло заслужни творци на таа самосвест кај Климент, Наум и нивните воспитаници Да можела самосвеста и понатаму да се развива во масите, потребно било, пред се, независна држава и во нејзините етнички граници, веќе формиран историски, народ.

Центарот на востанието на комитопулите бил во западниот дел на Бугарија каде самостојните тежненија на бившите Склавинии биле поизразени. Сепак, времето од исчезнувањето на Склавиниите во IX век до паѓањето на Самуиловото царство во 1018 година, било, најверојатно, поминато во продлабочување на етничката самосвест. Тоа не било вршено ниту со декрет, ниту званично обзнането туку историскиот процес кој започнал уште во VII век, а кој неколку пати бил прекинуван поради надворешни интервенции, продолжил; меѓутоа, се уште не бил во можност за време на Самуиловото царство, да се дооформи. Причината за тоа треба да се бара, пред се, во самата етнополитичка заедница под Самуил. Наследувајќи го управниот систем на Бугарија, Самуил не го менувал, бидејќи, најверојатно, за тоа уште не биле созреани сите услови. Власта и понатаму останала строго централизирана, темелејќи се на односи од вазален тип,така што процесот кој во нормални услови би довел до прогресивно разграничување на социјалните функции, основни елементи во процесот на феудализацијата и појавата на првите елементи на државноста, не бил во можност да се доразвие. Сета државничка енергија и сиот материјален и човечки потенцијал, Самуил ги трошел на

исцрпувачките војни со Византија. Без оглед што создал ново царство, со ново седиште и со друг етнос, во склад со меѓународните норми, и со желба за меѓународно признавање, Самуил бил принуден да го преземе наследството и да ги прифати традициите на Бугарија во оној облик што ги оставил Симеон. Од друга страна, ни Запад во тоа време не нудел поразвиени односи кои би можеле да послужат како модел; јасно е дека се разликувале условите. Да се изгради сопствен и по сопствена мерка управен систем, требало време, а на Самуил тоа најмногу му недостасувало. Неговите обиди да го разбие управниот систем на Византија заменувајќи го со сопствен, останале без резултати. И не само неговите.

Етничката состојба на Балканот во тоа време била следна: словенските етнополитички заедници од Епир, преку Тесалија до Пелопонес, кои порано биле во лабави односи со македонските Словени, по вклучувањето во тематскиот систем, постепено го губеле етничкиот идентитет; седумте словенски племиња и Северците постепено се слеале со Бугарите и добиле поинакво етничко обележје каде што доминирал словенскиот јазик и словенската самосвест; Србите во Рашка, Дукља, Травунија и Захумље и Хрватите во Далмација и Посавина, живееле во етнополитички преддржавни творби во овој период "политички одани и верски зависни" од Царството, додека Словенците го зачувале етничкото обележје и словенската самосвест, но биле вазали на Франачка, а потоа на Светото Римско Царство. Македонските Словени го поминале

истиот пат на диференцијација внатре во етнополитичките заедници и исто така етнополитички се издиференцирале во однос на соседите, особено во однос на Бугарите со кои некое време се наоѓале под иста управа. Овие разлики не се плод на фаворизирање на еден етнос над друг; напротив, за ова станале свесни и нивните современици и така запишале. Во таа смисла кај попот Дукљанин читаме дека покрај етнонимот **Bulgari** постои и форма **Bulgarini**. Појавата на оваа нова форма на споменатиот етникон, била предизвикана според Љ. Басотова, од разликата што авторот на Летописот ја чувствувал пишувајќи за наведениот етноним. Првиот, **Bulgari**, се однесувал на населението на Бугарија и поданиците на Симеон, додека вториот, **Bulgarini**, се однесувал на поданиците на Самуил.[397] Само Словен можел да ја почувствува таа суптилна разлика меѓу тогашните блиски според територија и начин на живот и обичаи - етноси, па затоа така и ги нарекол.

Македонските Словени во почетокот на XI век не претставувале веќе разединети етно - политички заедници. Периодот од IX до XI век го поминале во постепена преобразба, консолидација, хомогенизација, диференцијација во однос на соседите, создавајќи при тоа посебна самосвест која во време на самостојноста под

[397] Басотова Љ. "Летописот" на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја. // Споменици за средновековната и поновата историја ма Македонија. Том V, Прилеп 1988, 180-184.

Самуил и неговите наследници, како и нивните соседи, под влијание на историските и етногенетските процеси, ќе се оформат како народ.

Историскиот развиток, без оглед што не одел праволиниски кај словенските етно - политички заедници, во овој период постепено ќе ги оформи како посебни народи кои во следното столетие ќе почнат да ги создаваат своите државни творби осамостојувајќи се постепено од политичкото и верското туторство на Византија, меѓутоа нивните творци не му припаѓале на поколението на Свјатослав и Самуил, туку на едно ново поколение, бидејќи, во меѓувреме нивните потомци се преобразиле.

## VII. Востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех

Периодот на владеењето на Македонската династија (867-1056) во Византија ќе биде одбележан со зацврстување на личната власт на василевсот, придружена со зголемувањето на моќта на Царството кое во време на неговиот најталентиран претставник, Василиј II (976-1025), ќе го достигне зенитот и во исто време ќе ги манифестира почетните знаци на депресијата што ќе следи.

Зајакнувањето на големиот посед за сметка на стратиотските и општинските имоти, како и сепаратистичките аспирации на магнатите и војничкото благородништво, ќе го достигнат својот максимум за време на Македонската династија, иако во истото тоа време се донесуваат закони за нивнио потиснување.[398] Тоа е време на голем културен подем на Византија во епохата на раниот феудализам, којшто и овозможил да ја прошири сферата на своите влијанија од Ирска преку евроазиските степи до Кина, со што, овие културни влијанија што зрачеле од Византија претставувале дел на севкупниот менталитет и мисловниот процес на нејзините поданици кои со векови ги

[398] Острогорски Г. Историја Византије, Београд 1969, 292.

глраделе и ги вградиле многубројните и неповторливи идејни потоци што се разлеале и ги оформиле православните и еретичките учења, што во периодов за кој станува збор (крај на X и почеток на XI век) - ќе се конфронтираат.[399] Меѓутоа, оваа спротивставеност на ставовите меѓу христијаните не била нова за Византија, бидејќи нејзините корени допирале до периодот на раното христијанство, кога се издиференцирале четири струи во христијанската мисла: аријанството, несторијанството, монофизитизмот и халкедонското учење како главни, а од нив произлегле и други.[400]

Верските расправи коишто го потресувале V век имале далекусежни последици за Римската Империја. Додека на "варварскиот" Запад Рим успеал да го наметне јазикот преку богослужбата, а преку неа да делува врз воспоставувањето на политичко и духовно единство на христијанската цивилизација,[401] дотогаш на Исток

---

[399] Гумилев Л.Н. В поисках вымишленого царства. Спб., 1994, 38; Острогорски Г., Историја Византије, 259, 260.

[400] Гумилев Л.Н. В поисках, 10. Острогорски Г. Историја Византије, 77.

[401] Драгојловиќ Д. Улогата на богомилите во востаничкото движење на Македонските Словени за време на цар Самоил. // 1000 години од востането на Комитопулите и создавањето на Самоиловата држава. Зборник на материјали од научната средба одржана во Преспа од 10 до 15 октомври 1969, Скопје 1971, 96.

догматските расправи раѓале нови учења. Па така од борбата со аријанството се родила догмата "за совршената божествена природа на Синот и неговата единосушност со Отецот"[402] од кои произлегува односот кон божественото и човечкото начело во Христос.

Меѓутоа, во овие векови, без оглед на догматските ставови, се уште, според старите антички правила, слободно се мислело. Затоа и во однос на христијанската теологија се развиваат различни мислења во однос на двојственоста во начелото кон Христа. Така, на пример, според претставниците на антиохиската богословска школа, во Христос постоеле две одвоени природи, една покрај друга: божествената, овоплотена во Христос - човекот, роден од Марија. Зад овие теориски богословски учења и школи стоеле луѓе со обична човечка природа, па според можностите, моќта и влијанијата, тежеле центрите на кои им припаѓале да ги издигнат. Значи, навидум теолошките расправии за вистинската природа на Христос, во суштина претставувале политичка борба за моќ на одредени источни центри, бидејќи приврзаноста на патријарсите кон власта како и поддршката што ја добивале од неа, обично ја определувале официјалната теолошка мисла. Според тоа, кога на патријаршскиот престол во Цариград седнува Несториј во 428 година, претставник и ревносен поборник

[402] Острогорски Г. Историја Византије, 77

на антиохиската школа, почнало да се развива и шири учењето на оваа школа. Но, без оглед на подршката што патријархот ја добивал од претставниците на власта, од другиот моќен центар - Александрија, којшто во меѓувреме ја обезбедил поддршката на Рим, се појавил критички став спрема ова учење. На III Вселенски собор, 431 година во Ефес, патријархот Несториј бил осуден за ерес. со ова, сепак, не било се завршено. Претставниците на александриската школа и следбениците на патријархот Кирил, во расправите против несторијанството отишле понатаму, тврдејќи дека двете природи на Христос по овоплотувањето се преобразиле во една божествена природа. Со тоа ставени се темелите на новото учење - монофизитизмот. Бидејќи и оваа школа застранила од официјалното учење, Рим повторно, сега како сојузник на Консантинопол, го осудил. Обидот на монофизитите да го официјализираат своето учење - пропаднал, а на IV Вселенски собор 451 година во Халкедон, прифатена е догмата за двете природи на Христа, неделиви, но и неспоиви, осудувајќи го во исто врме и несторијанството и монофзитизмот.[403]

Неостварената желба на Цариград да ја преземи водечката улога меѓу источните цркви, на овој Собор, по победата над Александрија, се чини дека е остварена,

403 Острогорски Г. Историја Византије, 77.

бидејќи осигурал примат. Меѓутоа, ова фиктивно првенство само го зголемило јазот меѓу метрополата и источните провинции,[404] бидејќи, "политичкото и духовното" единство на Константинопол во областа на политиката водело кон анархија, а во областите на религијата кон мистицизам, кој тешко се вкомпонирал во нормите и догмите на халкедонското учење. Ваквите примеси во учењата мистичарите, на полето на религијата, ги воделе во ерес, а во политиката - во социјален анахронизам.[405] Резултатите на оваа политика брзо излегле на видело. По поразот на Халкедонскиот собор, на монофизитизмот му се придружиле и несторијаните од Сирија, па верската борба се повеќе добивала елементи на политичка, зашто монофизитизмот ќе биде само паравам во сепаратистичките тенденции на овие провинции коишто тежнееле кон осамостојување.[406] Неуспехот во борбата против овие еретички учења се должи на фактот што зад овие движења, веќе одамна, не стоеле издиференцирани етно - политички заедници со повеќевековна политичка и културна традиција.[407]

Состојбата што настанала по победата на диофизитското учење на официјалната византиска црква и од

---

[404] Острогорски Г. Историја Византије, 77

[405] Драгојловиќ Д. Улогата на богомилството, 96.

[406] Острогорски Г. Историја Византије, 77.

[407] Драгојловиќ Д. Улогата на богомилството, 96.

монофизитизмот на источните цркви над монофизитизмот на источните цркви не ќе биде премостена до крајот на постоењето на државата на Ромеите,[408] туку постојано ќе биде обременувана со нови учења и ереси во зависност од местото, економската и политичката состојба како и религиските определби на носителите на тие движења. Ваквите состојби ќе кулминираат во иконокластичките судири кои од темел ќе ја разнишаат ранофеудална Византија. По стивнувањето на борбите и победата на иконофилите се почувствувала потреба за поефикасен настап во сферата на образованието, како на световните, така и на духовните лица, како и заради целосно поткревање на нивото на образование на населението.

Во исто време кога историските процеси почнале да ја брануваат политичката сцена на етнички хетерогената Ромејска држава, окружени со христијански и иноверен свет околу себе, истите процеси со слични или различни манифестации, што зависело од степенот на развиток на политичката изграденост, економската состојба, образовното ниво на населението, застапеноста на традицијата во секојдневниот живот, обичаите и религијата што ја исповедале - делувале и врз нејзините соседи. Во меѓувреме Византија со овој свет живее, тргува, води религиозни спорови и војни и постепено се

[408] Острогорски Г. Историја на Византија, 77.

надградува, менувајќи ја сопствената околина, но интерактивно, менувајќи ги и соседите. По долготрајната борба за опстанок, христолошките расправи, на повидок е растежот на економската и политичката моќ на државата, којашто своите сили ги насочува кон внатрешната преобразба, пред се, на полето на политичката моќ што се манифестирала со реокупација на териториите изгубени по VI век.

Византија во овој период насобраната економска, политичка и воена моќ ќе ја искористи за пресметување, најпрво со Бугарската, а потоа и со Самоиловата монархија, бришејќи ги од политичката карта на Балканскиот Полуостров. На тој начин ќе ги прошири своите граници на исток до Двина, на југ до Палестина, а на север до Дунав. Блескавите победи на царевите - војници, честите војни проследени со бунтовите на велможите, се поголемото незадоволство на масите изразено преку политичките и верските движења - биле одраз на историските процеси коишто ја започнале преобразбата на ромејското општество.

Додека претставниците на војничкото племство и црквените великодостојници, како најмоќни феудални магнати, ги уживале плодовите од ширењето на Царството кое им овозможувало се поголемо богатење, дотогаш малите селски земјишни поседи врз кои се темелел тематскиот воено - административен систем, неможејќи да се носат со

дажбините и наметите, опаѓале.[409]

Овие процеси особено остро биле изразени во Бугарија, бидејќи внатрешните немири и се поголемиот притисок врз населението спроведуван подеднакво и од световното и од духовното благородништво, во процесот на феудализација станале неподносливи, зашто можностите на монархијата да ги ублажи тие биле слаби, а елементите за формирањето на раниот феудализам кратко. Овие состојби го довеле населението во безизлезна положба. Манифестацијата на овие односи ќе биде поизразена во Македонија, бидејќи истата дури во средината на IX век влегува во состав на Бугарија. Селското население, сиромашните градски слоеви, немајќи можност, сила и средства да се спротивстават на се поголемите насилства, и не наоѓајќи излез од настанатата ситуација, како и во секое предвечерие на новиот милениум, спасот го нашле во бегството од реалниот во иреалниот свет во мистицизмот и забранетите еретички движења и учења кои нуделе "спас" и за душата и за телото. Овие движења се типични симптоми на "спасувачи" од беспаќето на политичката власт и безизлезот на секојдневниот живот, кога луѓето биле во изчекување на нешто подобро, но и непознато, при што станувале податливи на ваквите учења, користејќи ги ги како форми на протест против неправдите на општественото

[409] Острогорски Г. Историја Византије, 263-266.

уредување. Без оглед на тоа, чии приврзаници биле, сите учења, помалку или повеќе, нуделе слични концепции- презир кон благодетите што ги нуди овој свет, вклучувајќи ја алчноста спрема богатството, од една страна, а стремеж кон добри дела, богоугодност и живот исполнет со секојдневни молитви упатени до Бога.

Ваквиот живот во потполност бил спротивен од животот на повисоките сталежи, кој требало да служи за пример како да се живее. На веќе изгубеното и морално и материјално уништено население, овие учења му влеале надеж кон подобра иднина, па макар и на оној свет.

Во исто време, позасилено се развило монаштвото. Манастирскиот живот, нормите и канините на православното учење, не биле секогаш во состојба да ги задоволат душевните потреби на паствата, пак затоа, таа често наоѓала подршка во учењата што биле осудувани како еретички од официјалната црква.[410]

Едно од тие еретички учења што ќе се распространи во Македонија и Буагрија било "богомилското". Во почетокот негова цел ќе биде црквата, но ширејќи се меѓу масите и преобразувајќи се во зависност од историските услови, политичките и економските состојби, тоа ќе излезе надвор рамките на недоразбирањата со црквата, и ќе добие

[410] Историја на България. Том втори. Първа българска държава. София 1981, 374-376.

пошироко значење.

За да се сфати генезата на ова учење, повторно ќе треба да се проследи периодот на консолидација на христијанството, кое од религија на масите, постепено се преобразува во владеачка идеологија, санкционирајќи го притоа и божественото потекло на политичката власт.[411]

Зошто овој период е мошне значаен? Зашто тоа е времето на преточување на, се уште живите, пагански идеи во христијански, при што, учените теолози во догматските расправи се труделе да ја постигнат ортодоксноста на мислите. При тоа обично се раѓале нови идеи кои ја одбележувале рановизантиската епоха, а идеите биле изнесувани во делата коишто станале "посредници и активни чинители при формирањето на темелите врз кои ќе биде изградена културата на православните словенски народи потоа, а не само низ средниот век".[412] Значипосредничката улога на овој период е особено важна, бидејќи плодовите ќе се јават во последните децении од IX в., оформувајќи ја културата и идеологијата на Самуиловата монархија, каде што непосредно пред тоа било прифатено христијанството. Како што во рановизантиската епоха паганите, покрстените "варвари" и христијаните подлегнувале на разните струи и учења, така

[411] Драгојловиќ Д. Улогата на богомилите, 95.

[412] Аверинцев С.С. Н.д. 5.

и новопокрстените македонски Словени, од причините што беа наведени, го прифатиле богомилското учење. И не само богомилското, туку и други еретички учења со иста идеолошка и догматска основа. Така на пример, се знае дека преселените Словени во Мала Азија во втората половина ма VII век во Кибоза кај Колонеа имале "црква Македонска" основана од павликијанскиот водач Константин - Силван.[413] Верниците на оваа црква биле прогонувани и физички уништувани во време на Јустинијан II (689-695), меѓутоа, оние кои останувале продолжувале со формирање на нови павликијански општини.[414] Павликијанското учење се одомаќило меѓу Словените во мала Азија, па најверојатно овие, го прошириле и на своите сонародници на Балканот со кои одржувале врски, бидејќи во средината на IX век, повторно во Колонеа, меѓутоа, секај кај Касторија (Костур) на територијата на племето Другувити се спомнува "црква Македонска", која припаѓала на павликијанското движење, па може да се претпостави дека оваа црква ќе биде идентична со подоцнежната "ерртичка црква Дугунтија", бидејќи преобразената павликијанска "македонска црква" кај Костур ќе стане богомилска црква Дугунтија каде со построгата дуалистичка концепција че

---

[413] Драгојловиќ Д. Еретичката македонска црква на Балканот и во Мала Азија // Гласник ИНИ, XVII/2, 1973, 149, заб.5

[414] Исто, 150, заб.9.

се разликува од умерената струја во Бугарија, со што ќе бидат нагласени и политичките и етничките разлики на нивните носители.[415] Апелативот "богомил" "на сириски значи масалијани, а на грчки еухити".[416] Богомилското учење и движење се јавило, според обемните истражувања на Д. Драгојловиќ, во малоазиските провинции на Византија, Опсикионската, Тракесиската и Киверионската тема - или од порано, како што веќе беше изложено, биле населени со словенско население, па според Д. Драгојловиќ, апелативот "богомил" "најверојатно и настанал во таа словенска средина, а на Балканот е пренесен инеректно преку грчкиот".[417] Идејни творци на ова учење, во првата негова фаза, според изворите, се сметаат Петар Пикопетар и Сергиј Тихиќ кои делувале во наведените области.[418] Во овој период, и во таков облик, богомилството претставувало синтеза на масалијанските верувања и реформираното павликијанство. Јадрото на ова движење во овој период го сочинувале "монаси и монахињи"

---

415 Драгојловиќ Д. Еретичката, 152-157.

416 Драгојловић Д. Богомилство на Балкану и у Малој Азији //Богомилство на православном истоку. САНУ. Балканолошки Институт. Посебна издања, књ.15, Београд 1982, 78,

417 Драгојловић Д. Богомилство на Балкану, 78.

418 Исто, 88, заб. 100.

и претставници, прави или лажни на свештенството.[419] Неговото ширење низ византиските провинции условено е од општата криза на општеството која што ги зафатила сите слоеви. Тоа постепено се шири и на Балканксиот Полуостров, каде по освојувата на Симеон, неговата ерес се проширува и низ Бугарија. Во почетната фаза во новите области, еретиците борбата ја насочиле спрема црквата, обидувајќи се да создадат паралелна еретичка црквена организација. Со изменетите економско - општествени услови, се смениле и насоките на делувањето на богомилите, кои во периодот на цар Петар своите активности ги насочиле кон владеачките слоеви, за да во времето на Презвитер Козма кога презирот на богомилите се проширува на целото тогашно општество.[420] Ваквиот став на богомилите во однос на целото општество произлегува од состојбите во самата бугарска црква, која во периодот на Симеон, како носител на власта и привилегиите се става во одбрана на системот, а заедно со тоа и како штит во однос на ересите.

Состојбите во земјата за владеењето на царот Петар се манифестираат низ засилена феудализација и растеж на црковниот и световниот имот на богомилската ерес, која веќе го зафатила сиромашниот клер, почнала да дејствува

[419] исто, 96/1, заб. 111.

[420] Исто, 91-92, заб. 111, 113.

како народно движење. Ваквиот тек на настаните го принудил бугарскиот цар да му се обрати на Цариградскиот патријарх за совет. Од одговорите на патријархот се гледа дека во овој период попот Богомил не бил зачетник на новата ерес туку само влијателен херезијарх и учител.[421] Богомилството опстојува и по пропаѓањето на Бугарија, а со создавањето на Самоуиловата монархија, има навестувања, барем според истражувањата на Д. Драгојловиќ,[422] дека народната и сесловенска дејност на светите Климент и Наум на некој начин била блиска со еретичкото движење на кое му припаѓале масите, или најверојатно, биле вклучени во востаничките редови на Комитопулите, а откако Самуил останал единствен водач, може да се претпостави дека му давале верска и политичка подршка. Оваа претставка Д. Драгојловиќ ја потврдува со следниве факти:

1) богомилстовото било единствено, делумно организирано антивизантиско движење во Македонија со народна словенска ориентација;

2) во втората половина на X век ова движење било најсилно во областите каде што избило востанието, а распространетоста на нивните општини биле на подрачјето

---

[421] Драгојловић Д. 95-96, заб. 11; Острогорски Г. Историја Византије, 258-260.

[422] Драгојловиќ Д. Улогата на богомилите,100

меѓу Вардар, Охрид и Шар планина.[423]

Недостатокот на изворна граѓа не дозволува да се оформи претстава за дејноста на црквената организација под Самуил, меѓутоа, факт е дека владетелот имал толерантен став во однос на овие движења, што не значи дека бил нивни проврзаник. Уште еден факт оди во прилог на мислењето за толерентната политика на Самуил во однос на богомилите. Дејноста на бугарските владетели Борис, Симеон и Петар, врз чија монархија Самуил идеолошки се потпрел, но и самите тие, биле третирани, во црквената литература, како припадници на националниот култ, додека во "Житието на свети Владимир" се напоменува дека богомилите имале свои привразаници во Самуиловиот дом. Меѓутоа, самиот владетел со својата севкупна дејност покажал дека е правоверен христијанин.[424]

Толерантната политика на Василиј II за време на епигоните на македонската династија била доведена до апсурд. Брзината со којашто се ширеле големите земјишни имоти, пропорционално одговарала на брзината со којашто Словенското население на Бакланот, кое се уште било слободно, веднаш по овие настани станувало зависно од големите магнати - и световните и духовните. Покрај

[423] Драгојловиќ Д. Улогата на богомилите, 102.

[424] Драгојловиќ Д. Улогата на богомилите, 103; Истиот, Богомилство на Балкану, 97, заб.48

економското пропаѓање, на Словените им се заканувало и духовно, поради се поинтензивната хеленизација. Меѓутоа, според старата византиска пракса, не изостанале ни демографските поместувања на населението со цел да се намали опасноста по освојувачите. Од истите причини биле преселени од Македонија и членовите на семејството на Иван Владислав.[425]

Споменот за словенското царство меѓу населението не само во Македонија, туку и на пошироките простори на Балканот не згаснал, а неволите кои подолго време го тиштеле населението и честите елементарни несреќи биле изразени низ сенародно востание на чие чело се нашол претставник на самуиловиот род, синот на Гаврил Радомир од првиот брак, Петар Делјан.[426]

Непосреден повод за востанието претставувале реформите во системот на плаќањето на порезот на земјата што во 1040 година биле воведени од Јован Орфанотроф, брат на царот Михаил IV Пафлагон (1034-1041).

Како што веќе беше спомнато, синот на Гаврил Радомир,

---

[425] История на България. Том трети. Втора българска държава. София, 1982, 25, заб.8.

[426] ВИИНЈ III/10, 141-144, заб.205; 220-221, заб.1; 228-9; 252-3. История на Българската държава III, 28; Ациевски К. Н.д. 68, заб.13; Колева Е.Михаил Псел како извор за историјата на македонскиот народ // Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том IV, Прилеп 1988, 100-102.

заедно со останатите членови од владетелскиот дом бил испратен во Цариград. По време, успеал да побегне и лутајќи некое време се упатил кон Белград. Таму откако се дознало каде бил, воодушевено прифатен од народот и најверојатно по извесно време ги подигнал на оружје. Со оваа востаничка војска се упатил кон југ и за брзо време биле ослободени териториите, вклучувајќи ги Ниш и главниот град на темата Бугарија - Скопје.[427]

Брзината на ширењето на востанието поткрепено со востанички успеси, била знак за тревога за Византија, па на стратегот на најблиската тема, Драч, му било наредено да ги запри. Неговиот неуспех го повлекол со себе бунтот на војската, која за водач го избрала искусниот војник од своите редови Тихомир. Така, паралелно се појавиле две востанија, со двајца водачи. Меѓутоа, востаниците на Тихомир им се приклучиле на Дељановите, а потоа Тихомир бил "жртвуван".[428] Останувајќи сам на чело на востанието, првата задача на Дељан била да преземе акции за заштита на бочните страни и позадината на освоените области, за да може непречено да дејствува натаму. Поделувајќи ја војската на три дела: едни испратил да го освојат Драч,

[427] ВИИНЈ/10, 144, заб.209; История на България III, 28; Ациевски К. Н.д. 68, заб. 13.

[428] ВИИНЈ III/10, 146-148, заб. 216,217,218,219,220,252 213; История на България III, 29, заб.33. Ациевски К. Н.д. 68, заб.14.

другите биле упатени да ја заземат тврдината Василида од каде можела да се контролира Охридско - преспанската област, а со главнината на војската самиот се упатил да го освои Солун.[429]

Преземениве акции на Дељан упатуваат на ширењето и концентрацијата на востанието во областите на Македонија, кои и порано претставувале центар и на востанието на Комитопулите и на Самуиловата монархија, па тоа значење го задржале и во времето на последново востание.[430] Без оглед на тоа што изворите не известуваат по кој пат се движела главнината на војската што се упатила кон Солун со Дељан, Аџиевски правилно претпоставил, врз основа на логорот што Дељан го поставил кај Острово, дека таа морала да се движи во правецот од скопје по р.Треска на Порече, на превојот Барбарос, а потоа преку Пелагонија па на **Via Egnatia** до Солун.[431] Солун востаничката војска не го зазела, бидејќи таму стигнале само поедини одреди, зашто Петар Дељан останал кај Острово. Меѓутоа дотогашните успеси на востанието и

фамата којашто брзо се проширила била доволна и овие

429 ВИИНЈ III/10, 148-149,заб.222,226; История на България III, 29; Аџиевски К. Н.д. 68-69, заб.16,17,18.

430 ВИИНЈ, III/10, 155, заб.241; Аџиевски К. Н.д. 68, заб.15.

431 Аџиевски К. Н.д. 69.

одреди да ги исплашат царот, кому му било советувано брзо да го напушти градот, бидејќи можело се да се очекува. Така, комплетната царска комора и уште многу вредни работи што останале, му биле доверени на Манојло Ивец кој требало да ги врати во престолнината, меѓутоа, тој им се приближил на востаниците.[432] Овој, Манојло Ивец, најверојатно бил близок роднина со истоимениот прочуен војвода од времето на Самуил кој долго време му давал отпор на Василиј II останувајќи верен на династијата.[433]

Успесите на востанието продолжиле да се нижат, па така била освоена и Деметриада во Тесалија, па Теба во Бојотија, како и други градови се до Атика. Бидејќи, во меѓувреме, избило востание и во Никополската тема, предизвикано од истите причини како и Дељановото, и овие востаници и се придружиле на востаничката војска на Дељан.[434]

Дали привлечен од востаничките успеси кои можеле да му ја повратат старата моќ, или испратен со "задача" во востаничките редови, или пак, навистина навреден - не се знае, Алусијан, синот на Иван Владислав, пристигнал во

---

[432] ВИИНЈ III/10, 148, заб.223; История на България III, 29; Аџиевски К.Н.д. 69-70, заб.19.

[433] ВИИНЈ III/10, 148; История на България III, 29; Аџиевски К, Н.д. 70.

[434] ВИИНЈ, III/10, 149-152, заб.228,229; 206-207; История на България III, 30-31.

востаничките редови и според рангот патрикиј и стратег на Теодосипол, што го имал во Византија, покрај Манојло Ивец, многу значел за востанието. Затоа и добил така доверлива и одговорна задача, да го освои Солун. Градот не само што не бил освоен, туку востаниците биле страшно поразени. По овој неуспех, следело ослепувањето на Петар Делјан и предавството на Алусијан, а со тоа деновите на востанието биле изброени. Обезглавената востаничка војска почнала постепено да се повлекува, па на византиската војска, предводена лично од царот, не и било тешко да ги разбие и да го зароби Делјан.[435] Иако оскудни, од вестите во изворите може да се претпостави дека внатрешните области на Македонија, како центри на востанието се уште давале отпор. Така, повторно во Пелагонија, Манојло Ивец организирал одбрана, како и неговиот роднина во времето на Самуил, бидејќи котлината претставувала природен бедем на приодите кои воделе кон Преспа и Охрид. Стремејќи се по секоја цена да го оневозможи навлегувањето на византиската војска во Пелагонија, со што би биле загрозени внатрешните правци, Манојло Ивец кај Прилеп подигнал дрвена преграда (дема), меѓутоа, византиската војска предводена од царот, стигнала пред да бидат завршени сите подготовки околу

---

[435] ВИИНЈ, III/10, 153-155, заб.236,239; 207-208; 222-224; 253. История на България III, 31,2. Аџиевски К. Н.д., заб.21,22,23.

одбраната и многу лесно ја разрушиле демата и го фатиле Манојло Ивец.[436]

Според изворите и истражувањата што К. Аџиевски ги спровел на теренот, во потполност може да се прифати убицирањето на "демата" кај Плетвар.[437] Бидејќи, по поразот кај Плетвар, патот спрема внатрешноста бил отворен, византиската војска за брзо време го задушила востанието, потиснувајќи ги востаниците.[438]

Времето што го дели востанието на Петар Дељан од востанието на Ѓорѓи Војтех се карактеризирало со многу значајни појави, коишто оставиле длабоки траги во историјата. Започнува бран на се почестите реиди, а потоа и населување на Печенези, Узи и Кумани на Балканот и во Македонија; во 1042 година, Зета, се осамостојува од Византија; 1054 година доаѓа до дефинитивен раскол помеѓу Источната и Западната Црква; 1071 година загубени се и последните владенија на Византија во јужна Италија, а по катастрофалниот пораз кај Манцикерт 1071 година, голем дел од Мала Азија преминал во рацете на Селџуците.

---

[436] ВИИНЈ, III/10, 155, заб. 241. История на България III, 33-4; Аџиевски К. Н.д. 71-72м заб. 24-25.

[437] Аџиевски К. Н.д. 73, заб.28.

[438] ВИИНЈ, III/10, 155; История на България III, 33-4; Аџиевски К. Н.д. 73-74, заб.29. Изнесени се подробно причините за неуспехот на востанието.

Во овој период процесот на засилената феудализација се повеќе расте, расте и бројот на зависните селани, а опаѓа бројот на слободните стратиоти. Сите овие внатрешни и надворешни настани влијаеле за влошувањето на и така тешката состојба на народот, кај кого се уште биле свежи сеќавањата за сопствената монархија и Петар Дељан.

Како и за првото, така и второто востание било предизвикано од даночната политика на логотетот на Михаил VII Дука, Никифорица, кој слично на Јован Орфанотроф вршел големи злоупотреби и ги зголемувал даноците.

Како и во претходното востание, новите немири повторно избиле во југозападните делови од некогашната Самуилова монархија. ова востание било подготвено од првенците на Скопје на чело со Ѓорѓи Војтех. Овој пат водачите на востанието за помош му се обратиле на зетскиот крал Михаил кој им го испратил синот Константин Бодин со 300 одбрани војници. Бодин од скопските првенци бил пречекан во Призрен и бил проггласен за цар со име Петар.[439] Слично како и во првото востание, византиската војска на чело со дуксот на Скопје и нему потчинетите стратези се упатуваат кон Призрен за да ги уништат востаниците,

---

439 ВИИНЈ, III/10, 177-180, заб. 19,20,23; 237, 239, 255. История на България, 72.

додека, востанието не зело замав. Меѓутоа, византиската војска е катастрофално поразена, а новиот дукс заробен. По победите востаничката војска се поделила во два дела, едната, под командата на Бодин се упатила кон Ниш, додека другата, на чело со Петрило, заминала за Касторија. Сега пред градот востаничката војска била толку силно поразена, што Петрило морал да се повлече во Зета.[440] Бодин кој веќе стигнал во Ниш и ја пустошел околината, добил вест од Ѓорѓи Војтех од Скопје, кое веќе било во византиски раце, да се врати. Пресретната од Византијците кај Таонион (денешен Паун), востаничката војска била поразена, а Бодин заробен. Војтех измечен при сослушувањата, починал на пат за Цариград. Поразот кај Таонион го означил крајот на востанието (1073 год.).

Македонија во знак на одмазда им била предадена на византиските војници и наемниците.[441]

Ова востание ни според масовноста, ни според ослободената и од востанието опфатена територија не ги достигнало размерите на првото. Сепак, претставувало закана за византиската власт, бидејќи со крунисувањето на Константин - Бодин за цар, јасно било ставено до

---

[440] ВИИНЈ, III/10, 181-183; 237-239; 255. История на България 3, 72.

[441] ВИИНЈ, III/10, 183-186, заб.36,38,41,42; 237-239; 255. История на България, 3, 72.

знаење дека ќе се почитува стариот легитимитет.

Постојат мислења дека неуспехот на востанието се должел на поделеноста на востаничката војска. Оваа востаничка војска била многу голема, доколку била единствена, можеби ќе добиела уште неколку битки во своја корист, но сепак, не ќе била во состојба да опстои бидејќи Византија се уште имала доволно сили да ги скрши сепаратистичките стремежи во рамките на својата држава.

Може да се рече дека уште во почетокот на XI век завршува историското поглавје на раниот феудализам, а со него исчезнуваат и носителите на световниот и духовниот поглед на свет како што биле патријархот Фотиј, цезарот Варда, мисионерите Кирил и Методиј, просветителите Климент и Наум, [illegible] и Борис - Михаил, царевите Симеон, Самуил и Василиј II. Генерацијата што следела после нив имала други интереси, други желби и други можности.

# З А К Л У Ч О К

Времето во кое што моментално живееме плод е на новата преобразба што го зафати општеството. Заедно со општествените и општочовечките вредности луѓето ја изгубија и смислата за реалност, па секое нуркање во минатото им изгледа како можност од таму да црпат животна сила, а се нуркаат единствено да ја заборават сегашноста. Според тоа, прашањето за "Историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија до крајот на раниот среден век", толку далеку од секојдневниот живот на современите луѓе, колку може да влијае врз обликувањето и оплеменувањето на нивната свест и правилното толкување на историските настани кои се плод на историските процеси? Да си го поставев ова прашање на почетокот од работата, сигурно дека трудот не ќе го имаше овој облик. Вака, добив во време, а тоа ми овозможи подобро да го осознаам развитокот и дејствувањето на историските процеси врз етничките заедници, па со самото тоа, добив многу посложен одговор на ова прашање - историскиот развиток има смисла само со усвојување на етичките и естетските вредности на поранешните култури воопшто. Значи, процесот на културата на општеството раководи не само со процесите на промени, туку и со процесите на зачувување и собирање на културните вредности воопшто, додека тие продолжуваат

да учествуваат во човековиот живот и понатаму. Историскиот развиток на етно - политичките заедници во целост е плод на историските појави, па со самото тоа, во време на развиток неговите составни елементи се темелат врз заеднички јазик, територија, самосвест и општата култура. Во зависност од тоа колку сме во можност да ја цениме постарата култура, добиваме право да веруваме и во нејзиното наследство, бидејќи единствено творците на вистинските вредности се правични спрема своите претходници. Безбројните примери низ историјата ја потврдуваат правилноста на овие зборови. Додека стариот Свет и средновековна Византија биле свесни за својот културен долг кон своите претходници, европските народи од средниот век почнале да зборуваат за својот долг спрема минатото дури во време на Хуманизмот.

Територијата на Балканскиот Полуостров во поранешните историски периоди како и денес, обединувала различни по јазик и самосвест, а помалку по култура, етноси и народи. До доаѓањето на Словените (или поточно до Големата преселба) во јазиците и на Палеобалканците и на Хелените големо влијание извршил постариот доиндоевропски супстрат. Меѓутоа, денес, антрополошката сличност на народите на Балканскиот Полуостров ги сврстува во посебна категорија која може да се земе како параметар за нивното издвојување во однос на другите народи на Европа. Посебноста на овој антрополошки тип плод е на потеклото на постарото население, чие

формирање, најверојатно паѓа во време на раниот палеолит. Па ако овој антрополошки тип кој е денес доминантен се земе за основа на некогаш заедничкото потекло од исти физички претци, тогаш Балканот во тој склоп може да се издвои во етногенетскиот процес како посебно жариште, а диференцијацијата што настанала во културата и јазикот, плод е на подоцнежните појави, кои настанале заправо врз позадината на тоа првобитно единство. Затоа не смее да се заборави дека историските извори не ја даваат вистинската слика на времето на постанокот на етнонимот, појавата на самосвеста, издвојувањето на културата и јазикот на еден етнос. Од појавата на етнонимот до формирањето на етничката самосвест проаѓа многу долг временски период кој обично често не е забележан, а оттука, врз база на изворите, се врши само делумна и приближна реконструкција на збиднувањата, кои овозможиле етносот да се издвои од масата слични или различни етноси.

Словените, најдуваќи се во непосреден контакт со византискиот свет, долгот на културата на минатото којшто и до тогаш го негувале не го отфрлиле едноставно со примањето на христијанството, туку го вградиле во своето постаро наследство и на тој начин постанале творци на нови културни вредности. На овој начин со преточување и преземање на проверени културни вредности го градев јадрото на овој труд чија тема почнува со појавата на првите Индоевропејци, а завршува во полниот XI век. Причината што се определив трудот да заврши

заправо во XI век е таа, што во овој период се заокружуваат историските процеси кои довеле до формирање на посебна самосвест во склоп на Самуиловата монархија, а која доживеала посебна апотеоза за време на востанието на Дељан кога Словените на територијата на Царството последен пат заедно се кренале од Дунав до Егеј и од Јадран до Солун, заправо во одбрана и очувување на таа самосвест. Во следните столетија почнува нова етапа како во општествениот така и во духовниот живот на словенското население на Балканскиот Полуостров кој се карактеризирал со создавањето на првите држави.

Историската појава на првите Индоевропејци (I. Македонскиот простор во праисторијата - раселувања на Индоевропејците) ја следев не од моментот на разбивањето на [illegible] како што [illegible] во науката се смета, туку од моментот на појавата на една посебна културна заедница на просторите на западна Мала Азија која дифузно се раселувала и на Карпатско - Дунавско - Балканското тромеѓе мешајќи се со староседелците го формирала индоевропскиот праjазик, а подоцна и етнос. На овој начин формираните јазик и етнос го започнале својот развиток и постепено започнало нивното преточување, па така настанале индоевропските дијалекти и етноси кои го продолжиле мешањето и формирањето на нови етноси. Од овие новоформирани етноси и дијалекти мигрантите кои во почеокот на III милениум п.н.е. почнале постепено да се движат кон југот на Балканскиот Полуостров му припаѓале на Палеобалканскиот и Протохеленскиот супстрат, додека

нивните соседи, Индоиранците, продолжиле на исток.

На патот од Подунавјето и Карпатите се раселувале етноси, дијалекти и нивната материјална култура, али никогаш не се случило сите три категории да бидат сразмерно застапени. За време на раселувањата не секогаш дијалектите го следеле етносот или материјалната култура. Доволно било да тргне било која од овие три компоненти па да влиае врз формирањето на новата популација со нов дијалект или материјална култура, или обратно, да се сочуваат дијалектот или материјалната култура, а пак да се формира нов етнос. Просторот на којшто се формирал новиот етнос постанувал на тој начин нов центар од каде доаѓало до разлевање на етносот, дијалктот или материјалната култура.

За време на доаѓањето на Палеобалканските Индоевропејци, еден дел останал на територијта на денешна Македонија, додека другите делови тргнале понатаму спрема исток и југ, а од хелените за време на подоцнежните миграции, останале само помали енклави, кои со време се стопиле со соседите.

На овој начин создадена е поголема етничка и јазична заедница која во науката добила име источно - индоевропска, а се одликувала со блискоста на дијалетите. Неа ја сочинувале старогрчкиот, фригискиот, тракискиот, ерменскиот и индоиранскиот. Со тек на време хеленската култура се проширила на Балканот и постанувајќи доминантна им се наметнала на своите соседи. Во ова време на акултурација, еден дел од

Палеобалканците со време се слеал во општата хеленска маса, другиот дел бил истиснат од копното и островите, додека третиот дел останал на периферијата на хеленскиот свет каде што го затекнале и историските извори, па оттаму останало запечатено во нашата свест мислењето дека во културен поглед овие етноси заостанувале во однос на Хелените. Во почетокот имале заеднички пантеон, култови, обреди и традиција, па може да се рече дека тие не заостанале, туку дека Хелените побрзо се прилагодиле на новите услови и на тој начин овозможиле да се создаде нов етнос. Од своја страна, и на територијата на палеобалканските етноси доаѓало до промени кои овозможувале појава на нови етнички групи кои се хомогенизирале околу своите етно - политички заедници. Овие етноси постепено општествено - политички се организирале во периодот на распаѓањето на полисниот систем и трансформирани и културно адаптирани постанале носители на нови стремежи кои го зафатиле античкиот свет, а кои биле остварени под егидата на Македонија.

"Етнички и политички прилики во хеленско и римско време" е тема на втората глава каде се обработени заедниците на Палеобалканците на територијата на Македонија и пошироко. Територијата на Македонија била населена и пред појавата на античките Македонци кои биле дел од Палеобалканците. Во моментот кога се издиференцирале како засебен етнос, античките Македонци на спомнатите простори продолжиле да живеат заедно со останатите етноси и со време некои од нив како плод на

во поблиските и подалечните области оставајќи ги своите траги во културата.

Од Палеобалканските етноси при формирањето на етносот на античките Македонци учествувале Бригите, Пајонците и Едонците (Мигдонци). Нив ги регистрирале и традицијата и изворите, меѓутоа, тоа не значи дека другите етноси не го дале својот придонес во македонската етногенеза.

Историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија се уште не бил во потполност оформен кога со доаѓањето на Римјаните тој хеленизам попримил нови облици, кои, со тек на време придонесле да дојде до изедначување на населението на Империјата, додека сочуваните етникони претставувале само обележје на припаѓање кон територијата. Со трансформацијата на системот македонскиот етнос не исчезнал, туку попримил нови квалитативни обележја и на тој начин се преточил во нов етнос.

Третата глава "Доселување на Словените" го опфаќа периодот од VI до VIII век. Во почетокот направен е краток екскурс каде се наведени неколку теории за словенскиот етнос внатре во индоевропскиот ареал. Може би е претенциозно да се зборува за словенски етнос во периодот на III - II милениум п.н.е., меѓутоа, овде под "словенски" се подразбира дијалектот на којшто дотичниот етнос зборувал во склоп на индоевропскиот прајазик. Како што веќе беше речено, лингвистичките извори овозможуваат подлабоко нуркање во минатото, отколку историски извори, кои едноставно сведочат за етносот како за словенски од

неговата појавава и регистрирањето во изворите во VI век од н.е. Сепак, тоа што тој званично се појавил на историската сцена во VI век никако не значи дека тогаш и се формирал. Тој постоел и дотогаш, меѓутоа, не се знаел етнонимот под којшто бил познат на поблиските и подалечните соседи.

Историските процеси што ја поттикнале преобразбата на општествено - политичките односи внатре во робовладетелскиот систем, овозможиле појавување на нови [illegible]. Овие етноси [illegible] втемелувачи на новите општествено - политички односи кои ќе доминираат во периодот на раниот феудализам.

Со доаѓањето на Словените етничката структура на Балканот претрпела значајни промени. Словените доаѓале [illegible] Среден и Долен Дунав движејќи се по Моравско - Вардарската долина. Првите бранови биле составени од одбрани војници на племенските сојузи како и од племенски војски, а целта им била да побараат нови места за населување. Овие крстареле по провинциите на Империјата, се судирале со источно - римската војска и за тоа време барале понекогаш легално како и другите "варвари" пред нив, посебни места за сместување на своите племиња со обврска да ги чуваат границите или да даваат контингенти за источно - римската војска.

Големите словенски племенски сојузи зад Дунав до почетокот на Големата преселба, почнале да се преобразуваат, бидејќи во меѓувреме се промниле и

условите што го овозможиле нивниот развиток внатре во првобитната заедница. Постепено доаѓало до раслојување во родовите, а овие ја повлкувале диференцијацијата и внатре во племенските сојузи. Историските извори од тоа време регистрираат три големи словенски заедници: Бенети, Словени и Анти -кои им припаѓале на големите племенски сојузи зад Дунав. Отприлика во тоа време родовско – племенскиоте заедници се преобразиле во територијални. Племињата и родовите на овие територијални заедници почнале да учествуваат во населувањето на Балканскиот Полуостров. Населувањето одело постепено во зависност од отпорот што го давала Империјата. На новата територија освоената земја била делена според територијалниот принцип. При доселувањето не секогаш целиот род или цело племе тргнувале на пат, туку се случувало да дојдат само нивни делови предводени од своите родовски и племенски старешини, меѓутоа, во новата татковина преселувањето одело по одреден ред, па соседите од старата татковина и на новте територии се сместувале едни покрај други. На тој начин на Балканот и во Македонија овие компактни словенски маси станале стожер на новиот преобразен етнос.

Балканскиот Полуостров уште од продорот на Готите постанал зона каде се собирале, живееле и работеле и повторно оделе понатаму многу "вараварски" етноси. А не смее да се каже дека сите оделе, туку само главнината, додека помал дел, најверојатно останувал. Останувало исто така и старото население, меѓутоа, дошло до

подрастична поделба. По богатите успеале да се иселат од загрозените краеви и да се склонат во утврдените градови или во посигурните провинции, меѓутоа, дел од населението останал и постепено по акултурацијата се адоптирал и адаптирал со дојденците. Истото се случило и по доаѓањето на Словените. Словенските племенски сојузи во почетокот функционирале како затворени целини, али тоа не траело долго, па во нив почнале да примаат и домашно население. Така доаѓало до мешање и појава на мешан етнос кој го наследил словенскиот јазик, елементите од традицијата и културата, али не останал изолиран за примање на културните традиции на соседите.

Од друга страна, Византија, која постепено се обликувала како ранофеудална држава, ја темелела својата традиција на источно римско наследство и како наследник на Рим имала една единствена цел - да ги поврати изгубените во периодот на Преселбата територии. Тоа можела да го оствари единствено само преку тематскиот систем кој требало да послужи како плацдарм за освојување на внатрешноста на Балканот.

"Формирање на "Склавиниите"" носи наслов четвртата глава на овој труд.

Процесите на исчезнување на племенските сојузи внатре во освоените региони и јачањето на тематскиот систем оделе едновремено. Племенските сојузи на новата територија функционирале како "Склавинии" и внатре во нив почнале да се градат преддржавните елементи. Меѓутоа, врмето работело за Византија. Додека

"Склавиниите" постепено влеѓувале во состав на темите и на тој начин го губеле својот општествен и политички статус, дотогаш темите се заокружувани како воjно - територијални единици, центри од каде била ширена хеленизацијата и христијанизацијата во словенскиот тил.

Со терминот "Склавинии" означувани се племенските сојузи, во почетокот зад Дунав, а во подоцнежната византиска истоиографија, со овој термин означувани се и племнските сојузи во Македонија. Од македонските, изворите поимнично ги набројуваат Склавиниите на Другувитите, Сагулатите, Велегезитите, Вајунитите и Берзитите. Новоформираните "Склавинии" и нивното население почнале да жовеат на новите теротории по своето старо обичајно право. Нивните соседи пак, Ромеите, живееле по своите закони и обичаи, без оглед што биле одвоени од матицата. Со време помеѓу овие различни етнички, а сродни по економско - социјална структура заедници, со оглед на акултурацијата, дошло до потполно преовладување на словенскиот јазик, а со време и на етносот. Од своја страна Византија почнала со воведувањето и развитокот на тематскиот систем да работи врз обновувањето на својата власт. Плодовите од оваа мудра политика успеале да ги наберат василевсите од македонската династија. За тоа време внатре во "Склавиниите" се одвивале процеси на интеграција на племенските сојузи како преддржавни елемнти. Во интервалите, за ова време, не престанувале ни борбите помеѓу словенските сојузи и Византија, кои се одвивале

со променет резултат, меѓутоа, историскиот процес се развивал во полза на Византија и интеграција на словенските племенски сојузи.

Во петтата глава "Етно - политичките заедници во раниот среден век" изложени се процесите кои преку "Склавиниите" водат кон формирање и обликување на етничките заедници во раниот среден век. Една таква заедница формирана е на тлото на Македонија, меѓутоа, во нејзиното обликување подеднакво влијаеле донесените, најдените и стечените елементи. По "Склавиниите" се уште се задржал стариот начин на стопанисување и специјална социјална структура која со време во својот состав го инкорпорирала затеченото население кое напоредо со Словените живеело во соседството, али според своите закони. Овие заедници живееле на исти простори. Со време, заради делувањето на акултурацијата доведувал до адопција на затеченото наслeние во општествената структура на Словените, додека пак со воведувањето на тематскиот систем, исто така под дејство на акултурацијата словенските енклави се слеале во византиското ткиво.

Словенските територијални сојузи "Склавиниите" на Балканот ги населиле заземените области во Македонија, Тесалија, Епир и Пелопонез. Со време, под дејство на преобразбата овие сојузи постанале носители на новите интеграциони заедници кои станале стожер на етносот кој постепено се обликувал.

Словенското население по "Склавиниите" продолжило,

како и во старата татковина, да се бави со земјоделие. Со овој начин на стопанисување не била нарушена ни структурата на затеченото население. На промените повеќе биле изложени општествено - политичките односи. Словените постанале господари на освоените територии, а затеченото население, најверојатно, добило потчинет третман. Овој "потчинет" третман во услови на тнр. воена демократија во периодот од VII до IX век бил опфатен со процесот на акултурацијата и во тој склоп адаптиран и адаптиран, па на тој начин се влеал во преобразбата на етносот.

И кај Словените и кај Ромеите доминирале поголемите и инокосните фамилии, сместени по селата или на имотите. Овие фамилии влегувале во состав на територијалните општини, кои претставувале темел на ранофеудалното општество. Во овој пеиод дошло до поизразена диференцијација на словенското општество во Македонија. Се појавувиле веќе формирани сталежи на селани, племенска војска и родовска аристократија, која постанала толку моќна што земала активно учество во внатрешната политика на Византија и во борбите на странките за време на државните преврати. И додека целта на овие кнезови била да ги озаконат своите политички творби и својата власт над нив, стремејќи се да постанат членови на признатите од Византија политички заедници, дотогаш Византија стремела кон една единствена цел - кон поновно враќање на терториите и признавањето на нејзината власт.

Формирањето на посебен етносоцијален организам со посебна политичка свест, се разгледува во шестата глава која носи наслов "Македонскиот и балканскиот простор во време на Самуил".

Преодните елементи од ран према развиен феудализам што ја зафатиле Византија во средината на IX век, не го одбегнале ни словенскиот свет кој се наоѓал во сферата на нејзините политички, духовни и културни влијанија. Словенските етно - политички сојузи "Склавиниите" кои се формирале и веќе издвоиле како посебни етносоцијални творби, заправо во овој период исчезнале.Меѓутоа, нивното политичко слегување од историската сцена не значело и потполно бришење на трагите кои зад себе ги оставиле. Во средината на IX век зајакнатата Византија [illegible] некогашните територии, па тогаш еден дел од македонските Словени ја признал нејзината непосредна власт, додека другиот дел, се нашол во составот на Бугарија. Војничката моќ на Бугарија во моментот кога започнала борбата за превласт над Балканот изгледала поголема, меѓутоа, не била адекватна на нејзините желби и можности. Моќта пак на Византија, втемелена со теметскиот систем, одговарала на нејзините внатрешни и надворешни тежненија. Во претходните два века Византија систематски го изградувала тематскиот систем, зајакнувајќи го на тој начин својот управен апарат и војничкиот потенцијал. Заправо таа внатрешна сила на системот ја овозможила територијалната експанзија во IX

век. Исто така не треба да се занемари ни фактот дека византиската управа во време на наметнувањето на својата власт во реокупираните области, секогаш внимавала да не го наруши системот што таму владеел и функционирал, бидејќи со тоа би ги довела во прашање постигнатите успеси.

Дел од бившите "Склавинии" кои влегле во состав на Бугарија, најверојатно, продолжиле да живеат по своето обичајно право. Во периодот на самостојноста, до влегувањето во состав на Бугарија, македонските Словени ја развиле својата посебна самосвест која со идењето на Климент за учител и со покрстувањето уште повеќе се зајакнала. Работата на учениците на Методиј во Македонија овозможила оформувањеи развиток на Охридската книжевна школа која поставила темел на идните поколенија на духовници и преведувачи. Оваа книжевна школа претставувала опзиција на Преславската книжевна школа која ја напуштила традицијата на Кирило - Методиевското писмо. Најверојатно, јазот што уште тогаш се создал, со време само се продлабочувал. Наскоро тоа и се покажало. Со еден удар 971 година победен е рускиот кнез Свјатослав и анектирана е Бугарија, со што е обновена византиската власт над поголемиот дел од Балканот. И покрај брилјантните успеси, смртта на царот (976) и граѓанските војни им овозможиле на синовите на комесот Никола да дигнат востание против Византија кое како молња се ширело низ Балканот. По загинувањето на двата комитопула и на легитимниот бугарски цар, водењето на

востанието го презел најмладиот и најенергичниот комитопул Самуил. Тој со молскавични воени акции создал голема монархија чии центри не биле повеќе ни во Плиска ни во Преслав, туку најпрво во Преспа, а потоа во Охрид, на територијата на некогаш моќната берзитака Склавинија и во центрите каде што влијанието на Охридската школа било мошне силно. Покрај Македонија во состав на новото моќно царство влегле уште и: Тесалија, Епир, делови од Албанија со Драч, старите бугарски и српски земји. Единствено идеолошки, заради легитимитетот, новото царство било врзано за старото бугарско царство од каде се пренесени институциите на царството и патријаршијата, меѓутоа, ни составот, ни карактерот не биле бугарски, туку македонски, бидејќи Македонија како што покажал [illegible]

За време од околу 40 години (976-1016) на самостоен развиток под сопствена династија, јакнеела и самосвеста на македонските Словени кои во овој период на зачетоците на развиениот феудализам веќе почнале да ги добиваат елементите на народ. Тоа било предизвикано, пред се, од македонско - бугарската и македонско - визанриската конфронтација, како и од политичките, економските и културните врски со останатите словенски етнополитички заедници во периодот од X до XI век. Овде секако дека спаѓа и општиот препород кој започнал под патријархот Фотиј, а со кој во периодот на Климент и Наум била многу силно зафатена и Македонија, која преку Охридската книжевна школа ќе постане центар на словенското

просветителство. Сепак, младата монархија не била во состојба да се носи со моќната Византија. Долгогодишниот отпор бил скршен, а самостојноста изгубена во 1018 година. Со ова се завршило едно херојско време, а започнало друго, епигонско, и за Византија и за Македонија. Постепено се заокружил тематскиот ситем и започнала  нова преобразба на општеството која на светлост на денот ќе ги изнеси веќе формираните словенски народи на Балканот.

Седмата глава "Востанијата на Петар Дељан и Ѓорѓи Војтех" го опфаќа периодот од пропаста на Самуиловата монархија, преку еретичките движења до активниот сенароден отпор.

Отпорот во Македонија бил продолжен - пасивно, преку еретичкото учење на богомилите и - активно, со востанијата на Петар Дељан и Ѓорѓи Војтех.

Епигоните на македонската династија со својата неразумна фискална политика успеале во 1040 година да го предизвикаат словенското востание на Балканот под водството на синот на Гаврил Радомир, Петар Дељан, меѓутоа, почетните успеси кои го навестувале обновувањето на Самуиловото царство, заради расправиите во востаничките редови, и помогнале на Визаантија повторно да ја воспостави својата власт. И вториот обид за ослободување од византиската власт во Македонија 1072 година пропаднал, бидејќи и покрај внатрешните слабости и се посилниот притисок од Исток, Византија се уште била во можност да го скрши востанието и да ја воспостави

својата власт.

Поминатиот пат од првите "Склавинии" до монархијата на Самуил го отсликува историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија. Овој развиток не одел праволиниски, бидејќи за тоа немало услови. По пат на акултурацијата, дел од старото население се преобразувало адптирајќи се на новите норми донесени од Словените, додека во другите краеви на слични процеси биле изложени Словените. Историскиот процес на овој начин не бил завршен, бидејќи византиските владетели на Балканот населувале нови населеници кои со време му подлегнале на процесот на акултурацијата и на тој начин вградиле и дел од себе во македонскиот народ кој во почетокот на XI век веќе почнал да се обликува.

Со формирањето на македонскиот народ историскиот развиток на етно - политичките заедници во Македонија не завршил. Повторно и одново се формираат нови етно - политички заедници кои по пат на трансформација ја обликуваат, секои во своето раздобје, физиономијата на народот и на тој начин помагаат и тој да се менува, прилагодувајќи му се на времето и просторот.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## ИЗВОРИ

1) Apijan. Rimski gradjanski ratovi. Beograd 1967.

2) Византиски извори за историју народа Југославије. Том I. Посебна издања кн. CCXLI Византолошки Институт кн. 3. Београд 1955.

3) Византиски извори за историју народа Југославије. Том III. Посебна издања. кн. 10.Византолошки Институткњ. Београд, 1966.

4) Да услышат меня земля и небо. М. 1984.

5) Извори за българската история. Том VI. Гръцки извори за българската история. Том III. София 1960.

6) Извори за българската история. Латински извори за българската история I. БАН, София 1958.

7) Иордан. О происхождении и деяниях Гетов. Getica. Вступительная статья, перевод, комментарий Е. Ч. Скржинской. М., 1960.

8) Jezić M. Rgvedski himni. Zagreb 1987.

9) Константин Багрянородны. Об управлении империей. Текст, перевод, комментарий. Издание второе, исправленное. Под редакцией Г. Г. Литаврина и А. П. Новосельцева. М., 1991.

10) Лев Диакон. История. М., 1988.

11) Pauzanija. Vodić po Heladi. Logos, Split 1989.

12) Plutarh. Usporedni zivotopisi I. AC, Zagreb 1988.

13) Полибије. Историје II. МС, Нови Сад 1988.

14) Poceci indijske misli. Beograd 1991.

15) Prokopije. Tajna historija. S. Zagreb, 1988.

16) Свод древнейших письменных известий о славянах. Том I. (I - VI вв.). М., 1991.

17) Страбон. География в 17 кн. Перевод, статья и комментарий Г. А. Стратановского. Под общей редакцией проф. С. Л. Утченко. М., 1964.

18) Tukidid. Povijest Peloponeskog rata. MH, Zagreb 1957.

19) Фрагменты ранних греческих философов. Часть I. М., 1989.

20) Херодотова историја. МС, Нови Сад 1966.

21) Хомер. Илијада. Препев, предговор, увод и објасненија Михаил Д. Петрушевски. МК, Скопје 1982.

22) Чичуров И. С. Византиские исторические сочинения: "Хронография" Феофана, "Бревиарий" Никифора. Тексты, перевод, комментарий. М., 1980.

# Л И Т Е Р А Т У Р А


1) Агеева Р. А. Среаны и народы: происхождение названий. М., 1990.

2) Алексеев В. П. Этногенетические предания, лингвистические данные, антропологический материал.// Этническая история и фольклор. М., 1977.

3) Алексеев В. П., Бромлей Ю. В. К изучени роли переселений народов в формировании новых этнических общностей.// СЭ, 1966, 2.

4) Алексова Б. Епископската базилика во Стоби во светлината на новите археолошки истражувања.// МАА, 1960, 6.

5) Ангелов Д. Проблемы предгосударственного периода на территории будущего болгарского государства.// Этносоциальная и политическая структура раннефеодальных славянских государств и народностей. М., 1987.

6) Антољак С. Средновековна Македонија. Том први. Скопје, 1985.

7) Артамонов М. И. История Хазар. Л., 1962.

8) Adžievski Kosta. Pelagonija u srednjem veku. (Od dolaska Slovena do pada pod tursku vlast). (doktorska disertacija). Univerzitet u Beogradu, Filozofski fakultet, 1990.

9) Аџиевски К. Пелагонија во средниот век. Од доаѓањето

на Словените до паѓањето под турска власт. ИНИ, Скопје 1994.

10) Баюн Л. С., Орел В. Э. Лингвистическая и культурно - историческая интерпретация Ситовской надписи.// ВДИ, 1993, 1.

11) Bandić D. Etnos.// Etnološke sveske IV (1982).

12) Баришић Ф. Чуда Димитрија Солунског као историски извор. Посебна издања књ. CCXIX, Византолошки институт кн. 2. САН, Београд 1953.

13) Barišić F. Proces slovenske kolonizacije istočnog Balkana.// Simpozium. Predslovenski etnički elementi na Balkanu u etnogenezi Južnih Slovena. Održan 24 - 26 oktobra 1968 u Mostaru. Posebna izdanja knj. XII, CBI, knj. 4. Sarajevo 1969.

14) Басотова Љ. "Летописот" на попот Дукљанин како извор за македонската средновековна историја.// Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том V, Прилеп 1988.

15) Басотова Љ., Зогович С. Существует ли свчзь между южнославянскими березитами и полабскими березанами? XVIII Международный конгресс византинистов. М., 1991 (реферат у штампи).

16) Бенвенит Э. Словарь индоевропейских социальных терминов, М., 1995.

17) Бернштейн С. Б. Константин - философ и Мефодий. М., 1984.

18) Бирнбаум Х. Праславянский язык. Достижения и

проблемы в его реконструкции. М., 1987.

19) Битракова - Грозданова В. Египетски култови во Македонија. // ЖА, XXVII, 1978.

20) Битракова - Грозданова В. Дионис Таурос од Скопје // Историја, XXI/2, 1985.

21) Битракова - Грозданова, В. Споменици од Хеленистичкиот период во Македонија, Скопје 1987.

22) Битракова - Грозданова В. Ликовните претстави на Кибела од Варош и нејзиниот култ во Македонија // ЖА, Посебни изданија, кн.9, 1991.

23) Bitrakova - Grozdanova V. Prilog o religiji i umetnosti u Peoniji.// ŽA, 41 - 42, 1 - 2, 1992.

24) Брайчевский М. Ю. Славяне в Подунавье и на Балканах в VII - VIII вв. (По данным письменных источников). // Славяне на Днестре и Дунае. Сборник научных трудов. Киев 1983.

25) Brandt M. Srednjovjekovno doba povjesnog razvitka. Zagreb 1980.

26) Бромлей Ю. В. Этнос и этнография. М., 1973.

27) Бромлей Ю. В. Современные проблемы этнографии (очерки, теории и истории). М., 1981

28) Бромлей Ю. В. Очерки теории этноса. М., 1983.

29) Бромлей Ю. В. Этносоциальные процессы: теория, история, современность. М., 1987.

30) Бромлей Ю. В., Подольный Р. Человечество - это народы. М., 1990.

31) Брукнер Б. Допринос истраживању веза и односа између популација југоисточне Панонијe, централног дела

северног Балкана и пространства северно од Црног Мора између 4000 - 3000 године пре нове ере.// Рад војвођанских музеја, 30. Нови Сад 1986 - 1987.

31) Budimir M. De macedonum nominis vi atque origine.// ЖА, XVI, 1966.

32) Васильев А. Славяне в Греции.// ВВ, Том V, вып. 3, СПб., 1898.

33) Višić M. Kult muza u evropskoj knjizevnoj tradiciji. S. Sarajevo 1989.

34) Бељановска Ф. Обиди за антрополошко дефинирање на Пајоните.// МАА, 1990 - 1991, 12.

35) Бељановска Ф. Антрополошко дефинирање на Пајоните. // Културно историско наследство на Македонија, XXXIII, Скопје 1994.

36) Бељановска Ф. Антрополошки карактеристики на Пајонците. // Македонско наследство. I/2, 1996.

37) Венедиковъ Ив. Земите по средния Вардаръ. Приносъ къмъ античната география на Македония. Скопие 1943.

38) Битчак К. Т. Из проблематики древних славянских племен. 1. Этноним Fresiti у Баварского географа и его локализация.// Этимология 1988 - 1990. М., 1993.

39) Vlahović P. Etnos u etnologiji i antropologiji.// Etnoantropološki problemi, sv. 7, Beograd 1990.

40) Gavela B. Predanja i znanja o starom Balkanu. Beograd 1978.

41) Гиндин Л. А. К вопросу о статусе языка древних македонцев.// Античная балканистика. М., 1977.

42) Гиндин Л. А. Древнейшая ономастика Восточных Балкан

(Фрако - хетто - лувийские и фрако - малоазийские изоглоссы). София 1981.

43) Гиндин Л. А. Роль Карпат в этногенезе славян. Синтез филологических, археологических и лингвистических данных.// VI Международный конгресс славянской археологии. Прилеп, Югославия, 1990. Тезисы докладов, подготовленных советскими исследователями. М., 1990.

44) Гиндин Л. А., Калужская И. А. Вновь о слав. * koliba.// Славянское славяноведение, 1, 1987.

45) Гиндин Л. А., Цымбурский В. Л. Отражения индоевропейских лабиовельарных в древнемакедонском.//ВЯ, 1991, 2.

46) Грантовский Е. А. "Серая керамика","Расписная керамика" и индоиранцы.// Этнические проблемы истории Передней Азии в древности (II тысячелетие до н. э.). М., 1981.

47) Grevs R. Grčki mitovi. Beograd 1969.

48) Гудкова А. В. Группа венедов в низовях Дуная.// VI Международный конгрес славянской археологии. Прилеп, Югославия, 1990. М., 1990.

49) Гумилев Л. Н. География этноса в исторический период. Л., 1990.

50) Гумилев Л. Н. Древние Тюрки. М., 1993.

51) Гумилев Л. Н. Тысячелетие вокруг Каспия. М., 1993..

52) Гумилев Л. Н. Хунны в Китае. Санкт - Петербург 1994.

53) Гуревич А. Я. О генезисе феодального государства.// ВДИ, 1990, 1.

54) Дьяконов И. М. Место фригийского среди

индоевропейских языков. (Тезисы).// Древний Восток 2, Ереван 1976.

55) Дьяконов И. М. К методике исследований по энической истории ("Киммерийцы").//Этнические проблемы истории Центральной Азии в древности (II тысячелетие до н. э.) М., 1981.

56) Дьяконов И. М. О прародине носителей индоевропейских диалектов. I.// БДИ, 1982, 3.

57) Дьяконов И. М. О прародине носителей индоевропейских диалектов. II.// ВДИ, 1982, 4.

58) Дьяконов И. М. Урарту, Фригия, Лидия. // История древнего мира I. М., 1982.

59) Дьяконов И. М. Типы этнических передвижений в ранней древности (с конца IV по начало I тыс. до н. э.)// Древний Восток, вып. 4, Ереван 1983.

60) Дьяконов И. М., Нерознак В. П. Основные черты фригийской морфологии.// Античная балканистика 2. Предварительные материалы. М., 1975.

61) Дьяконов И. М., Нерознак В. П. Очерк фригийской морфологии.// Baltistica II Priedas. Vilnius 1977.

62) Elijade M. Istorija verovanja i religijskih ideja. I. Beograd 1991.

63) Златарски В. История на българската държава през средните векове. Том I, част 1. Софич 1994. (Второ фототипно издание).

64) Иванов В. В. Чатал - Гююк и Балканы. Проблемы этнических связей и культурных контактов.// "Balcanica". Лингвистические исследования. М., 1979.

65) Иванов С. А. Оборона Византии и география "варварскх" вторжений через Дунай в первой половине VI в.// ВВ, 44, 1983.

66) Иванов С. А. Материалы для Index Procopiana, I. *Χώροσ*.// Этногенез народов Балкан и Северного Причерноморья. Лингвистика, история, археология. М., 1984.

67) Иванова О. В. Славяне и Фессалоника во второй половине VII вв. по данным "Чудес св. Димитрия". (Постановка вопроса).// Славянские древности. Этногенез. Материальная культура Древней Руси. Сборник научних трудов. Киев 1980.

68) Иванова О. В. К вопросу о существовании у славян "дружины" в конце VI - VII вв. (По данным "Чудес св. Димитрия").// Этногенез, ранняя этническая история и культура славян. М., 1985.

69) Иванова О. В. Роль християнизации в отношениях Византии со славянами.// Славяне и их соседи. Международные отношения в эпоху феодализма. М., 1989.

70) Иванова О. В., Литаврин Г. Г. Славяне и Византия.// Раннефеодальные государства на Балканах VI - XII вв. М., 1985.

71) Иванова О. В. Формы политической организации славянского общества в центральной и южной частях Балканского полуострова в VII - VIII вв. // Этносоциальная и политическая структура раннефеодальных славянских государств и народностей. М., 1987.

72) Иванова О. В. Распространение христианства у славян

в Византии ( VII - X вв.).// Принятие христианства народами Центральной и Юго - Восточной Европы и крещение Руси. М., 1988.

73) Илиевски Хр. Петар. Антички и современ македонски јазик // Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија. Книга 1, МАНУ, Скопје 1995.

74) Исаева В. И. Возвишение Македонии.// История Европы I. М., 1988.

75) История Европы. Том первый. Древняя Европа. М., 1988.

76) Историја на македонскиот народ. Книга прва. Скопје, 1969.

77) Јанковиħ Ђ. Трагови Ромеја у словенском насељу Кула // Зборник посветен на Бошко Бабиќ. Прилеп, 1986.

78) Јанковиħ Милица и Ђорђе. Словени у јужнословенском Подунављу. Каталог изложбе - 36. Београд 1990.

79) Katičić R. O jeziku i narodnosti starih Makedonaca.// Godišnjak CBI, XII - 11, 1976.

80) Katicić R. Peonci i njihov jezik. //ZA, XXII, 1, 1977.

81) Katičić R. Enhelejci.// Godišnjak, knj. XII, CBI knj. 13, Sarajevo 1977.

82) Katičić R. Vetustiores eclesiae spalatiensis memoriae 17 - 5 // Starohrvatska prosvjeta, serija III - sv. 17, Split 1987.

83) Katičić R. Marginalije uz "Pledoaje za etnologiju kao historijsku znanost o etničkim skupinama".// Studia

Ethnologica Vol.1, Zagreb, 1989.

84) Проф. Д-ръ. Кацаров И. Г. Пеония. Приносъ към старата етнография и история на Македония. София 1921.

85) Кацаров И. Г. Царъ Филипъ II Македонски. История на Македония до 336 год. пр. Христа. София 1922.

86) Кепески К. Villa rustica во Пештерица кај Прилеп.// МАА, 2, 1976.

87) Кепески К. Северозападна некропола на вилата рустика во Пештерица кај Прилеп. // МАА, 2, 1976.

88) Кепески К. Еден доцноантички гроб од село Старо Лагово - прилепско. // МАА, 4, 1978.

89) Кёпштейн Х. О процессе социальной дифференциации по "Земледельческому закону" // ВВ, 38, 1977.

90) Керамитчиев А. Новооткриени епиграфски спменици од [illegible] // ЖА, XXIII [illegible]

91) Керамитчиев А. Резултати од археолошкото рекогносцирање на струмичката општина во 1976 година. // Историја, XX/2, 1984.

92) Климент Охридски (886 - 1986), Скопје, 1986.

93) Колева Е. Михаил Псел како извор за историјата на македонскиот народ.// Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том V. Прилеп, 1988.

94) Kovačević J. Βαβας // Зборник посветен на Бошко Бабиќ. Прилеп, 1986.

95) Конески Б. Охридската книжовна школа.// За македонската литература. Избрани дела кн. 4, Скопје, 1967.

96) Конески Б. Климент Охридски// За македонската

литература. Избрани дела кн. 4, Скопје, 1967.

97) Конески Б. Македонски места и имиња. Скопје 1991.

98) Кораќевиќ Д. Состојбата на археолошките ископувања на античкото Скупи.// МАА, 2,1976.

99) Кузман П. Македонија во светлоста на археолошките откритија // Содржински и методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија. Книга 1, МАНУ, Скопје 1995.

100) Курбатов Г. Л. Политическая теория в ранней Византии. Идеология императорской власти и аристократическая опозиция.// Культура Византии IV первая половина VII в. М., 1964.

101) Лелеков Л. А. К новейшему решению индоевропейской проблемы.// ВДИ, 1982, 3.

102) Лелеков Л. А. Начальные и вторичные очаги индоевропейских миграций. Данные источников и гипотезы.// Античная балканистила. М., 1984.

103) Леман В. П. Новое в индоевропеистических исследованиях.// ВЯ, 1991, 4, первая часть.

104)Леман В. П. Новое в индоевропеистических исследованиях.// ВЯ, 1991, 5, вторая часть.

105) Лероа - Молинген А. Синовите на Петар Бугарски и комитопулите.// Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава. ИНИ. Скопје, 1971.

106) Лилчиќ В. Доцноантичка утврдена населба кај Горно Нерези скопско.// МАА, 4, 1978.

107) Лилчиќ В. Потрега по градот Пелагонија - центарот

на Македонија IV, // Македонско наследство, I/1, Скопје 1996.

108) Лилчиќ в. Научноистражувачкиот проект северо - западна Македонија во доцната антика и средниот век - Полог, Кичевија, Порече. // Македонско наследство, I/2, 1996.

109) Липшиц Е. Э. Из истории славянских общин в Македонии в IV - VI вв. н. э. (Некаторые наблюдения по аграрной истории Византии).// Академику Борису Дмитриевичу Грекову ко дню семидесятилетия. Сборник статей. М., 1952.

110) Липшиц Е. Э. Город и деревня в Византии в VI - первой половине IX в.// Actes du XII e Congres International d etudes byzantines. I. Belgrad, 1963.

111) Lisicar P. Legenda o Kadmu //ZA, III, 1 - 2, 1953

112) Литаврин Г. Г. Этническое самосознание Южных славян в VII - X вв. (К проблеме формирования раннефеодальных народностей).// История, культура, этнография и фольклор славянских народов. VIII Международный съезд славистов. Загреб - Любляна, сентябрь 1978. Доклады советской делегации. М., 1978.

113) Литаврин Г. Г. Древняя славянская этническая общность.// Развитие этнического самосознания славянских народов в эпоху раннего средневековья. М., 1982.

114) Литаврин Г. Г. Славинии VII - IX вв. Социально - политические организации славян.// Этногенез народов Балкан и Северного Причерноморья. Лингвистика, история, археология. М., 1984.

115) Литаврин Г. Г. Восточноримская империя в V - VI вв. // Раннефеодальные государства на Балканах в VI - XII вв. М., 1985.

116) Литаврин Г. Г. Представления "Варваров" о Византии и византийцах в VI - X вв.// ВВ., 46, 1986.

117) Литаврин Г. Г. Византийская империя во второй половине VII - XII в.// Культура Византии вторая половина VII - XII в. М., 1989.

118) Литаврин Г. Г. Заключение. Особенности развития культуры Византии во второй половине VII - XII в.// Культура Византии вторая половина VII - XII в. М., 1989.

119) Малингудис Ф. Славяно - греческий симбиоз в Византии в свете топонимии.// ВВ., 48, 1967.

120) Mango C. V. Naslednica Rima. Vizantija od Justinijana do Teofila// Rani srednji vek. Beograd 1976.

121) Мано - Зиси ѓ. Стоби 1970 - 1972.// MAA, 1975, 1.

122) Мано - Зиси ѓ. Стоби 1970 - 1976.// MAA, 4, 1978.

123) Martine A. Indoevropski jezik i "Indoevropljani". Novi Sad 1987.

124) Массон В. М. Первые цивилизации. Л., 1989.

125) Мачкић П., Симоска Д., Трбуховић В. Ранохалштатска некропола на локалитету Сарај у Броду.// Старинар Н. С. књ. XI, 1960, Београд 1961.

126) Мелларт Дж. Древнейшие цивилизации Ближнего Востока. М., 1982.

127) Mellaart J. II. Koreni u zemlji. Poćeci seoskog i gradskog zivota.//Osvit civilizacije. Opšti pregled

starih kultura. Beograd.

128)Меловски Х. Видови на отпор според "Земјоделскиот закон". // Историја, XX/2, 1984.

129) Мерперт Н. Я. Миграции в эпоху неолита и энеолита.// СА, 1978, 3.

130) Mikić Ž. Osvrt na antropološku situaciju i problematiku istorijskih perioda Jugoslavije.// Зборник посветен на Бошко Бабиќ. Прилеп, 1986.

131) Mikić Z. Prilog antropologiji gvozdenog doba na tlu Jugoslavije.// Godišnjak CBI, knj. XXV - 23. Sarajevo 1987.

132) Mikić Z. O savremenim istraživanjima skeletnih populacija na tlu Jugoslavije.// Etnoantropološki problemi, sv. 4, Beograd 1989.

133) Mikić Z. Podunavlje, Ukraina, Krim - "Plodni polumesec" Evrope. // Etnoantropološki problemi, sv. 5, Beograd 1989.

134) Mikulcić I. Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza (od egejske seobe do Avgusta). ADJ - Beograd, Arheološki muzej - Skopje 1966.

135) Микулчиќ И. За глемината на доцноантичките градови во Македонија.// Историја X - 2, 1974.

136) Микулчиќ И. Топографија на Еу(да)рист.// Macedoniae acta archaeologica 1, 1975. Прилеп.

137) Микулчиќ И. Старо Скопје со околните тврдини. МК. Скопје 1982.

138) Mikulcić. Kasnoanticka utvrdjenja u SR Makedoniji - pokušaj klasifikacije - // Odbrambeni sistemi u

praistoriji i antici na tlu Jugoslavije. Referati XII Kongresa arheologa Jugoslavije. Novi Sad 1984. Materijali XXII. Novi Sad 1986.

139)Микулчиќ, И. Стибера - топографија, историја, градби - // Македонско наследство, I/2, Скопје 1996.

140) Митревски Д. Прилог кон вреднувањето на долновардарската пајонска група на железното време.//МАА, 1990 - 1991, 12.

141) Митревски Д. Праисториските заедници во Македонија преку погребните ритуални форми и обичаи. Докторска дисертација - Универзитет св. Кирил и Методиј, Скопје 1994.

142) Митревски Д. Првите етнички заедници во Македонија според начинот на погребување и погребните обичаи. // Цивилизации на почвата на Македонија. Прилози за истражување на културата на Македонија. МАНУ, Книга 2, Скопје 1995.

143) Мифы народов мира. Том первий А - К. СЭ, М., 1980.

144) Мифы народов мира. Том второй К - Я. СЭ, М., 1982.

145) Мишулин А. В. Материалы к истории древних славян.// ВДИ, 1 (14), 1941.

146) Молчанов А. А. (Ю. В. Откупщиков. Догреческий субстрат: у истоков европейской цивилизации. Л., Изд. - во ЛГУ, 1988, 263 с.)//ВДИ, 1991, 3.

147) Монгайт А. Л. Археология Западной Европы. Бронзовый и железный века. М., 1974.

148) Mrkobrad D. Arheološki nalazi seobe naroda u Jugoslaviji. SADJ - Muzej grada Beograda. Beograd 1980.

149) Николаева Н. А. Об основных линиях развития неолита в Балкано - Карпатском регионе.// Балканы...
150) Николаева Н. А., Сафронов В. А. Культура Винча - Древнейшая цивилизация старого света.// Балканы в контексте Средиземноморья...
151) Николова С. Л. "Кавказоидные" элементы палеобалканского субстрата.// Античная балканистика. Карпато - балканский регион в диахронии. Предварительные материалы к международному симпозиуму. М., 1984.
152) Нерознак В. П. Палеобалканские языки. М., 1978.
153) Оболенски Д. Византијски комонвелт. Београд 1991.
154) Оболенски Д. Шест византијских портрета. Београд, 1991.
155) Освалт С. Грчка и римска митологија. Београд 1980.
156) Острогорски Г. Историја Византије. Књига шеста. Београд 1969.
157) Острогорски Г. Аграрне прилике у Византијском Царству у средњем веку.// Привреда и друштво у Византијском Царству. Књига друга. Београд, 1969.
158) Острогорски Г. Византијска сеоска општина. Земљораднички закон - Трактат о пореском систему - Тебански катастар.// Привреда и друштво у византијском царству (СД, II). Београд 1969.
159) Острогорски Г. Византиско царство и околни свет у VII веку.// (СД, III. Из византијске историје, историографије и просопографије. Београд 1970.
160) Острогорски Г. Моравска мисија и Византија.// (СД, IV). Византија и Словени, Београд 1970.

161) Острогорски Г. Византија и Јужни Словени.// Византија и Словени (СД, IV), Београд 1970.

162) Острогорски Г. Византиско - јужнословенски односи. Политички односи. // Византија и Словени (СД, IV), Беогард 1970.

163) Откупщиков Ю. В. Догреческий субстрат. У истоков европейской цивилизации. Л., 1988.

164) Панов Б. Средновековна Македонија. Том втори. Скопје, 1985.

165) Papadimitriu Georgios. Jezičke i etničke grupacije helenske praistorije. Diplomski rad, mentor Dr. Lj. Crepajac. Beograd 1987.

166) Папазоглу Ф. Хераклеја и Пелагонија.// ЖА 4 (1954).

167) Папазоглу Ф. О ономастичкој формули код Македонаца у римско доба.// ЖА, V - 2. Скопје 1955.

168) Папазоглу Ф. Дарданска ономастика.// Зборник Филозофског факултета кн. VIII. Споменица Михаила Динића I. Београд 1964.

169) Папазоглу Ф. Етничка структура античке Македоније у светлости новијих ономастичких истраживања.// Balcanica VIII, Beograd 1977.

170) Папазоглу Ф. О "хеленизацији" и "романизацији". // Глас CCCXX. Одељење историјских наука кн. 2, Београд 1980.

171) Папазоглу Ф. Охридско во праисторијата и во античкиот период.// Охрид и охридско низ историјата. Книга прва. Скопје, 1985.

172) Papazoglu F. O Peoncima u rimsko doba. // Zbornik

radova posvećenih akademiku Alojzu Bencu. Posebna izdanja knj. XLV. Odeljenje društvenih nauka knj. 27. Sarajevo 1991.

173) Паровић - Пешикан М. Неки нови аспекти ширења егејске и грчке културе на централни Балкан.// Старинар Н. С. књ. XXXVI - 1985.

174) Петрова Е. Пајонските племиња и пајонското кралство во II и I милениум пред н. е. // МАА, 1990 - 1991, 12.

175) Петрова Е. Палеобалканските популации во II и I милениум пред н.е. на просторот на почвата на Македонија и нивните меѓусебни релации // Цивилизации на почвата на Македонија. МАНУ, Скопје 1995.

176) Петрова Е. Бригите на централниот Балкан во II и I милениум пред н.е., Скопје 1996.

177) Петрова Е. Историја на Пајонија и нејзините односи со античка Македонија. // Македонско наследство. Списание за археологија, историја, историја на уметност и етнологија. Год. I, бр. 2, Скопје 1996.

178) Petrović E. Etnički kontinuitet i etnocentrizam.// Etnoantropološki problemi. sv. 8. Beograd 1990.

179) Пигулевская Н. В. Город и деревня в Византии в IV - VI вв.// Actes du XII e Congres International d etudes byzantines. I. Belgrad, 1963.

180) Попов В. Некаторые проблемы этноисторических связей между Балканским полуосровом и Малой Азии до конца II тыс. до н. э. // Studia Thracica 1. Sofia 1975. Фрако - скифские культурные связи.

181) Поповић В. Куврат, Кувер и Аспарух.// Старинар

XXXVII, 1986.

182) Praistorija Jugoslovenskih zemalja III. Sarajevo 1979.

183) Проева Н. Прилог кон проучувањто на античките локални каменорезбарски работилници во СР Македонија.// ЖА, 36, 1 - 2, Скопје 1986.

184) Проева Н. Три надгробни споменици од преспанскиот крај.// ЖА, 36, 1 - 2, Скопје 1986.

185) Проева Н. Прилог кон историјата на античка Македонија.// Годишен Зборникна на Филозофскиот факултет, кн. 17 - 18 ( 43 - 44), Скопје, 1990 - 1991.

186) Проева Н. Антропонимијата во западниот дел на СР Македонија во антиката. // ЖА. Посебни изданија. Бр. 9, Скопје 1991.

187) Проева Н - Рицл М. Нови грчки натписи из Македоније.// ЖА, 33 - 1, Скопје 1983.

188) Проева Н. Туѓи елементи во културата на Горна Македонија во римско време // Цивилизации на почвата на Македонија. Прилози за истражување на културата на почвата на Македонија , МАНУ, кн. 2, Скопје 1995.

189) Pudić I. Staromakedonski jezik. // Godišnjak CBI IV, 2, Sarajevo 1966.

190) Pudić I. Staromakedonski jezik.// Godišnjak CBI, VIII, 6, Sarajevo 1970.

191) Профессор генерал - майор Разин Е. А. История военного искусства. Том II. Военное искусство феодального периода войны. Военное изд - во Мин. обороны Союза ССР. М., 1957.

192) Рыбаков Б. А. Ремесло древней Руси. Изд - во АН СССР, М., 1948.

193) Санев В. Неолитот и неолитските култури во Македонија. // Цивилизации на почвата на Македонија. Прилози за истражување на историјата на културата на почвата на Македонија. МАНУ, Книга 2, Скопје 1995.

194) Сафронов В. А. Проблема индоевропейской прародины. Орджоникидзе, 1983.

195) Сафронов В. А. О раннеиндоевропейской прардине на Балканах и ее малоазиатских истоках.// Балканы в контексте Средиземноморья. Проблемы реконструкции языка и культуры. М., 1986.

196) Сафронов В. А. Индоевропейские прародины. Горький, 1989.

197) Седов В. В. Происхождение и ранняя история славян. М., 1979.

198) Седов В. В. Древнеевропейцы.// РА, 1993, 3.

199) Седов В. В. Становление и этногенез славян ( по данным археологии и гидронимии) // XI Международный съезд славистов. История, культура, этнография и фольклор славянских народов. Братислава 1993. Доклады российской делегации. М., 1993.

200) Семенов В. Ф. История средних веков. М., 1975.

201) Senc S. Grčko - hrvatski rječnikza škole. Zagreb 1910.

202) Славяне и их соседи в конце I тысячелетия до н. э. - первой половине I тысячелетия н. э. Археология СССР. М., 1993.

203) Славяне Юго – Восточной Европы в предгосударственный период. Киев 1990.

204) Словарь русского языка XI – XVII вв. М., 1975, вып.1

205) Словарь русского языка XI – XVII вв. М., 1980, вып.7.

206) Смирин В. М. Римская республика в III вв.// История Европы. Том первый. Древняя Европа. М., 1988.

207) Срејовић Д. Данило – Бутмир – Лењел.// Старинар XVIII, 1967, Београд 1968.

208) Соколоска В. Материјалната и духовната култура на Пајонците // Содржински и методолошки прашања во истражувањата на историјата на културата на Македонија, МАНУ, книга 1, Скопје 1995.

209) Соколоска В. Ликовните претстави на Кибела. Прилог кон проучувањето на ориенталните култови во Македонија. // МАА, 9, 1988.

210) Соколоска, В. Античката скулптура во СРМакедонија. Музеј на Македонија, Скопје 1987.

211) Срејовић Д. – Цермановић-Кузмановић А. Речник грчке и римске митологије. СКЗ, Београд 1979.

212) Полковник Строков А. А. профессор. История военного искусства. Рабовладельческое и феодальное общество I. Военное изд – во Мин. обороны Союза ССР. М., 1955.

213) Тасић Н. Везе Подунавља и Пелагоније у енеолитском периоду.// Balcanica XXI, Beograd 1980.

214) Тимощук Б. А. Восточнославянская община VI – X вв. н. э. М., 1990.

215) Tomac P. General - major. Vojna istorija. Beograd 1959.

216) Томоски Т. Белешки за неколку месности во Македонија во почетокот на XI век.// Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самоиловата држава. ИНИ. Скопје, 1971.

217) Томоски Т. Белешки за неколку малку познати места во средновековна Македонија.// Историја XVII - 2, Скопје 1981.

218) Топоров В. Н. К истории Дионисийского комплекса.// Античная балканистика. Карпато - балканский регион в диахронии. Предварительные материалы к международному симпозиуму. М., 1984.

219) Trbuhović V. Južne kulture i narodi prema Lužičkoj kulturi, praslovenima i Slovenima. // I Midzynarodowy kongres archeologii slowianskiej. Warszawa 14-18. IX. 1965, Wroclaw - Warszawa - Krakow 1968.

220) Трубачев О. Н. Ремесленная терминология в славчнских языках. (Этимология и опыт групповой реконструкции). М., 1966.

221) Трубачев О. Н. Языкознание и этногенез славян. Древние славяне по данным этимологии и ономастики.// ВЯ, 1982, 4.

222) Трубачев О. Н. Из исследований по праславянскому словообразованию: генезис модели на -eninъ, *janinъ.// Этимология 1980, М., 1982.

223) Трубачев О. Н. К реконструкции самосознания и мировоззрения древних славян ("свой" - "не свой") в

контексте языка и культуры; идеология рода, антропоцентризм картины мира, дотеонимическая ситуация). Доклад на международном научном симпозиуме по славянской языческой религии. (Югославия, Прилеп, 22 - 26. IX. 1986 г.) рукопис.

224) Трубачев О. Н. К реконструкции самосознания и мировоззрения древних славян ("свой" - "не свой") в контексте языка и культуры; идеология рода, антропоцентризм картины мира, дотеонимическая ситуация). Доклад на международном научном симпозиуме по славянской языческой религии. (Югославия, Прилеп, 22 - 26. IX. 1986 г.) рукопис.

225) Трубачев О. Н. Germanica и Pseudogermanica в древеней ономастике Северного Причерноморья. Этимологический комментарий.// Этимология 1986 - 1987, М., 1989.

226) Трубачев О. Н. Этногенез и культура древнейших славян. Лингвистические исследования. М., 1991.

227) Тыпкова - Заимова В. Южные славяне, протоболгары и Византия. Проблемы государственного и этнического развития Болгарии в VII - IX вв. // Раннефеофальные государства и народности (Южные и Западные славяне VI - XII вв.). М., 1991.

228) Историја средњег века I. У редакцији: А. Д. Ўдаљцова, Ј. А. Косминског и О. Л. Вајнштајна. Београд 1969.

229) Урушадзе А. В. Остров Лемнос в мифах и традициях.// Античня балканистика. Карпато...

230) Фасмер М. Этимологический словарь русского языка. Том III. М., 1971.

231) Ферлуга Ј. Византија и постанак најранијих јужнословенских држава.// ЗРВИ, књ. XI, Београд 1968.

232) Фол А. Методологические проблемы изучения праистории Балкан.// ВДИ, 1992, 1.

233) Frejdenberg O. M. Mit i antićka knjizevnost. Beograd, 1987.

234) Хауссиг Г. В. К вопросу о происхождении гуннов// ВВ, 38, 1977.

235) Historija čovječanstva. Kulturni i naucni razvoj. Svezak treći, knjiga prva. Velike civilizacije srednjeg vijeka. Prvi dio. Povjesni razvoj. Zagreb 1972.

236) Цивьян Т. В. О мифопоэтическом использовании ботанического словаря на Балканах.// Античная балканистика...

237) Шкунаев С. В. Племенной мир Европы до эпохи поздней империи.// История Европы. М., 1988.

238) Штаерман Е. М., Колосовская Ю. К. Упадок римской империи.// История Европы. М., 1988.

239) Štefančič M. Ranosrednjovekovni skeleti nekropole sv. Erazmo kod Ohrida. Beograd, 1988.